Хана Арент

# ИЗВОРИТЕ НА ТОТАЛИТАРИЗМОТ

*Издавачи*:
Фондација Отворено општество – Македонија
„Култура“ а.д. Скопје

*За издавачите*:
Владимир Милчин
Ана Ќовкарова

*Превод од англиски јазик*:
Фидан Јаќовски

*Лектура и коректура*:
Вангелија Цавкова

*Дизајн и подготовка:*
Гордана Војнеска

*Печат*:
Алфа 94 Скопје

*Тираж*:
1.500

Изданието е некомерцијално.

Хана Арент

# ИЗВОРИТЕ НА ТОТАЛИТАРИЗМОТ

(второ издание)

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА
КУЛТУРА

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

321.64:141.7]:001.5

АРЕНТ, Хана
Изворите на тоталитаризмот / Хана Арент ; [превод од англиски Фидан Јаќовски]. - 2. изд. - Скопје : Култура, 2013. - 262 стр. ; 20 см.

Превод на делото: The Origins of Totalitarianism / by Hannah Arendt. - Фусноти кон текстот. - Тоталитарното огледало на Хана Арент / Фидан Јаќовски: стр. 5-19

ISBN 978-608-218-192-9 (фоом)
ISBN 978-9989-32-720-9 (култура)
I. Arendt, Hannah види Арент, Хана
а) Тоталитаризам - Политичка филозофија - Теории
COBISS.MK-ID 95218186

# ТОТАЛИТАРНОТО ОГЛЕДАЛО НА ХАНА АРЕНТ

Хана Арент е еден од најцитираните и, според тоа, веројатно и најкритикуваните теоретичари на феноменот на дваесеттиот век наречен тоталитаризам. Германската Еврејка која се прослави како американски филозоф му припаѓа на елитниот круг класици на тие теории (без оглед дали тоа има позитивен или негативен предзнак), заедно уште само со Карл Фридрих и Збигњев Бжежински. Нејзините авторски дела, пред сè „Изворите на тоталитаризмот“, но и другите студии и есеи, се фундаментална литература во проучувањето на тоталитаризмот – иако денес тој феномен веќе не изгледа толку актуелен како некогаш. Па сепак, доминацијата (во современата политичко-економско-филозофска мисла) на некои теории кои ги подразбираат елементарните поставки на тоталитаризмот (теориите за корпоративизмот), реалното опаѓање на влијанието на широката популација врз центрите на политичкото одлучување и „сè покомплицираните политички игри што ги водат сè помоќни и сè понедопирливи елити“, заедно со вжештените процеси на промени во таканаречениот „источен свет“ и одумирањето на социјализмот како светски процес, барем во досегашниот облик, се доволни причини за едно ново, подистанцирано, но затоа и поаналитичко фрлање поглед врз најинспиративните поставки на класичните теории на тоталитаризмот – а тоа значи и врз идеите на Хана Арент. Дотолку повеќе што нејзините дела досега не беа достапни во превод (тоа му додава ново значење на нејзиното цитатоприсуство кај нас), што е наполно иста состојба и со сите други значајни автори кои пишувале за тоталитаризмот и што, на крајот или на почетокот, самиот тој термин сè уште не е ослободен од сите контроверзи кои го следат уште од самото појавување.

* * *

Постојат поими мошне амбивалентни во својата појавност: од една страна оптоварени со значења, масовно

употребувани, со предзнак на омиленост во името – а од друга страна несогледани, недоразјаснети. Токму таков поим е тоталитаризмот – научно пресомнителен, но затоа мошне популарен во дневната политичка комуникација; во современата литература се контрасоочуваат различни негови дефиниции, теориски спротивставени, идејно поларизирани. Голема дилема се, се разбира, сфаќањата за глобален политички систем кој би бил „идеално тоталитарен“ – таквиот затворен систем е само теориска апстракција, зашто и во најбруталната затвореност постојат барем скромни остатоци на некаков плурализам. Но и ако се отфрли постоењето на таков *политички систем,* останува новоотворено поле: не од гледна точка на тоталитаризмот – како – општествено-политички – систем, ами од тоталитаризмот – како – тенденција – аспект да се препрочитаат дури и најразвиените теории за тоталитаризмот, и во нова светлина да се согледаат некои „инцидентни“ ставови, некои запоставени, а можни гледишта. Во секој случај, факт е дека тоталитаризмот и неговите изведенки беа и се плодно поле на кое се роди и сè уште владее идејна збрка, та во современата литература владее евидентна мешаница, нееднинственост и полидефинизам, предизвикани не само поради идеологиските манипулирања со тој, впрочем, идеолошки и создаден поим, туку и поради непостоењето на јасно изградени категоријални претпоставки во неговото теоретско – критичко валоризирање или отфрлање.

Зачнат е отпрво со позитивен предзнак среде фашистичката идеолошка мисла, преземен е потоа и од антифашистички (кои ќе му внесат негативна настроеност) и од либералбуржујски автори (кои, покрај минус знакот, ја прошируваат содржината и го прилагодуваат значењето), а веќе во триесеттите со него почнаа да се означуваат и други општествени состојби освен фашистичките. Токму тоа неколкукратно менување на содржинската и на идеолошката смисла го експлицира односот на науката и политиката околу овој поим: како општа категорија во класификацијата на политичките режими (особено на фашистичките и на социјалистичките), тоталитаризмот сè уште има релативно цврсто место во современиот политички речник. Но при соочувањето со ваков поим и конкретноста е разлиена, па меѓу режимите означувани како тоталитарни овде-онде, лево и десно се наведуваат не само

„класиките“: нацистичка Германија, фашистичка Италија и Советскиот Сојуз во Сталиновиот период, туку и Римската империја, Персиското царство, Спарта, Перу во времето на Инките, Платоновата држава, Хегеловата држава, Русоовото Договорно општество, царската Јапонија, Кина – и онаа под династиите и денешната социјалистичка, протестантската Европа, Калвиновата Женева, САД, латинскоамериканските диктатури, сиот источноевропски социјалистички Блок, сета таканаречена „западноевропска цивилизација“...

Псевдоисториските монтажни скокови на ваквата дива мисла уште повеќе ги мрсат веќе заплетканите поимни нишки, па само низ груби отсечки може да се определи: едни во тоталитаризмот гледаат реинкарнација на апстрактното апсолутно зло, за вторите е непријатен контрапол на *laisser faire*, третите барајќи му научен фундус се жалат на неговото до бесмисла произволно употребување. А сите три групи се симболично сместени само на едната половина од земјината топка; имено, теориите за тоталитаризмот доживеаја најголем развој во американската и во германската социологија и наука за политиката, многу повеќе отколку во другите западни земји. Во САД и СР Германија беа организирани и најзначајните научни собири: првиот, посветен на тоталитарната држава, го организираше Американското филозофско друштво во 1940 година; вториот Американската академија на науките и уметностите, по Сталиновата смрт, во Бостон во 1953; од останатите посветени на оваа тема најзначајни се собирот на Американското здружение за политичка наука одржан во Чикаго во 1967 и Минхенскиот колоквиум за тоталитаризмот и фашизмот од 1978.

На другата хемисфера пак поимот тоталитаризам не успеа да зафати некој цврст корен во научната и политичката терминологија на источно европските земји, туку беше (и е) априорно отфрлан како студеновоена буржоаска пропаганда. Ретките теориски разгледувања се сведуваат на одбрана на сопствената идеологија и одбивање на самата помисла за каква било сродност меѓу социјализмот и фашизмот[1]. Па сепак, овдеонде можат да се најдат и полнозначни терминолошки пробиви:

---

[1] Види го на пример текстот на источногерманскиот автор Gerhard Lozek “Fašizam=totalitarizam” во зборникот “Fašizam i neofašizam”, CDD, Zagreb 1976, стр. 306–313.

на пример, во Малата полска енциклопедија[2] постои одредница „тотализам“ изведена, според објаснението, од терминот “stato totale” што „го користел Мусолини за да ја окарактеризира фашистичката држава“. Во бугарската *Енциклопедия*[3] „тоталитарната држава“ е дефинирана како „буржоаска држава со отворена диктатура на монополистичката буржоазија“ и конкретно е одредено што се подразбира под неа: хитлеровска Германија, фашистичка Италија, франкистичка Шпанија. Терминот може да се сретне дури и во советски извори: за *Малаја советская енциклопедия*[4] “тоталитарное государство” е буржоаска држава со отворена терористичка диктатура на крајно реакционерни империјалистички елементи... И тука е конкретно одредено; *тоталитарное государство* = хитлеровска Германија, фашистичка Италија.

Датумот на „свеченото инаугурирање“ на терминот е релативно прецизно одредлив: на 22 јуни 1925, за време на одржувањето на првиот конгрес на Фашистичката национална партија, италијанскиот Дуче во својот говор истакнува: „Нашата дива тоталитарна волја ќе биде спроведена со уште поголемо дивјаштво“.[5]

Веќе тука, веднаш на почетокот, треба да се истакне дека во литературата често се мешаат термините „тотално“ и „тоталитарно“, иако атрибутот „тотален“ е векови стар и неоптоварен со идеолошки баласти. Придавката „тоталитарен“

---

[2] *Mala Encyclopedia Powszechna, PWN Panstwowe Wydawnictwo Naukowe, Warszawa* 1971, стр. 1076.

[3] *Енциклопедија,* Издателство на Блгарската академија на науките, Софија 1974, стр. 838.

[4] *Малаја советскаја енциклопедија,* ГНИ „Советскаја енциклопедија“ 9, Москва 1960, стр. 431.

[5] Цитат според Žan-Pjer Faj, *Kritika jezika i klasna analiza – totalitarni jezici: fašizam i nacizam,* во “Treći program”, Radio Beograd br. 38 стр. 297. За времето на настанувањето на поимот се сретнуваат различни податоци. Најдалечен датум е 12. 5. 1923 – во дневниот весник “Il mondo” во статијата на Џовани Амендола се сретнува придавката „тоталитарен“ – нелегалниот притисок на фашистите во Парламентот е наречен “sistematotalitario” (наведува Todor Kuljić во *Teorie o totalitarizmu,* Istraživačko-izdavački centar SSO Srbije, Beograd 1983, стр. 69). Првиот обид за вклучување и на социјализмот во овој поим го прави повторно Амендола во февруари 1925. Четири месеци подоцна, во јуни 1925, во наведениот говор Мусолини свесно го инаугурира терминот со позитивен предзнак, иако знае дека е создаден во редовите на опозицијата (Kuljić, наведено дело, стр. 70).

(италијански “totalitario”, германски “totalitär”) е нов збор создаден во дваесеттите години на веков; го разви италијанскиот фашизам, изведувајќи ја од него именката „тоталитаритет“ (“totalitarieta”) што истовремено ги сублимира и ги надминува поимите „тотален“ и „тоталитет“. Во англиското говорно подрачје веќе на крајот на дваесеттите се јавува паралелата “totalitarian”, “totalitarianism” (во францускa верзија “totalitaire”). Наспроти тоа, во Германија станува многу пораширен поимот „тотален“, во секакви симбиозни врски (“totaler Staat”, “totale Revolution”, “totale Krieg”), пред сѐ затоа што е многу присутен во влијателните дела на нацистичкиот правник и идеолог Карл Шмит (C. Schmitt). Оттука, понекогаш се јавува извесна терминолошка збрка – иако и самиот Шмит ги употребува двата поими, третирајќи ги паралелно и сродно.

Наскоро во Италија почнува да се говори за „тоталитарна програма на фашистичката револуција“. До почетокот на триесеттите, неологизмот веќе станува централен идеолошки став, а во 1932 година Мусолини отворено говори за тоталитарна држава, *Stato totalitario*, чии главни фундуси се *Stato corporativo* и *Partito unico*. Па сепак, постојат многу согледувања според кои радикалниот збор со крила “totalitarieta” најмногу од сѐ беше „реторска поза на водачот – самофалбаџија“ и дека поимот „тоталитарна држава“ во идеологијата на италијанската држава останува повеќезначен и недоволно прецизен.

Основната линија што може да се извлече во „тоталитарниот карактер на фашистичката доктрина“ е доминантниот етатизам: во *stato totalitario* сите елементи и сили се дисциплинирано потчинети на една идеја – вакво толкување е дадено во “Dottrina del Fascismo”, која стана основниот фашистички програмски документ откако во “Enciclopedia Italiana” беше објавена под Мусолиниевото име[6].

Фашистичката „државна метафизика“ се крепи и со Хегеловиот исказ дека единствено во државата човекот ја остварува својата умна егзистенција – во различни преформации може да се препознае во Мусолиниевите и Џентилиевите панетатистички ставови: „За фашизмот сѐ е во државата и

[6] Иако најверојатно не беше авторот тој, туку официјалниот филозоф на фашизмот, Џовани Џентиле – тврди, меѓу другите, Алстер Хамилтон (Alaster Hamilton) во *Fašizam i itelektualci*, Kultura, Beograd 1978, стр. 90.

ништо човечко или духовно не постои вон државата. Во таа смисла фашизмот е тоталитарен, а фашистичката држава како синтеза и единство на сите вредности го толкува, го развива и го владее сиот живот на народот“[7]. За да се прифати глобалната државна „синтеза на сите вредности“, таа претходно е антрополошки подготвена, низ универзалистичкото аскетско толкување на човекот кое на идеологијата и овозможува изградба на монолитна нација преку ставовите од типот: „поединецот по пат на самоодречување и жртвување на своите посебни интереси и со самата смрт остварува совршена, духовна спиритуална егзистенција, која ја сочинува неговата вредност како човек“[8].

И покрај сето значење што го има „италијанскиот почеток“ во создавањето на терминот, голем број автори воопшто не го подведуваат Мусолиниевиот режим под тоталитарниот атрибут. Тоа особено е забележливо кај конзервативно настроените мислители, за кои е значајна релативно сигурната, незагрозена положба на црквата во Италија – за конзервативците непријателскиот однос кон религијата е првата препознавачка црта на тоталитаризмот, па италијанскиот фашизам е исклучен од поимот бидејќи „тој не беше нова вера замислена да ја замени старата“[9]. Од другата страна се фашизмот и болшевизмот кои се наметнуваат како некаков вид „световни религии“, па се антитеза на западното христијанство – главната улога во одбраната на современото општество од тоталитарната опасност ја имаат црквите[10]. Истата поставка – дека фашистичка Италија не е „тоталитарна“ – но од други аспекти, може да се најде и кај класичните претставници на

---

[7] Musolini, *Der Faschismus – Lehre und Grundsetze*, Ausgaben Ardita Roma, 1935, стр. 29 – цитирано според *Teorije o totalitarizmu*, стр. 29.

[8] *Der Faschismus*, стр. 8 – *Teorije o totalitarizmu*, стр. 30.

[9] Waldemar Gurian, *Totalitarianism as Political Religion*, во зборникот *Totalitarianism*, C. J. Friedrich (ed.), Harvard University Press, Cambridge, Massachusetts 1954, стр. 125.

[10] Дискусија на F. Litel во C. J. Friedrich (ed.), *Totalitarianism*, стр. 136: „на секое модерно општество му се заканува опасност од тоталитаризмот... превентивна мерка е развивањето на идеологии кои тоталитарната идеологија не ќе може да ги победи и да ги замени. Во тоа црквите имаат главна улога...“

За тоа како „атеизмот станува извор на тоталитаризмот“ – низ основниот став дека со негирањето на Бога се негира и слободата – види Peter F. Drucker, *The Future of industrial man* – A conservative approach, W. Heinemann, London, 1943.

теориите за тоталитаризмот. За Карл Фридрих и Збигњев Бжежински степенот на општествената тоталитаризација се покажува, меѓу другото, низ степенот на „политизираноста на војската“ – бидејќи армиската политизација не беше успешно изведена до крај, според нив останува отворено прашањето дали италијанскиот фашизам треба да се нарече тоталитарен[11]. А за Хана Арент доказот за нетоталитарната природа на фашистичката диктатура е зачудувачки малиот број (и тоа благи казни) за политичките противници[12].

За разлика од италијанската „тоталитарна држава“, германската верзија е „тотална држава“. Идејата на италијанската тоталитарна држава е апологирањето на самата *stato* како врховна вредност; германската тотална држава почива врз идејата за народот – *Volk*. Уште една разлика: италијанскиот термин настана во рамките на фашистичкото движење, и тоа по доаѓањето на власт; германскиот пак потекло е вон движењето и од пред освојувањето на власта – во втората половина на дваесеттите германски интелектуалци – конзервативци почнуваат систематски да го развиваат поимот „тотална“ држава (“Der totale Staat”) обидувајќи се, врз основа на „непревладеаното наследство на доцнохегелијанскиот идеализам“ (а многустраниот Хегел соголен само на една страна лесно може да се толкува како „прв идеолог на државата на моќта“ – *Machtstaat*) да изградат свое, специфично германско сфаќање на државата, кое би одговарало на тогашниот кризен период на Вајмарската Република, би ги изразувало ставовите на младоконзервативците, тогашната водечка интелектуална група (аристократска интелигенција тесно поврзана со крупниот капитал – каде што припаѓа и Карл Шмит, првиот гласноговорник на тоталната држава), и посебно нивниот негативен став кон либерализмот, парламентаризмот и слабеењето на државата. Значи, додека италијанската “stato totalitario” може да се согледува и да се

---

[11] C. J. Friedrich, Z. K. Brzezinski, *Totalitarian Dictatorship and Autocracy*, Harvard University Press, Cambridge, 1956, стр. 273 и 277.

[12] „...дури ни Мусолини, кому му беше толку драг терминот ’тоталитарна држава‘, не настојуваше да воспостави наполно развиен тоталитарен режим, туку се задоволи со диктатура и еднопартиско владеење“ – Hannah Arendt, “The Origins of Totalitarianism”, Meridian Books, Cleveland and New York, 1963, стр. 308.

толкува, главно, на етатистички начин, германската тотална држава е поим *sui generis*, „...обид за спојување на милитаристичко-дарвинистичките мотиви со барање за силна бирократско-монократска државна организација... за разлика од италијанскиот фашизам, во нацизмот расистичките народски елементи често ги потиснуваа етатистичките, а поради посилната положба на фашистичката партија во државниот апарат, и децизионизмот на водачот во националсоцијализмот е поизразит. Тоталната држава во идеологијата на германскиот фашизам е замислена како хиерархиска држава на водачот кој владее со помош на монополистичката партија во сталешки организираното капиталистичко општество кое се подготвува за империјалистичка експанзија“[13]. Подоцнежното (иако не целосно) отстапување и напуштање на овој термин покажува дека на почетокот на нацистичкото владеење тој беше корисно употребен кон внатре, за да го означи актуелниот антилиберализам; подоцнежната напредок – замена на „тоталната држава“ со/во „тотална војна“, ја покажува употребата на истиот тотален атрибут – кон надвор.

Појавен, значи, во дваесеттите години на овој век, терминот тоталитаризам бргу ги намножи своите варијанти и модификации, во триесеттите и четириесеттите стана привлечен и често употребуван – главен маркер на „општествата на неслобода“: германскиот нацизам и италијанскиот фашизам, но и на советскиот сталинизам, кој токму тогаш се наоѓа во „златната ера на чистки“. Тоа е времето кога почнуваат социолошките, психолошките, историските, правно-политичките и филозофските проучувања на тоталитаризмот, кои ќе доведат до мошне интересни поврзувања, но и до крајни идеолошки предрасуди.

Крајот на Втората светска војна е почеток на новата историја на поимот: доаѓа до силен пресврт од поранешното, главно антифашистичко, кон новото, главно антикомунистичко толкување – поранешните непријатели Германија, Италија и Јапонија станаа сојузници на САД, а воениот сојузник Советскиот Сојуз најлут непријател, но не затоа што беше „тоталитарен“ и „неслободен“ и „диктаторски“, туку

---

[13] Ова и претходно: Todor Kuljić, *Shvatanje totalne države u nemačkom fašizmu*, во “Treći program”, бр. 47, IV – 1980, стр. 117.

едноставно затоа што претендираше да биде директниот контрапол на *American way of life*, на капитализмот како општествен систем.

По 1945 година, теориите за тоталитаризмот станаа едно од најпогодните политичко-идеолошки борбени средства: студената војна влијаеше на развојот на истражувањата на тоталитаризмот, особено во американската политичка наука. Педесеттите се период на појавата на „класичните" дела на Т – теориите – покрај „Изворите на тоталитаризмот" на Хана Арент, најзначајното теориско разгледување што се појави во тој период е општата теорија на Карл Фридрих за „тоталитарната диктатура". Фридриховите трудови ги содржат сите суштински карактеристики на развиените теории за тоталитаризмот, и нормално е што тој често се наведува (заедно со Хана Арент) како еден од најголемите експерти за овие прашања. Клучното негово дело од овој аспект, „Тоталитарната диктатура и автократијата", објавено 1956 и сопотпишаното од неговиот ученик Збигњев Бжежински, е широка анализа на советскиот и нацистичко-германскиот систем, па и на фашистичка Италија, а првиот дел од насловот се однесува и на некои други (социјалистички) држави. Сите натамошни изведувања Фридрих ги базира врз две основни поставки: дека фашистичките и комунистичките диктатури битно се истовидни, но и дека битно се разликуваат од сите поранешни облици на владеење познати во историјата[14].

Попуштањето на студената тензија Исток – Запад во шеесеттите, и сепак присутните промени во реалсоцијализмот, придонесоа за извесно опаѓање во таа деценија на актуелноста на теориите за тоталитаризмот како основна истражувачко-теориска рамка во западната политиколошка мисла. Модификациите водеа кон сменување на фокусот на анализите од политичко-моралниот кон социолошко-економскиот аспект, што секако беше последица на влијанијата на теориите за таканаречената конвергенција на системите и за индустриското општество. Крајот на седумдесеттите донесе

---

[14] Friedrich C. J. Brzezinski Z. K., "Totalitarian Dictatorship and Autocracy", Harvard University Press, Cambridge 1956, стр. 5; истите тези Фридрих ги дава и во текстот во зборникот "Totalitarianism", Harvard University Press, Cambridge, Massachusetts 1954.

обновување на дискусиите за тоталитаризмот, а вистинска свежа ренесанса претставуваа осумдесеттите и симболичниот „литерарно-тоталитарен“ датум, Орвеловата 1984: одеднаш се појавија куп симпозиуми, студии и зборници посветени на разновидните аспекти на тоталитарноста, во кои не само што фениксовски се реформатираше веќе подзаборавениот термин, туку се инсистираше на валидноста на поимот и на потребата за негово натамошно развивање и осовременување. Времето покажа дека суштинска потреба за такви екскламации нема – основните поставки на тоталитаризмот и тоа како се живи и втемелени во една модерна теоретска струја, корпоративизмот, кој се дефинира како доминација на спрегата на големиот бизнис и големата влада над другите делови на општеството; според тоа, овој феномен, во овој или оној појавен облик, може да се смета за доминантна карактеристика на сите земји денес во светот, на развиените и на неразвиените, на „демократските“ и „недемократските“, на „западните“ и на „источните“.

* * *

Хана Арент е родена како Јохана Арент во Хановер, Германија, во 1906 година. Град на нејзината прва младост е Кенингсберг, центарот на источна Прусија – оној ист град во кој некогаш живееше Имануел Кант и, не напуштајќи го никогаш, напиша дека е „вистинското место за стекнување знаења за луѓето и за светот, дури и без патувања“. И покрај сиот респект кон големиот мислител (за неа еден од клучните филозофи, со кого најмногу се занимаваше на врвот на својата интелектуална активност), Хана Арент своите сознанија за светот ги стекна не статично во едно место, туку патувајќи низ светот. Студира во Марбург, Фрајбург и Хајделберг, најдолго кај тогаш веќе славниот Мартин Хајдегер (големиот учител и талентираната студентка во тој период остваруваат и интелектуална и емоционална врска). Докторира филозофија на Универзитетот во Хајделберг кај Карл Јасперс – и обата овие професори ќе имаат силно влијание на нејзиниот натамошен мисловен развој. По доаѓањето на нацистите на власт, во 1933 пребегнува од Германија, оставајќи во две списанија, сè уште незафатени од цензорското лудило, огорчена порака: „не сакам веќе никогаш повеќе да имам каква било врска со историјата на

идеите!“. Па сепак, светот на идеите ќе и остане основната животна преокупација. Откако ќе го помине неизбежниот пат на бегство во слобода: Чехословачка, Женева, потоа Франција, на крајот, во 1941, наоѓа смирување во САД; но како на германска Еврејка, првото трауматско искуство во животот и останува нацизмот. Точно десет години подоцна, во 1951 година, под пресилните импресии од масакрите на Евреите во германските конц-логори за време на Втората светска војна, ја објавува својата прва книга “The Origins of Totalitarianism” („Изворите на тоталитаризмот“), што ќе и донесе светска слава – и светско оспорување. Покрај ова дело, кое се смета за нејзин најпознат труд (што не значи и најзначаен), има објавено уште неколку книги, главно со публицистички и филозофско-есеистички карактер: “The Human Condition” („Човечката состојба“ или “Conditio Humana”, Chicago 1958), “Between Past and Future” („Меѓу минатото и иднината“, New York 1961), “Eichmann in Jerusalem” („Ајхман во Ерусалем“, New York 1963), “On Revolution” („За револуцијата“, New York 1963), “Men in Dark Times” („Луѓе во мрачни времиња“, New York 1968), “On Violence” („За насилството“, New York 1970), “The Life of Mind” („Животот на свеста“, постхумно објавено, New York 1978)... Работела како професор на универзитетите во Калифорнија, Чикаго, Колумбија и Принстон. Умре во Њујорк во 1975 година.

Веднаш штом се појави, делото „Изворите на тоталитаризмот“ ги собра сите пофалбени оди: „...анатомија на тоталитаризмот...“; „...за Мис Арент тоталитаризмот е трагедија на човечката раса...“; „…со оваа книга Хана Арент се издига во најоригинален и најдлабок политички теоретичар на нашето време...“ беа тогашните оценки во “The New Yorker”, “The New York Times”, “The New Leader”... На прв поглед, таквиот успех е нелогичен, зашто авторот не создава целовита социолошка теорија, туку делото најповеќе личи на публицистички спис, полн субјективни оценки и произволни есеистички паралели: главните анализи се однесуваат на нацизмот, а по секоја констатација се изведува споредба со советската ситуација во сталиновиот период.

Сега, од повеќедецениска дистанца, работите може многу попрегледно и попрецизно да се постават: „Изворите на тоталитаризмот“ претставуваат растреперен обид да се изведе тоталитаризмот од општите движења на современата

цивилизација. Затоа делото е поделено во три големи целини: „Антисемитизам“, „Империјализам“ и „Тоталитаризам“[15]. Каква е врската меѓу нив? Хана Арент тврди: „*Антисемитизмот (не само омраза кон Евреите), империјализмот (не само поробување), тоталитаризмот (не само диктатура) – еден по друг, секој побрутален од претходниот, покажаа дека на човековата гордост и треба нов заштитник, што може да се најде само во нов политички принцип...*“ Првиот дел ги предочува прво корените на антисемитизмот, а потоа неговиот историски развој сè до крајот на 19-от век, кога „аферата Драјфус“ го означи „крајот на клерикалниот антисемитизам“. Вториот дел, „Империјализам“, е посветен на политичката еманципација на буржоазијата; прикажан е односот меѓу аристократската категорија „раса“, и граѓанската категорија „нација“, за да може оттаму да се воспостави релација меѓу издигањето – паѓањето на „националните држави“ со уништувањето на Правата на човекот. Раскинувањето на општествените врски и атомизирањето на поединецот во современото општество на дваесеттиот век потоа доведува до појавата на тоталитаризам: оттука, „тоталитарните масовни движења“ (според концептот на Хана Арент: националсоцијализмот и болшевизмот – како што веќе беше укажано, таа, за разлика од некои други автори, од поимот тоталитаризам го исклучува италијанскиот фашизам) се директна последица на распаѓањето на класично структуираното класно општество: „Без оглед на специфичната национална традиција или посебниот духовен извор на својата идеологија, тоталитарната власт секогаш ги трансформираше класите во маси, го замени партискиот систем, и тоа не со еднопартиска диктатура, туку

[15] Според барањето на издавачот, овде е застапен преводот само на третиот дел од “Origins of Totalitarianism”, делот “Totalitarianism”, кој може да егзистира и самостојно надвор од целината. Треба да се напомне дека ова дело доживеа повеќе изданија и преводи на разни јазици – интересно е, меѓу другото, дека книгата најпрво се појави иа англиски, а дури подоцна доживеа преиздавање на мајчиниот јазик на Хана Арент германскиот (под наслов “Elemente und Ursprünge totaler Herrcshaft”, Europäische Verlagsanstalt, 2. Aufl., Frankfurt/M., 1962). Гломазниот и тежок стил на Арент со долги и преполнети реченици во голема мера е резултат и на овој момент – германската барокна филозофска мисла беше принудена да се изрази на англиски јазик.

Инаку, во подоцнежните изданија на оригиналот му беа допишани и нови делови – првиот за „сателитските“ социјалистички држави во Источна Европа и вториот за одгласите од унгарската револуција во 1956 година.

со масовно движење, центарот на моќта го премести од војската на полицијата и воспостави надворешна политика јасно насочена кон светска доминација“[16].

Третиот дел „Тоталитаризам“, станува јасно, е главниот во книгата – чисто методолошки гледано, се врши напоредно истражување на елементите на антисемитизам и империјализам во Германија и Русија, за да може од тоа во тој трет дел да се изведе и да се објасни појавата на двата облика на тоталитарниот феномен – нацистичкиот и сталинистичкиот.

Основниот придонес на Хана Арент е во обидот да се прикаже структурата на тоталитарната држава и принципите на нејзиното дејствување, да се покаже „...дали... воопшто постои такво нешто како природа на тоталитаристичката власт, има ли таа своја сопствена суштина и може ли да биде споредувана и дефинирана како другите форми на владеење, што западната мисла ги знае и ги признава уште од времето на античката филозофија“[17]. Проблемот на согледувањето е во тоа што се поаѓа од погрешното сфаќање дека се работи за „нормална држава“ – под што Х. Арент ги подразбира и бирократијата и тиранијата и диктатурата... Напротив, тоталитарната држава е „специфично неструктурирана“ и ја обезбедуваат партиските чистки и тајната полиција, под огромно влијание на тоталитарниот водач кој не е обичен диктатор[18]. Неговото постоење и одржување на власт го овозможува самото „бескласно општество“, во кое на прв поглед настанува привремена алијанса меѓу масите и елитата – а всушност со помош на „тоталитарната пропаганда“ и „тоталитарната организација“ се остварува „тотална општествена доминација“: „Тоталитаризмот никогаш не е задоволен со владеење преку надворешни средства, имено, преку државата и машинеријата на насилство; благодарејќи на неговата посебна идеологија и на нејзината улога во овој апарат на принуда, тоталитаризмот ги откри начините за доминација и тероризирање на човекот одвнатре. Во оваа смисла тој ја елиминира разликата меѓу владетелите и

---

[16] “Origins...”, стр. 460.

[17] Ibid., стр. 254.

[18] „Лидерот никогаш не греши во своите акции и бидејќи тие се однапред планирани за неколку векови, крајната проверка на она што тој го прави е поместена надвор од поимањето на неговите современици“ – Ibid., стр. 134.

завладеаните...“[19] Оттука следат сите натамошни разлики меѓу тоталитарната диктатура и поранешните облици на диктаторска власт, кои не треба да се изедначуваат со неа[20].

Мора да се истакне дека во несредената, често противречна теориска мисла на Хана Арент се мешаат влијанија од најразлични полиња, од романтизам (главно преку Ортега и Гасет) до мистика (Ерик Вегелајн), од елитизам до егзистенцијализам (во врска со егзистенцијализмот, јасно, особено е присутно влијанието на Хајдегер и неговиот нихилизам, но и резигнацијата на Карл Јасперс). Нејзината едно време огромна, а и денес незанемарлива популарност, се должи од една страна на спонтано-субјективно-рефлексивниот пристап; но на другата страна има и поинаква причина, прагматична за системот: „Изворите на тоталитаризмот“ донесуваат во многу аспекти изедначување на нацизмот и на советското општество (макар во сталинистичкиот период), и тоа – особено е значајно – преку обновувањето на теориите за „масите на власт“ кои неизбежно создаваат општествени деформации. Во согласност со традицијата на „западниот поглед на свет“, во кој доминираат од една страна индивидуализмот, од другата елитизмот, за Хана Арент секаде каде што масите стануваат значајни на општествената сцена, донесуваат терор и тоталитаризам: „Тоталитарните движења се можни онаму каде што масите поради една или друга причина пројавуваат апетит за политичко организирање“[21]. Всушност, каде што нема маси и не може да има тоталитаризам, односно „тоталитарните режими се невозможни, дури и ако сите други околности се поволни, во земји со релативно мала популација“[22]. Граѓанската критика на социјализмот постојано поаѓа од стравот од масите, од нивната ирационалност; по Гистав Ле Бон, кој прв

---

[19] Ibid., стр. 39.

[20] „Овие форми на доминација во основа се разликуваат од другите видови диктаторско, деспотско или тиранско владеење; и иако се развиле, во извесен континуитет, од партиските диктатури, нивните основни тоталитаристички карактеристики се нови и не можат да се изведат од еднопартиските системи“ – “Origins...”, стр. 419.

[21] “The Origins of Totalitarianism”, стр. 311.

[22] Ibid., стр. 308. Во второто проширено издание оваа мисла има фуснота и тоа е едно од дури четирите места во книгата во кои Х. А. ја споменува Југославија, и дава свое можно објаснение зошто таму, за разлика од другите источни социјалистички земји, не се прифатени тоталитарни методи.

му даде теоретска подлога на западниот страв од толпата, конкретно-негативно дефинирајќи го значењето на поимот маса, барањата за општа еднаквост редовно ја активираат паролата дека еднаквоста и слободата се неспоиви поради безумноста и импулсивноста на „човечкото крдо“, и сосема е сеедно дали се работи за профашистички или пролетерски маси. Така и Х. Арент, особено повлијаена од конзервативно-либералната реакција на Октомвриската револуција во делото на Ортега и Гасет, заклучува: „Практично зборувајќи, мала е разликата дали тоталитарните движења ќе го усвојат моделот на Нацизмот или на Болшевизмот, дали ќе ги организираат масите во името на расата или на класата, дали ќе се преправаат дека ги следат законите на животот и природата или законите на дијалектиката и економиката“[23].

Фидан ЈАЌОВСКИ

[23] Ibid., стр. 313.

# I. БЕСКЛАСНО ОПШТЕСТВО

## 1. МАСИТЕ

За тоталитарните движења воопшто, а особено за славата на нивните водачи, нема ништо покарактеристично од зачудувачката брзина со која може да бидат заборавени и зачудувачката леснотија со која може да бидат заменети. (Она што Сталин го постигна со многу труд за долги години, со огорчено роварење и огромни отстапки во име на својот претходник – имено, се прогласи за Ленинов политички наследник – оние што дојдоа по Сталин се трудеа да го остварат без концесии кон името на својот претходник, иако Сталин имаше повеќе од триесет години време да го направи своето име бесмртно, манипулирајќи со пропаганден апарат непознат во Лениновото време. Истото важи и за Хитлер, кој за време на својот живот беше толку фасцинантен што се тврди дека никој не можеше да му одолее[24]; а тој денес, по

---

[24] „Волшебната привлечност“ што Хитлер ја имаше при своите слушатели е многупати забележана, последен пат од страна на издавачите на *Hitlers Tischgespräche*, Bonn, 1951 (*Hitler's Table Talks*, American Edition, New York, 1953; цитатите се од германското издание). Оваа фасцинација – „чудниот магнетизам што зрачеше од Хитлер на така убедлив начин“ – почиваше навистина „врз фанатичната верба на тој човек во себе“ (уводот на Герхард Ритер, стр. 14), на неговите псевдоавторитетни судови за сè под сонцето, и на фактот дека неговото мислење – сеедно дали се однесуваше на штетните ефекти на пушењето или на Наполеоновата политика – можеше секогаш да се вклучи во една сеопфатна идеологија.

Фасцинацијата како социјален феномен, и фасцинацијата што Хитлер ја вежбаше врз својата околина, мора да се сфатат во термините на посебното друштво што го опкружуваше. Општеството е секогаш подготвено да ја прифати личноста онаква какво што се преправа дека е, па и чукнатиот што се прави гениј секогаш има некакви шанси да му се поверува. Во модерното општество, со неговиот карактеристичен недостиг на островидни проценки, оваа тенденција е засилена, па така оној кој не само што има свои мислења туку и ги презентира во тон со непоколеблива решителност нема така лесно да го проигра својот престиж, без оглед колку многу пати очигледно грешел. Хитлер, кој го знаеше модерниот хаос во размислувањата од прва рака, откри дека беспомошното лулање меѓу различни

поразот и смртта, е сосема заборавен и одвај има какво било влијание дури и меѓу неофашистичките и неонацистичките групи на повоена Германија. Без сомнение, ваквата краткотрајност има некаква врска со пословичната колебливост на масите и „славата“ што ги следи; уште повеќе, нејзините корени може да се проследат до опседнатоста на тоталитарните движења со перпетуираните промени, зашто тие можат да останат на власт само додека самите се во движење, и додека придвижуваат сè околу себе. Според тоа, во извесна смисла оваа непостојаност е и прилично ласкаво сведоштво за мртвите лидери, до толку што тие успеале да ги заразат своите поданици со специфичниот тоталитарен вирус; бидејќи, ако постои такво нешто како тоталитарна персоналност или менталитет, оваа исклучителна адаптабилност и отсуство на континуитет без сомнение се најизразени карактеристики. Оттука, можеби е погрешно да се претпостави дека непостојаноста и заборавноста на масите значи дека тие се излечени од тоталитарната илузија, што одвреме-навреме се изедначува со култот за Хитлер или Сталин; многу поверојатно е дека спротивното е вистина.

Уште поголема грешка би било да се заборави, заради оваа непостојаност, дека тоталитарните режими, сè додека се на власт, и тоталитарните лидери, сè додека се живи, „командуваат и се одржуваат благодарејќи на поддршката на масите“ сè до крајот[25]. Хитлеровото доаѓање на власт беше легално

мислења и „убедувањето... дека сè е мешаница“ (стр. 128), можеа најдобро да се избегнат со приврзување кон едно од многуте мислења со „непопустлива конзистентност“. Произволноста на ваквиот фанатизам од кој се крева косата на главата има голема фасцинантност за општеството бидејќи за време на социјалните здружувања е ослободена од хаосот на мислења што постојано се создаваат. „Дарбата“ за фасцинација, сепак, има само социјална релевантност; тоа е толку истакнато во *Tischgespräche* бидејќи тука Хитлер ја играше играта на општеството и не и говореше на својата сорта туку на генералите на *Wermacht*-от, кои сите повеќе или помалку му припаѓаа на „општеството“. Да се верува дека Хитлеровите успеси беа базирани врз неговата „моќ да фасцинира“ е наполно погрешно; да ги имаше само овие квалитети никогаш немаше да стане нешто повеќе отколку една проминентна фигура во салоните.

[25] Види ја значајната забелешка на Carlton J. H. Hayes во “The Novelty of Totalitarianism in the History of Western Civilisation”, на Symposium on the Totalitarian State, 1939. Proceedings of the American Philosophical Society, Philadelphia, 1940, Vol. LXXXII.

според критериумите на владеењето на мнозинството[26], и ниту тој, ниту Сталин, не ќе можеа да го задржат лидерството над широките маси, да преживеат многубројни внатрешни и надворешни кризи и да се спротивставаат на многуте опасности на немилосрдните борби внатре во партијата, ако не ја имаа довербата на масите. Не ќе беа возможни ниту московските судења ниту ликвидацијата на фракцијата на Рем, ако масите не ги поддржуваа Сталин и Хитлер. Широко распространетите мислења дека Хитлер беше само агент на германските индустријалци и дека Сталин во борбите за тоа кој ќе го наследи Ленин по неговата смрт, победи само со подол заговор, се само легенди што можат да се побијат со многу факти, а пред сè со неоспорната популарност на овие лидери[27]. Ниту пак може нивната популарност да се припише на мајсторската и лажлива пропаганда над неукоста и глупоста. Бидејќи, пропагандата на тоталитарните движења кои им претходат и ги придружуваат тоталитарните режими е дотолку непроменливо искрена колку што е лажлива, па потенцијалните тоталитарни водачи обично ги започнуваат своите кариери фалејќи се со своите дотогашни злодела и внимателно истакнувајќи ги идните. Нацистите „беа убедени дека правењето злодела во наше време има некаква морбидна сила на привлечност“[28]; болшевичките уверувања во Русија и надвор од неа дека не ги признаваат вообичаените морални стандарди станаа главно упориште на комунистичката пропаганда; и

---

[26]Ова беше навистина „првата голема револуција во историјата што беше изведена со употребата на постоечкиот законски кодекс во моментот на преземањето на власта“ (Hans Frank, *Recht und Verwaltung*, 1939, стр. 8).

[27] Најдобрата студија за Хитлер и неговата кариера е новата Хитлерова биографија од Alan Bullock, *Hitler, A Study in Tyranny*, London, 1952. Според англиската традиција на политички биографии е направена ситничава обработка на сите достапни изворни материјали и дадена е сеопфатна слика на современата политичка позадина. Со оваа публикација се потиснати одличните книги на Konrda Heiden – пред сè Der Fuehrer: *Hitler's Rise to Power*, Boston, 1944 – иако остануваат значајни поради генералната интерпретација на настаните. За Сталиновата кариера: Boris Souvarine: *A Critical Survey of Bolshevism*, New York, 1939, сè уште е стандардно дело. Isaac Deutscher, *Stalin: A Political Biography*, New York and London, 1949, е незаменлива поради богатиот документарен материјал и длабокиот внатрешен поглед во интерните борби во болшевичката партија; книгата трпи поради интерпретацијата која го изедначува Сталин со Кромвел, Наполеон и Робеспјер.

[28] Franz Borkenau, *The Totalitarian Enemy*, London 1940, стр. 231.

искуството повеќе пати потврди дека пропагандната вредност на злоделата и, воопшто, запоставувањето на моралните стандарди, се независни од личниог интерес, што веројатно е најсилниот психолошки фактор во политиката.

Привлечноста на злото и криминалот за менталитетот на толпата не е ништо ново. Секогаш важела вистината дека толпата ќе ги поздрави „насилничките дела со забелешката исполнета со восхит: можеби е подло, ама е многу мудро“[29]. Вознемирувачкиот фактор во успешноста на тоталитаризмот повеќе е искрената несебичност на неговите приврзаници: може да се сфати дека еден нацист или болшевик нема да биде поколебан во своите уверувања поради злодела против луѓе кои не му припаѓаат на движењето или пак се непријателски расположени кон него; зачудувачкиот факт е дека тој воопшто не ќе се поколеба дури ни кога монструмот ќе почне да ги голта своите сопствени деца, дури ни ако тој самиот стане жртва на прогонување, ако е обвинет и осуден, ако е исфрлен од партијата и испратен во логор за принудна работа или концентрационен камп. Токму спротивното, на чудење на сиот цивилизиран свет, тој може дури и самиот да сака да помогне во сопственото прогонување и изрекување на смртна пресуда, само ако неговиот статус на член на движењето не биде доведен во прашање[30]. Би било наивно оваа тврдоглавост во

---

[29] Цитирано од германското издание на „Протоколите на Ционските мудреци“, *Die Zionistischen Protokolle mit einem Vorund Nachwort von Theodor Fritsch* 1924, стр. 29.

[30] Ова, сепак, е специјалност на рускиот тип на тоталитаризам. Интересно е да се одбележи дека во раните судења на странските инженери во советска Русија, комунистичките симпатии веќе беа користени како аргумент за самообвинување: „Сето време властите инсистираа да признаам саботажа што не сум ја извршил. Одбивав. Ми рекоа: Ако си на страната на советската власт, како што се преправаш дека си, докажи го тоа со твоите постапки; на советската власт и треба твоето признание“. Известува Anton Ciliga, *The Russian Enigma*, London 1940, стр. 153.

Теоретско образложение за ваквото однесување даде Троцки: „Ние можеме да бидеме во право само во и само со Партијата, бидејќи историјата не понуди ниту еден друг начин да се биде во право. Англичаните имаат поговорка: Моја татковина, па била во право или грешела... Ние имаме многу подобро историско образложение велејќи – тоа е мојата партија, и сеедно дали е во право или греши во извесни конкретни индивидуални случаи“ (Souvarine, op. cit., стр. 361).

Од друга страна, на офицерите на Црвената армија кои не му припаѓаа на движењето им се судеше зад затворени врати.

исправноста на верувањата, што ги надминува сите практични искуства и го укинува и најмалиот личен интерес, да се смета за прост израз на горлив идеализам. Идеализмот, будалест или херојски, секогаш произлегува од некоја индивидуална решеност или убедување, и е подреден на искуството и аргументите[31]. Фанатизмот на тоталитарните движења, спротивно на сите форми на идеализмот, се крши во оној момент кога движењето ги остава своите фанатизирани следбеници на цедило, убивајќи го во нив секое преостанато убедување кое можеби го преживеало колапсот на самото движење[32]. Меѓутоа, во организациските рамки на движењето, сѐ додека тоа е цврсто и единствено, до фанатизираните членови не може да се допре ниту преку искуство ниту со аргументи; идентификацијата со движењето и тоталниот конформизам како да ја уништиле сосема способноста за соочување со стварноста, дури и ако таа е толку екстремна како тортура или страв од смртта.

Тоталитарните движења се стремат кон масите и успеваат да ги организираат – значи не класите, како старите партии на интереси во континенталните еднонационални држави; и не граѓаните со свои ставови и лични интереси за

---

[31] Нацистичкиот автор Андреас Фенинг (Andreas Pfenning) отворено ја отфрла забелешката дека СА се бореа заради „идеали“ или дека беа поттикнувани од „идеалистичко искуство“. Нивното „базично искуство се појави низ борба“ – “Gemeinschaft und Staatwissenschaft”, во *Zeitschrift für die gesamte Staatwissenschaft*, Band 96. Преводот е цитиран од Ernst Fraenkel, *The Dual State*, New York and London, 1941, стр. 192. Од обемната литература што ја ширеше во форма на памфлети главниот информативен центар (*Hauptamt–Schulungsamt*) на СС, целосно е евидентно дека зборот „идеализам“ промислено е избегнуван. Од припадниците на СС се бараше не идеализам, туку „целосна логичка конзистентност во сите идеолошки прашања и безмилосно прогонување во политичката борба“ (Werner Best, *Die deutsche Polizei*, 1941, стр. 99).

[32] Во овој поглед повоена Германија нуди многу очигледни примери. Беше доволно зачудувачко што американските црнечки трупи воопшто не беа примени со непријателство, наспроти масовната расна индоктринација што ја спроведоа нацистите. Но еднакво запрепастувачки беше „фактот што *Waffen* – СС во последните денови на германскиот отпор против сојузниците не се бореа ’до последниот човек‘ и дека оваа специјална нацистичка борбена единица, по неверојатните жртви во претходните години што пропорционално далеку ги надминуваа загубите на Вермахтот, во последните денови се однесуваше како и секоја друга единица составена од цивили, и се покори на безнадежноста на ситуацијата“ (Karl O. Paetel, “Die SS”, во *Vierteljahreshefte für Zeitgeschichte*, јануари 1954).

занимавање со јавните работи, како партиите во англосаксонските земји. Додека сите политички групи зависат од пропорционалноста на силите, тоталитарните движења зависат директно од бројноста до тој степен што тоталитарните режими се чини се невозможни, дури и кога сите други околности им одат во прилог, во земји со релативно мала популација[33]. По Првата светска војна еден длабоко антидемократски, продиктаторски бран на полутоталитарни и тоталитарни движења ја заплисна Европа; фашистички движења се раширија од Италија кон речиси сите централноевропски и источноевропски земји (чешкиот дел од Чехословачка беше еден од забележителните исклучоци); сепак дури и Мусолини, кому му беше толку мил терминот „тоталитарна држава", не се обиде да воспостави наполно развиен тоталитарен режим[34] и се задоволи со диктатура и еднопартиско владеење. Слични нетоталитарни диктатури се раширија во предвоена Романија, Полска, балтичките земји, Унгарија, Португалија и франкистичка Шпанија. Нацистите, кои имаа непогрешлив инстинкт за такви разлики, со презир коментираа за недостатоците на нивните фашистички сојузници, додека нивниот вистински восхит од болшевичкиот режим во Русија (и комунистичката партија во Германија) можеше да се спореди со нивниот презир за источноевропските раси[35].

---

[33] Од Москва доминираните источноевропски влади владеат во полза на Москва и се однесуваат како агенти на Коминтерната; тие се примери на ширењето на од Москва управуваното тоталитарно движење, не се резултат на сопствениот развој. Единствен исклучок се чини дека е Тито од Југославија, кој можеби прекина со Москва бидејќи сфати дека руски-инспирираните тоталитарни методи ќе го чинеа голем процент од југословенското население.

[34] Доказ за нетоталитарната природа на фашистичката диктатура е зачудувачки малиот број и релативно благите казни за политичките престапници. За време на особено активните години, од 1926 до 1932, специјалните судови за политички престапи изрекоа 7 смртни пресуди, 257 пресуди на 10 или повеќе години затвор, 1.360 под десет години, а многу повеќе осудија на прогонство; нешто над 12.000 беа уапсени и ослободени како невини, процедура сосема несфатлива во услови на нацистичкиот или на болшевичкиот терор. Види E. Kohn – Bramstedt, *Dictatorship and Political Police*: *The Technique of Contorl by Fear*, London 1945, стр. 51 и нат.

[35] Нацистичките политички теоретичари секогаш истакнуваа дека Мусолиниевата „етичка држава" и Хитлеровата „идеолошка држава" [Weltanschauungsstaat] не може да се спомнуваат заедно" (Gottfried Neesse, "Die verfassungsrechtliche Gestaltung der Ein – Partei", во *Zeitschrift für die gesamte Staatswissenschaft*, 1938, Band 98).

Единствениот човек кого Хитлер „безрезервно го почитувал“ бил „генијот Сталин“[36], и додека во случајот на Сталин и руските режим немаме (и веројатно никогаш нема ни да имаме) онолку богат документарен материјал колку што е

Гебелс за разликата меѓу фашизмот и националсоцијализмот: „[Фашизмот] воопшто не е... исто што и националсоцијализмот. Додека вториов оди длабоко до корените, фашизмот е само површно нешто“ (The Goebels Diaries 1942–1943, ed. by Louis Lochner, New York 1948, стр. 71). „[Дуче] не е револуционер како Фирерот или Сталин. Тој е толку врзан за својот сопствен италијански народ што му недостасуваат широките квалитети на светски револуционер и бунтовник“ (Ibid., стр. 468).

Химлер го изрази истото мислење во еден говор одржан во 1943 на конференцијата на командувачките офицери: „Фашизмот и националсоцијализмот се две фундаментално различни нешта... апсолутно нема никаква споредба меѓу фашизмот и националсоцијализмот како духовни, идеолошки движења“. Види Kohn – Bramstedt, op. cit., Appendix A.

Хитлер во раните дваесетти ја сфати сличноста меѓу нацизмот и комунистичките движења: „Во нашите движења двата екстреми одат заедно: комунистите од левицата и офицерите и студентите од десницата. Ова секогаш биле најактивните елементи... комунистите беа идеалистите на социјализмот...“ Види Heiden op. cit., стр. 147. Рем, шефот на СА, само повтори едно курентно мислење кога во доцните дваесетти напиша: „Многу работи се меѓу нас и комунистите, меѓутоа ние ја почитуваме искреноста на нивните убедувања и нивната волја да даваат жртви за своја идеја, и тоа не поврзува со нив“ (Ernst Röhm, *Die Geschichte eines Hochverräters*, 1933, Volkssausgabe, стр. 273).

За време на последната војна, нацистите поподготвено ги признаа Русите како еднакви на себе отколку која било друга нација. Хитлер, говорејќи во мај 1943 на една конференција на рајхслајтерите и гаулајтерите, „започна со фактот дека во оваа војна се соочуваат буржоаските и револуционерните држави. Лесно ни беше да ги поразиме буржоаските држави затоа што за нас тие беа сосема инфериорни по својот развој и ставови. Земјите со идеологија се границата на буржоаските држави... [На исток] се сретнавме со противник кој си има своја идеологија, иако погрешна...“ (Goebels Diaries стр. 355). – Оваа проценка се базираше на идеолошки, не на милитаристички размислувања. Gottfried Neesse, *Partei und Staat*, 1936, ја даде официјалната верзија на борбата за власт на движењето кога напиша: „За нас обединетиот фронт на системот се шири од Германската национална народна партија (т.е. екстремната десница) до социјалдемократите. Комунистичката партија беше непријател надвор од системот. За време на првите месеци на 1933, според тоа, кога пропаста на системот веќе беше запечатена, ние сè уште требаше да биеме пресудна битка против комунистичката партија“ (стр. 76).

[36] *Hitlers Tischgesprähe*, стр. 113. Таму исто така наоѓаме бројни примери што покажуваат дека, наспроти некои повоени легенди Хитлер никогаш немаше намера да го брани „Западот“ од болшевизмот туку, беше подготвен да им се придружи на „Црвените“ во разорувањето на Западот, дури и кога се наоѓаше во војна против советска Русија. Види посебно стр. 95, 108, 113 и нат., 158, 385.

достапен за Германија, непобитно знаеме по говорот на Хрушчов на Дваесеттиот конгрес на партијата дека Сталин му верувал само на еден човек, а тоа бил Хитлер[37].

Работата е во тоа што во сите овие помали европски земји на нетоталитарните диктатури им претходеа тоталитарни движења, па излезе дека тоталитаризмот е преамбициозна цел и дека, иако добро послужил да се организираат масите додека движењето зајакнало доволно, апсолутната големина на земјата тогаш го турнала потенцијалниот тоталитарен водач на масите во попознати шеми на класна или партиска диктатура. Вистината е дека овие земји едноставно не контролираа доволно човечки материјал за да ги дозволат тоталната доминација и неизбежните огромни намалувања на популацијата[38]. Без многу надеж за освојување на понаселени територии, тираните од овие мали земји беа приморани да прибегнат кон еден вид старомодна воздржаност, инаку би ги загубиле и тие малку луѓе над кои треба да владеат. Ова е исто така една од причините зошто нацизмот, сè до избувнувањето на војната и експанзијата над Европа, толку многу заостануваше во доследноста и немилосрдноста зад својот руски пандан; Германците не беа доволно бројни да дозволат оваа нова форма на владеење да се развие до крај. Само во случај Германија да ја добиеше војната, ќе се развиеше тоталитарно владеење, а од оставнината на Хитлеровите планови може да се види какви жртви ова ќе повлечеше, не само од „инфериорните раси“, туку и од самите Германци[39]. Во секој случај,

---

[37] Ние сега знаеме дека Сталин бил постојано опоменуван за опасноста од ненадеен напад на Хитлер врз Советскиот Сојуз. Дури и кога советскиот воен аташе во Берлин го информирал за денот на нацистичкиот напад, Сталин одбил да верува дека Хитлер ќе ја наруши спогодбата (Види го Хрушчовиот “Speech on Stalin”, текст издаден од Стејт департментот, *New York Times*, 5 јуни 1956).

[38] Следната информација соопштена од Суварин, op. cit., стр. 699, се чини дека е посебно илустративна: „Според В. Кривицки, чиј одличен извор на информации е ГПУ: Наместо 171 милион жители колку што се сметаше дека ги има во 1937, беа најдени само 145 милиони; според тоа, близу 30 милиони луѓе во СССР се исчезнати“. А ова, треба да се има на ум, се пројави по декулакизацијата во раните триесетти што одзеде околу 8 милиони човечки животи. Види *Communism in Action, Us Government*, Washington 1946, стр. 140.

[39] Голем дел од овие планови, базирани на овие документи, може да се најде во: Leon Poliakov, *Brévaire de la Haine*, Paris 1951, глава 8 (американското издание е со наслов *Harvest of Hate*, Syracuse 1954; цитираме од оригиналното француско издание), но само оние што се однесуваа на истребувањето на

само за време на војната, кога со освојувањето на Истокот се обезбеди голема маса луѓе и кампoвите за истребување можеа да се полнат, Германија можеше да воспостави вистинска тоталитарна власт. (Обратно од тоа, шансите да се воспостави тоталитарна власт се застрашувачки големи во земји со традиционален ориентален деспотизам, во Индија и Кина, каде што има речиси неисцрпен материјал за да се храни со сила – наполнетата и човечкоуништувачката машинерија на тотална доминација, и каде, уште повеќе, типичното чувство на прекубројност што го има масовниот човек – еден наполно нов феномен во Европа, проследен со масовната невработеност и растежот на популацијата во последните 150 години – со векови беше доминантно во презирот на вредноста на човековиот живот.) Умереноста или помалку убиствените методи на владеење тешко дека беа резултат на стравот на владата од народен бунт; депопулизацијата на сопствената земја беше многу посериозна закана. Само онаму каде што

---

негерманските народи, пред сè оние со словенско потекло. Дека нацистичката машина за деструкција не би се запрела ни пред германскиот народ е евидентно од здравствениот закон на Рајхот што Хитлер сам го создаде. Во него тој предложи да се „изолираат“ од остатокот на популацијата сите семејства во кои има случаи на срцеви или белодробнн заболувања, при што нивната физичка ликвидација е, се разбира, следниот чекор во оваа програма. И овој, како и уште неколку други интересни проекти за победничката повоена Германија, се содржани во циркуларното писмо до заповедниците на областите (*Kreisleiter*) во Хесен-Насау (Hesse-Nassau) во форма на извештај од дискусија водена во фиреровите штабови за мерките што пред... и по победоносниот крај на војната треба да бидат применувани. Види ја збирката документн во *Nazi Conspiracy and Aggression*, Washington 1946, et seq., Vol. VII, стр. 175. Во истиот контекст припаѓа и планираната законска одредба за „севкупна легислација на странците“, со која „институционалниот авторитет“ на полицијата – имено, и луѓе кои не сториле никаква грешка да се праќаат во концентрационен логор – требаше да биде легализиран и проширен (види Paul Werner, “SS – Standartenführer”, во *Deutsches Jugendrecht* 4, 1944).

Во врска со оваа „негативна популациска политика“ која во своето целење кон истребување се согласува со болшевичките партиски чистки, важно е да се запамети дека „во овој процес на селекција никогаш не може да има застој“ (Himmler, “Die Schutz – staffer”, во *Grundlagen, Aufbau und Wirtscaftsordnung des natinalsozialistischen Staates*, No. 7b). „Борбата на Фирерот и неговата партија беше досега неостварена селекција... Оваа селекција и оваа борба беа привидно завршени на 30 јануари 1933... Фирерот и неговата стара гарда знаеја дека вистинската борба тукушто почнала“ (Robert Ley, *Der Weg zur Ordensburg, o. D. Verlag der Deutschen Arbeitsfront*. “Not available for sale”).

големи маси се бројно надмоќни или може да се арчат без катастрофален резултат на депопулизација, тоталитарното владеење (што е различно од тоталитарното движење) воопшто е возможно.

Тоталитарни движења се (возможни секаде каде што има маси кои од оваа или онаа причина се здобиле со апетити за политичка организација. Масата не се држи заедно заради некаква свест за заеднички интереси и нема класна издиференцираност што е изразена со одредени, јасни и достижни цели. Терминот маса се употребува само таму каде што се работи за луѓе кои, дали само заради бројот, или заради незаинтересираноста, или заради комбинација од двете, не можат да се вклучат во каква било организација базирана врз заеднички интерес, во политички партии или во муниципални влади или професионални организации или работнички синдикати. Потенцијално, тие постојат во секоја земја и го формираат мнозинството на оној голем број неутрални, политички рамнодушни луѓе кои никогаш не и се приклучуваат на некоја политичка партија и веројатно никогаш и не гласаат на изборите.

Заедничка карактеристика и на подемот на нацистичкото движење во Германија и на комунистичките движења во Европа по 1930[40] беше тоа што тие ги регрутираа своите членови од оваа маса на очигледно рамнодушни луѓе, од кои сите други партии се имаа откажано, сметајќи ги за премногу апатични или премногу глупави за да им обрнат внимание. Резултатот беше што мнозинството од нивното членство се состоеше од луѓе кои никогаш порано не се појавиле на политичка сцена. Ова пак овозможи воведување на сосема нови методи во политичката пропаганда и индиферентност кон аргументите на политичките опоненти; овие движења не само што се сместија надвор и наспроти партискиот систем како целина, туку си најдоа членство кое никогаш не било допрено, никогаш не било „расипано“ од партискиот систем. Оттаму ним не им беше потребно да ги отфрлаат спротивставувачките

---

[40] Е. Боркенау (E. Borkenau) точно ја опишува ситуацијата: „Комунистите имаа само мошне скромни успеси кога се обидоа да постигнат влијание меѓу масите на работничката класа; нивната масовна база, според тоа, ако воопшто и ја имаа, беше се подалеку и подалеку од пролетеријатот“ (“Die neue Komintern”, во *Der Monat*, Berlin 1944, Heft).

аргументи и конзистентно преферираа методи што попрво завршуваа со смрт отколку со наговарање, кои попрво ширеа терор отколку убедување. Тие ги претставуваа несогласувањата како постојано да произлегуваа од длабоки природни, социјални или психолошки извори надвор од (контролата на индивидуата и, според тоа, надвор од моќта на разумското. Ова ќе беше недостаток само ако тие вистински се вклучеа во натпреварот со другите партии; а не ќе беше ако беа сигурни дека имаат работа со луѓе кои имаат причина да бидат еднакво непријателски кон сите партии.

Успехот на тоталитарните движења кај масите го означи крајот на две илузии – на демократски раководените држави воопшто, а посебно на европските еднонационални држави и нивниот партиски систем. Првото значеше дека луѓето во мнозинство имаат активна улога во владеењето и дека секој поединец ја симпатизира и сопствената и сите други партии. Обратно, движењата покажаа дека политички неутралните и индиферентни маси лесно можат да бидат мнозинство во демократски управуваната земја, а сепак демократијата ќе функционира според правилата што ги осознава само малцинството. Втората демократска илузија што ја разурнаа тоталитарните движења беше дека овие политички индиферентни маси не се битни, дека тие се навистина неутрални и конституираат само една неартикулирана заднинска кулиса за политичкиот живот на нацијата. Сега тие јасно покажаа нешто што ниеден друг орган на јавното мислење не можел кога било да го покаже – имено, дека демократското владеење се заснова исто толку врз тивкото одобрување и толеранција на индиферентните и неартикулирани секции од народот колку и врз артикулирачките и видливи институции и организации на земјата. Така, кога тоталитарните движења упаѓаа во Парламентот со презир кон парламентарно владеење, изгледаше како да си противречат: всушност, тие успеаја да ги убедат луѓето дека не постојат парламентарни мнозинства и дека не одговараат на реалната ситуација во земјата, со тоа минирајќи ја самопочитта и довербата на владите кои исто така повеќе веруваа во владеењето на мнозинството отколку во уставот.

Честопати е истакнувано дека тоталитарните движења ги користат и ги искористуваат демократските слободи со цел да ги укинат. Ова не е само ѓаволски интелигентно од

водачите или пак детски наивно од масите. Демократските слободи може да се базираат на еднаквоста на сите граѓани пред законот; сепак своето значење и витална функција ги добиваат само онаму каде што граѓаните припаѓаат на групи и се претставени од групи или формираат социјална и политичка хиерархија. Распадот на класниот систем, единственото социјално и политичко раслојување на еднонационалните европски држави, секако беше „еден од најдраматичните настани од подоцнежната историја на Германија“[41] и исто толку поволен за развојот на нацизмот како и отсуството на социјално раслојување меѓу огромната селска популација во Русија (тоа „огромно млитаво тело лишено од политичко образование, скоро затворено за идеи, за благородни акции“[42]) за болшевичкото отфрлање на демократската влада на Керенски. Состојбата во претхитлеровска Германија ги навестува опасностите имплицирани во развојот на Западниот свет бидејќи, со крајот на Втората светска војна, се повтори истиот драматичен настан на распаѓање на класниот систем во речиси сите европски земји, додека настаните во Русија јасно го покажуваат правецот во кој може да се одвиваат неизбежните револуционерни промени во Азија. Практично, нема да има голема разлика дали тоталитарните движења ќе се развиваат според шемите на нацизмот или болшевизмот, дали ќе ги организираат масите во името на раса или класа, дали ќе се преправаат дека ги следат законите на природата или на дијалектиката и економијата.

Индиферентноста кон јавните случувања, неутралноста кон политичките прашања, сами за себе не се доволна причина за појава на тоталитарни движења. Натпреварувачкото и лакомо буржоаско општество создаде апатија, па дури и непријателски однос, не само кон јавниот живот, и не дури прво кон него, кај општествените нивоа кои беа експлоатирани и исклучени од активно учество во раководење со земјата, но пред сè кај својата сопствена класа. Долгиот период на лажна скромност, кога буржоазијата беше задоволна што е доминантна класа во општеството без да има аспирации за политичко владеење, што со задоволство и го

[41] William Ebenstein, *The Nazi State*, New York 1943, стр.247.
[42] Како што ги опиша Максим Горки. Види Суварин, op. cit., стр. 290.

препушташе на аристократијата, беше проследен од империјалистичката ера во која кај буржоазијата страсно порасна непријателство кон постоечките национални институции, и таа почна да бара да се организира за примена на политичка сила. И претходната апатија и подоцнежното барање за монополистичка диктатура во врска со надворешните работи на земјата влечат корени од начин и животна филозофија што толку инсистираат, и исклучително се сконцентрирани на индивидуалниот успех или неуспех во немилосрден натпревар, та се чини дека граѓанинот своите задачи и должности ги чувствува само како бескрајно исцрпување на неговото ограничено време и енергија. Овие буржоаски ставови се многу корисни за оние форми на диктатура во кои „силниот човек“ ја презема на себе проблематичната одговорност да раководи со јавните работи; тие се позитивна пречка за тоталитарните движења кои можат да го толерираат буржоаскиот индивидуализам, но не повеќе од кој било друг индивидуализам. Апатичните делови на доминантното буржоаско општество, без разлика колку и да не се расположени да ги преземат граѓанските должности, ја чуваат својата персоналност недопрена само затоа што без неа тешко може да очекуваат да преживеат во конкурентската борба за живот.

Тешко е да се забележат пресудните разлики меѓу организираните толпи во деветнаесеттиот век и движењата на масите во дваесеттиот, затоа што модерните тоталитарни водачи по психологијата и менталитетот не се разликуваат многу од поранешните водачи на толпите, чии морални стандарди и политички средства толку многу личат на буржоаските. Сепак, бидејќи индивидуализмот го карактеризира ставот за животот и кај буржоазијата и кај толпата, тоталитарните движења со право можат да тврдат дека тие беа првите вистински антибуржоаски партии; никој од нивните претходници од деветнаесеттиот век, ниту Друштвото од 10 декември што му помогна на Луј Наполеон да завладее, ниту касапските бригади од аферата Драјфус, ниту Црните стотници од руските погроми, ниту пак пандвижењата, кога било ги исклучија во себе своите членови до степен на целосно губење на индивидуалните ставови и амбиции, или кога било сфатија дека една организација би можела да биде успешна во перманентното уништување на индивидуалниот

идентитет, а не само во моментите на колективна херојска акција.

Односот што произлезе од распадот на класното општество, во кое доминира буржоазијата, и неговите маси, не е истиот како односот меѓу буржоазијата и толпата што беше нуспродукт на капиталистичкото производство. Масите и толпата имаат само една заедничка карактеристика, имено, што двете се надвор од сите општествени разгранувања и вообичаените политички форми. Масите не ги наследуваат, како што толпата ги наследува – иако во изменет вид – стандардите и ставовите на доминантната класа, туку ги рефлектираат и некако ги изопачуваат стандардите и ставовите кон јавните прашања на сите класи. Стандардите на човекот од масата беа одредени не само и не дури пред сè од специфичната класа на која некогаш и припаѓал, туку попрво од најшироките влијанија и уверувања што премолчено и воздржано подеднакво ги споделуваа сите класи во општеството.

Членувањето во една класа, иако не толку цврсто и никогаш така неизбежно одредено од општественото потекло како во редовите и сталежите во феудалното општество, во принцип беше одредено со самото раѓање, и само невообичаената среќа можеше да го промени. Општествениот статус беше пресуден за нечие учество во политиката, и освен во случај на национална опасност тој требаше да дејствува како државјанин, без оглед на својата класна или партиска припадност, тој никогаш не беше директно соочен со општествени прашања ниту пак се чувствуваше директно одговорен за нивно раководење. Порастот на значењето на класата во заедницата секогаш беше проследен со школување и обучување на извесен број од нејзините членови за занимавање со политика како работа, за платена (или, ако тие можеа да си дозволат неплатена) служба во владата, и претставување на класата во парламентот. Тоа што поголемиот дел од луѓето беше надвор од која било партија или друга политичка организација не му беше важно никому, и така беше со сите класи подеднакво. Со други зборови, припадноста кон една класа, нејзините групни обврски и традиционалните ставови кон владеењето, го спречија порастот на граѓанството што индивидуално и лично се чувствуваше одговорно за раководење со земјата. Ваквиот аполитичен

карактер на населението од еднонационалните земји доаѓаше до израз само кога класниот систем пропаѓаше и со себе повлекуваше цел систем од видливи и невидливи конци со кои луѓето беа врзани за политичкото тело.

Пропаѓањето на класниот систем автоматски значеше и пропаѓање на партискиот систем, главно затоа што овие партии, кои всушност се партии на интереси, не можеа веќе да ги застапуваат интересите на класата. Нивното понатамошно задржување имаше некаква важност за членовите на претходните класи кои и покрај безнадежноста се надеваа дека ќе си го повратат својот стар општествен статус и кои се држеа заедно не затоа што сѐ уште имаа некои заеднички интереси, туку затоа што се надеваа дека ќе ги обноват. Како последица, партиите стануваа сѐ попсихологизирани и поидеологизирани во својата пропаганда, се поапологетични и поносталгични во својот политички пристап. Уште повеќе, ги загубија, без да бидат свесни за тоа, и оние неутрални поддржувачи кои никогаш не се интересирале за политика затоа што чувствувале дека партиите постојат за да водат сметка за нивните интереси. Така првите знаци на известување за распаѓањето на партискиот систем на Континентот не беа дезертирањата на старите партиски членови, туку нерегрутирањето на нови членови од помладите генерации, и губењето на молчаливата согласност и поддршка од неорганизираните маси кои одеднаш ја отфрлија својата апатичност и се впуштија во сѐ во што видоа можност да ја изразат својата нова насилна опозиција.

Уривањето на заштитничките класни ѕидови го трансформираше заспаното мнозинство кое беше надвор од какво било партиско организирање во една голема неорганизирана, неструктурирана маса на бесни индивидуи кои немаат ништо заедничко освен нејасното сфаќање дека надежите на партиските членови се проколнати, дека, според тоа, најреспектираните, највлијателни и најрепрезентативни членови на заедницата се будали, и дека сите постоечки сили не носат толку лошо, зашто и самите се исто толку глупави и лажливи. Тоа што невработениот работник ги мразеше статус квото и силите што се јавуваа во форма на социјалдемократската партија, експроприраните малосопственици во форма на централно или десно ориентирани партии, и поранешните припадници на средната и повисоките класи во форма на

традиционално екстремната десница, не беше така голема последица за раѓањето на оваа застрашувачки негативна солидарност. Бројот на припадниците на оваа маса од главно незадоволни и очајни луѓе рапидно растеше во Германија и Австрија по Првата светска војна, кога инфлацијата и невработеноста ги засилуваа разорувачките последици од воениот пораз; ги имаше во сите придружни држави, и беа потпората за екстремните движења во Франција и Италија по Втората светска војна.

Во ваквата атмосфера на распаѓање на класното општество се развиваше психологијата на европскиот човек од масите. Фактот дека со монотоната но апстрактна униформност истата судбина ја снајде масата индивидуи, не им пречеше да судат за себе од аспектот на личен неуспех, а за светот од аспектот на специфична неправда. Кон-себе-насочената горчина, сепак, како одново и одново повторувана во индивидуалната изолација, не беше заедничка врска и покрај нејзината тенденција да ги истреби индивидуалните разлики, бидејќи не беше заснована врз никаков заеднички интерес, ниту економски, ниту социјален, ниту политички. Егоцентричноста, според тоа, одеше рака за рака со поразното слабеење на инстинктот за самоодржување. Несебичноста во смисла самиот себе си да не си важен, чувството на експанзија на сопствената личност, не беше повеќе експресија на индивидуален идеализам, туку масовен феномен. Старата изрека дека сиромашните и потчинетите немаат што да изгубат освен своите синџири повеќе не се однесуваше на човекот од масите, бидејќи тој загуби многу повеќе од синџирите на сиромаштијата кога го загуби интересот за сопствената благосостојба: изворот на сите проблеми и грижи што го прават човечкиот живот мачен и тежок веќе го немаше. Во споредба со нивниот нематеријализам, еден христијански свештеник личи на човек апсорбиран во световни работи. Химлер, кој толку добро го познаваше менталитетот на оние кои ги организираше, ги опиша не само неговите СС-луѓе, туку и големите општествени слоеви од кои ги регрутираше, кога рече дека тие не се интересираат за „секојдневните проблеми“ туку само за „идеолошки прашања чие значење трае со децении и векови, и така човек... знае дека извршува некаква голема задача што се

случува еднаш во 2.000 години“[43]. Гигантското претворање на индивидуите во маса продуцираше менталитет кој, како Сесил Роудс четириесетина години претходно, размислува во континенти, а чувствува во векови.

Еминентни европски научници и државници, уште од раниот деветнаесетти век наваму, ја предвидоа појавата на масовниот човек и доаѓањето на ерата на масите. Цела една литература за масовното однесување и масовната психологија ја демонстрираше и ја популаризираше мудроста, толку добро позната во антиката, дека постои афинитет меѓу демократијата и диктатурата, и меѓу владеењето на толпата и тиранијата. Некои политички свесни и надсвесни делови на западната цивилизација така беа подготвени за појавите на демагогија, лековерност, суеверие и бруталност. Сепак, додека сите овие пророштва станаа стварност, изгубија многу од своето значење во поглед на толку неочекуваните и непредвидливи феномени како радикалното губење на интерес за себе[44], циничната и здодевна рамнодушност кон смртта или кон другите лични несреќи, страсната наклонетост кон најапстрактни ставови како основни животни вредности, и сеопшт презир дури и кон најочигледните правила на здравиот разум.

Спротивно од предвидувањата, масите не резултираа од растечката еднаквост на состојбите, од ширењето на општото образование и неговото неизбежно снижување кон стандардите и популаризација на содржината. (Америка, класичната земја на еднакви услови и на општо образование со сите свои недостатоци знае помалку за модерната психологија на масите отколку веројатно која било друга земја во светот.) Наскоро стана очигледно дека луѓето со висока култура се особено восхитени од масовните движења и дека, општо земено, развиениот индивидуализам и софистицираност не го спречуваат, туку напротив, понекогаш и го поттикнуваат впуштањето на личноста во масата, што го овозможуваат

---

[43] Говорот на Хајнрих Химлер за “Organization and Obligation of the SS and the Police”, објавен во National-politischer Lehrgang der Wermacht 15–23 Januar 1937. Преводот е цитиран според *Nazi Conspiracy and Aggression*, Office of the United States Chief of Counsel for the Prosecution of Axis Criminality. U.S. Government, Washington 1946, IV, 616 и нат.

[44] Gustave Lebon, *La Psychologie des Foules*, 1895, ја споменува посебната себичност на масите. Види глава II, параграф 5.

масовните движења. Бидејќи очигледниот факт дека индивидуалноста и култивираноста не го спречуваат формирањето на масовни ставови беше толку неочекуван, често беше изведуван од морбидноста или нихилизмот на модерната интелигенција, од една претпоставена типична интелектуална само-омраза, од духовната состојба што би можела да се нарече „непријателство кон животот“ и антагонизам кон виталноста. Сепак, толку наклеветените интелектуалци беа само најилустративниот пример и најгласните заговорници на еден посеопфатен феномен. Општествената атомизација и екстремната индивидуализација им претходат на масовните движења кои, многу полесно и порано отколку што го сторија тоа со социјализираните, неиндивидуалистички членови на традиционалните партии, ги привлекоа целосно неорганизираните, типични „никому неприпадници“, кои заради индивидуални причини секогаш одбивале да прифатат општествени врски или обврски.

Вистината е дека масите израснаа од фрагменти на едно високо атомизирано општество чија што натпреварувачка структура и придружната осаменост на индивидуата беа запирани само со припадноста кон одредена класа. Главната карактеристика на масовниот човек не е бруталноста и назадноста, туку неговата изолација и недостаток на нормални социјални врски. Доаѓајќи од класно раководено општество на еднонационалната држава, чии пукнатини беа цементирани со националистичкиот сентимент, природно е што овие маси, во првата беспомошност на нивното ново искуство, тендираа кон еден особено насилнички национализам, на кој масовните водачи му попуштија наспроти сопствените инстинкти и цели, поради чисто демагошки причини[45].

Ниту племенскиот национализам ниту бунтовничкиот нихилизам не се карактеристични или идеолошки адекватни за

---

[45] Основачите на нацистичката партија повремено ја нарекуваа „партија на левицата“ и пред Хитлер да ја преземе власта. Еден инцидент што се случи по парламентарните избори во 1932 година е исто така интересен: „Грегор Штрасер горко му укажа на својот лидер дека пред изборот на национал социјалистите во Рајхстагот тие можеа да создадат мнозинство со Центарот; сега таква можност веќе не постоеше, двете партии сè помалку од половината на парламентот; ...но заедно со комунистите тие сè уште имаат мнозинство, одговори Хитлер; никој не може да владее против нас“ (Heiden, op. cit., стр. 94 и 495).

масите колку што беа за толпата. Сепак, најнадарените масовни лидери на нашето време произлегоа попрво од толпата, а не од масите[46]. Хитлеровата биографија е школски пример за ова, а кај Сталин пак клучната точка е во тоа што тој произлезе од конспиративниот апарат на болшевичката партија со нејзините специфични мешаници на отпадници и револуционери. Во првиот период Хитлеровата партија, составена речиси исклучиво од неприспособени, неуспешни луѓе и авантуристи, навистина беше партија на „вооружени боеми“[47] кои ја претставуваа онаа обратната страна на буржоаското општество, и кои, според тоа, германската буржоазија требаше да биде способна да го исползува за своите сопствени цели. А всушност, буржоазијата беше исто толку привлечена од нацистите како и Рем – Шлајхеровата фракција во Рајхсверот, фракција што сметаше дека Хитлер, кого тие го употребија како глинен гулаб, или пак СА, кои ги искористија за милитаристичка пропаганда и парамилитарен тренинг, ќе се однесуваат како нивни агенти и ќе им помогнат во воспоставувањето на воена диктатура[48]. Обете имаа свое

---

[46] Спореди со Carlton J. H. op. cit., кој не правејќи разлика меѓу толпата и масата смета дека тоталитарните диктатори „дојдоа од масите, а не од класите“.

[47] Ова е централната теорија на К. Хајден (K. Heiden), чии анализи на нацистичкото движење сè уште се значајни. „Од пропаѓањето на мртвите класи се издигнува новата класа на интелектуалци, а на челото маршираат најбезобѕирните, оние што имаат најмалку да загубат, и затоа се најјаки: вооружените боеми за кои војната е дом, а цивилната војна татковина“ (op.cit., стр. 100).

[48] Заговорот меѓу генералот на Рајхсверот Шлајхер (Schleicher) и Рем (Röhm), шефот на СА, се состоеше во планот сите парамилитарни формации да се доведат под милитарниот авторитет на Рајхсверот, што одеднаш би додало милиони нови припадници на германската армија. Ова, се разбира, неизбежно би водело кон воена диктатура, Во јуни 1934 Хитлер ги ликвидира Рем и Шлајхер. Првобитните преговори беа започнати со знаење на Хитлер, кој ги користеше врските на Рем со Рајхсверот за да ги измами германските воени кругови за неговите вистински намери. Во април 1932 Рем сведочеше во еден од Хитлеровите процеси дека воениот статус на СА ја има потполната поддршка на Рајхсверот. (За документите – докази за планот Рем – Шлајхер види во *Nazi Conspiracy*, V, 456 и нат. Види исто така Heiden, op. cit., стр. 450). Самиот Рем гордо известува за своите преговори со Шлајхер, кои, според него, започнаа во 1931. Шлајхер ветил дека СА ќе ги стави под команда на офицерите на Рајхсверот во случај на опасност. (Види *Die Memorien des Stabschefs Röhm*, Saarbrücken, 1934, стр. 170). Милитаристичкиот карактер на СА, измоделиран од Рем, и постојано напаѓан од Хитлер, продолжи да го детерминира својот речник дури и по ликвидирањето на Ремовата фракција. Наспроти на СС, членовите на СА секогаш инсистираа да бидат „претставници на

видување на нацизмот, базирано врз политичката филозофија на толпата[49], но и обете ја превидоа независната, спонтана поддршка што масата им ја даваше на новите лидери од толпата, исто како и природниот талент на лидерите од толпата за создавање на нови видови на организирање. Толпата, сега во улога на водач на масите, веќе не беше агент ниту на буржоазијата, ни на некој друг – освен на масите.

Дека тоталитарните движења помалку зависат од неструктуираноста на масовното општество отколку од специфичните услови во една атомизирана или индивидуализирана маса, најдобро може да се види од споредбата на нацизмот и болшевизмот – обата започнаа секој во својата земја под многу различни услови. За да ја смени Лениновата революционерна диктатура во наполно тоталитарно владеење, Сталин прво требаше вештачки да го создаде тоа атомизирано општество, кое за нацистите во Германија го подготвија историските услови.

Зачудувачки лесната победа на Октомвриската револуција се случи во земја во која деспотската и централизирана бирократија владееше со една неструктурирана масова популација, неорганизирана ниту од остатоците на селските феудални сталежи ниту од слабите урбани капиталистички класи во зачеток. Кога Ленин рече дека никаде во светот не било толку лесно да се освои власта и толку тешко да се задржи, тој беше свесен дека не само слабоста на руската работничка класа, туку и анархичните општествени услови воопшто им одеа во прилог на ненадејните промени. Без инстинкти за водач на масите – тој не беше оратор и имаше пасија јавно да ги признава и да ги анализира своите грешки. што е против правилата на секоја позната демагогија – Ленин се зафати веднаш со сите можни диференцијации, општествени, национални и професионални, кои внесуваат некаква структуираност во популацијата, и веројатно беше убеден дека во таквото раслојување лежи спасот на револуцијата. Тој ја легализираше анархичната експропријација на имотите на

германската милитарна волја“, и за нив Третиот рајх беше „милитарно општество [потпрено] на два столба: Партијата и Вермахтот“ (види *Hanbuch der SA*, Berlin 1939, и Victor Lutze, “Die Sturmabteilungen”, во *Grundlangen*, Aufbau und Wirtshaftsordnung des nationalsozialistischen Staates, No. 7a).

[49] Автобиографијата на Рем е класичен доказ за овој вид литература.

земјопоседниците од страна на селските маси, и со тоа за прв и веројатно последен пат во Русија ја создаде онаа еманципирана селанска класа која, од Француската револуција наваму, беше најсилната поддршка на западните еднонационални држави. Се обиде да ја зајакне работничката класа поттикнувајќи ги независните работнички синдикати. Го толерираше плашливото појавување на новата средна класа која произлезе од политиката на НЕП по завршувањето на граѓанската војна. Воведе продлабочување на карактеристиките, со тоа што организираше, па дури и измисли, колку што можеше повеќе националности, влијаеше на натамошниот развој на националната свест и на чувството за историски и културни диференцијации дури и меѓу најпримитивните племиња во Советскиот Сојуз. Изгледа дека во овие практични прашања Ленин го следел својот голем инстинкт на државник повеќе отколку своите марксистички убедувања; неговата политика во секој поглед покажува дека тој бил многу поуплашен од отсуството на општествени и други структури отколку од можниот развој на центрифугални тенденции на новоеманципираните националности, или дури од порастот на новата буржоазија од редовите на новоформените средна и селска класа. Нема сомнение дека Ленин го доживеа својот најголем пораз кога со избувнувањето на граѓанската војна, главната сила што тој првобитно планирал да ја сконцентрира во советите дефинитивно помина во рацете на партиската бирократија; меѓутоа, дури и ваквиот развој, доволно трагичен како што и беше за правецот во кој се развиваше револуцијата, не мораше да води во тоталитаризам. Еднопартиската диктатура придодаде само една класа повеќе кон развојната социјална стратификација во земјата, т.е. кон бирократијата која, според социјалистичките критичари на револуцијата, „ја поседуваше државата како приватна сопственост“ (Маркс)[50].

[50] Добро е познато дека расцепканите антисталинистички групи го базираа својот критицизам за развојот на Советскиот Сојуз токму врз оваа марксистичка формулација, и всушност никогаш не ја надраснаа. Повторуваните „чистки“ на советската бирократија, што беа истозначни со ликвидирањето на бирократијата како класа, никогаш не ги оттргнаа од тоа во бирократијата да ја гледаат доминантната класа во Советскиот Сојуз. Ова што следува е проценка на Раковски, кој пишува во 1930 година од прогонство во Сибир: „Пред наши очи се формираше и се формира една огромна класа на раководители која има свои внатрешни потподелби и која расте преку искалкулирани кооптирања и директни

Во моментот на Лениновата смрт, патиштата сѐ уште беа отворени. Формирањето на слоеви на работници, селани и средни класи не мораше задолжително да води кон класна борба, карактеристична за европскиот капитализам. Земјоделството сѐ уште можеше да се развива на колективна, кооперативна или приватна основа и националната економија сѐ уште можеше да избира дали ќе биде социјалистичка, државно-капиталистичка или слободна економија. Ниедна од овие алтернативи не ќе ја растуреше автоматски новата структура на државата.

Сите овие нови класи и националности му стоеја на патот на Сталин кога почна да ја подготвува земјата за тоталитарно владеење. За да создаде атомизирана и неструктурирана маса, прво требаше да ги ликвидира остатоците на моќ кај Советите кои, како главен орган за претставување на народот, сѐ уште играа некаква улога и го спречуваа апсолутното владеење на партиската хиерархија. Затоа, тој прво ги минираше народните Совети преку воведување болшевички ќелии од кои беа назначувани повисоките функционери во централните комитети[51]. До 1930 исчезнаа последните траги од претходните општински институции и беа заменети со силно централизирана партиска бирократија, чии што тенденции за русификација не беа многу поразлични од оние на царистичкиот режим, освен во тоа што новите бирократи повеќе не се плашеа од писменоста.

---

или индиректни именувања... Елементот што ја обединува оваа оригинална класа е исто така оригинална форма на приватна сопственост да се надмудри државната моќ“ (цитирано од Суварин, op. cit., стр. 564). Ова е навистина сосема веродостојна анализа на развојот на претсталиновата ера. За развојот на односот меѓу партијата и советите, што има решавачка важност за текот на Октомвриската револуција, види I. Deutscher, *The Prophet Armed: Trotsky* 1879–1921, 1954.

[51] Во 1927, 90% од селските Совети и 75% од нивните раководители не беа членови на партијата; обласните извршни комитети беа составени од по 50% партијци и непартијци, додека во Централниот комитет 75% од делегатите беа партиски членови. Види го написот “Bolshevism” на Maurice Dodd во *Encyclopedia of Social Sciences*.

Како членовите на партијата на Советите, со гласање „во согласност со инструкциите што ги добиваа од постојаните претставници на Партијата“ го уништија советскиот систем одвнатре во детали е опишано во A. Rosenberg, *A History of Bolshevism*, London 1954, глава VI.

Тогаш болшевичката партија продолжи со ликвидацијата на класите и тоа од идеолошки и пропагандни причини, со ликвидација на имотните класи, новата средна класа во градовите, и селаните во внатрешноста. Заради бројноста и имотноста селаните дотогаш потенцијално беа најсилна класа во Сојузот; нивната ликвидација како последица беше поцелосна и посурова од ликвидацијата на другите групи, и беше изведувана со вештачко создавање на недостиг на храна и депортација под изговор заради експропријација на кулаците и колективизација. Ликвидацијата на средната и селската класа беше завршена во раните триесетти години; оние што не беа меѓу многуте милиони мртви или пак многуте милиони депортирани во логорите за принудна работа научија „кој е тука господар“, сфатија дека нивните животи и животите на нивните семејства зависат не од нивните сограѓани туку исклучително од каприците на владата со која се соочуваа наполно сами без каква било помош од групата на која и припаѓаа. Точниот момент кога колективизацијата создаде ново селанство врзано со заеднички интереси, кое поради бројноста и економската клучна положба во економијата на земјата претставуваше потенцијална опасност на тоталитарното владеење, не може да се одреди ниту од статистички ниту од документарни извори. Меѓутоа, за оние што знаат да го прочитаат тоталитарниот „изворен материјал“, овој момент дојде две години пред да умре Сталин, кога тој предложи да се распуштат колективите и да се трансформираат во поголеми целини. Не живееше доволно долго за да го оствари својот план; овој пат жртвите ќе беа уште поголеми и хаотичните последици за целата економија уште покатастрофални од ликвидацијата на првата селанска класа, но нема никаква причина за сомневање дека можел да успее; нема ниедна класа што не може да биде збришана само ако се убие доволен број од нејзините припадници.

Следната класа за ликвидирање како група беа работниците. Како класа тие беа многу послаби и даваа многу помал отпор од селаните затоа што нивната спонтана експропријација на фабриките од сопствениците за време на револуцијата, за разлика од селанската експропријација на земјата од земјопоседниците, беше наеднаш осуетена од владата која ги конфискуваше фабриките како државна сопственост под изговор дека државата и онака му припаѓа на

пролетаријатот во секој поглед. Системот на Стаканов, прифатен во раните триесетти, ја растури сета солидарност и класна свест кај работниците, прво со острата конкуренција и второ, со временото згуснување на Стакановата аристократија, чија социјална дистанца од обичниот работник, природно, беше многу поголема отколку дистанцата меѓу работниците и управата. Овој процес беше комплетиран во 1938 година со воведувањето на пописот за работа, кој официјално ја трансформира целата руска работничка класа во гигантска сила за принудна работа.

Како врв на овие мерки дојде ликвидацијата на онаа бирократија која помогна да се извршат претходните ликвидациски мерки. На Сталин му требаа околу две години, од 1936 до 1938, да се ослободи од целата административна и воена аристократија во советското општество; скоро сите канцеларии, фабрики, економски и културни тела, владата, партијата, и воените бироа дојдоа во други раце, кога „скоро половината од административниот персонал, партијци или непартијци, беа збришани“, и беа ликвидирани повеќе од 50 проценти од сите партиски членови и „најмалку уште осум милиони“[52]. Освен тоа, воведувањето на интерни пасоши, во кои мораа да бидат регистрирани и одобрени сите патувања од град во град, го докрајчи уништувањето на бирократијата како класа. Што се однесува до нејзиниот правен статус, бирократијата заедно со партиските функционери сега беше на исто ниво со работниците; таа, исто така, сега стана дел од огромното мнозинство принудни руски работници и нејзиниот статус како привилегирана класа во советското општество сега беше само минато. И бидејќи сеопфатната чистка заврши со ликвидацијата на највисоките полициски чиновници – на прво

---

[52] Овие бројки се земени од книгата на Victor Kravchenko *I Chose Freedom: The Personal and Political life of a Soviet Official*, New York 1946, стр. 278 и 303. Ова е, сè разбира, крајно дискутабилен извор. Меѓутоа, бидејќи во случајот на советска Русија ние немаме ништо освен дискутабилни извори – во смисла дека можеме да се потпреме само на новински написи, извештаи и проценки од еден или друг вид – сè што може да направиме е да ја искористиме секоја информација што се чини дека има висок степен на веројатност. Некои историчари се чини мислат дека спротивниот метод – имено, да се користи само оној материјал што го подготвила руската влада – е многу поверодостоен, меѓутоа тоа воопшто не е точно. Токму официјалниот материјал не е ништо друго освен пропаганда.

место истите оние кои ја организираа чистката – дури ни припадниците на ГПУ кои го спроведуваа теророт повеќе не можеа да се залажуваат дека како група воопшто претставуваат нешто, а камоли пак сила.

Ниедно од овие огромни жртвувања на човечки животи не беше мотивирано од *raison d'etat* во старото значење на зборот. Ниеден од ликвидираните општествени слоеви не беше непријателски расположен кон режимот, ниту пак веројатно ќе станеше непријателски расположен во иднина. Активно организираната опозиција престана да постои до 1930, кога Сталин, во својот говор на Шеснаесеттиот партиски конгрес, го прогласи за незаконски десничарските и левичарските струи во Партијата, иако дури и овие слаби опозиции одвај можеа да се потпрат на некоја од постоечките класи[53]. Диктаторскиот терор – за разлика од тоталитарниот терор кој дотогаш им се заканувал само на вистинските противници, но не и на безопасните граѓани без политички ставови – беше доволно немилосрден да го задуши целиот политички живот, отворено или прикриено, дури и пред смртта на Ленин. Интервенирањето на некоја странска држава, која што можеше да се поврзе со некој од незадоволните слоеви од популацијата, престана да претставува опасност откако до 1930 советското општество беше признаено од повеќе влади и склучи комерцијални и други интернационални договори со повеќе земји. (Ниту пак Сталиновата влада ја отфрли таквата можност барем што се однесуваше до луѓето: сега знаеме дека Хитлер, ако беше обичен завојувач, а не конкурентен тоталитарен владетел, можеше да има извонредни шанси со своите причини да го придобие барем населението во Украина.)

Ликвидирањето на класите, дури и да немаше никаква политичка смисла, сигурно беше катастрофално за советската економија. Последиците од вештачки создадениот недостаток на храна од 1933 со години се чувствуваа во земјата; воведувањето на Сталиновиот систем во 1935, со самоволното

---

[53] Сталиновиот извештај на 16. Конгрес ги означи скршнувањата како „рефлексија" на отпорот иа селаните и на остатоците на буржоаски класи во рамките на партијата. (Види *Leninism*, 1933, Vol. II, глава III). Против овој напад опозицијата беше зачудувачки беспомошна бидејќи и тие, а особено Троцки, беа „постојано подготвени да откријат борба на класите зад борбата на кликите" (Суварин, op. cit., стр. 440).

забрзување на индивидуалното производство и комплетното запоставување на неопходната тимска работа во индустриското производство, резултираше во „хаотична нерамнотежа" на младата индустрија[54]. Ликвидацијата на бирократијата, т.е., на класата на директори на фабрики и инженери, ги докрајчи индустриските потфати што новата руска техничка интелигенција успеала да ги постигне со малку искуство и кој како знаел.

Еднаквоста на условите меѓу субјектите беше една од најглавните грижи на деспотските и тиранските режими уште од антички времиња, па сепак ваквото изедначување не е доволно за тоталитарно владеење затоа што помалку или повеќе остава не допрени некои неполитички општествени врски меѓу субјектите, како што се семејните врски и културните интереси. Ако тоталитаризмот сериозно ги сфаќа своите ставови, мора да дојде до точката каде што мора „еднаш за секогаш да заврши со шаховската неутралност", т.е. со самостојното постоење на кава било активност. Љубителите на „шахот само затоа што е шах", соодветно споредени од нивните ликвидатори со љубителите на „уметноста само затоа што е уметност"[55], сè уште не се апсолутно атомизирани елементи од едно масовно општество чија што комплетно хетерогена униформност е еден од примарните услови за тоталитаризам. Од гледна точка и тоталитарните владетели, едно општество посветено на шахот само затоа што е шах, само за еден степен се разликува и е помалку опасно од класата на луѓе што се фармери само заради водење фарма. Химлер сосема адекватно го дефинирал припадникот на СС како нов вид човек кој под никакви околности не би направил „нешто на своја рака"[56].

Масовното атомизирање на советското општество беше постигнато со вешто и често изведувани чистки кои

---

[54] Kravchenko, op. cit., стр. 187.

[55] Souvarine, op. cit., стр. 575.

[56] Паролата на СС формулирана од самиот Химлер започнува со зборовите: „Нема ни една задача што постои само заради себе. Види Gunter d'Alquen, "Die SS", во *Schriften der Hochschule für Politik*, 1939. Памфлетите создавани од СС за интерна употреба одново и одново ја нагласуваат „апсолутната неопходност за сфаќање на бесполезноста на сè што си е доволно самото себеси" (види *Der Reichsführer SS und Chef der deutschen Polizei*, без дата, „само за интерна употреба во полицијата").

несомнено и претходеа на ликвидацијата на соодветната група. За да се уништат сите општествени и семејни врски, чистките беа спроведувани на таков начин што им се заканувaa со истата судбина и на обвинетиот и на сите поврзани со него, од најобични познаници до неговите најблиски пријатели и роднини. Последица од простото и добро смислено гесло за „вина според поврзаност" е што откако некој е обвинет, неговите поранешни пријатели веднаш се претвораат во негови најогорчени непријатели; за да си ги спасат своите сопствени кожи, тие доброволно доставуваат информации и брзаат да ги поткрепат непостоечките докази против него; ова очигледно е единствениот начин да ја докажат својата верност. Тие ретроспективно ќе се обидат да докажат дека нивното познанство или пријателство со обвинетиот било само за да го шпионираат и да го разоткриваат како саботер, троцкист, странски шпион или фашист. Покрај заслужноста да се биде „ценет по бројот на своите пријави на блиски пријатели"[57], очигледно е дека најосновните мерки на претпазливост бараат да се избегнуваат сите интимни контакти, ако е возможно – не за да се спречи откривањето на нечии тајни мисли, туку попрво да се елиминираат, од речиси неизбежните идни проблеми, сите оние кои може да имаат не само некаков обичен интерес од тоа што ќе ве пријават, туку и незапирлива потреба да придонесат кон вашето уништување просто затоа што нивниот сопствен живот е во опасност. Во последните анализи, откриено е дека токму со развивањето на овој начин до неговите крајни и најфантастично екстремни граници болшевичките владетели успеале да создадат едно атомизирано и индивидуализирано општество какво што дотогаш никогаш не сме виделе и какво што тешко би се развило како последица само од спонтаните случувања и катастрофите.

Тоталитарните движења се масовни организации од атомизирани, изолирани поединци. Во споредба со сите останати партии и движења, нивна најочигледна надворешна карактеристика е нивното барање за тотална, безрезервна, безусловна, и непревртлива лојалност од секој одделен член.

---

[57] Ваквата практика е обилно документирана. В. Кривицки (W. Krivitsky), во својата книга *In Stalin's Secret Service* (New York 1939), упатува директно на Сталин.

Ова барање водачите на тоталитарните движења го поставуваат уште пред да се здобијат со моќ. Тоа обично му претходи на тоталното организирање на земјата под нивно водство, а произлегува од тврдењето на нивните идеологии дека нивната организација ќе му обрне внимание на соодветен начин на целото човештво. Онаму пак каде што тоталитарното владеење не било подготвено од тоталитарно движење (наспроти нацистичка Германија, ваков беше случајот во Русија), движењето треба да се организира отпосле, а условите за неговиот растеж вештачки да се креираат за воопшто да може да се создаде тотална лојалност – психолошката база за тотална доминација. Таквата лојалност може да се очекува само од комплетно изолирано човечко суштество кое, без какви било други врски со семејството, пријателите, другарите или барем обичните познаници, го оформува своето чувство за сопственото место во светот само преку припадноста на некое движење, преку членството во партијата.

Тоталната лојалност е возможна само кога од верноста е отстранета сета конкретна содржина, заради која природно се јавуваат промени во мислењето. Тоталитарните движења, секое на свој сопствен начин, максимално се потрудија да се ослободат од партиските програми кои специфираа конкретни содржини и кои беа наследени од претходните, нетоталитарни степени на развој. Без оглед колку радикално тие можеа да бидат изразени, секоја јасна политичка цел која едноставно не инсистира или не го дефинира барањето за завладување со светот, секоја политичка програма која се занимава со прашања поспецифични од „идеолошките прашања што важат со векови“ е пречка за тоталитаризмот. Најголемото достигнување на Хитлер во организирањето на нацистичкото движење, кое што тој постепено го издигна од обскурното ексцентрично членство во типично националистичка мала партија, беше тоа што го растовари движењето од претходната партиската програма – не со менување или официјално напуштање на таа програма, туку просто одбивајќи да зборува за неа или да дискутира по нејзините прашања чија релативна скромна содржина и фразеологија многу бргу застареа[58].

---

[58] Хитлер тврдеше во *Mein Kampf* (2. том, прво германско издание, 1925 и 1927, нескратено издание, New York 1939) дека е подобро да се има застарена програма отколку да се дозволи дискусија за програмата (книга 2, поглавје 5).

Сталиновата задача и во овој, како и во поглед на некои други прашања, беше многу потешка; социјалистичката програма на болшевичката партија беше многу попроблематичен товар[59] отколку 25-те точки на економистот-аматер и ексцентричниот политичар[60]. Но на крајот, откако ги уништи фракциите во руската партија, Сталин го постигна истиот резултат преку константното цик-цак движење во линиите на Комунистичката партија, и преку константно реинтерпретирање и примена на марксизмот, што ја изјалови содржината на таа доктрина, бидејќи веќе не беше возможно да се предвиди кој курс или акција би инспирирала таа. Фактот дека и најсовршената едукација во марксизмот и ленинизмот не беше доволна за правилно политичко однесување – дека, напротив, членот можеше да ја следи партиската линија само ако секое утро го повторуваше она што Сталин го прогласил претходната ноќ – природно резултираше во истата состојба на духот, истата концентрирана покорност, неначната од каков било напор да се сфати она што се прави, која ја изразуваше Химлеровата ингениозна парола смислена за СС трупите: „Мојата чест е мојата верност[61].

Непостоењето или игнорирањето на партиската програма само по себе не мора да биде знак на тоталитаризам. Првиот кој програмите и платформите ги сметаше за

---

Наскоро тој јавно изјави: „Кога еднаш ќе ја преземеме власта, програмата ќе си дојде сама по себе... Првата работа мора да биде непојмлив бран на пропаганда. Тоа е политичка акција која речиси нема ништо со другите проблеми на моментот“. Види Heiden, op. cit., стр. 203.

[59] Суварин, според наше мислење погрешно, сугерира дека веќе Ленин ја поништи улогата на партиската програма: „Ништо не можеше појасно да покаже дека болшевизмот како доктрина постои само во умот на Ленин; секој болшевик оставен сам на себе скршнуваше од ’линијата‘ на својата фракција... затоа што овие луѓе беа врзани еден со друг повеќе со својот темперамент и влијанието од Ленин отколку со идеите“ (op. cit., стр. 85).

[60] Програмата на Готфрид Федер (Gottfried Feder) на нацистичката партија со своите фамозни 25 точки играше поголема улога во литературата за движењето отколку во самото движење.

[61] Влијанието на паролата формулирана од самиот Химлер, е тешко да се изрази. Нејзиниот германски еквивалент: “Meine Ehre heist Treue”, покажува апсолутна посветеност и потчинетост која го трансцендентира значењето на самата дисциплина или личната верба. *Nazi Conspiracy*, чии преводи на германските документи и на нацистичката литература се незаменлив изворен материјал, но за жал се многу невоедначени, ја објаснува СС паролата вака: „Мојата чест значи верност“ (V, 346).

непотребни хартиени отпадоци и за незгодни ветувања несоодветни на стилот и импулсот на движењето беше Мусолини со својата фашистичка филозофија на активизам и инспирација низ самиот историски момент[62]. Самата страст за сила, комбинирана со презирот кон „говорна“ артикулација на она што имаат намера да сторат со неа е карактеристична за сите водачи на толпа, но не е стандардна за тоталитаризмот. Вистинската цел на фашизмот беше да ја зграби власта и да ја постави фашистичката елита за неоспорен владетел во земјата. Тоталитаризмот никогаш не е задоволен со владеење преку надворешни средства, имено, преку државата и машинеријата на насилство; благодарејќи на неговата посебна идеологија и на нејзината улога во овој апарат на принуда, тоталитаризмот ги откри начините за доминација и тероризирање на човекот од внатре. Во оваа смисла тој ја елиминира разликата меѓу владетелите и завладеаните и постигнува состојба во која силата и желбата за сила, како што ги разбираме, не играат никаква улога или, во најдобриот случај, имаат секундарна улога. Во суштината, тоталитарниот водач не е ништо друго освен службеник на масите кои ги води; тој не е индивидуа гладна за власт што им наметнува тиранска и арбитрарна волја на своите потчинети. Бидејќи е само службеник, тој може да биде заменет во кое било време и зависен е исто толку од „волјата“ на масите што ги претставува колку што масите се зависни од него. Без него ним би им недостигала надворешна репрезентација и би останале аморфна хорда; без масите водачот е небитие. Хитлер, кој беше наполно свесен за оваа взаемна зависност, ја искажа еднаш во еден свој говор со кој им се обрати на СА: „Сето она што вие сте, сте преку мене; сето она што јас сум, сум само преку вас“[63]. Ние сме само

---

[62] Мусолини веројатно беше првиот партиски лидер кој свесно одбиваше формална програма и ја замени само со вдахновено лидерство и акција. Зад ваквата постапка лежи забелешката дека самата актуелност на моментот беше главниот елемент на инспирација, на која партиската програма само би и пречела. Филозофијата на италијанскиот фашизам попрво беше изразена во „актуелизмот“ на Џентиле отколку во „митовите“ на Сорел. Спореди исто така со написот “Fascism” во *Encyclopedia of the Social Sciences*. Програмата од 1921 беше формирана кога движењето постоеше веќе две години и ја содржеше, во најголем дел, неговата националистичка филозофија.

[63] Ernst Bayer, *Die SA*, Berlin 1938. Преводот е цитиран од *Nazi Conspiracy*, IV, 783.

премногу склони да ги омаловажуваме таквите изјави или пак да ги сфаќаме погрешно во смисла дека дејствувањето овде се дефинира како давање и извршување наредби, како што премногу често се случуваше во политичката традиција и историја на Западот[64]. Меѓутоа, ваквата идеја секогаш претпоставувала некого на власт кој размислува и бара, па потоа ги наметнува своите размисли и барања на мисловно и болноизопачена група – било со убедување, авторитет или насилство. Хитлер, како и да е, сметаше дека дури и „размислувањето... (постои) само за давање или извршување наредби“[65], па со тоа дури и теоретски ја елиминираше разликата меѓу размислувањето и дејствувањето од една страна, и владетелите и владеаните од друга страна.

Ниту националсоцијализмот ниту болшевизмот некогаш прокламирале нова форма на владеење, ниту пак тврделе дека нивните цели може да се постигнат преку заграбување на власта и контрола на државната машинерија. Нивната идеја за доминација беше нешто што не може да го постигне ниту една држава и ниту еден апарат за насилство, туку само движење за кое постојано се води сметка да се движи: имено, постојана доминација врз секоја поединечна индивидуа во секоја и во сите сфери на животот[66]. Ова заграбување на власта со помош на насилство никогаш не завршува, туку престануваат само средствата со кои се спроведува, па заграбувањето на власта во која било дадена земја е само преодна фаза, а не крај на движењето. Практичната цел на движењето е во своите рамки да организира колку што може повеќе луѓе, да ги придвижи и да ги одржува во движење; политичка цел која би го конституирала крајот на движењето едноставно не постои.

---

[64] За првпат во Plato, *Statesman*, 305, каде што глумата е интерпретирана со термините *archei* и *prattein* – наредба за почеток на една акција и за извршување на таа наредба.

[65] *Hitlers Tischgespräche*, стр. 198.

[66] *Mein Kampf*, книга I, глава XI. Види исто така, на пример, Dieter Schwarz, *Angriffe auf die nationalsozialistische Weltanschauung: Aus dem Schwarzen Korps*, No. 2, 1936, кој одговара на очигледниот критицизам дека националсоцијалистите по доаѓањето на власт продолжија да говорат за „борба“: „Националсоцијализмот како идеологија [*Weltanschauung*] нема да се откаже од борбата се додека... начинот на живот на секој Германец не е оформен според фундаменталните вредности и додека тие не се реализираат секој ден одново и одново“.

## 2. ПРИВРЕМЕНАТА АЛИЈАНСА МЕЃУ ТОЛПАТА И ЕЛИТАТА

Она што е повознемирувачко за нашиот душевен мир и од безусловната лојалност на членовите на тоталитарните движења, и народната поддршка на тоталитарните режими, е недвосмислената привлечност што овие движења ја имаат и за елитата, а не само на народните маси. Секако би било избрзување да се запостави, заради уметнички каприци или ученичка наивност, застрашувачката листа на истакнати личности меѓу симпатизерите, сопатниците, и членовите запишани во партијата на кои тоталитаризмот може да смета.

Привлечноста за елитата е важна точка за сфаќање на тоталитарните движења (иако не и за тоталитарните режими) како нивна поочигледна врска со толпата. Таа ја покажува специфичната атмосфера, општата клима во која се одвива издигнувањето на тоталитаризмот. Не треба да се заборави дека водачите на тоталитарните движења и нивните симпатизери се, може да се рече, постари од масите кои ги организираат, така што, од хронолошка гледна точка, масите не треба да чекаат беспомошно на издигнувањето на своите водачи од едно класно општество во распаѓање, чиј најистакнат производ се. Оние што доброволно го напуштија општеството уште пред да дојде до пропаст на класите, заедно со толпата, која што пак беше поранешен нус-производ на буржоаското владеење, чекаат подготвени да им посакаат добредојде. Сегашните тоталитарни владетели и водачите на тоталитарните движења сѐ уште ги носат карактеристичните обележја на толпата, чија што психологија и политичка филозофија се прилично добро познати; што ќе се случи кога еднаш автентичниот човек од масите ќе дојде на власт сѐ уште не знаеме, иако може прилично точно да се претпостави дека ќе има повеќе заедничко со ситничавата, пресметана точност на Химлер отколку со хистеричниот фанатизам на Хитлер, повеќе ќе има од тврдоглавата затапеност на Молотов отколку од префинетата осветничка суровост на Сталин.

Во овој поглед, ситуацијата по Втората светска војна во Европа не се разликува битно од ситуацијата по Првата; исто како што во дваесеттите беа формулирани фашистичката, болшевичката и нацистичката идеологија, и движењата ги

водеше таканаречената фронтовска генерација – оние што пораснаа и сè уште живо се сеќаваа на времето пред војната, така сегашната општа политичка и интелектуална клима на повоен тоталитаризам ја одредува генерација која што интимно го познава времето и животот што и претходеа на сегашноста. Ова особено важи за Франција, каде што распаѓањето на класниот систем се случи по втората, наместо по првата војна. Исто како луѓето од толпата и авантуристите на империјалистичката ера, на водачите на тоталитарните движења и нивните интелектуални симпатизери заедничко им е тоа што и едните и другите биле надвор од класниот и националниот систем на угледното европско општество дури и пред овој систем да се распадне.

Оваа пропаст, кога самодопадливоста на лажната конвенционалност му отвори пат на анархичниот очај, изгледаше дека е првата голема шанса за елитата како и за толпата. Ова е очигледно кај новите водачи на масата чии што кариери ги покажуваат истите карактеристики како на поранешните водачи на толпата: неуспех во професионалниот и општествениот живот, перверзија и пропаст во приватниот. Фактот дека нивните животи пред политичката кариера биле целосно промашување, што наивно го користеле против нив поугледните водачи на старите партии, беше најсилниот фактор за нивното масовно пројавување. Се чинеше дека се потврдува дека тие како индивидуи ја отелотворуваат судбината на масите од тоа време и дека нивната желба да жртвуваат сè за движењето, нивното убедување во посветеноста на оние кои ги погоди катастрофата, нивната решеност никогаш да не паднат во искушение да се вратат во сигурноста на нормалниот живот, и нивниот презир кон конвенционалноста беа сосема искрени, а не инспирирани само од минливи амбиции.

Повоената елита, од друга страна, беше само малку помлада од генерацијата што дозволи империјализмот да ја користи и искористи во име на некои нечесни славни кариери, како коцкари и шпиони и авантуристи, како витези во сјајни оклопи и змејоубивачи. Тие со Лоренс од Арабија горливо ја споделуваа желбата „да се загубат“ и силната одвратност кон сите постоечки стандарди, па макар каква и да било сила да претставуваат. Ако сè уште се сеќаваа на „златните времиња на сигурност“, се сеќаваа и колку ги мразеа и каков навистина им беше ентузијазмот кога избувна Првата светска војна. Не само Хитлер и не само паднатите на колена му се заблагодаруваа на Господа кога во 1914 година општата мобилизација ја зафати

Европа[67]. Дури и не требаше да се правдаат пред себе што дозволиле така лесно да ги намамат шовинистичката пропаганда и лажливите објаснувања околу чисто одбранбениот карактер на војната. Елитата замина во војна со весела надеж дека се што знаеле, целата култура и структура на животот, може да потонат во своите „челични бури", (Ернст Јингер). Според внимателно избраните зборови на Томас Ман, војната беше „казна" и „прочистување"; „повеќе самата војна отколку победите, го инспирираше поетот". Или, според зборовите на еден студент од тоа време, „она што е важно е подготвеноста да се прават жртви, а не она за што жртвите се прават"; или според зборовите на еден млад работник „не е важно дали некој ќе живее неколку години повеќе или помалку. Секој би сакал да има да покаже што направил во својот живот"[68]. И долго уште пред еден интелектуалец-симпатизер на нацизмот да објави „Кога ќе го слушнам зборот култура, го вадам пиштолот", поетите ја покажаа својата одвратност кон „глупоста наречена култура" и поетски се свртеа кон „вас варвари, скити, црнци, индијанци, немилосрдно да ја згазите"[69].

Ова насилно насочено незадоволство од предвоениот период и напорите што беа правени да се обнови (од Ниче и Сорел до Парето, од Рембо до Т. Е. Лоренс, до Јингер, Брехт и Малро, од Бакунин и Нечајев до Александар Блок) да се смета едноставно за израз на избувнувањето на нихилизмот, значи да се превиди како таа оправдана одвратност во едно општество може да биде целосно натопена со идеолошките ставови и морални стандарди на буржоазијата. Сепак, исто така е вистина дека „фронт-генерацијата", во забележителен контраст со своите избрани духовни татковци, беше комплетно обземена со желбата да го види пропаѓањето на сиот овој свет на лажна сигурност, лажна култура и лажен живот. Оваа желба беше толку голема што прерасна во судир и јасно расчленување на сите поранешни напори за „трансформација

---

[67] Види го Хитлеровиот опис на неговата реакција за почетокот на Првата светска војна во *Mein Kampf*, книга I, глава V.

[68] Види ја збирката материјали за „интерната хроника на Првата светска војна" од Hanna Hafkesbrink, *Unknown Germany*, New Haven, 1948, стр. 43, 45, 81. Големата вредност на оваа збирка за карактеристиките на историската атмосфера го прави непостоењето на слични студии во Франција, Англија и Италија уште пожалосно.

[69] Ibid., стр. 20–21.

на вредностите“, како што настојувал Ниче, или пак за реорганизација на политичкиот живот како што се наведува во делата на Сорел, или за повторно оживување на човечката автентичност на Бакунин, или пак страсната вљубеност во живот на чистотата на егзотичните авантури на Рембо. Деструкција без олеснување, хаосот и уривањето станаа возвишените главни вредности[70].

Автентичноста на овие чувства може да се види во фактот дека малкумина од оваа генерација ужасите на војната ги излечија од нивниот воен ентузијазам. Преживеаните од рововите не станаа пацифисти. Тие негуваа едно искуство кое, мислеа, може да послужи за дефинитивно да ги одвои од омразениот углед со кој беа опкружени. Се држеа за спомените на четирите години од животот поминати во рововите како тие да беа објективен критериум за основање на нова елита. Ниту пак се препуштаа на искушението да го идеализираат минатото; напротив, обожувачите на војната беа првите што сфатија дека во ерата на машините војната никако не може да роди доблести како што се витештво, храброст, чест, и мажество[71], дека на луѓето им наметнува само искуство на гола деструкција, заедно со понижувањето што се само мали запчаници во огромното тркало за уништување.

Оваа генерација ја помнеше војната како голем прелудиум кон пропаѓање на класите и нивно трансформирање во маси. Војната, со својата убиствена арбитрарност, стана симбол за смрт, „голем изедначувач“[72] и според тоа вистинскиот татко на новиот светски поредок. Страсната желба за еднаквост и правда, копнежот, да се надмине тесната и бесмислена класна граница, да се напуштат глупавите привилегии и предрасуди, изгледаше дека во војната ќе најдат

---

[70] Ова почна со чувство на комплетно отуѓување од нормалниот живот. На пример, Рудолф Биндинг (Rudolf Binding) пишуваше: „Сè повеќе и повеќе треба да се вбројуваме меѓу мртвите, меѓу отфрлените – затоа што величината на случувањата не отуѓува и не одделува – а не меѓу протераните, зашто нивното враќање е возможно“ (Ibid., стр. 160). Чудна реминисценција на тврдењето на елитата на фронтовската генерација може сè уште да се најде во Химлеровата проценка за тоа како тој на крајот случајно ја најде „формата на селекција“ за реорганизацијата на СС: „...најострата процедура на селекција ја донесе војната, борбата на живот и смрт. Во овој процес вредноста на крвта се покажува преку постигнатото... Војната, како и да е, е исклучителна околност и требаше да се изнајде начин да се направи селекција во мирнодопски услови“ (op. cit.).

[71] Види на пример Ernst Jünger, *The Storm of Steel*, London 1929.

[72] Hafkesbrink, op. cit., стр. 156.

излез од старите милозливи сожалителни ставови кон угнетените и лишените од наследство. Во времиња на растечка сиромаштија и индивидуалната беспомошност, се чини дека е исто толку тешко да му се одолее на сожалувањето кога тоа прераснува во сеголтачка страст колку што не може, а да не му се забележи тоа што е така безгранично, што пак, се чини, ја убива човечката гордост со поубиствена сигурност од самата сиромаштија.

Во првите години на својата кариера, кога реставрацијата на европскиот статус кво сè уште беше најсериозната закана на амбициите на толпата[73], Хитлер скоро исклучително апелираше на овие чувства кај фронтовската генерација. Необичната несебичност на човекот од масата се појави како желба за анонимност, желба да се биде само број и да се функционира само како запчаник, желба за секоја трансформација, која накратко би го избришала лажното идентификување со некои специфични типови или предетерминирани функции во општеството. Војната беше искусена како „најмоќна од сите масовни акции" што ги избриша индивидуалните разлики така што дури и страдањето, кое традиционално ги издвојуваше поединците со единствени неповторливи судбини, сега можеше да се интерпретира како „инструмент за историски прогрес"[74]. Ниту пак националните разлики ги ограничија масите во кои повоената елита сакаше да нурне. Првата светска војна, некако парадоксално, скоро ги истреби вистинските национални чувства во Европа каде што, меѓу војниците, беше многу поважно да се припаѓа на генерацијата на рововите, без разлика на чија страна, отколку да се биде Германец или Французин[75]. Нацистите ја базираа целата своја пропаганда на ова нејасно другарство, оваа „заедничка судбина", и придобија голем број ветерански организации во

---

[73] Heiden, op. cit., покажува колку конзистентно Хитлер водеше сметка за катастрофата во раните денови на движењето, колку се плашеше од можното оправување на Германија. „Половина дузина пати [т.е. за време на *Ruhrputsch*], во различни времиња, тој им укажуваше на своите ударни трупи дека Германија пропаѓа. 'Наша работа е да го обезбедиме успехот на нашето движење'" (стр. 167) – успех што во тој момент зависеше од колапсот на битката во Рур.

[74] Hafkesbrink, op. cit., стр. 156–157.

[75] Ова чувство беше веќе широко распространето за време на војната кога Рудолф Биндинг пишуваше: „[Оваа војна] не треба да се споредува со кампања, во кој еден водач ја спротивставува својата волја на друг. Во оваа војна обајцата соперници лежат на земја, и само војната има своја волја" (ibid., стр. 67).

сите европски земји, со тоа докажувајќи колку станаа безначајни националните пароли дури и во рангот на таканареченото Право, што ги користеше повеќе заради конотацијата на насилство отколку заради нивната специфична национална содржина.

Ниту еден единствен елемент од оваа општа интелектуална клима во повоена Европа не беше баш многу нов. Бакунин веќе призна, „Јас не сакам да бидам Јас, јас сакам да бидам Ние“[76], а Нечаев го проповедаше евангелието за „осудениот човек“, „без лични интереси, без односи, без чувства, склоности, сопственост, дури и без свое лично име“[77]. На антихуманистичките, антилибералните, антииндивидуалистичките и антикултурните инстинкти на фронтовската генерација, на нивното брилијантно и вешто величење на насилството, моќта и суровоста, им претходеа невештите и помпезни „научни“ докази на империјалистичката елита дека борбата на сите против сите е законот на универзумот, дека експанзијата е психолошка неопходност уште пред да биде политичко средство, и дека човекот треба да се однесува во согласност со таквите универзални закони[78]. Новото во делата на фронт-генерацијата беше нивниот висок литературен стандард и големата продлабоченост на чувствата. На повоените писатели веќе не им требаа научни демонстрации од областа на генетиката, и тие го искористија она што можеше воопшто да се искористи од собраните дела на Гобино или Хјустон Стјуарт Чемберлен; кои веќе припаѓаа на културната сопственост на филистинците. Не го читаа Дарвин туку

---

[76] Бакунин во своето писмо напишано на 27 февруари 1870. Види Max Nomad, *Apostoles of Revolution*, Boston 1939, стр. 180.

[77] "Catechism of the Revolutionist" беше напишана или од самиот Бакунин или од неговиот следбеник Нечаев. Во врска со авторството и преводот на комплетниот текст види Nomad, op. cit., стр. 227 и нат. Во секој случај, „системот на комплетно презирање на начелата на едноставна пристојност и добрина во [револуционеровиот] однос кон другите човечки суштества... во руската револуционерна историја влезе под името ’нечаевштина‘“ (ibid., стр. 224).

[78] Меѓу овие политички теоретичари на империјализмот се истакнува Ernest Seillière, *Mysticisme et Domination: Essais de Critique Impèrialiste*, 1913. Види исто така Cargill Sprietsma, *We Imperialists: Notes on Ernest Seillière's Philosophy of Imperialism*, New York 1931; G. Monod во *La Revue Historique*, јануари 1912; и Louis Estève, *Une nouvelle Psychologie de l'Impèrialisme*: Ernest Seillière, 1913.

Маркиз де Сад[79]. Ако воопшто и веруваа во некои универзални закони, секако не се трудеа особено да се придржуваат кон нив. За нив, насилството, моќта, суровоста, беа најважните карактеристики на луѓето кои дефинитивно го загубиле своето место во универзумот и беа премногу горди да присакуваат некоја теорија на сила која безбедно би ги вратила и реинтегрирала во светот. Беа задоволни со слепа приврзаност кон некоја странка во сѐ што изопштило едно угледно општество, без оглед на теоријата или содржината, и суровоста ја издигнаа до најголема доблест затоа што беше спротивна на хуманитарната и либералната хипокризија во општеството.

Ако ја споредиме оваа генерација со идеолозите од деветнаесеттиот век, со чии теории се чини понекогаш имаат доста заедничко, се гледа дека главно се разликуваат по поголемата автентичност и страсност. Нив повеќе ги трогна сиромаштијата, тие беа позагрижени за неволите и многу повеќе смртно навредени од хипокризијата отколку што беа сите апостоли на добра волја и братство. А повеќе не можеа да бегаат во егзотични земји, не можеа повеќе да си дозволат да бидат змејоубивачи меѓу чудни и возбудливи луѓе. Немаше бегање од секојдневната едноличност на сиромаштијата, понизноста, фрустрациите, и зловолноста разубавени од лажната култура на образованите разговори; никаква (сличност со обичаите од земјата на бајките никако не можеше да ги спаси од сѐ поголемата одвратност што постојано ја предизвикуваше оваа комбинација.

Оваа неможност да се побегне во големиот свет, ова чувство на повторно и повторно паѓање во замките на општеството – толку различно од условите кои го создадоа империјалистичкиот карактер – на старата огромна желба за анонимност и самогубење и придодадоа постојана напнатост и

---

[79] Во Франција по 1930 маркизот де Сад стана еден од ценетите автори на литературната авангарда. Жан Полан (Jean Paulhan), во својот Вовед за новото издание на книгата на Сад, *Les Infortunes de la Vertu*, Paris 1946, забележува: „Кога гледам толку многу писатели како денес свесно се обидуваат да ја оспорат вештината и литерарната игра заради неизразливото [*un èvènement indicible*]..., нестрпливо барајќи го возвишеното во недостојното, величественото во субверзивното..., се прашувам себеси... дали нашата модерна литература, во оние делови кон ни изгледаат како највитални – или во секој случај најагресивни – не се насочила сосема кон минатото, и дали не беше токму Сад оној кој го детерминираше тоа насочување“. Види исто така Georges Bataille, “Le Secret de Sade”, во *La Critique*, том III, Nos. 15–16, 17, 1947.

желба за насилство. Без можноста за радикално сменување на улогата и карактерот, како што се идентификувањето со Арапското национално движење или ритуалите во некое индиско село, самоволното нурнување во надчовечките сили за уништување се чинеше како да е спас од автоматското идентификување со одамна воспоставените функции во општеството и нивната крајна баналност, а во исто време и придонесуваше кон уништувањето на самото функционирање. Овие луѓе се чувствуваа приврзани кон јасно определениот атавизам на тоталитарните движења, кон нивното чудно и само на изглед контрадикторно инсистирање и на примарноста на самата акција и на надмоќната снага на самата неопходност. Оваа мешаница прецизно одговараше на военото искуство на фронт-генерацијата, на искуството на постојаната активност во рамките на надмоќната фаталност.

Уште повеќе, се чини дека активизмот даваше нови одговори на старото и вознемирувачко прашање „Кој сум јас?" кое секогаш се јавува со удвоена упорност во кризни времиња. Ако општеството инсистираше „Ти си она што изгледаше дека си", повоениот активизам одговараше: „Ти си она што си го направил" – на пример, човекот што за првпат го поминал Атлантикот со авион (како во Брехтовиот "Der Flug der Lindbergs") – одговор кој по Втората светска војна беше повторно даден и малку изменет во Сартровиот „Ти си твојот живот" (во "Huis Clos"). Упорното задржување на овие одговори тежи помалку во нивната неоспорност како редефиниции на личниот идентитет отколку во нивната употребливост како повремено бегство од општествената идентификација, од мноштвото менливи улоги и функции што ги наметнало општеството. Работата беше да се направи нешто, херојско или криминално дело, нешто што никој друг не можеше да го предвиди и одреди.

Изразениот активизам на тоталитарните движења, нивното давање предност на тероризмот над сите други форми на политичка активност, еднакво ги привлече и интелектуалната елита и толпата, токму заради тоа што овој тероризам беше толку многу различен од оној во претходните револуционерни општества. Тоа веќе не беше работа на пресметана политика која во терористичките акти гледаше само средство за елиминирање на извесни истакнати личности кои, заради својата политика или положба станаа симбол за угнетување. Она што се покажа толку привлечно беше тоа што тероризмот стана еден вид филозофија преку која се изразуваа фрустрацијата,

зловолјата и слепата омраза, еден вид политички експресионизам кој користеше бомби за да се изрази, кој се насладуваше од публицитетот што им се даваше на истакнатите дела и кој апсолутно беше подготвен да ја плати и цената на животот за да успее да натера некого да признае дека постои во нормалните општествени нивоа. Тоа беше истиот дух и истата игра што ја измисли Гебелс, уште долго пред можниот пораз на нацистичка Германија, најава со очигледно задоволство дека нацистите, во случај на пораз, би знаеле како да ја затворат вратата зад себе, а да не бидат заборавени со векови.

Сепак, ако воопшто некаде може, токму тука, може да се најде неоспорен критериум за разликување на елитата од масата во предтоталитарната атмосфера. Она што масата го сакаше, и што Гебелс точно го покажа, беше приод кон историјата дури и по цена на уништување. Гебелсовото искрено уверување дека „најголемата среќа што еден современик може да ја доживее денес“ е или да се биде гениј или да му служи на гениј[80], беше типично за толпата но не и за масите ниту пак за наклонетата елита. Последните, напротив, анонимноста ја сфатија толку сериозно што сериозно го оспоруваа постоењето гении; сите теории на уметноста во дваесеттите очајно се обидуваа да докажат дека совршенството е резултат на вештината, мајсторството, логиката и на реализирањето на потенцијалните можности на материјалот[81]. Толпата, а не елитата, беше маѓепсана од „блескавата моќ на славата“ (Стефан Цвајг) и со ентузијазам го прифати идолопоклонството на гениите на новиот буржоаски свет. Во тој поглед толпата од дваесеттиот век верно ја следеше шемата на претходните парвени кои исто така го открија фактот дека буржоаското општество попрво ќе му ги отвори вратите на фасцинирачкото „абнормално“, на генијот, хомосексуалноста, или Евреинот, отколку едноставно на заслугата. Презирот на елитата кон генијалноста и нејзината желба за анонимност сè уште беа сведок на еден дух кој ниту масите ниту толпата не беа во ситуација да го сфатат, и кој, според зборовите на

[80] Goebbels, op. cit., стр. 139.

[81] Уметничките теории на *Bauhaus* беа карактеристични за ова. Види ги исто така забелешките за театарот на Bertold Brecht, *Gesammelte Werke*, London 1938.

Робеспјер, се бореше да ја докаже големината на човекот наспроти ништожноста на величината.

И покрај оваа разлика меѓу елитата и толпата, нема сомнение дека на елитата и годеше секогаш кога нижиот свет ќе го преплашеше угледното општество толку за да го прифати на еднакво ниво. Членовите на елитата воопшто немаа ништо против да ја платат цената, уништување на цивилизацијата, само заради задоволството да видат како оние кои во минатото биле неправедно исклучени со сила си прават пат назад. Не беа особено револтирани од монструозните историографски фалсификувања, за што може да се обвинат сите тоталитарни режими и што доволно јасно се најавува при тоталитарната пропаганда. Тие се убедија дека традиционалната историографија и без тоа, во секој случај, беше фалсификат, бидејќи ги исклучи непривилегираните и угнетените од сеќавањето на човештвото. Оние кои сопственото време во кое живееле ги отфрлило, обично историјата ги заборавила, а покрај неправдата, и навредата отсекогаш ги болела сите чувствителни совести откога исчезнала вербата во утрешнината каде последниот би бил прв. Неправдите во минатото, како и сегашните, веќе не можеа да се толерираат кога веќе немаше надеж дека критериумите за праведност ќе се исправат. Марксовиот огромен напор повторно да ја напише историјата на светот преку класните борби ги фасцинираше дури и оние кои не веруваа во исправноста на овие тези, заради првобитната намера да најде средство со кое судбините на оние што беа исклучени од официјалната историја со сила ќе ги внесе во сеќавањето на потомството.

Привремената алијанса меѓу елитата и толпата во голем дел се потпираше на искреното одушевување со кое првите гледаа како вториве ја уништуваат честа. Алијансата можеше да се постигне кога германските челични барони беа натерани да соработуваат и дружељубиво да го прифатат Хитлера молерот и самопотврдениот поранешен изопштеник, кога грубите и вулгарни фалсификувања тоталитарните движења така злосторнички ги внесоа во сите области на интелектуалниот живот, кога ги собраа сите подземни, нечесни елементи од историјата на Европа во една складна слика. Од оваа гледна точка беше прилично згодно да се види дека болшевизмот и нацизмот почнаа да ги елиминираат дури и оние извори на своите идеологии кои се здобија со некакво признание во академски или други официјални извори. Не Марксовиот дијалактички материјализам, туку заговорот на

300 семејства; не помпезната систематичност на Гобино и Чемберлен туку, “Protocols of the Elders of Zion”; не препознатливото влијание на католичката црква и улогата што ја одигра антиклерикализмот во латинските земји, туку илегалната литература за езуитите и масоните ги инспирираше оние кои одново ја пишуваа историјата. Целта на најразличните и непостојани конструкции, исто така, беше историјата да се прикаже како шега, да се демонстрира една сфера на таинствени влијанија каде што очигледната, препознатливата и позната историска стварност беше само надворешна фасада експлицитно подигната за да ги лаже луѓето.

На оваа аверзија на интелектуалната елита кон официјалната историографија, кон нивното убедување дека историјата, која и онака е фалсификат, може исто така да биде и игралиште на ексцентрици, мора да се додаде и страшната, деморализирачка фасцинантност гигантските лаги и монструозни измислици на крајот дефинитивно да се воспостават како факти чија вистинитост не доаѓа во прашање, дека човекот може да биде слободен да го менува минатото по своја волја, и дека разликата имеѓу вистината и измисленото може да престане да биде цел и да стане само работа на сила и итрина, на притисок и бескрајно повторување. Ни Сталиновата ниту Хитлеровата вештина во уметноста на лажењето не ја предизвикаа фасцинацијата, туку фактот дека тие беа способни да ги организираат масите во колективна форма која ќе ги поддржи нивните лаги со импресивна силина. Се појавија ситни фалсификати од научна гледна точка, чија цел беше да ја примат на себе казната на историјата во момент кога целата настапувачка реалност на движењата стоеше зад нив, и се преправаше дека од нив ја добива неопходната инспирација за дејствување.

Атрактивноста што тоталитарните движења ја имаат за елитата, секогаш и секаде каде што тие не ја зграбиле власта, е збунувачка бидејќи очигледно вулгарните и своеволни позитивни доктрини на тоталитаризмот се позабележителни за надворешниот неутрален набљудувач отколку општото расположение што преовладува во предтоталитарната атмосфера. Овие доктрини беа толку противречни со општо-прифатените интелектуалци, културни и морални стандарди што можеше да се заклучи дека само еден инхерентен фундамантален недостаток во карактерот на интелектуалецот, „La trahison des clercs“ (J. Benda), или перверзната самоомраза на духот, би можела да ја објасни насладата со која елитата ги прифати

„идеите“ на толпата. Она што гласноговорниците на хуманизмот и либерализмот обично го превидуваат, во своето горчливо разочарување и во својата неблискост со општите искуства на времето, е дека атмосферата во која сите традиционални вредности и судови имаат испарено (откако идеологиите од деветнаесеттиот век се побија меѓу себе и ја потрошија сета своја виталност) на некој начин направи полесно да се прифатат очигледно апсурдните предлози наместо старите вистини, кои станаа побожни баналности токму затоа што не би се очекувало дека некој сериозно ќе ги сфати тие апсурдности. Вулгарноста со своето цинично распуштање на респектираните стандарди и прифатените теории носеше со себе отворено прифаќање на најлошото, и едно презирање кон сите изговори што погрешно беа сметани за храброст и нов животен стил. Во растечкото преовладување на ставовите и убедувањата на толпата – што всушност беа ставови и убедувања на буржоазијата исчистени од хипокризија – оние кои традиционално ја мразеа буржоазијата и доброволно го имаа напуштено угледниот дел од општеството, го согледуваа само непостоењето на хипокризија и респектабилност, а не нивната содржина сама по себе[82].

Бидејќи буржоазијата се прогласи за чувар на Западната традиција и ги замати сите морални вредности со тоа што јавно парадираше со доблести кои не само што ги немаше во приватниот и службениот живот, туку всушност и ги презираше, се чинеше револуционерно да се прифати суровоста, потценувањето на хуманите вредности и аморалноста воопшто, затоа што тоа барем ја уништуваше двојноста врз која, се чини се базираше постоечкото општество. Какво искушение беше да се кочопериш со екстремни ставови во лицемерниот самрак на двојните морални стандарди, јавно да се носи маската на суровост кога секој беше очигледно лекомислен и се преправаше дека е благороден, да се парадира со својата лошотија пред светот, не од лошотија туку од подлост!

---

[82] Следниот пасус од Рем е типичен за чувството што го имаше речиси целата помлада генерација, а не само елитата: „Хипокризијата и фарисеизмот владеат. Тие се најочигледните карактеристики на денешното општество... Ништо не е полажливо од таканаречениот морал на општеството“. Овие момчиња „не го гледаат својот пат во филистинскиот сет на буржоаскиот двоен морал и веќе не знаат да направат разлика меѓу правилното и погрешното“ (*Die Geschichte eines Nochverräters*, стр. 267 и 269). Хомосексуалноста на овие кругови исто така беше барем во еден дел израз на нивниот протест против општеството.

Интелектуалната елита на дваесеттите која знаеше нешто малку за поранешните врски меѓу толпата и буржоазијата беше сигурна дека старата игра *epater le bourgeois* можеше да се игра до перфекција, ако некој започне да го шокира општеството со претерано иронизирана слика на своето однесување.

Во тоа време, никој не очекуваше дека вистинската жртва на оваа иронија попрво ќе биде елитата отколку буржоазијата. Авангардата не знаеше дека оди со главата не в ѕид, туку кон отворена врата, дека неоспорниот успех ќе ја докаже лажноста на нивното тврдење дека се револуционерно малцинство, и дека ќе докаже дека го изразуваат новиот масовен дух или духот на времето. Во врска со ова особено значајно беше вниманието што и беше посветено на Брехтовата *Dreigroschenoper* од предхитлеровска Германија. Во претставата гангстерите беа претставени како угледни бизнисмени, а угледните бизнисмени како гангстери. Иронијата беше донекаде изгубена кога угледните бизнисмени во публиката ја сфатија како длабоко познавање на светските текови и кога толпата ја поздрави како артистичка санкција на гангстеризмот. Тематската песна на претставата *Ernst kommt das Fressen, dann kommt die Moral*, беше поздравена со френетичен аплауз буквално од сите, но секој го правеше тоа од различна причина. Толпата аплаудираше бидејќи го сфати тој исказ буквално; буржоазијата аплаудараше бидејќи беше толку долго прелажувана од својата сопствена хипокризија што се замори од тензијата и откри длабока мудрост во изразувањето на баналноста во која живееше; елитата аплаудираше затоа што откривањето на хипокризијата беше мошне супериорна и прекрасна забава. Ефектот од претставата беше сосема спротивен од оној што Брехт сакаше да го постигне. Буржоазијата веќе не можеше да биде шокирана; таа го поздрави обелоденувањето на својата скриена филозофија, чијашто популарност докажа дека цело време била во право, така што единствениот политички резултат од Брехтовата „револуција“ беше тоа што ги охрабри сите да ја отфрлат неудобната маска на хипокризијата и отворено да ги прифатат нормите на толпата.

Слична реакција поради својата двосмисленост десетина години подоцна предизвика Селинеовата *Bagatelles pour un Massacre* во која тој предлага да се масакрираат сите Евреи. Андре Жид јавно го искажа своето воодушевување на страниците на *Nouvelle Revue Francaise*, се разбира не заради

тоа што сакаше да ги убие француските Евреи, туку затоа што се насладуваше од будалестото прифаќање на таква желба и од фасцинантната контрадикторност на Селинеовата отвореност и хипокризиската учтивост со која беше обвиено еврејското прашање во сите угледни кругови. Колку беше незадржлива желбата на елитата да ја отфрли маската на хипокризијата може точно да се види од фактот што таквото задоволство не можеше да го расипе дури ни Хитлеровото толку реално прогонување на Евреите, кое во времето кога Селине го пишуваше своето дело веќе беше во полн замав. Сепак, аверзијата кон филосемитизмот на либералите имаше многу повеќе врска со оваа реакција отколку со омразата на Евреите. Една слична шема на размислување го објаснува необичниот факт дека Хитлеровите и Сталиновите добро познати ставови за уметноста и нивното прогонување на модерните уметници никогаш не можеа да ја уништат привлечноста што тоталитарните движења ја имаа за авангардните уметници; ова го покажува недостатокот на чувство за реалност на елитата, заедно со нејзината нерверзна себичноет, а и обете иремногу личат на лажниот свет и на отсуството на себичност меѓу масите. Големата можност на тоталитарните движења и причината зошто можеше да дојде до привремена алијанса меѓу интелектуалната елита и толпата, беше тоа што на еден елементарен и неиздиференциран начин нивните проблеми станаа заеднички и ги предвидоа проблемите и менталитетот на масите.

Блиско поврзана со привлечноста што недостатокот на хипокризија кај толпата и недостатокот на лични интереси кај масите ја имаа за елитата, беше еднакво привлечната појава на лажното тврдење на тоталитарните движења дека ја отстраниле разликата меѓу приватниот и јавниот живот и дека ја обновиле мистериозната ирационална севкупност во човекот. Бидејќи Балзак ги откри приватните животи на јавните личности на француското општество и бидејќи Ибзеновата драматизација на „Столбовите на општеството“ ги освои театрите на Континентот, појавата на двојниот морал беше една од главните теми на трагедиите, комедиите и романите. Двојниот морал, онаков каков што го имаше буржоазијата, стана очигледен знак на таа *espirit de serieux*, што е секогаш помпезен а никогаш искрен. Оваа поделба меѓу приватниот и јавниот или општествениот живот немаше ништо заедничко со оправданата поделба меѓу приватните и јавните сфери, меѓутоа, пред сè тоа беше психолошката рефлексија на

борбата меѓу *bourgeois* и *citoyen* од деветнаесеттиот век, меѓу човекот кој судеше и ги користеше сите јавни институции според аршинот на своите лични интереси и меѓу одговорниот граѓанин кој беше загрижен за јавните проблеми како проблеми што го засегаат секого. Во врска со ова, политичката филозофија на либералите, според која простиот збир на лични интереси се додава на чудото наречено општо добро, се покажа дека е само рационализација на невнимателноста со која беа потиснувани личните интереси, без оглед на општото добро.

Наспроти класниот дух на партиите на Континентот, кои секогаш признавале дека претставуваат некакви интереси, и наспроти „опортунизмот" што произлезе како резултат на нивната концепција за самите себе си само како делови од целината, тоталитарните движења ја потврдија својата „супериорност" со тоа што изнесоа *Weltanschauung* според кој би го зеле под свое човекот во целост[83]. Во ова тврдење за сеопфатност лидерите на движењата на толпата повторно ја формулираа и само ја свртија наопаку буржоаската политичка филозофија. Буржоаската класа, бидејќи веќе си направи пат преку притисок на општеството, а честопати, и преку економска уцена на политичките институции, секогаш верувала дека јавните и видливи органи на сила беа насочувани според нивните тајни, нејавни интереси и влијанија. Во оваа смисла, буржоаската политичка филозофија секогаш била „тоталитарна"; таа секогаш попримала идентитет на политиката, економијата и општеството во чии политички институции служела само како фасада за приватните интереси. Буржоаскиот двоен стандард, нејзината диференцијација меѓу јавниот и приватниот живот, беше привилегија за еднонационалната држава која очајнички се трудеше двете сфери да ги задржи одвоени.

Она што и погодуваше на елитата беше радикализмот сам по себе. Марксовите полни со надеж предвидувања дека државата ќе одумре и дека ќе се роди бескласно општество повеќе не беа радикални, веќе не беа доволно месијански. Ако Берѕаев има право кога тврди дека „Руските револуционери...

[83] Многу пати и самиот Хитлер ја истакнуваше улогата на *Weltanschauung*-от во формирањето на нацистичкото движење. Интересно е да се забележи дека тој во *Mein Kampf* се преправа дека ја сфатил неопходноста една партија да се базира на *Weltanschauung*-от низ супериорноста на марксистичките партии. Книга II, поглавје I: "Weltanschauung and Party".

секогаш биле тоталитарни“, тогаш привлечноста што советска Русија скоро еднакво ја имаше за нацистичките и комунистичките симпатизери лежеше точно во фактот дека во Русија „револуцијата беше религија и филозофија, а не само прост Конфликт што се занимава само со општествената и политичката страна на животот“[84]. Вистина беше дека трансформацијата на класите во маси и пропаѓањето на престижот и авторитетот на политичките институции во западноевропските земји создаде услови слични на оние што преовладуваа во Русија, така што не беше никаква случајност што нивните револуционери, исто така, почнаа да го добиваат типично рускиот револуционерен фанатизам кој однапред сѐ радуваше, не на промената на општествените или политичките услови, туку на радикалното уништување на секое постоечко верување, вредност или институција. Толпата речиси го искористи ова расположение и склучи еден краткотраен сојуз со револуционерните и криминалците, кои исто така ги имаше во прилично револуционерните секти во царска Русија, меѓутоа паѓа во очи дека ги немаше на европската сцена.

Вознемирувачката алијанса меѓу толпата и елитата, и чудната коинциденција на нивните аспирации произлегуваат од фактот дека овие слоеви беа првите за елиминирање од структурата на еднонационалната држава и од рамките на класното општество. Тие се најдоа толку лесно, иако само привремено, затоа што обете почувствуваа дека се претставници на судбината на своето време, дека ги следеа бескрајни маси, дека порано или подоцна најголемиот дел од европските народи можеа да бидат со нив – како што тие мислеа – готови да ја изведат нивната револуција.

Се покажа дека и обете грешат. Толпата, подземјето на буржоаската класа, се надеваше дека беспомошните маси ќе им помогнат да дојдат на власт, дека ќе ги поддржат кога се трудеа да ги спроведат своите лични интереси, дека ќе бидат способни едноставно да ја заменат постарата класа во буржоаското општество и во неа да го вградат посмелиот дух на подземјето. Сепак, тоталитаризмот на власт многу бргу научи дека смелиот дух не беше ограничен само на толпата од сето население и дека, во секој случај, таквата иницијатива може да биде само закана за тоталната

---

[84] Nicolai Berdyaev, *The Origin of Russian Communism*, 1937, стр. 124–125.

доминација на човекот. Од друга страна, отсуството на скрупули исто така не беше ограничено само на толпата, и во секој случај, можеше да се научи за релативно кратко време. За безобѕирните апарати за доминација и истребување, масите составени од координирани филистинци претставуваа многу подобар материјал и дури беа способни и за поголеми злодела од таканаречените криминалци, само во случај овие злодела добро да се организираа и да попримеа изглед на рутинска работа.

Не е случајно што тогаш неколкуте протести против нацистичките масовни ѕверства врз Евреите и народите на Источна Европа не доаѓаа ниту од војската, ниту од некој друг дел од координираните маси на угледни филистинци, туку токму од оние први приврзаници на Хитлер кои беа типични претставници на толпата“[85]. Не беше ни Химлер, најмоќниот човек во Германија по 1936, еден од оние „вооружени боеми“ (Хајден) чиишто црти на лицето вознемирувачки личеа на

---

[85] Тука е, на пример, чудната интервенција на Вилхем Кубе (Welhelm Kube), генерален комесар на Минск и еден од најстарите членови на партијата кој во 1941, т.е. на почетокот на масовните убиства, му напиша на својот шеф: „Јас сум цврст и подготвен да соработувам во решавањето на еврејското прашање, но луѓето кои се воспитувани во нашата култура сепак се различни од локалните ѕверски хорди. Дали да им го довериме нивното масакрирање на Литванците и Летонците кои и онака се дискриминирани дури и од страна на домашната популација? Јас не би можел тоа да го сторам. Ве молам да ми дадете јасни инструкции за да се спроведе оваа работа на најхуман можен начин поради престижот на нашиот Рајх и на нашата Партија“. Ова писмо е публикувано во Max Weinreich, *Hitler's Professors*, New York, 1946, стр. 153–154. Интервенцијата на Кубе беше бргу отфрлена, иако речиси идентичниот напор да се спасат животите на данските Евреи направен од страна на W. Best, ополномоштеникот на Рајхот во Данска и мошне познат нацист, даде повеќе резултати. Види *Nazi Conspiracy*, V, 2.

Исто така и Алфред Розенберг (Alfred Rosenberg), кој ја проповедаше инфериорноста на словенските народи, очигледно никогаш не сфати дека неговата теорија еден ден може да значи нивно ликвидирање. Работејќи во администрацијата на Украина, тој оттаму праќаше извештаи полни со лутина во врска со состојбите во есента 1942, откако веќе порано се обиде да обезбеди директна интервенција од самиот Хитлер. Види *Nazi Conspiracy*, III, 83 и нат., и IV, 62.

Постојат, се разбира, и некои исклучоци од ова правило. Човекот кој го спаси Париз од уништување беше генералот Дитрих фон Холтиц (Dietrich von Choltitz кој, сепак, „се плашеше дека ќе биде лишен од командувањето бидејќи не ги изврши неговите наредби“, иако знаеше дека „војната е изгубена веќе неколку години“. Дека тој би имал храброст да и се спротивстави на наредбата „Париз да се претвори во урнатини“ без енергичната поддршка на стариот нацист Ото Абец (Otto Abetz), амбасадорот во Франција, е мошне сомнително – барем според неговото сопствено сведочење за време на судењето на Абец во Париз. Види *New York Times*, July 21, 1949.

оние на интелектуалната елита. Самиот Химлер беше „понормален“, т.е. пофилистинец од кој било од првите водачи на нацистичкото движење[86]. Тој не беше боем како Гебелс, ниту сексуален манијак како Штрајхер, ниту „чукнат“ како Розвиберг, или фанатик како Хитлер, ниту пак авантурист како Геринг. Тој ја докажа својата супериорност за организирање на масите во тотална доминација претпоставувајќи дека најголем дел од луѓето не се ниту боеми, фанатици, авантуристи, сексуални манијаци, „чукнати“, ниту пропаднати случаи, туку прво и пред сè вработени и семејни луѓе.

Повлекувањето на филистинецот во приватниот живот, неговото простодушно свртување кон проблемите врзани за семејството и работата беше последниот и веќе дегенериран продукт на буржоаското верување во примарноста на личните интереси. Филистинецот е буржуј изолиран од својата сопствена класа, атомизирана индивидуа која е производ од пропаста на самата буржоаска класа. Човекот од масата што го организираше Хитлер за најголемото масовно злодело кога и да било сторено во историјата на светот, повеќе личеше на филистинец отколку на човек од толпата, и беше буржуј кој сред пропаста на својот свет за ништо толку многу не се грижеше како за својата лична сигурност, беше готов и при најмала провакација да жртвува се – вербата, честа, гордоста. Се покажа дека нема ништо полесно од тоа да се уништи тајноста и личниот морал на луѓето кои мислеа само на тоа како да си обезбедат сигурност на своите приватни животи. По неколку години на власт и систематско координирање, нацистите со право можеа да објават: „Единствената личност која е приватна индивидуа во Германија е оној некој кој што спие“[87].

[86] Еден Англичанец, Stephen H. Roberts, *The House that Hitler Built*, London 1939, го опишува Химлер како „исклучително учтив човек, а сепак заинтересиран за едноставните работи во животот. Тој немаше во себе ништо од позата што ја заземаат нацистите како да се полубогови... ниеден човек не личи помалку на својата работа како овој полициски диктатор на Германија, и јас сум убеден дека никој што го сретнав во Германија не е понормален...“ (стр. 89–90) – ова на чуден начин потсетува на забелешката на Сталиновата мајка која, според болшевичката пропаганда, изјавила: „Син за пример. Би сакала сите да се како него“ (Суварин, op. cit., стр. 656).

[87] Забелешката ја направи Robert Ley. Види Kohn–Bramstedt, op. cit., стр. 178.

Од друга страна пак, на сета беспрекорност на оние од елитата, кои кога и да било дозволиле да бидат заведени од тоталитарните движења, и кои понекогаш, поради своите интелектуални способности дури и се обвинувани дека го инспирирале тоталитаризмот, мора да се каже дека она што овие очајни луѓе на дваесеттиот век го сториле или не го сториле немаше никакво влијание на тоталитаризмот, иако тоа играше некаква улога во поранешните, успешни напори на движењата да го присилат надворешниот свет нивните доктрини да ги сфати сериозно. Каде и да стапеа на сила тоталитарните движења, целата оваа група на симпатизери беше отфрлана уште пред режимите да зачекорат кон своите најголеми злодела. Интелектуалната, спиритуалната и уметничката иницијатива се исто толку опасни за тоталитаризмот како и гангстерската иницијатива на толпата, а обете се поопасни дури и од самата политичка опозиција. Постојаното прогонување на секоја повисока форма на интелектуална активност од страна на новите лидери на масите произлегува од нивната природна омраза кон сè она што не можат да го сфатат. Тоталната доминација не дозволува слободна иницијатива во ниедна област на животот, на ниедна активност што не е сосема предвидлива. Тоталитаризмот на власт постојано ги менува сите првокласни таленти, без обѕир на нивните симпатии, со „чукнатите“ и будалите чии недостаток на интелигенција и креативност сè уште се најдобрата гаранција за нивната лојалност[88].

[88] Болшевичкага политика, во овој поглед зачудувачки конзистентна, е добро позната и не се потребни дополнителни коментари. Пикасо, да го земеме најистакнатиот пример, не го сакаат во Русија иако тој стана комунист. Можно е дека менување на гледиштето на Андре Жид откако ја виде болшевичката стварност во советска Русија (Retour de l'URSS) во 1936, дефинитивно го убеди Сталин во бесполезноста на креативните уметници, дури и ако го поддржуваат комунизмот. Нацистичката политика се разликуваше од болшевичките мерки само до таму што сè уште не ги убиваше своите првокласни таленти.

Би било корисно до детал да се простудираат кариерите на оние сосема малку германски научници кои ја надминаа простата соработка и доброволно ги понудија своите услуги затоа што беа убедени нацисти. (Weinreich op. cit., единствената достапна студија, и заблуда, затоа што тој не прави разлика меѓу професорите кои го прифатија нацистичкото кредо и оние кои своите кариери му ги должат исклучиво на режимот, ги изоставува поранешните кариери на тие научници и така некритички ги става славните луѓе со големи заслуги во иста категорија со измамниците). Најинтересен е примерот на правникот Карл Шмит (Carl Schmitt), чии што генијални теории за крајот на демократијата и правното владеење сè уште се интересни за читање: уште во средината на триесеттите,

нацистите го заменија со сопствени политички и правни теоретичари, како Ханс Франк (Hans Frank) подоцнежниот гувернер на Полска, Готфрид Нис (Gottfried Neesse), и Рајнхард Хоен (Reinhard Hoehn). Последниот кој падна во немилост беше историчарот Валтер Франк (Walter Frank), кој беше убеден антисемитист и член на нацистичката партија уште пред таа да дојде на власт, и кој во 1933 стана управник на новооснованиот *Reichinstitut fur Geschichte des Neuen Deutschlands* со прочуеното *Forschungsabteilung Judenfrage*, и издавач на *Forschungen zur Judenfrage* (1937–1944) во девет тома. Во раните четириесетти, Франк мораше да ја отстапи својата позиција и влијание на познатиот Алфред Розенберг, чиј *Der Mythos des 20. Jahrhunderts* секако не покажува никакви аспирации кон „ученост“. На Франк очигледно му беше одземена довербата само затоа што не беше шарлатан.

Она што ниту елитата ниту толпата кои со толкав жар „го прегрнаа“ националсоцијализмот не можеа да го сфатат, беше тоа што „овој поредок не може да се прифати... случајно. Над и покрај волјата за потчинетост, стои неумоливата неопходност на избор што не знае ниту за олеснителни околности ниту за милост“ (*Der Weg der SS*, издание на *SS Hauptamt – Schulungsamt*, недатирано, стр. 4). Со други зборови, нацистите имаа намера да донесат свои сопствени решенија во врска со своите припадници, без оглед на „случајноста“ на какво било мислење. Се чини дека истото важи за изборот на болшевици во тајната полиција. Ф Бек (F. Beck) и В. Годин (W. Godin) известуваат во *Russian Purge and the Extraction of Confession*, 1951, стр. 160, дека членовите на НКВД се земани од редовите на партиските членови без и најмала можност да волонтираат за ваквата „кариера“.

# II. ТОТАЛИТАРНОТО ДВИЖЕЊЕ

## 1. ТОТАЛИТАРНАТА ПРОПАГАНДА

Само толпата и елитата можат да бидат привлечени од самиот моментум на тоталитаризмот; масите мора да бидат придобиени со пропаганда. Во услови на уставно владеење и слобода на мислењето, тоталитарните движења што се борат за власт можат да користат методи на угнетување само до извесен степен, и со другите партии ја делат неопходноста за привлекување на приврзеници и на бомбастично појавување пред јавноста, која сѐ уште не е ригорозно изолирана од сите други извори на информации.

Рано беше согледано, и многупати се потврди, дека во тоталитарните држави пропагандата и угнетувањето се две страни на истиот медал[89]. Ова, како и да е, само делумно е точно. Секогаш кога тоталитаризмот има апсолутна контрола, тој ја заменува пропагандата со индоктринација и го користи насилството не толку за да ги заплаши луѓето (ова се прави само во почетните стадиуми кога сѐ уште постои политичка опозиција) туку за константно да ги реализира своите идеолошки доктрини и своите вешти лаги. Тоталитаризмот нема да се задоволи да тврди, наспроти фактите кои укажуваат на спротивното, дека не постои невработеност; тој ќе ги укине

---

[89] Види, на пример, E. Kohn – *Bramstedt, Dictatorship and Political Police: The Technique of Control by Fear*, London 1945, стр. 164 и нат. Објаснението е дека „теророт без пропаганда би изгубил многу од својот психолошки ефект, додека пропагандата без терор не удира доволно силно“ (стр. 175). Она што е занемарено во овие и во слични искази, што најчесто се шират во кругови, е дека не само политичката пропаганда туку целината на модерниот масовен публицитет содржи елемент на закана; дека теророт, од друга страна, може да биде целосно ефектен без пропаганда сѐ додека се работи за конвенционален политички терор на тиранијата. Само кога намерата е теророт да врши принуда не само однадвор туку и одвнатре, кога политичкиот режим сака повеќе отколку моќ, на теророт му треба пропаганда. Во оваа смисла нацистичкиот теоретичар, Еуген Хадамовски (Eugen Hadamovsky), можеше да каже во *Propaganda und nationale Macht*, 1933: „Пропагандата и насилството никогаш не се контрадикторни. Употребата на насилство може да биде дел од пропагандата“ (стр. 22).

бенефициите на невработените како дел од својата пропаганда[90]. Еднакво важен е фактот дека одбивањето да се признае постоењето на невработеноста придонесе да се оствари – иако на еден прилично неочекуван начин – старата социјалистичка доктрина: тој што не работи, нема да јаде. Или кога, да земеме еден друг пример, Сталин реши одново да ја напише историјата на руската револуција, пропагандата на неговата нова верзија се состоеше во уништување, заедно со постарите книги и документи, и на нивните автори и на оние што ги прочитале: публикувањето на новата официјална историја на Комунистичката партија во 1938 година беше знак дека сеопфатната чистка во која беше десеткувана цела една генерација на советски интелектуалци заврши. Слично, нацистите во источните окупирани територии во почетокот спроведуваа главно антисемитска пропаганда за да се здобијат со поголема контрола над населението. Ниту им требаше ниту пак користеа угнетување за да ја поддржат оваа пропаганда. Кога го ликвидираа поголемиот дел од полската интелигенција, не го сторија тоа заради нејзината опозиција, туку затоа што според нивната доктрина Полјаците немаа никаков интелект; и кога планираа да киднапираат синооки и русокоси деца, немаа намера да го застрашат населението туку да ја спасат „германската крв“[91].

---

[90] „Во тоа време, официјално беше прогласено дека невработеноста во советска Русија е ’ликвидирана‘. Резултатот од прогласот беше дека сите привилегии за невработените беа подеднакво ’ликвидирани‘“ (Anton Ciliga, *The Russian Enigma*, London 1940, стр. 109).

[91] Таканаречената „Операција Хај“ започна со декретот на Химлер од 16 февруари 1942, „во врска со [поединците] од германската раса во Полска“, во кој се поставуваше услов нивните деца да бидат испратени во семејства „кои сакаат [да ги прифатат] без никакви резерви, само заради љубов кон добрата крв што тече во нив“ (Nuremberg Document R 135, фотодокумент во Centre de Documentation Juive, Paris). Изгледа дека во јуни 1944 Деветтата армија буквално киднапира 40.000 до 50.000 деца и ги транспортираше во Германија. Еден извештај за ова, испратен од човек по име Бранденбург (Brandenburg) до Генералниот штаб на Вермахтот во Берлин, споменува сличен план и за Украина (Document PS 031, објавено од Leon Poliakov во *Breviaire de la Haine*, стр. 317). Самиот Химлер повеќепати го споменува овој план. (Види *Nazi Conspiracy and Agression, Office of the United States Chief of Counsel for the Prosecution of Axis Criminality*, U.S. Government, Washington 1946, III, 640, што содржи извадоци од Химлеровиот говор во Краков во март 1942; види ги исто така коментарите на Химлеровиот говор во Бад Шахен во 1943 кај Кон-Брамштед (Kohn-Bramstedt), op. cit., стр. 244). Како беше направен изборот на овие деца може да се види од медицинските документи направени во Медицинскиот оддел II во Минск, 10 август 1942: „Расниот преглед на Наталија Харпф, родена на 14 август 1922, покажа

Бидејќи тоталитарните движења постојат во свет кој самиот по себе е нетоталитарен, тие се принудени да се свртат кон она што обично го нарекуваме пропаганда. Меѓутоа, таквата пропаганда секогаш и се обраќа на една надворешна сфера – било на нетоталитарните слоеви на домашното население, било на другите нетоталитарни држави. Оваа надворешна сфера, на која и се обраќа тоталитарната пропаганда, може да варира во голема мера; дури по заграбувањето на власта тоталитарната пропаганда може да се обрати до оние сегменти на својата сопствена популација чија координација не била следена со доволна индоктринација. Во врска со ова, говорите на Хитлер упатени до неговите генерали за време на војната се вистински модели на пропаганда, карактеристични главно по монструозните лаги со кои Фирерот ги забавувал своите гости со намера да ги придобие[92]. Надворешната сфера исто така може да ја претставуваат групи на симпатизери кои сè уште не се подготвени да ги прифатат вистинските цели на движењето; на крајот, честопати се случува дури и членовите на партијата од страна на фиреровиот внатрешен круг или од припадниците на елитните формации да бидат сметани за припадници на една таква надворешна сфера, и во овој случај ним исто така им е потребна пропаганда, затоа што над нив сè уште со сигурност не може да се доминира. За да не се прецени важноста на пропагандните лаги треба да се потсетиме на многу бројните случаи кога Хитлер беше сосема искрен и брутално недвосмислен при дефинирањето на вистинските цели на движењето, ама јавноста, неподготвена за таква непопустливост, не можеше да ги препознае[93]. Меѓутоа, во основа, тоталитарната

---

нормално развиена девојка од источнобалтички тип со нордиски карактеристики". Потпишано: N. Wc. (Документ во архивите на *Yiddish Scientific Institute*, New York, No. Occ E 3a–17).

[92] Види *Hitlers Tischgespräche*. Во летото 1942 тој сè уште зборува за „[исфрлање] и на последниот Евреин од Европа" (стр. 113), и преселување на Евреите во Сибир или Африка (стр. 311), или на Мадагаскар, додека всушност веќе го имаше донесено „финалното решение" уште пред инвазијата на Русија, веројатно во 1940, и нареди гасните комори да бидат инсталирани во есента 1941 (види *Nazi Consipracy and Agression*, II, стр. 265 и нат., III, стр. 7831 и нат. Document; PS 1104; V. стр. 322 и нат. Document PS 2605). Химлер веќе во пролетта 1941 знаеше дека „Евреите [мора да бидат] истребени до последниот човек до крајот на војната. Ова е јасна желба и наредба на Фирерот" (Досие *Kersten* во *Centre de Documentation Juive*).

[93] Во врска со ова постои многу интересен извештај од 16 јули 1940, за една дискусија во Фиреровиот штаб, во која учествувале Розенберг, Ламерс и

доминација се бори своите методи на пропаганда да ги сведе само на својата надворешна политика или на ограноците на движењето во странство, со цел да ги снабди со прикладен материјал. Секогаш кога тоталитарната индоктринација на домашен терен доаѓа во конфликт со пропагандната струја наменета за надвор (што се случи во Русија за време на војната, не кога Сталин го склучи својот сојуз со Хитлер, туку кога војната против Хитлер го доведе во таборот на демократијата), пропагандата дома се објаснува како „привремен тактички маневар“[94]. Колку што е можно повеќе, оваа разлика – меѓу идеолошката доктрина за приврзаниците на движењето на кои повеќе не им е потребна пропаганда, и вистинската пропаганда наменета на надворешниот свет – се воспоставува уште при подготвувањето на движењето. Односот меѓу пропагандата и индоктринацијата од една страна обично зависи од големината на движењето, а од друга, од надворешните притисоци. Колку што е помало движењето, толку повеќе енергија ќе троши само на пропаганда; колку што е поголем притисокот на тоталитарните режими од надворешниот свет – притисок кој дури и зад железни завеси не може сосема да се игнорира – толку поактивно тоталитарните диктатори ќе се ангажираат во пропагандата. Најважно е тоа што потребите за пропаганда секогаш се диктирани од надворешниот свет, и тоа што самите движења всушност не пропагираат туку индоктринираат. Обратно, на тоа, индоктринацијата, неизбежно сврзана со угнетување, расте заедно со

---

Кајтел, која Хитлер ја започнал поставувајќи ги следните ’базични принципи‘: „Сега е важно да не се парадира со нашата крајна цел пред целиот свет; ...оттука, не смее да биде очигледно дека [прогласите за одржување мир и ред на окупираните територии] укажуваат на финално освојување. Сите неопходни мерки – егзекуции, раселувања – можат, и ќе бидат спроведени и покрај тоа“. Ова е проследено со дискусија што не се однесува на Хитлеровите зборови и во која Хитлер веќе не учествува. Сосема е очигледно дека не бил „сфатен“ (Document L 221 во Centre de Documentation Juive).

[94] За Сталиновото уверување дека Хитлер нема да ја нападне Русија види кај Isaac Deutscher, *Stalin: a Political Biography*, New York and London, 1949, стр. 454 и нат, и специјално фуснотата на стр. 458: „Во 1948 шефот на Државната комисија за планирање, вицепремиерот Н. Вознесенски, изнесе дека економските планови за третото тромесечје од 1941 беа базирани врз претпоставката за мир и дека нов план, кој одговараше на воена состојба, беше направен веднаш по избувнувањето на судирите“. Проценката на Дојчер (Deutscher) беше цврсто потврдена од извештајот на Хрушчов за Сталиновата реакција на германскиот напад врз Советскиот Сојуз. Види го неговиот “Speech on Stalin” на Дваесеттиот конгрес издаден од State Department, New York, 5 јуни 1956.

силата на движењата или со изолираноста на тоталитарните влади и нивната заштитеност од надворешни влијанија.

Пропагандата секако е значаен составен дел на „психолошкото војување“; меѓутоа, теророт е уште позначаен. Тоталитарните режими продолжуваат да користат терор дури и кога ги имаат постигнато своите психолошки цели: вистинскиот ужас е во тоа што владеат над тотално потчинето население. Онаму каде што правилата на теророт се доведени до совршенство, како во концентрациони логори, пропагандата сосема исчезнува; таа дури и беше изрично забранета во нацистичка Германија[95]. Со други зборови, пропагандата е еден, и можеби и најважниот инструмент на тоталитаризмот за справување со нетоталитарниот свет; наспроти тоа, теророт е самата суштина на неговото владеење. Неговото постоење зависи онолку малку од психолошките или другите субјективни фактори, колку што постоењето на закони во земја со уставно владеење зависи од бројот на луѓе кои го прекршуваат.

Теророт како составен дел од пропагандата имаше поголема улога во нацизмот отколку во комунизмот. Нацистите не удираа на истакнати личности, како што се правело во Германија во првите налети на политичките злодела (убиствата на Ратено и Ерцбергер); наместо тоа, со убивање на ниски социјалистички функционери или влијателни членови на партиите на опозицијата, успеаја на населението да му ги докажат опасностите сврзани и со самото членување во таква партија. Ваквиот вид на масовен терор, кој сè уште оперираше на прилично ниско ниво, постепено растеше, затоа што ниту полицијата ниту судовите сериозно не ги гонеа политичките престапници од таканаречената десница. Значајно беше она што еден нацистички публицист згодно го нарече „пропаганда на силата“[96]: на

[95] „Образованието [во концентрационите логори] се состои од дисциплина, а никогаш од каков било вид на инструкции на идеолошка основа, затоа што затворениците во најголем дел имаат робовски души“ (Heinrich Himmler, *Nazi Conspiracy*, IV, 616 и нат.).

[96] Eugen Hadamovsky, op. cit., се истакнува во литературата за тоталитарната пропаганда. Без експлицитно да го искаже тоа, Хадамовски понудува интелигентна и откривачка пронацистичка интерпретација на Хитлеровото сопствено излагање на темата „Пропаганда и организација“, во книга II, поглавје XI на *Mein Kampf* (2. том, 1. германско издание, 1925 и 1927.

целокупното население му стана јасно дека е побезбедно да се биде член на нацистичката парамилитаристичка организација отколку лојален републиканец. Овој впечаток беше особено зајакнат со специфичната употреба на политичките злодела на нацистите. Тие секогаш ги признаваа јавно, никогаш не се извинуваа за „ексцеси од понизок ранг“ – такви извинувања каристеа само симпатизерите на нацизмот – и го импресионираа населението со тоа што сосема се разликуваа од „здодевните дрдорковци“ од другите партии.

Сличностите меѓу овој вид на терор и обичниот гангстеризам се премногу очигледни за да сѐ укажува на нив. Тоа не значи дека нацизмот беше гангстеризам, како што понекогаш се заклучуваше, туку само дека нацистите, без да го признаат тоа, од американските гангстерски организации научија исто толку колку што нивната пропаганда, како што е општо познато, научи од американската деловна реклама.

Како и да е, за тоталитарната пропаганда наместо директните закани и злодела насочени кон индивидуалци покарактеристична е употребата на индиректни, прикриени и заканувачки навестувања против секого кој нема да води сметка за лекциите; а подоцна и масовни убиства, и на „виновни“ и на „невини“. Комунистичката пропаганда им се заканува на луѓето дека ќе го испуштат возот на историјата, дека безнадежно ќе заостават зад своето време, дека залудно ќе си ги потрошат животите; исто како што им се заканува и нацистите со живеење против вечните закони на природата и животот, со непоправливо и мистериозно изопачување на крвта. Силното нагласување на „научната“ природа на тврдењата на тоталитарната пропаганда е споредувано со некои рекламни техники, кон исто така им се наменети на масите. И вистина е дека рекламните колони на секој весник ја покажуваат оваа „научност“, со чија помош еден фабрикант со факти и бројки и со помошта на одделот за „истражување“ докажува дека „неговиот сапун е најдобар сапун на светот“[97]. Исто така е вистина дека постои извесен елемент на насилство

Unexpurgated translation, New York 1939). – Види исто така и F. A. *Six, Die Politische Propaganda der NSDAP im Kampf um die Macht*, 1936, стр. 21 и нат.

[97] Хитлеровата анализа на „Воената пропаганда“ (*Mein Kampf*, книга I, поглавје VI) го истакнува бизнис-аспектот на пропагандата и дава еден пример за рекламирање на сапун. Неговата важност општо е преценувана, додека неговите подоцнежни позитивни идеи во врска со „Пропагандата и организацијата“ беа негирани.

во имагинативните претерувања на рекламерите; дека зад тврдењето дека девојките кои не го користат токму овој сапун може да си го поминат целиот живот со мозолчиња, а без маж, лежи дивиот сон за монопол, сонот дека еден ден производителот на „единствениот сапун кој ги спречува мозолчињата“ може да се здобие со моќ да ги лиши од мажи сите девојки кои не го користат неговиот сапун. Науката, и во случајот на бизнис – рекламата и во случајот на тоталитарната пропаганда очигледно е само сурогат за моќта. Опседнатоста на тоталитарните движења со „научни“ докази престанува веднаш штом тие ќе дојдат на власт. Нацистите ги отпуштија дури и оние научници кои сакаа да им служат, а болшевиците ја користат репутацијата на своите научници за сосема ненаучни цели и ги тераат да изигруваат шарлатани.

Меѓутоа, тука не постои ништо повеќе од честопати преценуваната сличност меѓу масовната реклама и масовната пропаганда. Обично бизнисмените не заземаат поза на пророци и не ја демонстрираат постојано точноста на своите пророштва. Карактеристично за научноста на тоталитарната пропаганда е речиси ексклузивното инсистирање на научни предвидувања, за разлика од постаромодните обраќања кон минатото. Идеолошкиот извор – од една страна на социјализмот, од друга на расизмот – никаде повеќе не се согледува отколку кога нивните гласноговорници се преправаат дека ги откриле скриените сили кои ќе им донесат добра среќа во синџирите на судбината. Се разбира, тоа има голем одзив кај масите во „апсолутистичките системи, кои ги претставуваат сите случувања во историјата како условени од големи првични причини, врзани со синџирите на судбината, и кои, (како што и се случило, го одвраќаат човекот од историјата на човечката раса“ (според зборовите на Токвил). Но исто така нема сомнение дека нацистичкото водство всушност не ги користеше само како пропаганда, туку вистински веруваше во доктрините како што се следниве: „Колку поточно ги препознаваме и ги набљудуваме законите на природата и животот... толку повеќе се потчинуваме на волјата на Семоќниот. Колку поголем увид имаме во волјата на Семоќниот, толку поголем ќе биде нашиот успех“[98]. Сосема

[98] Види го важниот меморандум на Мартин Борман (Martin Bormann) за „Односот на Националсоцијализмот и христијанството“, во *Nazi Conspiracy*, VI, 1036 и нат. Слични формулации може да се најдат честопати во памфлетската

е очигледно дека треба да се направат (многу малку измени за да се изрази Сталиновото кредо, низ две реченици кои би можеле да изгледаат вака: „Колку поточно ги препознаваме и набљудуваме законите на историјата и на класната борба, толку повеќе му се прилагодуваме на дијалектичкиот материјализам. Колку поголем увид имаме во дијалектичкиот материјализам, толку поголем ќе биде нашиот успех“. Сталиновата забелешка за „правилното водство“[99], во секој случај, не би можела поточно да се изрази.

Тоталитарната пропаганда ја издигна идеолошката научност и техниките на подготвување на тврдења во форма на предвидувања до ниво на најефикасни методи и најапсурдна содржина – затоа што, демагошки речено, речиси не постои подобар начин да се избегне дискусија од тоа расправата да се ослободи од контролата на сегашноста и да се рече дека само иднината може да ги открие нејзините вредности. Како и да е, тоталитарните идеологии не ја измислија оваа процедура, и не беа единствените кои ја користеа. Научноста на масовната пропаганда навистина толку универзално се користи во модерната политика, што се интерпретира како поопшт знак на таа опседнатост со наука која е карактеристична за западниот свет од подемот на математиката и физиката во шеснаесеттиот век; така, излегува дека тоталитаризмот е последната фаза од еден процес во кој „науката станала идол што чудесно ќе ги излечи постоечките зла и ќе ја преобрати човечката природа“[100]. Секако, постоеше некаква постара врска меѓу систематичноста и кревањето на масите. „Колективизмот“ на масите беше поздравен од оние кои се надеваа дека појавата на „природните закони на историскиот развој“ би ја елиминирала непредвидливоста на

литература што ја издаваше СС за „идеолошка индоктринација“ на своите кадети. „Законите на природата се потчинети на непроменливата волја на која што не може да се влијае. Оттука, неопходно е овие закони да се признаат“ (“SS-Mann und Blutsfrage”, *Schriftenreihe für die weltanschauliche Schulung der Ordnungspolizei*, 1942). Сè ова се само варијации на извесни фрази земени од Хитлеровата *Mein Kampf*, а следната е цитирана како мото на погоре споменатиот памфлет: „Додека човек се труди да се бори против железната логика на природата, тој доаѓа во конфликт со основните принципи на кои им го должи своето постоење како човек“.

[99] J. Stalin, *Leninism*, (1933), Vol. II, chapter III.

[100] Eic Voegelin, “The Origins of Scientism”, во *Social Research*, December 1948.

индивидуалните акции и однесувања[101]. Се цитира примерот на Енфантин кој веќе можел „да го види времето што доаѓа кога уметноста на придвижување на масите ќе биде развиена до такво совршенство што сликарот, музичарот и поетот ќе имаат моќ да ги задоволат и придвижат масите со еднаква сигурност како што математичарот решава некој геометриски проблем или пак хемичарот прави анализа на некоја материја“, па се изведува заклучок дека модерната пропаганда се родила таму и тогаш[102].

Сепак, какви и да се недостатоците на позитивизмот, прагматизмот и бихевиоризмот, и колку и да е големо нивното влијание врз создавањего на здравиот разум на деветнаесеттиот век, „раководниот пораст на утилитаристичкиот сегмент на постоењето“[103] воопшто не е она што ги карактеризира масите на кои им се обраќа тоталитарната пропаганда и систематичноста. Убедувањето на позитивистите, како што ни е познато од Конт, дека иднината е дефинитивно научно предвидлива, се потпира врз проценката на интересот како на се-исполнувачка сила во историјата и врз претпоставката дека можат да бидат откриени објективни закони на моќта. Роановата политичка теорија дека „кралевите раководат со народите, а интересите раководат со кралот“, дека објективниот интерес е правило што „само по себе нема никогаш да пропадне“, дека „сфатен точно или погрешно, интересот е тој што прави владите да живеат или да умрат и тоа е традиционалната срцевина на модерниот утилитаризам, било позитивистички или социјалистички; меѓутоа ниедна од овие теории не претпоставува дека е возможно „да се преобрати човечката природа“, што се обидува да го стори тоталитаризмот. Напротив, сите тие, имплицитно или експлицитно претпоставуваат дека човечката природа секогаш е иста, дека историјата е приказна за промената на објективните околности и за реакциите на човекот притоа, и дека тој интерес, сфатен правилно, може да води кон промена на околностите, меѓутоа не и кон промена на реакциите на човекот како такви. „Научноста“ во политиката сè уште претпоставува дека

---

[101] Види F. A. v. Kayek, “The Counter-Revolution of Science”, во *Economica*, Vol. VIII (February, May, August 1941), стр. 13.

[102] Ibid., стр. 137. Цитатот е од *Saint-Simonist* магазинот *Producteur*, I, 399.

[103] Voegelin, op. cit.

благосостојбата на човекот е нејзина цел, што е концепт кој е сосема туѓ на тоталитаризмот[104].

Тоа е точно така зашто утилитарната срцевина на идеологиите беше земена „здраво за готово“, така што анти-утилитарното однесување на тоталитарните влади, нивната комплетна индиферентност кон интересот на масите, претставуваше толку голем шок. Ова во современата политика внесе елемент на нечуена непредвидливост. Тоталитарната пропаганда, како и да е – иако со изменет акцент уште пред тоталитаризмот да дојде на власт покажа колку всушност масите се оддалечиле од грижата за нивните интереси. Така, сомневањето на Сојузниците, дека ликвидирањето на ненормалните што го нареди Хитлер на почетокот на војната треба да се припише на желбата за ослободување од непотребни усти за хранење, беше целосно неоправдано[105]. Војната не го примора Хитлер да ги отфрли сите етички обѕири, туку на масовните колежи во војната да гледа како на неповторлива можност да започне една програма за убивање која, како и сите други точки од неговата програма, беше пресметана за период од илјада години[106]. Бидејќи, всушност,

---

[104] William Ebenstein, *The Nazi State*, New York 1943, дискутирајќи ја „Економијата на Перманентната војна“ на нацистичката држава е речиси единствениот критичар кој сфати дека „бескрајната дискусија... за социјалистичката или капиталистичката природа на германската економија под нацистичкиот режим е во голема мера вештачка... [бидејќи] тендира да го покрие виталниот факт дека капитализмот и социјализмот се категории од западната економија“ (стр. 239).

[105] Во овој контекст е карактеристично сведочењето на Карл Брант (Karl Brandt), еден од физичарите одредени од Хитлер да ја спроведат програмата за еутаназија (*Medical Trial. US against Karl Brandt et al. Hearing of May* 14, 1947). Брант жестоко протестираше против сомневањето дека проектот беше иницирaн за да се отстрани вишокот на потрошувачи на храна; тој нагласуваше дека членовите на партијата кои изнесуваа такви аргументи во дискусии секогаш биле остро прекорувани. Според негово мислење, мерките беа диктирани единствено од „етички причини“. Истото, се разбира, важи и за депортациите. Досиејата се полни со очајни сеќавања испишани од воени службеници кои се жалат дека депортациите на милиони Евреи и Полјаци целосно ги занемаруваа „воените и економските потреби“. Види Poliakov, op. cit., стр. 321, исто како и документираните материјали објавени тука.

[106] Решавачкиот декрет по кој следуваа сите масовни убиства беше потпишан од Хитлер на 1 септември 1939 – денот кога започна војната – и се однесуваше не само на ментално болните (како што често погрешно се смета) туку на сите оние кои беа „неизлечиво болни“. Ментално болните само беа први на списокот.

целата европска историја со векови ги учела луѓето секоја политичка акција да ја оценуваат преку нејзината *cui bono*, а сите политички настани преку нивните специфични интереси, одеднаш тие беа соочени со еден елемент на непредвидливост без преседан. Тоталитарната пропаганда, која уште долго пред да дојде на власт јасно покажа колку малку масите се раководени од фамозниот инстинкт на себезачувување, заради нејзините демагошки карактеристики не беше сериозно сфаќана. Како и да е, успехот на тоталитарната пропаганда не се должи толку на демагогичноста колку на сознанието дека интересот како колективна сила може да биде почувствуван само таму каде што стабилни општествени тела ги обезбедуваат неопходните ремени за трансмисија меѓу индивидуалецот и групата; ниту една ефективна пропаганда што се потпира само на интерес не може да се протури во масите чија главна карактеристика е што не припаѓаат на ниедно општествено или политичко тело и кои заради тоа претставуваат вистински хаос од индивидуални интереси. Фанатизмот на членовите на тоталитарните движења, по квалитет толку очигледно различен од најголемата лојалност на членовите на обичните партии, е резултат на недостатокот на само-интерес на масите кои се сосема подотвени да се жртвуваат. Нацистите докажаа дека цел народ може да се поведе во војна со слоганот „или инаку ќе тргнеме надолу“ (нешто што воената пропаганда од 1914 внимателно би го избегнувала), и ова не се случува во време на сиромаштија, невработеност, или на исфрустрирани национални амбиции. Истиот дух се појави за време на последните месеци од војната која очигледно беше изгубена, кога нацистичката пропаганда ги тешеше престрашените луѓе со ветувањето дека Фирерот „со својата мудрост подготвил лесна смрт за германскиот народ со тоа што ќе им пушти отровен плин во случај на пораз“[107].

Тоталитарните движења ги користат социјализмот и расизмот така што ги испразнуваат од нивната утилитарна содржина, т.е. од интересите на една класа или народ. Формата на непогрешливо предвидување во која овие концепти беа претставувани стана поважна од нивната

[107]Види Friedrich Percyval Reck-Malleczewen, *Tagenbuch eines Verzweifelten*, Stuttgart, 1947, стр. 190.

содржина[108]. Главната квалификација на еден водач на масите стана бескрајната непогрешливост; тој никогаш не смее да признае грешка[109]. Уште повеќе, претпоставката за непогрешливост се базира не толку (многу на супериорната интелигенција колку на правилното интерпретирање на суштински доверливите сили на историјата или природата, сили кои ниту поразуваат ниту уништуваат, и можат да се покажат како погрешни затоа што се принудени да се докажуваат на долги патеки[110]. Водачите на масите што се на власт имаат само една грижа која стои пред сите други утилитарни мотиви: да ги остварат своите претскажувања. Нацистите не се двоумеа на крајот на војната да ги употребат концентрираните сили на својата сѐ уште неначната организација колку што е можно повеќе да ја уништат Германија, со цел да го остварат претскажувањето дека германскиот народ ќе биде уништен во случај на пораз.

Пропагандниот ефект на непогрешливост, забележителниот успех од позирањето како само толкувач на предвидливите содржини, кај тоталитарните диктатори ја охрабри навиката своите политички намери јавно да ги

---

[108] Хитлер ја базираше супериорноста на идеолошките движења над политичките партии врз фактот дека идеологиите (*Weltanschauungen*) секогаш „ја прокламираат својата непогрешливост“ (*Mein Kampf*, книга II, глава V, “Weltanschauung and Organization”). – Првите страници од официјалниот прирачник на Хитлеровата Младина, *The Nazi Primer*, New York 1938, консеквентно истакнува дека сите прашања на *Weltanschauung*-от, претходно сметани за „нереалистични“ и „неразбирливи“, „станаа толку јасни, едноставни и дефинитивни [мој италик] што секој другар може да ги сфати и да соработува во нивното решавање“.

[109] Првиот меѓу „заветите на Членот на Партијата“ од наброените во Organisationsbuch der NSDAP, вели: „Фирерот е секогаш во право“. Издание од 1936, стр. 8. Меѓутоа, *Dienstvorschrift für die P.O. der NSDAP*, 1932, стр. 38, го формулира тоа вака: „Хитлеровата одлука е конечна“. Забележете ја значајната разлика во фразеологијата.

„Нивното тврдење е дека се незгрешливи, [дека] никој од нив никогаш искрено не признал некоја грешка“; во овој поглед е решавачката разлика меѓу Сталин и Троцки од една, и Ленин од друга страна. Види Boris Souvarine, *Stalin: A Critical Survey of Bolshevism*, New York 1939, стр. 583.

[110] Очигледно е дека Хегеловата дијалектика би обезбедила одличен инструмент секогаш да се биде во право, бидејќи дозволува толкување на секој пораз како почеток на идна победа. Еден од најубавите примери од овој вид софизам се појави по 1933, кога германските комунисти речиси две години одбиваа да прифатат дека Хитлеровата победа беше пораз на Германската комунистичка партија.

соопштуваат во форма на претскажување. Најпознат пример е Хитлеровата изјава во германскиот Рајхстаг во јануари 1939: „Сакам денес уште еднаш да претскажам нешто: во случај еврејските финансиери... уште еднаш да успеат да ги вовлечат народите во светска војна, резултатот што ќе произлезе од тоа ќе биде... уништување на еврејската раса во Европа“[111]. Преведено на нетоталитарен јазик, ова значеше: имам намера да предизвикам војна и да ги убијам сите Евреи во Европа. Слично на тоа, Сталин во големиот говор пред Централниот комитет на комунистичката партија во 1930, во кој ја подготви физичката ликвидација на десните и левите девијанти, ги претстави како претставници на „изумирачки класи“[112]. Оваа дефиниција не само што на расправата и дале специфичен тон на остроумност, туку исто така, во тоталитарен стил јавно соопшти дека физичкото уништување на оние кои изумираат штотуку е претскажано. Во обата случаи се постигнува иста цел: ликвидацијата се сместува во рамките на еден историски процес во кој човекот го прави или поднесува она, што според непроменливите закони, и онака мора да се случи. Веднаш штом ќе се спроведе егзекуцијата на жртвите, „претскажувањето“ станува ретроспективно алиби: не се случи ништо друго освен она што беше претскажано[113]. Не е важно дали „законите на историјата“ сејат „проклетство“ врз класите и нивните претставници, или дали „законите на природата... ги истребуваат“ сите тие елементи – демократи, Евреи, Источните подлуѓе (*Untermenschen*), или неизлечиво болните – што и онака „не треба да живеат“. Меѓу другото, Хитлер исто така зборувал и дека „класите што изумираат“ треба да бидат „елиминирани без многу врева“[114].

[111] Цитирано од Goebbels: *The Goebbels Diaries* (1942–1943), ed. Louis Lochner, New York 1948, стр. 148.

[112] Stalin, op. cit., loc. cit.

[113] Во говорот од септември 1942, кога истребувањето на Евреите беше во полн замав, Хитлер експлицитно се повика на својот говор од 30 јануари 1939 (објавен како брошура под наслов *Der Führer vor dem ersten Reichstag Grossdeutschlands*, 1939), и на седницата во Рајхстагот на 1 септември 1939, кога објави дека „ако Евреите поттикнуваат меѓународна војна за да ги истребат аријските народи од Европа, не аријските народи туку Евреите ќе [остатокот од речениците се губи во аплауз]“ (види *Der Führer zum Kriegswinterhilfswerk, Schriften NSV*, No. 14, стр. 33).

[114] Во говорот од 30 јануари 1939, стр. 19, како што е претходно цитирано.

Овој метод, како и другите тоталитарни пропагандни методи, станува разбирлив само откако движењата ќе дојдат на власт. Тогаш сите дискусии околу вистинитоста или невистинитоста на претскажувањето на еден тоталитаристички диктатор се исто толку стравични како и дискусијата со некој потенцијален убиец околу тоа дали неговата идна жртва е мртва или жива – бидејќи со убивањето на личноста за која станува збор убиецот точно може да си обезбеди доказ за исправноста на своето тврдење. Единствениот валиден аргумент под вакви услови е – личноста чија смрт е претскажана без одлагање да се спаси. Пред водачите на масите да ја зграбат власта и со тоа да ја вклопат реалноста во своите лаги, за нивната пропаганда е карактеристичен екстремниот презир кон фактите[115], бидејќи, според нивното сфаќање, фактот комплетно зависи од моќта на човекот кој може да го измисли. Тврдењето дека московското метро е единственото на светот е лага сè додека болшевиците немаат моќ да ги уништат сите други метроа. Со други зборови, методот за непогрешливо претскажување, повеќе од кое било друго средство на тоталитарната пропаганда, ја открива својата крајна цел – да завладее со светот, бидејќи само во свет кој е комплетно под негова контрола тоталитарниот владетел може да ги оствари сите свои лаги и да ги спроведе во дело сите свои претскажувања.

Јазикот на научното претскажување одговараше на потребите на масите кои во овој свет веќе не се чувствуваа како дома, и сега беа подготвени да бидат реинтегрирани во вечни, над-сè-доминирачки сили кои самите би го носеле човекот, пливач на брановите на несреќата, до брегот на сигурноста. „Ние го моделираме животот на нашите луѓе и нашето законодавство според законите на генетиката“[116], велеа нацистите, исто како што болшевиците ги уверуваа своите следбеници дека економските закони ја имаат силата на

---

[115] Konrad Heiden во *Der Fuehrer: Hitler's Rise to Power*, Boston 1944, ја истакнува Хитлеровата „феноменална неискреност“, „недостигот на очигледна реалност во скоро сите негови говори“, неговата „индиферентност кон фактите што не ги сметал за витално важни“ (стр. 368, 374). – Во речиси идентични термини, Хрушчов ја опишува „Сталиновата колебливост да ги согледа реалностите на животот“ и неговата индиферентност кон „реалната состојба на работите“, op. cit. Сталиновото мислење за важноста на фактите најдобро е изразено во неговите периодични ревизии на руската историја.

[116] *Nazi Primer*.

пресуда на историјата. Со тоа тие ветуваат победа која стои настрана од „привремените“ порази и неуспеси на специфичните потфати. Затоа што масите, за разлика од класите, ги сакаат победата и успехот заради самите нив, и во нивната најапстрактна форма; тие не се сврзани меѓу себе со оние посебни колективни интереси кои ги чувствуваат како есенцијални за нивниот опстанок како група, и кои според тоа би ги браналe наспроти секакви други можности. За нив, поважно од причината што може да донесе некаква победа, или од потфатот што може да биде успешен, е – победата од која било причина и успехот во кој било потфат.

Тоталитарната пропаганда ги усовршува техниките на масовната пропаганда, но таа ниту ги измислува ниту ги создава нивните задачи. Тие беа подготвени со педесетгодишниот подем на империјализмот и дезинтеграцијата на еднонационалната држава, кога толпата стапи (на сцената на европската политика. Како и поранешните водачи на толпите, гласноговорникот на тоталитарните движења имаше непогрешлив инстинкт за сè она за кое обичната политичка партиска пропаганда или јавното мислење не водеа сметка или не се осмелуваа да ги допрат. Сè што беше скриено, сè што поминуваше во тишина, се, здоби со најголема важност, без оглед на неговото вистинско значење. Толпата навистина веруваше дека вистината беше токму она што угледното општество хипокритски го прикриваше, или го заштитуваше со корупција.

Мистериозноста стана првиот критериум при избирањето на темите. Потеклото на мистеријата не беше важно; таа можеше да лежи во една разумна, политички сфатлива желба за тајност, како во случајот на британските тајни служби или француското *Deuxieme* биро; или во потребата за конспиративност на револуционерните групи, како во случајот на анархистичките или другите терористички секти; или во структурата на општества чија што некогашна тајност веќе долго е позната и каде што само формалната ритуалност ја обезбедува поранешната мистериозност, како во случајот на Масоните; или во прастари суеверни верувања кои исткале легенди околу некои групи, како во случајот на исусовците и Евреите. Нацистите беа несомнено супериорни при селекцијата на такви теми за масовна пропаганда; меѓутоа болшевиците со време го научија трикот, иако многу помалку се потпираат на традиционално прифатените мистерии и ги претпочитаат своите сопствени изуми – од средината на

триесеттите, во болшевичката пропаганда повеќе светски мистериозни конспирации следеа една по друга, почнувајќи со заговорот на троцкистите, преку владеењето на 300 семејства, до кобните империјалистички (т.е. светски) махинации на британските или американските тајни служби[117].

Ефикасноста на овој вид пропаганда покажува една од главните карактеристики на модерните маси. Тие не веруваат во нешто видливо, во реалноста на нивното сопствено искуство; тие немаат доверба во своите очи и уши, туку само во својата имагинација која може да биде заробена од било што, што во исто време е и универзално и доследно на самото себеси. Она што ги убедува масите не се фактите, и не дури ни измислените факти, туку само доследноста на системот од кој тие претпоставуваат дека се дел. Повторувањето, чија важност донекаде се преценува, заради општоприфатеното верување во инфериорниот капацитет на масите да сфатат и да запомнат, е важно само заради тоа што со време ги убедува во доследноста.

Она што масите одбиваат да го препознаат е непредвидливоста со која е исполнета стварноста. Тие се предиспонирани за сите идеологии затоа што идеологиите ги објаснуваат фактите едноставно како примери за закони и ги елиминираат коинциденциите со тоа што измислуваат една сеопфатна семоќност која треба да лежи во коренот на секоја несреќа. Тоталитарната пропаганда цвета при ова бегство од реалност во измислици, од коинциденција во доследност.

Главната слабост на тоталитарната пропаганда е тоа што таа не може да го оствари овој копнеж на масите за комплетно доследен, сфатлив, и предвидлив свет кој нема да биде во сериозен судар со здравиот разум. Ако, на пример, сите „исповеди" на политичките опоненти во Советскиот Сојуз се фразирани со ист јазик и ги признаваат истите

---

[117] Интересно е да се забележи дека кај болшевиците за време на Сталиновата ера некако се насобраа завери, и дека откривањето на нова завера не ја потиснуваше старата. Заговорот на Троцкистите започна околу 1930, 300-те семејства беа за време на периодот на Народниот фронт, од 1935 натаму, британскиот империјализам стана актуелна завера за време на сојузот Сталин – Хитлер, „Американската тајна служба" следеше многу бргу по завршувањето на војната; последната завера, еврејскиот космополитизам, имаше очигледни и вознемирувачки сличности со нацистичката пропаганда.

мотиви, гладните-за-доследност маси ќе ја прифатат измислицата како највисок доказ на нивната вистинитост; додека здравиот разум ни кажува дека токму нивната доследност е надвор од овој свет и докажува дека таа е измислица. Фигуративно речено, тоа е исто како масите да бараат постојано повторување на чудото на Септуагинтот, кога, според старата легенда, седумдесет изолирани преведувачи направиле идентична грчка верзија на Стариот завет. Здравиот разум може да ја прифати оваа приказна само како легенда или чудо; сепак, тоа сѐ уште може да се наведува како доказ за апсолутната веродостојност на секој збор од преведениот текст.

Со други зборови, вистина е дека масите се опседнати од желбата да побегнат од реалноста заради тоа што во својата суштинска бездомност повеќе не можат да ги поднесуваат нејзините случајни, несфатливи аспекти, но исто така е вистина и дека нивната желба за измислици има некаква врска со оние содржини на човечкиот ум чија структурална доследност е супериорна во однос на самата појава. Бегството на масите од реалноста е осуда на светот во кој тие се присилени да живеат, а во кој не можат да постојат, бидејќи коинциденцијата им стана господар од највисок ранг, а на човечките суштества им треба постојана трансформација на хаотичниге и случајните услови во еден од човека направен шаблон со релативна доследносг. Револтот на масите против „реализмот“, здравиот разум, и сите „веројатности на светов“ (Берк) беше резултат од нивната атомизација, од нивното губење на социјалниот статус, со кој истовремено го изгубија и целиот сектор на општествени односи во чии рамки здравиот разум има некаква смисла. Во нивната ситуација на духовна и општествена бездомносг, едно одмерено познавање на меѓузависноста на арбитрарното и планираното, случајното и неопходното, веќе не можеше да функционира. Тоталитарната пропаганда може претерано да го навреди здравиот разум само таму каде што здравиот разум ја загубил својата валидност. Пред алтернативата да се соочат со анархичниот пораст и тоталната арбитрарност на пропаѓањето или да се наведнат пред најнепоколебливата, фантастично лажна доследност на една идеологија, масите најверојатно секогаш ќе ја изберат вторава и ќе бидат подготвсни за неа да плаќаат со индивидуални жртви – и тоа не затоа што се глупави или расипани, туку затоа што во општата пропаст ова бегство им дозволува минимум самопочит.

Додека на нацистичката пропаганда и беше специјалност да профитира од копнежот на масите за доследност, болшевичките методи го покажаа, како да беа изведувани во лабораториски услови, своето влијание врз човекот изолиран од масата. Советската тајна полиција, толку загреана да ги убеди своите жртви во нивната вина за злодела што никогаш не ги сториле, а во многу случаи и не биле во ситуација да ги сторат, сосема ги изолира и ги елиминира сите реални фактори, така што самата логика, самата доследност на „приказната" содржана во подготвеното признание, станува надмоќна. Во ситуација каде што повлекувањето линија меѓу фикцијата и реалноста е замачкано со монструозноста и со внатрешната доследност на обвинението, потребна е не само цврстина на карактерот да им се спротивстави на постојаните закани, туку и голема верба во постоењето на сродни човечки суштества – роднини, пријатели или соседи – кои никогаш нема да поверуваат во „приказната", за да му се одолее на искушението човек сепак да и се препушти на самата апстрактна можност за вина.

Во секој случај, ваквата екстремност на едно вештачки создадено лудило може да се постигне само во тоталитарен свет. Тоа, како и да е, е дел од пропагандниот апарат на тоталитарните режими во кои признанијата не се независни од казната. „Признанијата" се исто толку специјалност на болшевичката пропаганда колку и чудната педантерија во легализирање на криминалот преку ретроспективвата и ретроактивна легислација на нацистичката пропаганда. И во обата случаи целта е консеквентност.

Пред да ја зграбат власта и да воспостават свет во склад со своите доктрини, тоталитарните движења претставуваат еден лажен свет на консеквентност кој повеќе одговара на потребите на човечкиот ум отколку на самата реалност; свет во кој, со помош на чистата фантазија обескоренетите маси можат да се почувствуваат дома и да бидат поштедени од шоковите кои никогаш немаат крај и кои реалниот живот и реалните искуства им ги делат на луѓето и на нивните очекувања. Силата што ја има тоталитарната пропаганда – пред движењата да ја имаат силата да спуштат железни завеси за да спречат некој да ја вознемирува, макар и со најмало навестување на реалност, стравичната тишина на еден комплетно имагинарен свет – лежи во нејзината способност сосема да ги исклучи масите од реалниот свет. Единствените знаци што реалниот свет сè уште им ги нуди за сфаќање на неинтегрираните и

дезинтегрираните маси – кои секој нов удар или лоша среќа ги прави сѐ полековерни – се, така да се рече, нејзините празнини, прашањата за кои не се осмелува јавно да дискутира, или гласините на кои не се осмелува да им се спротивстави бидејќи тие, иако на еден претеран и деформиран начин, погодуваат некои болни точки.

Од овие болни точки лагите на тоталитарната пропаганда го изведуваат елементот на вистиност и реалното искуство кое им е потребно да го премостат амбисот меѓу реалноста и нереалноста. Само теророт може да се потпира врз потполна фикција, и дури и лажливата фиктивност на тоталитарните режими, одржувана со помош на терор, сѐ уште не станала сосема арбитрарна, иако обично тие фикции се понепречистени, понаметливи, и, така да се рече, пооригинални од оние на движењата. (Потребна е моќ, а не пропагандна вештина, да се направи да циркулира ревидирана историја на Руската револуција во која човек по име Троцки никогаш не бил врховен заповедник на Црвената армија.) Од друга страна, лагите на движењата се многу попрефинети. Тие се поврзуваат со секој аспект на општествениот и политичкиот живот што е скриен од очите на јавноста. Најдобро успеваат таму каде што официјалните власти се имаат опкружено со атмосфера на тајност. Во очите на масите тогаш добиваат репутација на надмоќен „реализам“ затоа што ги допираат оние реални услови чие постоење се крие. Откривање на скандали во високите општествени кругови, корумпираност на политичари, сѐ што му припаѓа на жолтиот печат, во нивните раце станува оружје со важност што е поголема од сензационалноста.

Најефикасната измислица на нацистичката пропаганда беше приказната за еврејска светска конспирација. Концентрирањето на антисемитската пропаганда стана вообичаено средство на демагозите уште од крајот на деветнаесеттиот век, и беше широко распространета во Германија и Австрија во дваесеттите години на овој век. Колку поупорно се избегнуваше дискусијата за еврејското прашање од страна на сите партии и органи на јавното мислење, толку поубедена беше толпата дека Евреите се вистинските претставници на постоечките сили, и дека еврејскиот род беше симболот на хипокризијата и нечесноста на целиот систем.

Вистинската содржина на повоената антисемитска пропаганда не беше ни монопол на нацистите ниту нешто особено ново и оригинално. Лагите за еврејската светска

конспирација кружеа по аферата Драјфус и се базираа на постоечките меѓународни врски и меѓусебната зависност на еврејските луѓе расфрлени по целиот свет. Претерувањата за еврејската светска моќ се дури и постари; може да им се следи трагата до крајот на осумнаесеттиот век кога стана очигледна блиската поврзаност на еврејскиот бизниис и еднонационалните држави. Претставувањето на *Евреинот* како инкарнација на злото обично им се префрла на остатоците и суеверните сеќавања од средниот век, но всушност е тесно поврзано со рецентната нејасна улога што Евреите ја играле во европското општество по нивната еманципација. Едно нешто беше неоспорно: во повоениот период Евреите станаа понадмоќни од кога било.

Работата е во тоа што самите Евреи станувaa понадмоќни и забележливи обратнопропорционално на своето вистинско влијание и позиции на власт. Секое опаѓање на стабилноста и силата на еднонационалните држави претставуваше директен удар на еврејските позиции. Делумно успешното завладување на народот со државата ја оневозможи владината машинерија да ги задржи своите позиции над сите класи и партии, и со тоа ја поништи вредноста на врските со еврејскиот дел од популацијата, кој исто така требаше да остане надвор од рамките на општеството и да биде индиферентен кон партиската политика. Зголемениот интерес за странската политика на империјалистички настроената буржоазија и нејзиното се поголемо влијание врз државната машинерија беа проследени со непоколебливото одбивање најголемиот дел од еврејското богатство да се исклучи во индустриските потфати и да ја напушти традицијата на капиталистичко тргување. Сите овие работи заедно речиси ставија крај на економската корист на положбата на Евреите како група, и на нивната предност во општественото издвојување. По Првата светска војна, Евреите од централна Европа се асимилираа и се национализираа како и француските Евреи во првите децении на Третата република.

Колку беа свесни засегнатите земји за изменетата ситуација се виде кога во 1917 година германската влада, следејќи една одамна воспоставена традиција, се обиде да ги искористи Евреите при преговорите за пробен мир со Сојузничките сили. Наместо да се обрати до општопризнаените водачи на германските Евреи, таа се обрати до малото и сразмерно невлијателно ционистичко малцинство на кое му се веруваше на стариот начин токму заради тоа што инсистираше

врз постоењето на еврејскиот народ независно од државјанството, па според тоа можеше да се очекува дека ќе понуди услуги што зависеа од интернационалните врски и интернационалните ставови. Како и да е, се покажа дека таквиот чекор претставуваше грешка за германската влада. Ционистите направија нешто што ниеден еврејски банкар не направил никогаш; поставија свои услови и ѝ рекоа на владата дека ќе преговораат само за мир без анексии и репарации[118]. Старата еврејска индиферентност кон политички прашања исчезна; веќе не можеше да се искористи еврејското мнозинство, бидејќи веќе не стоеше настрана од народот, а ционистичкото малцинство беше бескорисно затоа што имаше свои политички ставови.

Со заменувањето на монархистичките влади со републикански во централна Европа се заврши и дезинтеграцијата на централноевропските Евреи, исто како што власта на Третата република направи во Франција педесетина години порано. Евреите веќе имаа изгубено многу од своето влијание, кога новите влади ја започнуваа работата под услови во кои им недостасуваа и сила и интерес да ги заштитуваат своите Евреи. За време на мировните преговори во Версај, Евреите беа главно користени како експерти, и дури и антисемитистите признаваа дека .малите безначајни еврејски измамници од повоениот период, најчесто новодојденци (зад чии измамнички активности, по кои драстично се разликуваа од своите домородни истоверници, лежеше еден став кој необично потсетуваше на старата индиферентност кон стандардите на средината), немаат никакви врски со претставниците на некаков претпоставен еврејски интернационализам[119].

Меѓу мнозинството конкурентски антисемитски групи и во атмосфера како создадена за антисемитизам, нацистичката пропаганда разви еден метод на третирање на оваа тема кој беше различен и подобар од сите други. Сепак, ниту еден нацистички слоган не беше нов – дури ни хитлеровото лукаво претставување на класната борба предизвикана од страна на еврејскиот бизнисмен кој ги експлоатира своите работници, додека истовремено неговиот брат во фабричкиот

---

[118] Види ја автобиографијата на Chaim Weizmann, *Trial and Error*, New York 1949, стр. 185.

[119] Види, на пример, Otto Bonhard, *Jüdische Geld – und Weltherrschaft?*, 1926, стр. 57.

двор ги подбуцнува да штрајкуваат[120]. Единствениот нов елемент беше тоа што нацистичката партија при зачленувањето бараше доказ за нееврејско потекло, и дека таа остана, и покрај Федеровата програма, крајно нејасна во врска со вистинските мерки што требаше да се преземат против Евреите кога еднаш ќе дојде на власт[121]. Нацистите го ставија еврејското прашање во центарот на својата пропаганда во таа смисла што антисемитизмот веќе не беше прашање на ставови за луѓе различни од мнозинството, или пак грижа за националната политика[122], туку лични грижа на секој поединец за својата егзистенција; никој, чие „семејно стебло" не беше во ред, не можеше да биде член, и колку што беше поголем рангот во нацистичката хиерархија, толку подалеку требаше да се испита семејното стебло[123]. По истиот шаблон, иако

---

[120] Хитлер ја употреби првпат оваа слика во 1922: „Мозес Кон од една страна го охрабрува своето друштво да ги одбие работничките барања, додека неговиот брат Исак во фабриката ги повикува масите..." на штрајк. (*Hitler's Speeches: 1922–1939*, ed. Baynes, London 1942, стр. 29). Вредно е да се забележи дека во нацистичка Германија никогаш не е отпечатена комплетна збирка на Хитлеровите говори, па човек е принуден да се обрати на англиското издание. Дека ова не е случајно, може да се види од библиографијата компилирана од Philipp Bouhler, *Die Reden des Führer's nach der Machtübernahme*, 1940: само јавните говори беа печатени целосно во Völkischer Beobachter; што се однесува до говорите за фиреровите трупи и другите партиски единици, тие само беа „споменувани" во тој весник. Во никој случај не беа наменети за публикација.

[121] Федеровите 25 точки содржат само стандардни мерки што ги бараа сите антисемитски групи; прогонување на сите натурализирани Евреи, и третирање на домашните Евреи како туѓинци. Нацистичкото антисемитско ораторство беше секогаш многу порадикално од нивната програма.

Waldemar Gurian, "Antisemitism in Modern Germany", во *Essays on Antisemitism,* ed. Koppel S. Pinson, New York 1946, стр. 243, го нагласува недостатокот на оригиналност во нацистичкиот антисемитизам: „Сите овие тврдења и гледишта не се значајни по некаква нивна оригиналност – тие беа сами по себе очигледни во сите националистички кругови; тоа што беше забележително беше демагошката и ораторската вештина со која беа презентирани".

[122] Типичен пример за чистиот националистички антисемитизам во рамките на самото нацистичко движење е Рем кој пишуваше: „И уште еднаш, моето мислење се разликува од мислењето на националните филистинци. Не: Евреинот е виновен за сè! Ние сме виновни поради фактот дека Евреинот може да владее денес" (Ernest Röhm, *Die Geschichte eines Hochverräters*, 1933, Volksausgabe, стр. 284).

[123] Кандидатите за СС требаше да направат семејно стебло на своите претци до 1750 година. Кандидатите за раководечки места во партијата ги прашуваа само три прашања: 1. Што си сторил за партијата? 2. Дали си

нешто помалку доследно, марксистичката доктрина за неизбежна финална победа на пролетеријатот болшевизмот ја измени со тоа што своите членови ги организираше како „родени пролетери“ и со претставување на другите класни потекла како срамни и скандалозни[124].

Нацистичката пропаганда беше доволно вешта антисемитизмот да го трансформира во самодефинирачки принцип, и со тоа да ги елиминира колебањата на мислењето во односот кон него. Таа ја користеше убедливоста на масовната демагогија само како подготвителен чекор и никогаш не го преценуваше нејзиното трајно влијание, било во усна било во пишана форма[125]. Ова на масите, составени од атомизирани, недефинирани, нестабилни и површни индивидуи, им даде средство за самодефинирање и идентификација, која не само што им поврати нешто од самопочитувањето што порано го извлекуваа од својата функција во општеството, туку кај нив исто така создаде еден вид лажна стабилност што ги правеше подобри кандидати за членови на организацијата. Преку овој вид пропаганда, движењето можеше да започне со лажно проширување на масовните митинзи и со рационализација на лажните чувства за сопствената важност и хистеричната сигурност што им ја нудеше на изолираните индивидуи на едно атомизирано општество[126].

Истата лукава примена на пароли, создадени од други и испробани порано, беше очигледна во нацистичкиот третман на други важни прашања. Кога вниманието на јавноста беше подеднакво фокусирано од една страна на национализмот, а од друга на социјализмот, кога се мислеше дека се

---

апсолутно здрав, физички, ментално, морално? 3. Дали твоето семејно стебло е во ред? Види *Nazi Primer*.

[124] Така тоталитарните тенденции на макартизмот во Соединетите држави се покажаа најсилни во намерата не само да ги прогонуваат комунистите, туку да го присилат секој граѓанин да приложи докази дека не е комунист.

[125] „Не треба да се преценува влијанието на печатот..., тоа општо земено опаѓа, додека влијанието на организацијата расте“ (Hadamovsky, op. cit., стр. 64). „Весниците се беспомошни кога треба да се борат против агресивната сила на една жива организација“ (Ibid., стр. 65). „Силите што потекнуваат од самата пропаганда се подвижни и можат да исчезнат брзо ако пропагандата на една организација не е поддржана со насилство“ (Ibid., стр. 21).

[126] „Масовните собири се најсилната форма на пропагандата... [бидејќи] секој поединец се чувствува посамоуверен и посилен во масата“ (Ibid., стр. 47). „Ентузијазмот на моментот станува принцип и духовен став преку организација и систематско тренирање и дисциплина“ (Ibid., стр. 21–22).

инкомпатибилни и всушност се идеолошка брана меѓу десницата и левицата, „Националсоцијалистичката германска работничка партија“ (нацисти) понуди една синтеза која требаше да води до национално единство, семантичко решение чиј двоен заштитен знак „германска“ и „работничка“ го поврзуваше национализмот на десницата со интернационализмот на левицата. Самото име на нацистичкото движење ги украде политичките содржини на сите други партии и имплицитно претендираше сите да ги инкорпорира. И порано успешно беа правени комбинации на политички доктрини за кои се претпоставуваше дека се антагонистички (националсоцијалисти, христијанскосоцијали и др.); меѓутоа нацистите остварија своја сопствена комбинација на таков начин што целата борба во Парламентот меѓу социјалистите и националистите, меѓу оние кои пред сè претендираа да бидат работници и оние кои пред сè беа Германци, изгледаше како да е маскарада направена со цел да ги сокрие вистинските злокобни мотиви – та зар не беше секој од членовите на нацистичкото движење сево ова истовремено?

Интересно е тоа што дури и во своите почетоци нацистите беа доволно мудри никогаш да не употребуваат пароли како демократија, република, диктатура или монархија, што упатуваа на некоја специфична форма на владеење[127]. Тоа е исто како секогаш да знаеле дека ќе бидат наполно оригинални. Секоја дискусија за точната форма на нивното идно владеење можеше да биде напуштена како празен муабет за чисти формалности – државата, според Хитлер, е само „средство“ за конзервирање на расата; а според болшевичката пропаганда, е само инструмент на класната борба[128].

---

[127] Во ретките случаи кога Хитлер воопшто се занимавал со ова прашање, имал обичај да нагласи: „Случајно, јас не сум главата на една држава во смисла на диктатор или монарх, туку јас сум лидер на германскиот народ“ (види *Ausgewählte Reden des Führers*, 1939, стр. 114). – Ханс Франк се изразува во истиот дух: „Националсоцијалистичкиот Рајх не е диктаторски, а камо ли своеволен режим. Напротив, националсоцијалистичкиот Рајх се потпира на заемната лојалност на Фирерот и на народот“ (во *Recht und Verwaltung*, Munich 1939, стр. 15).

[128] Хитлер многупати повторил: „Државата е само средство за исполнување на една цел. А таа цел е: зачувување на расата“ (Reden, 1939, стр. 125). Тој исто така истакнува дека движењето „не лежи врз идејата за државата, туку примарно се базира врз затворено Volksgemeinschaft“ (види Reden, 1933, стр. 125, и говорот до новата генерација политички водачи [Führernachwuchs], 1937, печатено како дополнение во *Hitlers Tischgespräche*, стр. 446). Ова, *mutatis*

Како и да е, на еден чуден и заобиколен начин нацистите дадоа пропаганден одговор на прашањето каква ќе биде нивната идна улога, и тој се состоеше во нивната употреба на „Протоколите на ционските мудреци“ како модел за идното организирање на германските маси за „светско царство“. Употребата на Протоколите не беше ограничена само на нацистите. Стотици илјади копии беа продадени во повоена Германија и дури не беше ново ниту нивното отворено прифаќање како политички прирачник[129]. Овој фалсификат главно беше користен со цел да ги денунцира Евреите и да ја крене толпата против опасноста од еврејска доминација[130]. Кажано на јазикот на пропагандата, откритието на нацистите беше дека масите не беа толку исплашени од еврејското завладување со светот, колку што беа заинтересирани како тоа

---

*mutandis*, исто така е срцевина на комплицираниот двоговор во Сталиновата таканаречена „теорија на државата“; „Ние сме за Држава што одумира, и во истовреме се залагаме за зајакнување на диктатурата на пролетеријатот кој го претставува најсилниот и моќен авторитет во сите форми на Државата што воопшто постоеле до денес. Највисокиот можен развој на моќта на Државата што создава услови за одумирање на Државата; тоа е марксистичката формула“ (op. cit., Loc. cit.).

[129] Alexander Stein, Adolf Hitler, Schüler der “Weisen von Zion”, Karlsbad, 1936, беше првиот кој ги анализираше со психолошка споредба идеолошкиот идентитет на нацистичкото учење со она на „Мудреците од Цион“. Види исто така R. M. Blank, Adolf Hitler et les “Protocoles des Sages de Sion”, 1938.

Првиот што го призна влијанието на учењето на Протоколите беше Теодор Фрич (Theodor Fritsch), „големиот стар човек“ на германскиот повоен антисемитизам. Тој пишува во епилогот на неговото издание на Протоколите, 1924: „Нашите идни државници и дипломати ќе треба да ја учат од ориенталните мајстори на злото дури и азбуката на власта, и за оваа цел ’Ционистичките протоколи‘ нудат одлична подготвителна обука“.

[130] За историјата на „Протоколите“, види кај John S. Curtis, *An Appraisal of the protocols of Zion*, 1942.

Фактот дека протоколите беа фалсификат беше ирелевантен за пропагандните цели. Рускиот публицист С. А. Нилус кој го објави второто руско издание во 1905 веќе беше сосема свесен за сомнителниот карактер на овој „документ“ и го искажа она што беше очигледно: „Ако беше возможно да се покаже нивната автентичност со документи или со веродостојни сведоци, ако беше возможно да се откријат личностите што ја водат светската завера... тогаш... ’тајниот договор‘ ќе беше растурен...“ Превод во Curtis, op. cit.

На Хитлер не му беше потребен Нилус за да го употреби истиот трик: најдобар доказ за нивната автентичност е тоа што се докажа дека тие се фалсификат. И тој исто така го додава аргументот на нивната „бомбастичност“: „Она што многу Евреи можат да го сторат несвесно, овде е свесно јасно искажано. И тоа е она што е важно“ (*Mein Kampf*, книга I, глава XI).

може да се направи, дека популарноста на Протоколите се базираше повеќе врз почитта и подготвеноста да се учи отколку врз омразата, и дека би било мудро да се биде колку што е можно поблиску до некои нивни посебни формули, како во случајот на познатиот слоган: „Исправно е она што е добро за германскиот народ“, што беше препишано од Протоколите: „Сè што е добро за еврејскиот народ е морално исправно и свето“[131].

Протоколите се многу чуден документ и заслужуваат внимание од повеќе аспекти. Настрана од нивниот евтин макијавелизам, есенцијална политичка карактеристика им е дека на својот луд начин го допираат секое важно политичко прашање на своето време. Тие се антинационални во принцип и ја претставуваат еднонационалната држава како колос со глинени нозе. Го отфрлаат иационалниот суверенитет и веруваат, како што еднаш рече Хитлер, во светско царство на национална основа[132]. Тие не се задоволни со револуција во некоја земја туку тежнеат да го освојат и да го завладеат целиот свет. На луѓето им ветуваат дека, без оглед на бројната супериорност, на територијата и државната моќ, со добро организирање ќе бидат способни да завладеат со светот. Сигурно е дека дел од нивната убедувачка моќ потекнува од многу старите елементи на суеверие. Непрекинатото постоење на една интернационална секта што ги продолжува истите револуиионерни цели уште од антиката беше одамна забележано[133] и играше улога во политичката задинска литература уште од Француската револуција, иако на ниеден автор од крајот на осумнаесеттиот век не му текна дека оваа „револуционерна секта“, овој „чуден народ... среде сите цивилизирани народи“, можат да бидат Евреите[134].

---

[131] Fritsch, op. cit., “[Der Juden] oberster Grundsatz lautet: ‘Alles, was dem Volke Juda nützt, ist moralisch und ist heilig’”.

[132] „Светските империи изникнуваат од национална основа, но набргу ја надминуваат“ (Reden).

[133] Henri Rollin, *L’Apocalypse de Norte Temps*, Paris 1939, кој смета дека од Протоколите е попопуларна само Библијата (стр. 40), укажува на сличноста меѓу нив и *Monita Secreta*, првпат објавена во 1612 и сè уште продавана во 1939 на улиците на Париз, што сака да ја открие езуитската завера „која ја оправдува сета лошотија и секоја употреба на насилство... Ова е вистинска кампања против воспоставениот поредок“ (стр. 32).

[134] Сета оваа литература е добро претставена од Chevalier de Malet, *Recherches politiques et historiques qui pouvent l’existence d’une secte revolutionnaire*, 1817, кој опширно цитира од постари автори. Хероите од

Тоа беше мотивот на една глобална конспирација околу Протоколите кои главно им се обраќаа на масите, и таа навистина добро одговараше на новата ситуација на сила. (Хитлер многу рано вети дека нацистичкото движење ќе „ги премине тесните граници на модерниот национализам“[135] и за време на војната во СС се правеа напори да се избрише зборот „нација“ од целиот националсоцијалистички речник). Се чинеше дека само светските сили имаат шанса за независен опстанок, а само глобалната политика шанси за трајни резултати. Дека оваа ситуација требаше да ги преплаши помалите народи кои не се светски сили, е премногу јасно. Се чинеше дека Протоколите укажуваат на излез кој не зависеше од објективните непроменливи услови туку само од моќта за организирање.

Со други зборови, нацистичката пропаганда во „интензивно националниот, и затоа супранационален Евреин“[136] го најде предвесникот на германскиот владетел на светот, и ги убеди масите дека „народите кои први го прозреа Евреинот и кои први ќе се фатат во костец со него, ќе го заземат неговото

---

Француската револуција за него се “mannequins” на една “agence cesrète”, агенти на Слободните ѕидари. Но масонството е само име што неговите современици и го дадоа на една „револуционерна секта“ која постоела во сите времиња и чија политика секогаш била да напаѓа „останувајќи скриена зад сцената, влечејќи ги конците на марионетите што сметаше дека треба да ги постави на сцената“. Тој почнува велејќи: „Веројатно ќе биде тешко да се верува во план што бил смислен во антички времиња и секогаш продолжуван со истата доследност: ...авторите на Револуцијата не се ништо повеќе Французи отколку што се Германци, Италијанци, Англичани итн. Тие прават една чудна нација што се роди и растеше во темнина, сред сите цивилизирани нации, со цел сите да ги потчини под своја доминација“.

За една поширока дискусија за оваа литература, види E. Lesueur, *La Franc-Maçonnerie Artesienne au 18e siècle, Bibliothèque d'Historie Révolutionnaire*, 1914. Колку овие легенди за завера се трајни, дури и во нормални околности, може да се види од огромната антимасонска лаичка литература во Франција, која е одвај нешто помалку раширена од нејзиниот антисемитски пандан. Еден вид компендиум на сите теории кои во Француската револуција видоа производ на завера на тајните друштва може да се најде во G. Bord, *La Franc-Maçonnerie en France dès origins a* 1815, 1908.

[135] Reden. – Види го записот од седницата на СС Комитетот за прашањата на трудот во штабот на СС во Берлин, на 12 јануари 1943, каде што беше предложено зборот „нација“, поим оптоварен со конотации на либерализам, да биде елиминиран како неадекватен за германските народи (Document 705 – PS во *Nazi Conspiracy and Aggression*, V, 515).

[136] *Hitler's Speeches*, ed. Baynes, стр. 6.

место во доминацијата со светот"[137]. Заблудата дека веќе постои еврејска светска доминација беше основата на илузијата за германска светска доминација. Токму ова Химлер го имаше на ум кога изјави дека „уметноста на владеење им ја должиме на Евреите", имено, на Протоколите кои „Фирерот ги научи наизуст"[138]. Така, Протоколите го претставија освојувањето на светот како практична можност, навестија дека целата афера беше само прашање на инспирирано или лукаво умеење, и дека никој не стоеше на патот на германската победа над целиот свет освен очигледно мали луѓе, Евреите, кои владееја без да имаат инструменти на насилство – лесен противник, кога тајната еднаш им беше откриена и методите емулирани во поголем размер.

Нацистичката пропаганда ги сконцентрира сите овие нови и ветувачки изгледи во еден концепт кој го нарече *Volksgemeinschaft*. Ова ново заедништво, пробно реализирано во нацистичкото движење во предтоталитарната атмосфера, се базираше на апсолутната еднаквост на сите Германци, еднаквост не по права туку по природа, и на нивната апсолутна различност од сите други луѓе[139]. Откако нацистите дојдоа на власт, овој концепт постепено ја загуби важноста и отвори пат на еден општ презир на германските луѓе (што нацистите секогаш го негуваа, но не можеа порано да го покажат) од една страна[140], и голема готовност, од друга, да го

---

[137] Goebbels, op. cit., стр. 377. Ова ветување, што се подразбираше во целата антисемитска пропаганда од нацистички тип, беше подготвено од Хитлеровата изјава: „Најекстремен контраст на ариецот е Евреинот" (*Mein Kampf*, книга I, поглавје XI).

[138] Досие *Kersten*, во Centre de Documentation Juive.

[139] Хитлеровото првично ветување (Reden), „Никогаш нема да признаам дека други нации имаат исти права како Германците" стана официјална доктрина: „Темелот на националсоцијалистичкиот изглед во животот е согледувањето на нееднаквоста на луѓето" (*Nazi Primer*), стр. 5.

[140] На пример, Хитлер во 1923: „Германскиот народ се состои една третина од херои, една третина од страшливци, додека останатите се предавници" (*Hitler's Speeches*, ed. Baynes, стр. 76).

По земањето на власта, овој тренд стана уште побрутално изразен. Види, на пример Goebbels во 1934: „Кои се луѓето што критикуваат? Партиски членови? Не. Остатокот од германскиот народ? Треба да се сметаат за среќни што се сè уште живи. Би било премногу добро ако на оние кои живеат од нашата милост им се дозволи да критикуваат". Цитирано од Kohn-Bramstedt, op. cit., стр. 178–179. – За време на војната Хитлер изјави: „Јас сум само магнет што постојано се движи низ германскиот народ и го извлекува челикот од овие луѓе. И често пати сум тврдел дека ќе дојде времето кога сите оние луѓе што нешто

издигнат својот сопствен ранг над „аријците“ од другите народи, идеја која играше само мала улога во нацистичката пропаганда пред доаѓањето на власт[141]. *Volksgemeinschaft*-от беше само пропагандна подготовка за „аријско“ расно општество кое на крајот би ги осудило на пропаст сите народи, вклучувајќи ги и Германците.

До извесен степен, *Volksgemeinschaft*-от беше обид на нацистите да се спротивстават на ветувањето на комунистите за бескласно општество. Пропагандното надоврзување на едното и другото се чини очигледно ако ги запоставиме сите идеолошки импликации. Обете форми ветија да ги изедначат сите социјални и имотни разлики – бескласното општество ја нудеше очигледната конотација дека секој ќе биде доведен до статусот на фабрички работник, додека *Volksgemeinschaft*-от со својата конотација на конспирација за завладување со светот, изнесуваше една разбирлива надеж дека секој Германец би можел да стане сопственик на фабрика. Уште поголема предност на *Volksgemeinschaft*-от, како и да е, беше тоа што неговиот естаблишмент не требаше да чека на некое идно време и не зависеше од објективни услови: можеше да се реализира веднаш во измислениот свет на движењето.

Вистинската цел на тоталитарната пропаганда не е убедување туку организирање – „акумулирање на сила без поседување на средства за насилство[142]. За оваа цел, оригиналноста на идеолошката содржина може да се смета како непотребна пречка. Не е никаква случајност што двете тоталитарни движења на нашето време, толку застрашувачки

---

вредат во Германија ќе бидат во мојот табор. А оние што нема да бидат во мојот табор и онака се безвредни“. Уште тогаш на оние од непосредната околина на Хитлер им беше јасно што ќе им се случи на оние кои „и онака се безвредни“ (види *Der grossdeutsche Freiheitskampf.* Reden Hitlers vom 1.9.1939– 10.3.1940, стр. 174). – Химлер мислеше на истото кога рече: „Фирерот не размислува на германски, туку од германска гледна точка“ (Досие *Kersten*, спореди со погоре), освен што ние знаеме од *Hitlers Tischgespräche* (стр. 315 и нат.) дека во тие денови тој веќе се подсмеваше со германскиот „повик“ и размислуваше во „ариевски термини“.

[141] Химлер во говорот до водачите на СС во Краков во април 1943 (*Nazi Conspiracy*, IV, стр. 572 и нат.): „Многу бргу формирав германски СС во различни земји...“. Една рана индикација уште пред доаѓањето на власт на оваа ненационална политика може да се најде кај Хитлер (Reden): „Ние секако исто така во новата владејачка класа ќе примиме претставници на други народи, т.е. оние кои го заслужуваат тоа заради своето учество во нашата борба“.

[142] Hadamovsky, op. cit.

„нови" по своите методи на владеење и лукави форми на организирање, никогаш не проповедале нова доктрина, никогаш не измислиле идеологија која веќе не била позната[143]. Не беше минливиот успех на демагогијата тоа што ги освои масите, туку очигледната реалност и моќта на „живата организација"[144], Хитлеровата брилијантна дарба на масовен оратор не му ги освои позициите во движењето, туку попрво ги насочи неговите противници да го потценат како прост демагог, а Сталин можеше да го победи поголемиот оратор на Руската револуција[145]. Она по што тоталитарните водачи се разликуваат, пред сè, е лековерната, простодушна решителност со која ги избираат оние елементи од постоечките идеологии кои се најпогодни да станат темели на еден друг, сосема лажен свет. Нереалноста на Протоколите беше исто толку адекватна колку и нереалноста на троцкистичката завера, затоа што обете содржеа елемент на веродостојност – неотвореното влијание на Евреите во минатото; борбата за власт меѓу Троцки и Сталин – без што не може дури и лажниот свет на тоталитаризмот. Нивната уметност се состои во користењето, и во исто време во пренесувањето, на елементите на реалноста, на проверливите искуства, во избраната фикција, и во нивното генерализирање во области кои тогаш

---

[143] Heiden, op. cit., стр. 139: пропагандата не е „уметноста на наметнување на некое мислење во масите. Всушност тоа е уметност на примање на мислење од масите".

[144] Hadamovsky, op. cit., passim. Терминот е земен од Хитлер, *Mein Kampf* (книга II, глава XI), каде „живата организација" на движењето е контрастирана со „мртвиот механизам" на бирократската партија.

[145] Би било сериозна грешка тоталитарните лидери да се интерпретираат со термините на Веберовата категорија за „харизматско лидерство". Види Hans Gerth, "The Nazi Party", во American Journal of Sociology, 1940, vol. XLV. (Слично недоразбирање е исто така недостаток и на биографијата на Heiden, op. Cit.). Герт (Gerth) го опишува Хитлер како харизматски водач на бирократска партија. Само ова, според него, е доволно за фактот што „иако срамните акции содржат контрадикторни зборови, ништо не може да ја раскине цврстата дисциплина на организацијата". (Оваа контрадикција, патем речено, е многу покарактеристична за Сталин „кој водеше сметка секогаш да го зборува спротивното од она што го прави, и да го прави спротивното од она што го рекол", Souvarine, op. cit., стр. 431).

За изворот на недоразбирањата види Alfred von Martin, "Zur Soziologie der Gegenwart", во Zeitschrift für Kulturgeschichte, том 27, и Arnold Koettgen, "Die Gesetzmässigkeit der Verwaltung im Führerstaat", во *Reichsverwaltungsblatt*, 1936, обајцата ја карактеризираат нацистичката држава како бирократија со харизматско водство.

се целосно настрана од сета можна контрола на индивидуалното искуство. Со такви генерализации, тоталитарната пропаганда воспоставува свет кој може да се натпреварува со реалниот, чиј главен хендикеп е тоа што не е логичен, доследен и организиран. Доследноста на фикцијата и строгоста на организацијата и овозможуваат на генерализацијата дефинитивно да ја преживее експлозијата на поспецифични лаги – моќта на Евреите по нивниот беспомошен масакр, злокобната глобална конспирација на троцкистите по нивната ликвидација во советска Русија и убиството на Троцки.

Тврдоглавоста со која тоталитарните диктатори се придржуваат кон своите оригинални лаги пред лицето на апсурдноста е повеќе од суеверна благодарност кон она што им донело успех и, барем во случајот на Сталин, не може да се објасни со психологијата на лажливец, кого успехот може да го направи да си биде своја сопствена последна жртва. Еднаш кога овие пропагандни слогани ќе бидат интегрирани во „жива организација“, тие не ќе можат безбедно да бидат елиминирани без да ја уништат целата структура. Претпоставката за еврејската светска завера тоталитарната пропаганда го трансформираше од објективно дискутабилно прашање во главен елемент на нацистичката реалност; работата беше во тоа што нацистите се однесуваа како во светот да доминираа Евреи, и како да им беше потребна контраконспирација за да се одбранат. Расизмот за нив веќе не беше дискутабилна теорија со сомнителна научна вредност; туку се реализираше секој ден преку хиерархијата што функционираше секојдневно во политичката организација, во чии рамки ќе беше многу „нереално“ тој да се доведува во прашање. Слично, на болшевизмот веќе не му беа потребни говорни победи во дискусиите за класната борба, ниту интернационализмот и безусловната зависност на добрата состојба на пролетеријатот од добрата состојба во Советскиот Сојуз; функционирањето на организацијата на Коминтерната е поубедливо отколку што може да биде каква било дискусија, или самата идеологија.

Основната причина за супериорноста на тоталитарната пропаганда над пропагандата на другите партии и движења е таа што нејзината содржина за членовите на движењето во кој било поглед веќе не е објективно прашање за кое луѓето може да имаат ставови, туку станала исто толку реален и недопирлив елемент во нивните животи како и правилата на аритметиката. Организирањето на целокупното животно ткиво според една идеологија може целосно да се спроведе само под

тоталитарен режим. Во нацистичка Германија, сомневањето во валидноста на расизмот и антисемитизмот во време кога не беше важно ништо друго освен расното потекло, кога кариерата зависеше од „ариевската“ физиономија (Химлер ги бираше кандидатите за СС од фотографии), а количеството на храна од бројот на еврејските претци, беше исто што и сомневање во постоењето на светот.

Предностите на пропагандата, која постојано ја додава силата на организацијата“[146] на слабиот и неуверлив глас на аргументацијата, и со тоа овозможува, така да се рече, без размислување, да се остварува сè што се сака, се очигледни и без демонстрација. Сосема е јасно дека наспроти сите аргументи базирани врз реалноста која движењата ветуваа дека ќе ја сменат, наспроти контрапропагандата дисквалификувана веќе со самиот факт што му припаѓа или го брани светот што неумешните маси нема да можат и не ќе сакаат да го прифатат, тоа може да биде оспорено само од друга, подобра или посилна реалност.

Токму во моментот на пораз, вродената слабост на тоталитарната пропаганда станува очигледна. Без силата на движењето, неговите членови веднаш престануваат да веруваат во догмата за која уште вчера беа готови да ги жртвуваат своите животи. Во моментот кога движењата, т.е. лажниот свет што ги засолнуваше е уништен, масите се свртуваат назад кон нивниот стар статус на изолирани индивидуи кои или среќно ја прифаќаат новата функција во променетиот свет, или потонуваат назад во нивната стара, очајна непотребност. Членовите на тоталитарните движења, крајно фанатични сè додека движењето постои, нема да го следат примерот на религиозните фанатици и да умрат со смрт на маченици (иако покажуваат преголема волја да умрат со смрт на роботи)[147]. Попрво тивко ќе се откажат од движењето

---

[146] Hadamovsky, op. cit., стр. 21. За тоталитарните цели грешка е да се пропагира нивната идеологија преку учење или убедување. Според зборовите на Роберт Леј (Robert Ley), таа не може ниту да се „учи“ ниту да се „научи“, туку само да се „спроведува“ и да се „практикува“ (види *Der Weg zur Ordensburg*, недатирано).

[147] Р. Хоен еден од истакнатите нацистички политички теоретичари, овој недостиг на доктрина или дури[1] и на обични идеали и доверба во движењето, го интерпретира во својата *Reichsgemeinschaft und Volksgemeinschaft*, Hamburg 1935: „Од гледна точка на народната заедница, секоја заедница на вредности е деструктивна“ (стр. 83).

како од лош влог и ќе побараат некоја друга ветувачка фикција, или ќе почекаат додека претходната фикција повторно не собере доволно сила за да воспостави друго масовно движење.

Искуството на Сојузниците кои напразно се обидуваа да лоцираат самоуверен и убеден нацист меѓу германските луѓе, од кои 90 насто веројатно кога-тогаш биле искрени симпатизери, не треба да се земе едноставно како знак на човечка слабост или очигледен опортунизам. Нацизмот како идеологија толку целосно „се реализираше“ што неговите содржини престанаа да постојат како независен збир на доктрини, така да се рече, ја загубија својата интелектуална егзистенција; деструкцијата на реалноста, според тоа, не остави зад себе ништо, најмалку од сè фанатизмот на оние кои веруваа во него.

## 2. ТОТАЛИТАРНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

1. Формите на тоталитарната организација, како што е забележано од нивната идеолошка содржина и пропагандните слогани, се сосема нови[148]. Тие се конструирани да ги преведуваат пропагандните лаги на движењето, исткаени околу некоја централна фикција – за заговорот на Евреите, или на троцкистите, или на тристоте семејства итн., – во една функционирачка реалност, за да изградат, дури и под нетоталитарни услови, општество чии членови ќе делуваат и ќе реагираат во склад со правилата на еден измислен свет. Наспроти привидно сличните партии и движења со фашистичка или социјалистичка, националистичка или комунистичка ориентација, кои сите ја поддржуваат својата пропаганда со тероризам веднаш штом ќе достигнат извесен степен на екстремизам што пред сè зависи од степенот на очаеност на нивните членови), тоталитарното движење е навистина сериозно во врска со својата пропаганда, и оваа искреност

[148] Дискутирајќи за односот меѓу *Weltanschauung*-от и организацијата, признава како факт дека нацистите ја презедоа од други групи и партии „идејата за расата“ (*die völkische Idee*) и се однесуваа како тие да беа нејзини единствени застапници, бидејќи беа првите кои борбената организација ја базираа врз неа и кои ја формулираа за практични цели. Op. cit., книга II, глава V.

многу позастрашувачки е изразена при организирањето на неговите следбеници отколку при физичкото ликвидирање на неговите опоненти. Организирањето и пропагандата (попрво отколку теророт и пропагандата) се две страни на истиот медал[149].

Најзабележително ново средство за организирање на движењата во нивната фаза пред доаѓање на власт е создавањето фронтовска организација, во која има разлика меѓу членовите на партијата и нејзините симпатизери. Во споредба со овој изум, другите типично тоталитарни обележја, како назначување на функционери одозгора и евентуално монополизирање на назначувањето од страна на еден човек, по значење се секундарни. Таканаречениот „лидер-принцип“ сам по себе не е тоталитарен; тој има позајмено извесни карактеристики од авторитаризмот и воената диктатура кои најмногу имаат придонесено за замаглувањето и потценувањето на есенцијалноста на феноменот на тоталитарноста. Ако функционерите назначени одозгора имаа вистински авторитет и одговорност, ќе требаше да излеземе на крај само со хиерархиската структура во која власта и моќта се одредени и раководени според законите. Сосема истото важи и за организирањето на војската и за воената диктатура што таа ја воспоставува по углед на својот модел; овде, апсолутната сила која командува од врвот надолу и апсолутната послушност од дното нагоре одговараат на ситуацијата на крајна опасност во битка, што е токму причината зошто тие не се тоталитарни. Хиерархиското организирање на синџир од команди значи дека моќта на заповедникот зависи од целиот хиерархиски систем во кој тој учествува. Секоја хиерархија, без разлика (колку и да е авторитарна по својата насоченост, и секој синџир од команди, без разлика колку и да е арбитрарен или диктаторски по својата содржина на наредби, тежнеат да се стабилизираат и да ја ограничат тоталната моќ на водачот на тоталитарното движење[150]. Во јазикот на нацистите, неуморната, динамична „волја на Фирерот“ – а не неговите

---

[149] Види Hitler, “Propaganda and Organization”, во op. cit., книга II, глава XI.

[150] Химлеровото крајно ургентно барање „да не се издава никаков декрет во врска со дефиницијата на терминот ’Евреин‘“ е таков случај, бидејќи „со сите овие будалести постапки само ќе си ги врземе рацете“ (Nuremberg Document No. 626 писмо до Berger датирано 28 јули 1942, фотокопија во Centre de Documentation Juive).

наредби, фраза што би можела да имплицира одреден и дефиниран авторитет – станува „највисок закон“ во една тоталитарна држава[151]. Само поради позицијата во која тоталитарното движење, благодарејќи на неговата единствена организација, го сместува водачот – само заради неговата функционална важност за движењето – принципот на водачот го развива својот тоталитарен карактер. Ова исто така го потврдува и фактот дека и во случајот на Хитлер и во случајот на Сталин вистинскиот принцип на водачот се кристализираше прилично бавно, и паралелно со прогресивната „тоталитаризација“ на движењето[152].

Анонимноста која многу придонесува за несфатливоста на целиот феномен ги затемнува почетоците на оваа нова организациска структура. Не знаеме кој прв решил да ги организира симпатизерите во фронтовска организација, кој

---

[151] Формулацијата „Волјата на Фиререт е највисок закон“ се наоѓа во сите официјални правила и закони што се однесуваат на раководењето со Партијата и со СС. Најдобриот извор во врска со ова прашање е Otto Gauweiler, *Rechtseinrichtungen und Rechtsaufgaben der Bewegung*, 1939.

[152] Heiden, op. cit., стр. 292, известува за следната разлика меѓу првото и следните изданија на *Mein Kampf*: првото издание предлага партиските раководители веднаш по изборот да бидат овластени со „неограничена моќ и авторитет“; сите наредни изданија внесуваат наименување на партиските раководители од горе, од следниот повисок лидер. Нормално, за стабилноста на тоталитарните режими назначувањето од горе е многу поважен принцип од „неограничениот авторитет“ на назначениот раководител. Во практика, авторитетот на водачите пониски по ранг беше суштински ограничен преку апсолутниот суверенитет на Лидерот. Види подолу.

Доаѓајќи од конспиративниот апарат на болшевичката партија, Сталин веројатно никогаш не размислувал за овој проблем. За него, назначувањата во партиската машинерија беа прашање на акумулација на лична моќ. (Сепак, уште во триесеттите, откако го проучи Хитлеровиот пример, тој дозволи да му се обраќаат како на „водач“.) Како и да е, мора да се признае дека тој лесно можеше да ги оправда овие методи со цитирање на Лениновата теорија дека „историјата на сите земји покажува дека работничката класа, исклучиво со свој сопствен напор, е способна да развие само синдикална свест“, и дека нејзиното водство, според тоа, неопходно доаѓа однадвор. (Види *What is to be done?*, првпат издадена 1902 во Collected Works, Vol. IV, книга II). Работата е во тоа што Ленин комунистичката партија ја сметал за „најпрогресивен“ дел на работничката класа и во исто време за „двигател на политичката организација“ кој „ги управува пролетерските маси“, т.е. една организација вон и над класата. (Види W. H. Chamberlin, *The Russian Revolution*, 1917– 1921, New York 1935, II, 361). Како и да е, Ленин не ја доведувал во прашање валидноста на внатрешнопартиската демократија, иако беше наклонет кон рестрикција на демократијата на самата работничка класа.

прв во масите со неодредени симпатии – на кои сите партии сметаа на денот на изборите, меѓутоа ги сметаа за преколебливи за да бидат членови – виде не само резервоар од кој би се извлекувале нови членови, туку и пресудна сила сама по себе. Првите организации на симпатизери инспирирани од комунизмот, како што се здруженијата на Пријателите на Советскиот Сојуз или Црвеното ослободување, се развија во фронтовски организации, меѓутоа во почетокот не беа ништо повеќе или помалку од она што значеа нивните имиња: збир на симпатизери за финансиска или друга (на пример, правна) помош. Хитлер беше првиот кој рече дека секое движење треба масите кои биле освоени преку пропаганда да ги подели на две категории, на симпатизери и членови. Ова самото по себе е доволно интересно; уште позначајно е дека тој оваа поделба ја базираше врз една поопшта филозофија според која најголем дел од луѓето се премногу мрзливи и страшливи за било што повеќе од само теоретски увид, а само мал дел сакаат да се борат за своите убедувања[153]. Хитлер, според тоа, беше првиот кој почна да води свесна политика на постојано зголемување на бројот на симпатизери додека во исто време бројот на партиски членови го задржуваше строго ограничен[154]. Оваа идеја за мал број партиски членови опкружени со голем број симпатизери прилично се доближува до подоцнежната реалност на фронтовските организации – термин кој во секој случај најприкладно ја изразува нивната евентуална функција, и ја покажува врската меѓу членовите и симпатизерите во рамките на самото движење. Затоа што фронтовските организации на симпатизери не се помалку важни за функционирањето на движењето од неговите вистински членови.

Фронтовските организации го опкружуваат членството на движењето со заштитен ѕид кој ги одвојува од надворешниот, нормалниот свет; во исто време тие прават мост кон

---

[153] Hitler, op. cit., книга II, глава XI.

[154] Ibid. Овој принцип беше стриктно зајакнат веднаш штом нацистите дојдоа на власт. Од седум милиони членови на Хитлеровата младина, само 50.000 беа примени за партиски членови во 1937. Види го предговорот од H. L. Childs кон *The Nazi Primer*. – Спореди исто Gottfried Nesse, "Die verfassungsrechtliche Gestaltung der Ein-Partei", во *Zeitschfift für die gesamte Staatwissenschaft*, 1938, том 98, стр. 678: „Дури и Една Партија не смее никогаш да порасне до степен кога ќе ја опфати целата популација. Таа е 'тотална' заради нејзиното идеолошко влијание врз нацијата".

нормалниот свет, без кој членовите во периодот пред да дојдат на власт би ги чувствувале преостро разликите меѓу нивните убедувања и убедувањата на нормалните луѓе, меѓу својата лажлива фиктивност и реалноста на нормалниот свет. Ингениозноста на овој план за време на борбата на движењето за власт се состои во тоа што фронтовските организации не само што ги изолираат членовите, туку и им нудат и лажна претстава за надворешниот нормален свет, која ги чува од влијанието на вистинската реалност поефикасно од самата индоктринација. Разликата меѓу неговите сопствени ставови и ставовите на симпатизерите на движењето е токму тоа што на еден нацист или болшевик му ја засилува вербата во лажните објасненија за светот, затоа што, после сè, симпатизерот ги има истите ставови, само во „понормална“, т.е. помалку фанатизирана, позбркана форма; така што на членот на партијата му се чини дека секој оној кого партијата не го издвоила како непријател (Евреин, капиталист итн.) се наоѓа не негова страна, дека светот е полн со тајни сојузи кои скоро да не можат, барем засега, да ја соберат неопходната сила на мислите и на карактерот за да ги извлечат логичните заклучоци од своите сопствени убедувања[155].

Слободниот свет, од друга страна, обично своите први делумни погледи на тоталитарното движење ги добива преку своите фронтовски организации. Симпатизерите, кои по сè изгледа се сè уште безопасни сограѓани во едно нетоталитарно општество, тешко може да се наречат простодушни фанатици; преку нив, движењата своите фанатични лаги ги прават општо прифатливи, својата пропаганда можат да ја шират во поблаги, поконвенционални форми, сè додека целата атмосфера не се затруе со тоталитарни елементи кои се тешко препознатливи како такви, а изгледаат како да се нормални политички реакции или мислења. Организациите кои ги симпатизираат тоталитарните движења, ги опкружуваат со превез на нормалност и почитување што членовите ги доведува во заблуда во врска со вистинскиот карактер на надворешниот свет исто онака како што надворешниот свет го доведува во заблуда во врска со вистинскиот карактер на движењето. Истурената организација функционира во обата правца: како фасада на

[155] Види го Хитлеровото диференцирање меѓу „радикалните луѓе“ кои беа подготвени да станат членови на партијата, и стотиците илјади симпатизери кои беа премногу „страшливци“ да ја сторат неопходната жртва. Op. cit., loc. cit.

тоталитарното движење кон нетоталитарниот свет и како фасада на тој свет кон внатрешната хиерархија на движењето.

Она што уште повеќе паѓа во очи од оваа врска е фактот дека таа се повторува на различни нивоа во рамките на самото движење. Исто онака како што членовите на партијата се поврзани со организацијата и одделени од нејзините симпатизери, така и елитните формации на движењето се поврзани со обичните членови, и одделени од нив. Ако симпатизерот сè уште се чини дека е нормален жител на надворешниот свет кој го прифатил тоталитарното кредо онака како што се прифаќа програмата на некоја обична партија, обичниот член на нацистичкото или болшевичкото движење, во многу погледи, сè уште му припаѓа на околниот свет: неговите професионални и општествени врски сè уште се апсолутно одредени со неговото членување во партијата, иако тој може да сфати – како некој што се разликува од обичните симпатизери – дека во случај на конфликт меѓу неговата лојалност кон партијата и неговиот приватен живот, првото треба да биде пресудно. Членот на една милитантна група, од друга страна, тотално се идентификува со движењето; тој нема професија и приватен живот кои се настрана од него. Исто онака како што симпатизерите прават заштитен ѕид околу членовите на движењето и им го претставуваат надворешниот свет, така обичното членство ги опкружува милитантните групи и им го претставува надворешниот нормален свет.

Дефинитивната предност на ваквата структура е тоа што таа го застапува влијанието на една од основните тоталитарни догми – дека светот е поделен на два гигантски непријателски табора, од кои едниот е движењето, и дека движењето може и мора да се бори против целиот свет – тврдење кое и прави пат на сеопштата агресивност на тоталитарните режими на власт. Преку внимателно градуирана хиерархија на борбеност во која секој чин е отелотворување на нетоталитарниот свет на повисоко ниво затоа што е помалку борбен и неговите членови помалку тотално организирани, шокот од застрашувачката и монструозна тоталитарна дихотомија се поништува и никогаш сосема не се реализира; овој вид на организирање спречува нејзините членови некогаш директно да се конфронтираат со надворешниот свет, чие непријателство за нив останува само идеолошка претпоставка. Тие се така добро заштитени од реалноста на нетоталитарниот свет што постојано го потценуваат огромниот ризик на тоталитарната политика.

Нема сомнение дека тоталитарните движења го напаѓаат статус квото порадикално од која било од претходните револуционерни партии. Тие можат да си го дозволат овој радикализам, очигледно толку неприкладен за масовни организации, затоа што нивната организација нуди привремена замена за обичниот, неполитички живот, кој тоталитаризмот всушност настојува да го напушти. Целиот свет на неполитички општествени односи, од кој „професионалниот револуционер“ требаше да се отсече или да го прифати таков каков што е, постои во форма на помалку борбени групи во движењето; во рамките на овој хиерархиски организиран свет борците за освојување на светот и светска револуција никогаш не се изложени на шокот што неизбежно произлегува од противречноста меѓу „револуционерните“ верувања и „нормалниот“ свет. Причината зошто движењата во фазата пред да дојдат на власт, во својата револуционерна фаза можат да привлечат толку многу обични филистинци е во тоа што нивните членови се опкружени со нормалниот свет на симпатизери, а елитните формации со нормалниот свет на обични членови.

Друга предност на тоталитарната шема е тоа што може да се повторува бесконечно и што ја одржува организацијата во состојба на флуидност која и дозволува постојано да вметнува нови нивоа и да дефинира нови степени на борбеност. Целата историја на нацистичката партија може да се раскаже со помош на нови формации во рамките на движењето. СА, јуришните одреди (основани 1922), беа првата нацистичка формација која требаше да биде поборбена од самата партија[156]; во 1926, беа основани СС како елитна формација на СА; по три години, СС беа одвоени од СА и ставени под команда на Химлер; на Химлер му беа потребни само неколку години за да ја повтори истата игра во рамките на СС. Една по друга, и сите поборбени од своите претходниии, беа создадени, прво Јуришните одреди[157], потоа единиците на Мртвечката глава („единици за чување на концентрациони логори“), кои подоцна беа споени за да се формираат Вооружени СС (*Wafen-SS*), на крајот Службата за безбедност

[156] Види Hitler: глава за СА во op. cit., книга II, глава IX, втор дел.

[157] Во преведувањето на *Verfügungstruppe*, т.е. на специјалните единици на СС кои оригинално требаше да бидат на специјално располагање на Хитлер, како ударни трупи, јас го следам O. C. Giles, *The Gestapo. Oxford Pamphlets on World affairs*, No. 36, 1940.

(„идеолошка тајна шпионска организација на Партијата", и нејзината егзекутивна рака за „негативната политика на популацијата") и Службата за расни прашања и раселување (*Rasse-und Siedlungswesen*), чии задачи беа од „позитивен вид" – сите тие произлегоа од Редовните СС, чии членови, освен повисоките Водечки корпуси, останаа на своите цивилни задачи. Со сите овие нови формации членот на Редовните СС сега беше во иста врска како и припадникот на СА кон припадникот на СС, или членот на партијата кон припадникот на СА или членот на истурената организација кон членот на партијата[158]. Сега редовните СС беа задолжени не само со „чување на... отелотворувањето на националсоцијалистичката идеја", туку исто така и со „заштита иа членовите на сите

---

[158] Најважниот извор за организацијата и историјата на СС е Химлеровата "Wesen und Aufgabe der SS und der Polizei", во *Sammelhefte ausgewählter Vorträge und Reden*, 1939. Во текот на војната, кога поради загубите на фронтот требаше да се пополнат чиновите на *Waffen-SS* со доброволци, *Waffen-SS* го загубија својот елитен карактер во рамките на СС до тој степен што сега Главниот СС, т.е. повисоките Фиререви трупи, повторно го претставуваа вистинското елитно јадро на движењето.

Мошне значаен материјал за оваа последна фаза на СС може да се најде во архивите на Hoover Library, *Himmler File*, Folder 278. Од него се гледа дека СС започна со регрутирање и на странски работници и на домашното население со намерно имитирање на методите и правилата на францускатa Легија на странците. Пријавувањето меѓу Германците се базираше на наредбата на Хитлер (никогаш необјавена) од декември 1942, според која „1925. класа [треба] да биде вклучена во *Waffen-SS*" (Химлер во писмо до Борман). Запишувањето и пријавувањето привидно се спроведуваа на доброволна основа. Точно кон што водеше ова може да се види од бројните извештаи на СС водачите на кои им беше доверена оваа задача. Еден извештај од 21 јули 1943 опишува како полицијата ја опколи зградата во која требаше да се пријават француските работници, како Французите прво ја пееја „Марсељезата" а потоа се обидуваа да скокнат низ прозорците. Обидите меѓу германската младина беа одвај нешто поохрабрувачки. Иако беа подложени на исклучителен притисок, и им беше кажано дека „тие секако не би сакале да им се придружат на 'валканите сиви хорди'" на армијата, само осумнаесет од 220 членови на Хитлеровата младина се јавија на должност (според извештајот од 30 април 1943, поднесен од Häussler, шеф на Југозападниот пријавен центар на *Waffen-SS*); сите други претпочитаа да му се придружат на Вермахтот. Можно е дека поголемите загуби на СС во споредба со оние на Вермахтот влијаеја на нивните одлуки (види Karl O. Paetel, "Die SS", во *Vierteljahreshefte für Zeitgeschichte*, јануари 1954). Меѓутоа, дека само овој факт никогаш не би бил решавачки, докажува следното: веќе во јануари 1940 Хитлер нареди спојување на СА во *Waffen-SS* и резултатите за *Koenigsberg*, базирани врз еден зачуван извештај, беа следните: 1 807 СА членови беа повикани „во полициска служба"; од нив, 1 094 не се јавија; 631 беа одбиени како непогодни; 82 беа примени во служба во СС.

специјални СС кадри од тоа да се одвојат од самото движење“[159].

Оваа флуктуирачка хиерархија, со своето непрекинато додавање на нови нивоа и промени на власта, е добро позната од тајните контролни тела, тајната полиција или шпионските служби, каде што секогаш се потребни нови контроли за контролирање на контролорите. Во периодот пред движењата да дојдат на власт, тоталната шпионажа сè уште не е возможна; меѓутоа, [флуктуирачката хиерархија, слична на онаа на тајните служби, овозможува, дури и без некаква посебна сила, да се деградира секоја позиција или група што се колеба или покажува знаци на радикализам во опаѓање само заради вметнувањето на некој нов порадикален слој, на тој начин автоматски поместувајќи ја постарата група во правец кон фронтовската организација и подалеку од центарот на движењето. Така, нацистичките елитни формации во почетокот беа во партиски организации: СА се издигнаа до позиција на натпартија кога партијата започна да ја губи радикалноста и стоеше на пресвртница и од слични причини беше потисната од СС.

Военото значење на тоталитарните елитни формации, особено на СА и СС, често пати се преценува, додека нивното чисто внатрешно партиско значење донекаде се запоставува[160]. Ниедна од фашистичките кошулашки организации не беше основана заради специфични одбранбени или агресивни цели, иако одбраната на водачите или на обичните партиски членови обично се наведуваше како изговор[161]. Парамилитарната форма на нацистичките и фашистичките елитни групи беше резултат на тоа што беа основани како „инструменти за идеолошка борба на движењето[162] против широко распространетиот пацифизам во Европа по Првата светска војна. За

---

[159] Werner Best, op. cit., 1941, стр. 99.

[160] Ова, како и да е, не беше грешка на Хитлер, кој секогаш инсистираше дека самото име на СА (*Sturmabteilung*) значеше дека тие беа само „секција на движењето“ исто како другите партиски формации како одделот за пропаганда, весниците, научните институти итн. Тој исто така се обиде да ги растури илузиите за можната милитарна вредност на парамилитарните формации и сакаше обуката да се спроведе во склад со потребите на партијата, а не според принципите на армијата. Op. cit., loc. cit.

[161] Официјална причина за основањето на СА беше заштитата на нацистичките митинзи, додека оригиналната задача на СС беше заштитата на нацистичките водачи.

[162] Hitler. op. cit., loc. cit.

тоталитарните цели многу поважно беше да се основа, „како израз на агресивниот став“[163], лажна армија којашто повеќе личи на лажната армија на пацифистите (неспособни да го сфатат конституционалното место на армијата во рамките на политичкото тело, пацифистите ги прогласија сите воени институции за банди составени од самоволни убијци), отколку да се има ескадрон добро обучени војници. СА и СС секако беа организации за насилство и убивање кои служеа како модел; одвај да беа обучени како Црните Рајхсвер (оружени сили), и не беа опремени за борба против обична војска. Во повоена Германија воената пропаганда беше попопуларна од воениот тренинг, и униформите не го подигнаа военото значење на парамилитарните трупи, иако беа корисни како јасна индикација за напуштање на цивилните стандарди и морал; на некој начин тие униформи прилично им ја олеснија совеста на убијците и исто така ги направија поприемчиви за беспоговорна послушност и беспоговорен авторитет. И накрај овој внатрешен сјај, внатрешно партиската фракција на нацисти, која примарно беше националистичка и милитаристичка и според тоа на парамилитарните трупи гледаше не како на само партиски формации туку како на илегално зголемување на Рајхсверот (вооружените сили беа ограничени со одредбите на Версајскиот мировен договор), беше првата на ред за ликвидирање. Рем, водачот на јуришните трупи на СА секако сонувал и преговарал вклучување на неговите СА во Рајхсверот по доаѓањето на нацистите на власт. Хитлер го уби затоа што се обиде новиот нацистички режим да го претвори во воена диктатура[164].

[163] Ernst Bayer, *Die SA*, Berlin 1938. Преводот е цитиран од *Nazi Conspiracy*, IV.

[164] Ремовата автобиографија јасно покажува колку малку неговите политички убедувања се согласуваат со оние на нацистите. Тој секогаш посакувал една “Soldatenstaat” и секогаш инсистирал на “Primat des Soldaten vor dem Politiker” (op. cit., стр. 349). Посебно речит во својот нетоталитарен став, или уште повеќе во својата неспособност да го сфати тоталитаризмот и неговото „тотално“ барање, е следниот пасус: „Не гледам зошто следните три работи не би можеле да бидат компатибилни: мојата лојалност на престолонаследникот од Вителсбах и наследник на баварската круна; моето восхитување за главниот интендантски офицер од Светската војна [т.е. Лудендорф], кој денес ја отелотворува совеста на германскиот народ; и моето другарство со гласникот и носителот на политичката борба, Адолф Хитлер“ (стр. 348). Она што на крајот Рем го плати со главата беше што по земањето на власта имаше визија за фашистичка диктатура според шаблонот на италијанскиот режим, според кој

Неколку години претходно Хитлер расчисти дека развивањето во тој правец не е тоа што му е потребно на нацистичкото движење кога го отпушти Рем – вистински војник чие искуство во војната и во организирањето на Црните Рајхсвер би било незаменливо при сериозна програма за воена обука – од неговото место на шеф на СА и го одбра Химлер, човек без тронка познавање на воената проблематика, да ги реорганизира СС.

Настрана од важноста на елетните формации за организационата структура на движењето, каде што ја чинеа променливата срцевина на борбеноста, нивниот парамилитарен карактер мора да се сфати како составен дел на други професионални партиски организации, како оние за учители, правници, лекари, студенти, универзитетски професори, техничари и работници. Сите овие во почетокот беа дупликати на постоечки нетоталитарни професионални општества, парапрофесионални како што беа парамилитарни јуришните одреди. Карактеристично беше тоа што колку што поочигледно стануваше дека европските комунистички партии станаа ограноци на болшевичкото движење раководено од Москва, тие уште повеќе, исто така, ги користеа своите фронтовски организации да се натпреваруваат со постоечките чисто професионални групи. Во овој поглед разликата меѓу нацистите и болшевиците беше само во тоа што нацистите покажуваа отворена тенденција овие парапрофесионални формации да ги сметаат како дел од партиската елита, додека комунистите претпочитаа од нив да го регрутираат материјалот за своите фронтовски организации. Важен фактор за движењата е тоа што, дури и пред да дојдат на власт, тие оставаат впечаток дека сите елементи на општеството се вклучени во нивните редови, (Крајната цел на нацистичката пропаганда беше да ги организира сите Германци за свои

---

нацистичката партија би „ги скршила синџирите на партијата“ и „самата би станала држава“, токму она што Хитлер сакаше да го избегне по секоја цена. Види Ernest Röhm, *Warum SA?*, говор пред дипломатскиот кор, декември 1933, Berlin, недатирано.

Во рамките на нацистичката партија, можноста за една заедничка СА – Рајхсвер завера против СС и полицијата очигледно никогаш не беше заборавена. Ханс Франк, генерален гувернер на Полска, во 1942, осум години по убиството на Рем и на генерал Шлајхер, беше осомничен дека сака „по војната... да инаугурира најголема битка за правдина [против СС] со помошта на вооружените сили и СА“ (*Nazi Conspiracy*, VI, 747).

симпатизери[165].) Нацистите отидоа еден чекор повеќе во оваа игра па создадоа цела низа лажни ограноци кои беа направени по углед на редовната државна администрација, како нивната сопствена служба за надворешни работи, образование, култура, спорт итн. Ниедна од овие институции немаше никакво попрофесионално значење од имитација на армијата претставена од јуришните одреди, меѓутоа заедно даваа слика на совршен свет во кој секоја стварност на нетоталитарниот свет беше ропски дуплирана во шарлатанска форма.

Оваа техника на дуплирање, се разбира бескорисна за директно рушење на владата, се покажа како екстремно плодна при минирањето на постоечките активни институции и при „декомпонирањето на статус квото"[166] кого тоталитарните организации секогаш го претпочитаат во однос на отворено покажување на сила. Ако задачата на движењата е „да си го пробијат патот како полипи во сите позиции на сила"[167], тогаш тие мораат да бидат подготвени за секоја специфична општествена и политичка позиција. Во согласност со нивните стремежи за тотална доминација, секоја посебна организирана група во нетоталитарното општество ја чувствуваат како специфичен предизвик за движењето кој би можел да го уништи; секоја од нив бара, така да се каже, посебен инструмент за деструкција. Практичната вредност на лажните организации излезе на виделина кога нацистите ја зедоа власта и беа подготвени веднаш да ги уништат постоечките учителски организации со други учителски организации, постоечките правнички клубови со правнички клубови под нацистичко покровителство итн. Тие можеа преку ноќ да ја сменат целата структура на германското општество – а не само политичкиот живот – токму затоа што го имаа подготвено неговиот контрапол во своите сопствени редови. Во врска со ова, задачата на парамилитаристичките организации беше завршена кога редовната воена хиерархија можеше да биде сместена, во последните фази на војната, под авторитетот на SS генералите. Техниката на оваа „координација" беше толку ингениозна и неодолива колку што изопачувањето на

[165] Хитлер, op. cit., книга II, глава XI, тврди дека пропагандата настојува да наметне доктрина, додека во организацијата е вграден само споредливо мал дел од нејзините помилитантни членови – спореди исто така и Г. Нис, op. cit.

[166] Hitler, op. cit., loc. cit.

[167] Hadamovsky, op. cit. стр. 28.

професионалните стандарди беше брзо и радикално, иако овие резултати многу побргу се почувствуваа во високо техничкото и специјализирано поле на војувањето отколку каде било на друго место.

Ако важноста на парамилитарните формации за тоталитарните движења не треба да се бара во нивното сомнително милитарно значење, во никој случај го нема во нивната лажна имитација на редовната војска. Како елитни формации, тие се построго одделени од надворешниот свет од која било друга група. Нацистите многу бргу ја сфатија тесната врска меѓу тоталната борбеност и тоталната одвоеност од нормалниот свет; на јуришните трупи никогаш не им беше доделена задача на домашен терен, па активните членови на СА од периодот пред да дојдат на власт, и на СС под нацистичкиот режим, беа толку мобилни и толку често преместувани што не можеа да се навикнат и да фатат корен во ниеден друг дел на обичниот свет[168]. Беа организирани според моделот на криминалните банди и користени за организарани убиства[169]. Со овие убијци јавно се парадираше и високата нацистичка хиерархија официјално ги прифаќаше, така што отвореното соучесништво безмалку им оневозможи на членовите да го напуштат движењето дури и под нетоталитарна влада и дури и да не беа под закана – иако всушност им се закануваа нивните поранешни другари. Во овој поглед, функцијата на елитните формации е многу спротивна на функцијата на фронтовските организации: додека вторите му даваат на движењето изглед на чесност и предизвикуваат доверба, првите со отвореното соучесништво на секој член му даваат на знаење дека засекогаш го напуштил нормалниот свет кој убиството го става надвор од законот и дека ќе се смета за одговорен за сите злодела што ги сторила

[168] Единиците на Мртвечката глава на СС им подлежеа на следните правила: 1. Ниту една бригада не се испраќа на должност во својот роден крај. 2. Секоја единица треба да се премести по три недели престој. 3. Членовите никогаш не смее да се праќаат на улица сами ниту пак кога било смеат ознаките на Мртовечка глава да ги покажат во јавност. Види: *Secret Speech to the German Army General Staff* 1938 говорот, како и да е, беше одржан во 1937, види *Nazi Conspiracy*, IV, 616, каде што се објавени само извадоци). Издадено од Американскиот комитет за антинацистичка литература.

[169] Heinrich Himmler, *Die Schutztaffel als antibolschewistische Kampforganization: Aus dem Schwarzen Korps*, No. 3, 1936, јавно изјави: „Знам дека во Германија има луѓе на кои им се слошува кога ќе го видат ова црно палто. Ние го сфаќаме тоа и не очекуваме премногу луѓе да не сакаат“.

елитата[170]. Ова е постигнато уште во периодот пред да дојдат на власт, кога раководството систематски бара одговорност за сите злодела и не остава никакво сомнение дека тие се сторени заради крајната добробит на движењето.

Вештачкото создавање на состојба на граѓанска војна, со која нацистите со помош на уцена си го пробија патот за да дојдат на власт, очигледно е повеќе од погодно за предизвикување проблеми. За движењето, организираното насилство е најефикасно од сите заштитни ѕидови со кои е опкружен неговиот фиктивен свет, чија „реалност“ се докажува кога некој член се плаши да го напушти, многу повеќе отколку што се плаши од последиците заради своето учество во илегални акции, и се чувствува многу посигурен како член отколку како опонент. Ова чувство на сигурност, што е резултат на организираното насилство со кое елитните формации ги заштитуваат членовите на партијата од надворешниот свет, е исто толку важно за интегритетот на фиктивниот свет на организацијата колку и стравот од нејзиниот терор.

Во центарот на движењето, како мотор што го придвижува, седи Водачот. Тој е одделен од елитните формации со внатрешен круг на просветените, кои се распоредени околу него како аура од непробојна мистерија што одговара на неговата „недопирлива супериорност“[171]. Неговата позиција во

---

[170] Во своите говори до СС Химлер секогаш ги нагласуваше извршените злодела, подвлекувајќи ја нивната тежина. За ликвидацијата на Евреите, на пример, велеше: „Исто така сакам сосема искрено да ви зборувам за едно многу тешко прашање. Меѓу нас треба сосема искрено да се каже, па сепак за него никогаш нема да се зборува јавно“. За ликвидирањето на полската интелигенција: „...ова никогаш не требаше да го чуете и заборавете го уште веднаш...“ (*Nazi Conspiracy*, IV, стр. 558 и 553).

Goebells, op. cit., стр. 266, забележува во сличен стил: „За еврејското прашање, посебно, ние заземавме позиција од која нема бегање... Искуството поучува дека движењето и луѓето кои ги запалиле сите мостови се борат со многу поголема одлучност отколку оние кои сè уште можат да се повлечат“.

[171] Souvarine, op. cit., стр. 648. – Начинот на кој тоталитарните движења приватните животи на своите лидери (Хитлер и Сталин) ги чуваа во апсолутна тајност е сосема спротивен на јавната вредност што сите демократии ја наоѓаат во парадирањето во јавноста со приватните животи на своите претседатели, кралеви, претседатели на влади итн. Тоталитарните методи не дозволуваат идентификација што се базира на убедувањето: Дури и најголемиот од нас е само човек.

Souvarine, op. cit., стр. XIII, ги цитира најчесто употребуваните излижани фрази со кои се опишува Сталин: „Сталин, мистериозниот домаќин на

рамките на овој интимен круг зависи од неговата способност да плете интриги меѓу нејзините членови и од неговата способност постојано да го менува персоналот. Издигнувањето до лидер повеќе и го должи на својата екстремна способност да се справува со внатрешнопартиските борби за власт отколку на демагошките или бирократско-организационите квалитети. Тој се разликува од поранешните типови на диктатори по тоа што скоро и да не се пробива по пат на просто насилство. На Хитлер не му беа потребни ниту СА ниту СС за да си ја обезбеди позицијата на водач на нацистичкото движење; напротив, Рем, шеф на СА и во позиција да може да смета на нивната лојалност беше еден од Хитлеровите внатрешно-партиски непријатели. Сталин победи во судирот со Троцки, кој не само што имаше многу поголема масовна поддршка, туку, како шеф на Црвената армија, во свои раце ја држеше најголемата потенцијална сила на советска Русија во тоа време[172]. Освен тоа, не Сталин, туку Троцки беше најголемиот организационен талент, најспособниот бирократ на Руската револуција[173]. Од друга страна, и Хитлер и Сталин беа мајстори за детали и уште во раните стадиуми на своите кариери речиси сосема се посветија на проблемот на персоналот, така што по неколку години не остана речиси никој кој беше на некаква положба, а да не им ја должеше ним[174].

Таквите лични способности, како и да е, иако се апсолутен преreквизит за првите стадиуми на таква кариера, а и подоцна дури и далеку од неважни, повеќе не се решавачки кога веќе еднаш тоталитарното движење е изградено, кога е

---

Кремљ“; „Сталин, недопирлива личност“; „Сталин, комунистичка сфинга“; „Сталин, енигмата“, „Нерешлива мистерија“ итн.

[172] „Ако [Троцки] избереше да постави една милитарна coup d’etat можеби ќе ги победеше триумвирите. Меѓутоа, тој ја напушти службата без и најмала намера во своја одбрана да ја ангажира армијата што ја создаде и ја водеше седум години“ (Isaac Deutscher, op. cit., стр. 297).

[173] Воениот комесаријат под Троцки „беше институција за пример“ и Троцки беше повикуван во сите случаи на неред во другите оддели. Souvarine, op. cit., стр. 288.

[174] Околностите околу Сталиновата смрт се чини дека се во контрадикција со непогрешливоста на овие методи. Постои можност дека Сталин, кој пред да умре без сомневање планирал уште една сеопшта чистка, беше убиен од некого од неговата околина, бидејќи веќе никој не се чувствуваше сигурно, меѓутоа и покрај огромниот број сведоштва во врска со ова, тоа не може да се докаже.

воспоставен принципот дека „волјата на Фирерот е закон за Партијата“, и кога целата хиерархија е ефикасно извежбана за една цел – брзо да ја пренесе волјата на Водачот до сите нивоа. Кога ова е постигнато, Водачот е незаменлив затоа што целата комплицирана структура на движењето без неговото раководење би ја загубила својата *raison d'etre*. Сега, наспроти вечните интриги на внатрешната клика и бескрајните промени на персоналот, со нивната огромна акумулација на омраза, огорченост и лична зловолја, позицијата на Водачот може да остане сигурна наспроти хаотичните дворски револуции не поради неговите супериорни способности, за кои луѓето во неговата блиска околина честопати немаат големи илузии, туку поради искреното и осетливо чувство на тие луѓе дека без него се моментално ќе пропадне.

Најважната задача на Водачот е да ја персонифицира двојната функција карактеристична за секое ниво на движењето – да дејствува како волшебна одбрана на движењето наспроти надворешниот свет; и во исто време, да биде директен мост преку кој движењето ќе биде поврзано со него. Водачот го претставува движењето на начин тотално различен од сите обични партиски водачи; тој бара лична одговорност за секоја акција, дело, или недело сторено од страна на секој член или функционер во неговата официјална надлежност. Тоталната одговорност е најважниот организационен аспект на таканаречениот принцип на Водачот, според кој секој функционер не само што е назначен од водачот туку е и негово живо отелотворување и секоја наредба треба да потекнува од овој секогаш – присутен извор. Оваа потполна идентификација на Водачот со секој назначен под-водач и овој монопол на одговорност за сè што е направено се исто така најочигледните знаци на решавачката разлика меѓу тоталитарниот водач и обичниот диктатор или деспот. Еден тиранин никогаш не би се идентификувал со своите потчинети, а камоли со секое нивно дело[175]; тој може да ги користи како паталци и да остава да ги критикуваат за да се спаси самиот од гневот на народот, меѓутоа секогаш ќе одржува апсолутна дистанца од своите потчинети и сите свои поданици. Водачот,

---

[175] Вака Хитлер лично ја поврза својата одговорност за убиството на Потемпа со СА убиствата од 1932, иако тој веројатно немаше никаква врска со тоа. Она што е важно во тоа е воспоставувањето на принцип на идентификација, или кажано на јазикот на нацистите, „заемна лојалност на Лидерот и на народот“ на која „почива Рајхот“ (Hans Frank, op. cit.).

напротив, не може да го толерира критикувањето на своите потчинети затоа што тие дејствуваат во негово име; ако сака да си ги поправи своите сопствени грешки, мора да ги ликвидира оние кои ги спровеле; ако сака за своите грешки да обвини други, мора да ги убие[176]. Затоа што во рамките на ваква организација грешка може да биде само измамата: некој измамник да се претставува како Водач.

Оваа тотална одговорност за сè што сторило движењето и ова тотално идентификување со секој од неговите функционери го има за многу практична последица тоа што никој никогаш не доаѓа во ситуација во која треба да биде одговорен за своите сопствени акции или да ги објаснува причините за нив. Бидејќи Водачот го монополизирал правото и можноста за објаснување, тој пред надворешниот свет се појавува како единствената личност која знае што прави, т.е. единствениот претставник на движењето со кој сè уште може да се зборува на нетоталитарен начин и кој, ако му се пријде или опонира, не може да рече: Не ме прашувајте мене, прашајте го водачот. Бидејќи е во центарот на движењето, Водачот може да дејствува како да е над него. Според тоа, совршено е сфатливо (и совршено бесполезно) за неупатените постојано да се надеваат дека лично ќе разговараат со Водачот кога треба да се справаат со тоталитарни движења или влади. Вистинската мистерија на тоталитарниот водач лежи во организацијата која му овозможува да ја превземе целата одговорност за сите злодела што ги сториле елитните формации на движењето, и во исто време да го бара чесното, невино почитување на неговите најнаивни симпатизери[177].

---

[176] Една од Сталиновите изразити карактеристики... е систематски да го префрла товарот на неговите недела и злодела, како и на неговите политички грешки... врз оние на кои им подготвува дискредитирање и уништување (Souvarine, op. cit., стр. 655). Очигледно е дека тоталитарниот лидер слободно може да го избере оној на кого сака да му ги препише своите сопствени грешки, бидејќи сите дела што ги сториле суб-лидерите треба да се инспирирани од него, така што кој било може да биде принуден да ја игра улогата на измамник.

[177] Хитлер самиот – а не Химлер, или Борман, или Гебелс – беше тој кој всушност секогаш ги иницираше „радикалните“ мерки; според тоа тие секогаш беа порадикални од предлозите што ги даваше неговата непосредна околина; така што дури и Химлер беше запрепастен кога му беше доверена „крајната солуција“ на еврејското прашање – сето ова денес е докажано со многу документи. А ниту на бајката дека Сталин беше многу поумерен од левите фракции на болшевичката партија веќе не ѝ се верува. Уште поважно е да не се заборави дека тоталитарните водачи постојано се обидуваат да се претстават

Тоталитарните движења се наречени „тајни друштва основани сред бел ден[178]. Секако, тоа малку колку што знаеме за социолошката структура и поблиската историја на тајните друштва, за структурата на движењата кои се без преседан ако се споредат со партиите и странките, не не потсетува на ништо толку многу како на извесни веќе забележани карактеристики на тајни друштва[179]. Тајните друштва, исто така, прават

---

како поскромни пред надворешниот свет и дека нивната вистинска улога – имено, да го водат движењето кон напред по секоја цена и наспроти секаква пречка – останува внимателно скриено. Види го, на пример, сеќавањето на адмирал Erich Reader за "My relationship to Adolf Hitler and the Party" во *Nazi Conspiracy*, VIII, 707 H. „Кога ќе се појавеа информации или гласини за радикалните мерки на партијата или на Гестапо, човек можеше да дојде до заклучок според однесувањето на Фирерот дека тој самиот не ги наредил тие мерки... Како што течеа годините, дојдов до заклучок дека Фирерот секогаш беше наклонет кон порадикалните решенија, но не дозволуваше тоа да се покаже".

Во внатрешнопартиските борби што претходеа на неговото доаѓање на власт, Сталин внимателно се покажуваше како „човек кој употребува златни средства" (види Deutscher, op. cit. стр. 292 и нат.); иако сигурно не беше „човек на компромиси", тој никогаш докрај не ја напушти оваа ролја. На пример, кога во 1936 еден странски новинар го праша за стремежот на движењето кон светска револуција, тој одговори: „Никогаш не сме имале такви планови или намери... тоа е резултат на недоразбирање... комично недоразбирање, или дури трагикомично" (Deutscher, op. cit., стр. 422).

[178] Види Alexandre Koyre, "The Political Function of Modern Lie", во *Contemporary Jewish Record*, June 1945.

Hitler, op. cit., книга II, глава IX, опширно дискутира за предностите и негативностите на тајните друштва како модели за тоталитарните движења. Неговите ставови всушност го водеа кон заклучокот на Koyre, т.е. да ги прифати принципите на тајните друштва без нивната тајност и да ги постави „сред бел ден". Во периодот пред движењето да дојде на власт, одвај имаше нешто што нацистите доследно го чуваа како тајна. Дури за време на војната, кога нацистичкиот режим стана целосно тотализиран и партиското водство се најде опкружено од сите страни со воена хиерархија, од која зависеше заради раководењето со војната, елитните формации добија недвосмислени инструкции се што беше поврзано со „крајните солуции" – т.е. депортациите и масовните истребувања – да го чуваат како апсолутна тајна. Ова беше во исто време кога Хитлер почна да се однесува како шеф на банда завереници, но со лично објавување и експлицитно изнесување на овој факт. За време на една дискусија во генералниот штаб во мај 1939, Хитлер ги изнесе следните правила кои звучат како да се препишани од прирачник за основање тајни друштва: „1. Не смее да биде информиран никој што не треба да знае. 2. Никој не смее да знае повеќе отколку што треба да знае. 3. Никој не смее да дознае порано отколку што треба да дознае". (цитирано од Heinz Holldack, *Was wirklich geschah*, 1949, стр. 378).

[179] Следната анализа се придржува до "Sociology of Secrecy and of Secret Societies" на Georg Simmel, во *The American Journal of Sociology*. Vol. XI.

хиерархии според степените на „иницираност“, го регулираат животот на своите членови врз основа на тајни и лажни претпоставки кои прават сè да изгледа како да е нешто друго, ја прифаќаат стратегијата на доследно лажење за да се заведат неиницираните надворешни маси, бараат беспоговорно покорување од своите членови кои ги држат на куп со помош на заклетва за верност на честопати непознат и мистериозен водач, кој пак самиот е опкружен, или барем треба да биде опкружен, со мала група од иницирани кои пак се окружени со полуиницирани кои прават „тампон зона“ наспроти непријателскиот профан свет[180]. Со тајните друштва, на тоталитарните движења исто така заедничка им е и дихотомната поделба на светот на „крвни браќа по заклетва“ и на недефинирани неорганизирани маси на заколнати непријатели[181]. Оваа дистинкција, базирана врз апсолутно непријателство кон околниот свет, е многу различна ол тенденциите на обичните партии за поделба на луѓето на оние кои им припаѓаат и на оние кои не им припаѓаат. Партиите и отворените општества општо земено за непријатели ги сметаат оние кои отворено им се спротивставуваат, иако отсекогаш на тајните друштва им било принцип дека „секој оној што не е отворено вклучен е исклучен“[182]. Овој езотеричен принцип се чини дека е сосема

---

No. 4. Јануари 1906, што е глава V на неговата *Soziologie*, Leipzig 1908, чии делови преведе Kurt H. Wolff под наслов *The Sociology of Georg Simmel*, 1950.

[180] „Токму заради тоа што пониските слоеви на општеството чинат индиректен премин кон актуелниот центар на тајната, тие донесуваат постепена компресија на сферата на одбивање околу неа, што обезбедува многу посигурна заштита од внатрешната и од надворешната отсеченост од радикалните позиции“ (Ibid., стр. 489).

[181] Терминот „браќа по заклетва“, „другари по заклетва“, „заедница по заклетва“, и така натаму, се повторуваат ad nauseam низ целата нацистичка литература, делумно затоа што беа привлечни за младиот романтизам што беше мошне раширен во германското младинско движење. Главно Химлер ги употребуваше овие термини во подефинитивна смисла, ги внесе во централната лозинка на СС („Еве нè во строј и маршираме напред кон некоја далечна иднина следејќи ги непроменливите закони како националсоцијалистички поредок на нордијците во заколната заедница на нивните племиња [Sippen]“, види *D'Alquen*, op. cit.) и им даде артикулирано значење на „апсолутно непријателство“ кон сите други (види Simmel, op. cit., стр. 489); „Тогаш кога масите на човештвото од една до една и пол милијарда луѓе ќе се обединат против нас, германскиот народ...“ Види го Химлеровиот говор на средбата на главните генерали на СС во Позен, 4 октомври 1943, *Nazi Conspiracy*, IV, 558.

[182] Simmel, op. cit., стр. 490.

неприкладен за масовни организации; сепак, нацистите на своите членови им даваат барем психолошки еквивалент за ритуалот на иницијација на тајните друштва, кога наместо просто исклучување на Евреите од членството, бараат доказ за нееврејско потекло на своите членови и поставуваат комплицирана машинерија за да фрли светло врз непознатите претци на околу 80 милиони Германци. Се разбира, беше комично, и дури и скапо, кога 80 милиони Германци почнаа да трагаат по еврејски претци; сепак, секој го помина испитувањето со чувство дека и припаѓа на групата припадници која стоеше наспроти имагинарното мноштво од неподобни. Истиот принцип се потврди и кај болшевичкото лвижење преку повторени партиски чистки кои кај секого кој не беше исклучен предизвикуваа реафирмација на неговото припадништво.

Најзабележливата сличност меѓу тајните друштва и тоталитарните движења можеби лежи во улогата на ритуалот. Во тој поглед, марширањето околу Црвениот плоштад во Москва не е ништо помалку карактеристично од помпезните церемонии во Нирнберг на партиските празници. [Во центарот на нацистичкиот ритуал беше така наречениот „крвав бајрак“, а во центарот на болшевичкиот ритуал мумифицираното тело на Ленин; и обата во церемонијата воведуваат силен елемент на идолопоклонство. Таквото идолопоклонство тешко може да биде доказ – како што понекогаш се тврди – за псевдорелигиски или еретички тенденции. „Идолите“ се само средства за организирање, познати од ритуалот на тајните друштва, кои исто така ги плашеле своите членови за да молчат со помошта на застрашувачки симболи кои предизвикуваат стравопочит. Очигледно е дека луѓето поцврсто се држат еден за друг преку заедничко искусување на некој таен ритуал отколку само со делење на самата тајна. Тоа што тајната на тоталитарните движења е изложена на дневно светло не мора да го измени карактерот на искуството[183].

Овие сличности, се разбира, не се случајни; тие не можат просто да се објаснат со фактот дека и Хитлер и Сталин пред да станат тоталитарни водачи биле членови на тајни друштва – Хитлер во тајната служба на Рајхсверот, а Сталин

---

[183] Види Simmel, op. cit., стр. 480–481.

во конспиративната секција на Болшевичката партија. До извесен степен тие се природен производ на конспирациската фикција на тоталитаризмот за чии организации се претпоставува дека се основани како противтежа на тајните друштва – тајното друштво на Евреите или конспиративното друштво на троцкистите. Кај тоталитарните организации попрво паѓа в очи тоа што можат да прифатат толку многу организациони средства на тајните друштва без дури и да се трудат да ги сочуваат своите цели во тајност. Дека нацистите сакаа да го освојат светот, дека ги депортирале „расно туѓите“ народи и дека ги истребувале оние со „инфериорно биолошко наследство“, дека болшевиците прават сè за светска револуција, никогаш не било тајна; овие цели, напротив, секогаш биле дел од нивната пропаганда. Со други зборови, тоталитарните движења во сите поединости ги имитираат тајните друштва освен во единственото нешто што можеше да ги оправда, или требаше да ги оправда, нивните методи – неопходноста од зачувување на тајноста.

И во овој, како и во многу други погледи, и нацизмот и болшевизмот дојдоа до истите организациони резултати тргнувајќи од сосема различни историски почетоци. Нацистите започнаа со некаква фикција за конспирација и се моделираа, помалу или повеќе свесно, според примерот на тајното друштво на *Elders of Zion*, додека болшевиците произлегоа од една револуционерна партија чија цел беше еднопартиска диктатура, поминаа преку фазата во која партијата беше „сосема независна и над сè“, а потоа и Политбирото на партијата беше „сосема независно од сè и над сè“[184]; на крајот, на оваа партиска структура Сталин и ги наметна и строгите тоталитарни правила од нејзиниот конспиративен сектор, па дури тогаш ја откри потребата за некаква централна фикција за да ја задржи железната дисциплина на тајното друштво во услови на масовна организација. Развојот на нацизмот можеби е пологичен, подоследен на самиот себе, меѓутоа историјата на болшевичката партија нуди подобра илустрација на есенцијално лажниот карактер на тоталитаризмот, токму заради тоа што лажните глобални завери, против кои и заради кои се претпоставува

---

[184] Суварин во op. cit., стр. 319, ја следи формулацијата на Бухарин.

дека е организиран болшевичкиот заговор, не се идеолошки фиксирани. Тие се менуваа – од троцкистите до 300-те семејства, во различни „империјализми“ и на крајот до „безмилосен космополитизам“ – и беа приспособувани кон тековните потреби; сепак, во ниеден момент и под ниеден од најразличните услови болшевизмот не можеше без барем малку таква фикција.

Начинот на кој Сталин ја смени руската еднопартиска диктатура во тоталитарен режим, а револуционерните комунистички партии по целиот свет во тоталитарни движења, беше преку ликвидирање на фракциите, напуштање на внатрешно-партиската демократија и трансформирање на националните комунистички партии во ограноци на Коминтерната раководени од Москва. Општо земено, за тајните друштва, а особено за конспиративниот апарат на револуционерните партии, отсекогаш биле карактеристични отсуството на фракции, потиснувањето на дисиденските мислења и апсолутната централизација на управувањето. Сите овие мерки имаат очигледна утилитарна цел да ги заштитат членовите од прогонување а општеството од предавство; тоталното покорување што се бараше од секој член и апсолутната моќ во рацете на шефот беа единствените неизбежни нус-продукти на практично неопходните нешта. Како и да е, проблемот е во тоа што заговорниците имаат сфатлива тенденција да мислат дека најефикасните методи во политиката воопшто се оние на конспиративните општества и дека ако некој може отворено да ги употреби и да ги поддржи со целата нација како инструмент на насилство, можностите за акумулирање на сила стануваат апсолутно безгранични[185]. Конспиративниот сектор на една револуционерна партија може, сè додека самата партија е недопрена, да се употреби во улога на армија во рамките на недопрено политичко тело: иако неговите сопствени правила на управување радикално се разликуваат од оние на цивилното тело, тоа му служи, потчинето му е и е контролирано од него. Исто онака како што се појавува опасноста од воена дрктатура кога армијата веќе не му служи туку сака да доминира со политичкото тело, така

[185] Суварин, op. cit., стр. 113, спомнува дека Сталин „беше секогаш импресиониран од луѓе кои откриваат ’некаква афера‘. Тој на политиката гледаше како на ’афера‘ што бара вештина“.

се појавува и опасноста од тоталитаризмот кога конспиративниот сектор на револуционерната партија ќе се еманципира од контролата на партијата и ќе се издигне до водач. Ова им се случи на комунистичките партии под сталинистичкиот режим. Методите на Сталин секогаш беа типични за човек кој дошол од конспиративниот сектор на партијата: неговата посветеност на деталите, неговото истакнување на личната страна во политиката, неговата безобѕирност при искористувањето и ликвидирањето на другарите и пријателите. Главната поддршка во борбата за наследување по Лениновата смрт дојде од тајната полиција[186] која во тоа време веќе беше станата една од најважните и најмоќните делови на партијата[187]. Природно беше што симпатиите на Чека беа на страната на претставникот на конспиративната секција, со човекот кој веќе ја сметаше за тајно друштво и заради тоа ги имаше сите изгледи да ги зачува и да ги зголеми нејзините привилегии.

Преземањето на власта над комунистичките партии од нивните конспиративни центри, како и да е, беше само првиот чекор во нивната трансформација кон тоталитарни движења. Не беше доволно тоа што тајната полиција во Русија и нејзините агенти во комунистичките партии во странство ја играа истата улога во движењето како и елетните формации што нацистите ги конституираа во форма на парамилитарни трупи. Самите партии требаше да се трансформираат, ако се сакаше владеењето на тајната полиција да остане стабилно. Ликвидацијата на кликите и на внатрешнопартиската демократија, консеквентно, во Русија беше проследена со примање на големи, политички необразовани и „неутрални“ маси во членството, политика која бргу ја следеа и комунистичките партии во странство откако ја започна политиката на популарниот фронт.

---

[186] Во внатрешнопартиските борби за време на дваесеттите, „соработниците на ГПУ скоро без исклучок беа фанатични приврзаници на десницата и следбеници на Сталин. Различните служби на ГПУ во тоа време беа бедем на Сталиновата секција“ (Ciliga, op. cit., стр. 48).

[187] Веднаш по граѓанската војна во Русија, „Правда“ тврдеше дека „формулата ’Сета власт на Советите‘ е заменета со ’Сета власт на Чека‘... Крајот на вооружените непријателства ја намали воената контрола... но ја остави разгранетата Чека која достигна совршенство преку поедноставувањето на своите операции“ (Суварин, op. cit., стр. 251).

Нацистичкиот тоталитаризам започна со масовна организација над која само делумно доминираа елитните формации, додека болшевиците започнаа со елитни формации и според нив ги организираа масите. И во обата случаи резултатот беше ист. Нацистите, плус тоа, заради својата милитаристичка традиција и предрасуди, во почетокот ги моделираа своите елитни формации според војската, додека болшевиците од почетокот на тајната полиција и овозможија спроведување на најголема моќ. Сепак, по неколку години исчезна и оваа разлика: шефот на СС стана и шеф на тајната полиција, и СС формациите постепено беа вметнувани и ставани на место на претходниот персонал на Гестапо, иако овој персонал веќе беше составен од доверливи нацисти[188].

Токму заради есенцијалниот афинитет меѓу функционирањето на тајното друштво на конспиратори и меѓу тајната полиција организирана да се бори против него, тоталитарните режими, базирани на функцијата за глобална конспирација и целејќи кон глобална власт, дефинитивно целата власт ја концентрираат во рацете на полицијата. Во периодот пред да дојдат на власт, како и да е, „тајните организации на виделина" нудат други организациони предности. Очигледната контрадикција меѓу една масовна организација и едно затворено општество, на кое може да му се верува дека ќе чува некоја тајна, нема никаква важност во споредба со фактот дека самата структура на тајните и конспиративните друштва би можела да ја пренесе тоталитарната идеолошка дихотомија – слепото непријателство на масите против постоечкиот свет без оглед на неговите дивергенции и разлики – во организациски принцип. Од гледна точка на една организација која функционира според принципот дека оној кој не е вклучен е исклучен, оној што не е со мене е против мене, светот воопшто ги губи сите нијанси, разлики и плуралистички аспекти кои во секој случај станале збркани и неподносливи за масите кои си го

[188] Гестапо беше создаден од Геринг во 1933; Химлер беше назначен за шеф на Гестапо во 1934, и веднаш почна да го заменува персоналот со луѓе од СС; на крајот од војната, 75% од целиот Гестапо беа агенти од СС. Исто така треба да се има предвид дека СС беа особено квалификувани за оваа работа, бидејќи Химлер ги организираше уште во периодот пред да дојдат на власт за шпионска должност меѓу членовите на партијата (Heiden, op. cit., стр. 308). За историјата на Гестапо види Giles, op. cit., и *Nazi Conspiracy*, Vol. II, глава XII.

загубиле своето место и ориентацијата во него[189]. Она што кај членовите на тајните организации предизвика безрезервна лојалност не беше толку многу тајната колку што беше дихотомијата меѓу Нас и сите други. Ова можеше да се одржи недопрено со имитирање на организационата структура на тајните организации и со отстранување на рационалната цел на чување на тајната. Ниту пак беше важно ако некоја конспиративна идеологија беше изворот на ваквиот развој, како во случајот на нацистите, или пак паразитскиот пораст на конспиративниот сектор на револуционерната партија, како во случајот на болшевиците. Во тоталитарните организации се наследува тврдењето дека сѐ што е надвор од движењето „умира", тврдење кое драстично се реализира под убиствените околности на тоталитарното владеење, меѓутоа кое дури и во периодот на предвладеење на масите, кои во лажниот дом на движењето бегаат од дезинтеграција и дезориентација, им изгледа бомбастично.

Тоталитарните движења секогаш одново докажуваа дека можат да наредат со истата тотална лојалност да се оди и во живот и во смрт, што беше прерогатив на тајните и конспиративните друштва[190]. Комплетното отсуство на отпор кај совршено обучените и наоружени трупи како SA наспроти очигледното убиство на нивниот сакан водач (Рем) и стотици блиски другари, беше чуден спектакл. Во тој момент веројатно Рем, а не Хитлер, ја имаше моќта на Рајхсверот зад себе. Меѓутоа, овие инциденти во нацистичкото движење веќе беа засенувани од вечно истите спектакли на самопотврдените „криминалци" во болшевичките партии. Судењата базирани на апсурдни признанија станаа дел од еден внатрешно сезначаен и надворешно несфатлив ритуал. Но, без разлика како денес ги подготвуваат жртвите, овој ритуал своето потекло му го

---

[189] Една од решавачките идеолошки грешки на Розенберг, кој ја изгуби Фирерова наклоност и своето влијание во движењето кај луѓе како Химлер, Борман, па дури и Штајхер, веројатно беше во тоа што неговиот *Myth of the Twentieth Century* дозволува расен плурализам од кој единствено беа исклучени Евреите. Според тоа, тој го наруши принципот според кој оној кој не е вклучен („германскиот народ") е исклучен („масите на човештвото"). Спореди забелешка 87.

[190] Simmel, op. cit., стр. 492, ги набројува тајните криминални друштва во кои членовите бираат еден заповедник и од тој момент му се потчинуваат без критикување и без ограничување.

должи на најверојатно нефабрикуваните признанија на старата болшевичка гарда во 1936 година. Уште долго пред Московските процеси луѓето осудени на смрт ги примаа своите казни со голема смиреност, со став „кој особено преовладува кај припадниците на Чека“[191]. Сѐ додека движењето постои, неговата посебна форма на организација обезбедува барем елитните формации веќе да не можат да замислат дека постои живот надвор од густо испреплетената мрежа луѓе, кои дури и да се осудени, сѐ уште се чувствуваа супериорни во однос на останатиот неиницииран свет. И бидејќи крајната цел на оваа организација отсекогаш била да поразува и да се бори и на крајот да го освои надворешниот свет, нејзините членови се задоволни да платат со своите животи ако единствено тоа помага повторно да се насамари светот[192].

Како и да е, главната вредност на организационата структура на тајните или конспиративните друштва и моралните стандарди за целите на масовната организација дури и не лежи во инхерентните гаранции за безусловно припаѓање и лојалност и во организационата манифестација на неоспорното непријателство кон надворешниот свет, туку во нивниот ненадминат капацитет да го воспостават и да го одржуваат фиктивниот свет со постојано лажење. Целата хиерархиска структура на тоталитарните движења, од наивните симпатизери до партиските членови, елитните формации, интимниот круг околу Лидерот, и самиот Лидер може да се опише како чудна шарена мешаница на лековерност и цинизам со која, во зависност од неговиот ранг и позиција во рамките на движењето, од секој член се очекува да реагира на променливите лажни изјави на водачите и на централната непроменлива идеолошка фикција на движењето.

Една мешаница од лековерност и цинизам беше забележлива карактеристика на менталитетот на толпата пред тоа да стане секојдневен феномен на масите. Во еден постојано

[191] Ciliga, op. cit., стр. 96–97. Тој исто така опишува како во дваесеттите дури и обичните затвореници осудени на смрт во ГПУ затворот во Ленинград дозволуваа да бидат изведени на егзекуција „без збор, без крик на револт против владата што ги праќа во смрт“ (стр. 183).

[192] Цилига укажува како осудените партиски членови „мислеа дека ако овие егзекуции ја спасат бирократската диктатура во целост, ако тие го смират побунетото селанство (или подобро, ако ги наведат на грешка), жртвувањето на нивните животи нема да биде залудно“ (op. cit., стр. 96–97).

променлив, несфатлив свет, масите стигнаа до точката истовремено да веруваат во сѐ и во ништо, да мислат дека сѐ е возможно и дека ништо не е вистина. Мешаницата самата по себе беше доволно забележителна, затоа што како неизбежна последица стави крај на илузијата дека лековерноста е слабост на несомничавите примитивни души и дека цинизмот е порок на супериорните и рафинирани умови. Масовната пропаганда откри дека нејзината публика во секое време е подготвена да поверува во најлошото, без разлика колку и да е апсурдно, и дека не се буни нешто особено ако остане разочарана, затоа што и онака секоја изјава ја смета за лага. Тоталитарните масовни лидери ја базираа својата пропаганда на точната психолошка претпоставка дека под такви услови, еден ден може да се направи луѓето да им веруваат и на најфантастични тврдења и да бидат убедени дека ако следниот ден добијат необорлив доказ за својата заблуда, ќе прибегнат кон цинизам; наместо да ги напуштат лидерите кои ги лажеле, ќе протестираат дека цело време знаеле дека тврдењето било лага и ќе ги обожуваат лидерите за нивната супериорна тактичка мудрост.

Она што беше очигледна реакција на масовната публика става важен хиерархиски принцип на масовните организации. Една мешаница од лековерност и цинизам преовладува во сите нивоа на тоталитарните движења, и колку што нивото е повисоко, толку повеќе цинизмот ја потиснува лековерноста. Основното убедување што се дели на сите нивоа, од симпатизерот до лидерот, е дека политиката е игра со лажење и дека „првиот закон“ на движењето: „Фирерот е секогаш во право“, е исто толку неопходен за потребите на светската политика, т.е., ширум распространето лажење, колку што се и правилата на воената дисциплина за целите на војната[193].

Машината што ги генерира, ги организира и ги шири монструозните невистини на тоталитарните движења повторно зависи од позицијата на Лидерот. На пропагандното

[193] Гебелсовата забелешка за улогата на дипломатијата во политиката е карактеристична: „Нема сомнение дека е најдобро дипломатите да се држат неинформирани за позадината на политиката... Искреноста на играњето на мировна улога понекогаш е најубедлив аргумент за нивната политичка доверба“ (op. cit., стр. 87).

тврдење дека сите настани се научно предвидливи според законите на природата или економијата, тоталитарната организација го додава местото на еден човек кој го монополизирал тоа знаење и чиј главен квалитет е тоа што „секогаш бил во право и секогаш ќе биде“[194]. За еден член на тоталитарното движење ова знаење нема никаква врска со вистината, а бидејќи тоа е така, нема никаква врска ни со објективната вистинитост на изјавите на Лидерот кои не можат да бидат оспорени со факти туку само со идниот успех или неуспех. (Лидерот никогаш не греши во своите акции и бидејќи тие се однапред планирани за неколку векови, крајната проверка на она што тој го прави е поместена надвор од поимањето на неговите современици[195].

Единствената група што лојално и буквално треба да им верува на зборовите на Лидерот се симпатизерите чија доверба го опкружува движењето со атмосфера на чесност и простодушност, и му помага на Лидерот да ја исполни половината од задачата, што значи, да предизвика доверба во движењето. Членовите на партијата никогаш не им веруваат на изјавите за јавноста, а и не ни треба, туку се почестени со тоталитарна пропаганда наменета на онаа супериорна интелигенциија по која се претпоставува дека се разликуваат од нетоталитарниот надворешен свет, кој пак, за возврат, го познаваат само преку ненормалната лековерност на симпатизерите. Само нацистичките симпатизери му веруваа на Хитлер кога пред највисокиот суд на Вајмарската Република ја положуваше својата позната заклетва за легалност; членовите на движењето многу добро знаеја дека лаже, и му веруваа повеќе од секогаш затоа што очигледно беше способен да го измами јавното мислење и власта. Кога неколку години подоцна Хитлер ја повтори претставата за целиот свет, кога се колнеше во своите добри намери а во исто време најотворено се подготвуваше за своите злодела, боготворењето на

---

[194] Рудолф Хес (Rudolf Hess) во радиоемисија во 1934. *Nazi Conspiracy*, I, 193.

[195] Werner Best, op. cit., објаснува: „Дали волјата на владата ги поставува ’вистинските‘ правила... веќе не е прашање на закон, туку судбинско прашање. Бидејќи актуелните грешки... сигурно е, попрво ќе бидат казнети од судбината со несреќа и отфрлање и пропаст, заради нарушувањето на ’законите на животот‘, отколку што ќе ги казни Државниот суд“. Преводот е цитиран од *Nazi Conspiracy*, IV, 490.

нацистичкото членство, природно, беше безгранично. Слично на тоа, само болшевичките симпатизери веруваа во распуштањето на Коминтерната, а само неорганизираните маси од рускиот народ и симпатизерите во странство требаше безрезервно да ги примат Сталиновите продемократски изјави за време на војната. Членовите на болшевичката партија експлицитно беа предупредени да не се лажат од тактичките маневри и беа замолени да се восхитуваат на остроумноста на нивниот Лидер кога ги предаваше своите сојузници[196].

Без организационата поделба на движењето во елитни формации, членство и симпатизери, лагите на Лидерот не би успеале. Градацијата на цинизмот изразен преку една хиерархија на презир соочена со постојано побивање во најмала рака е исто толку потребна како и простата лековерност. Работата е во тоа што симпатизерите од фронтовските организации кај своите сограѓани го презираат комплетниот недостаток на упатеност, членовите на партијата кај симпатизерите ги презираат лековерноста и недостатокот на радикализам, елитните формации од слични причини ги презираат членовите на партијата, а во рамките на елитните формации една слична хиерархија на презир ја придружува секое ново втемелување и развој[197]. Резултатот од овој систем е таков што лековерноста на симпатизерите прави надворешниот свет да им верува на лагите, додека во исто време загарантираниот цинизам на членството и на елитните формации ја елиминира опасноста Лидерот кога било да дојде во ситуација под притисокот на својата пропаганда да биде присилен да стои зад своите сопствени изјави и измислената чесност. Еден од главните хендикепи на надворешниот свет при односите со тоталитарните системи е тој што го игнорираше овој систем и така веруваше дека, од една страна, огромното мноштво од тоталитарни лаги ќе претставува негова пропаст и дека, од друга страна, ќе биде возможно Лидерот да се држи за збор и да се присили, без оглед на неговите првобитни намери, да

---

[196] Види Kravchenko, op. cit., стр. 422. „Ниеден правилно индоктриниран комунист не чувствуваше дека партијата ’лаже‘ кога изнесува една политика во јавноста, а сосема спротивна приватно“.

[197] „Националсоцијалистот го презира својот сограѓанин Германецот, членот на СА националсоцијалистот, членот на СС – членот на СА“ (Heiden, op. cit., стр. 308).

стои зад тоа што го рекол. За несреќа, тоталитарниот систем е јасен доказ против таквите нормални последици; неговата генијалност лежи точно во елиминирањето на таа реалност која или го демаскира оној што лаже или го присилува да живее во согласност со неговите лаги.

Додека членството не им верува на изјавите за јавноста, им верува и тоа со уште поголем жар на стандардните клишеа на идеолошките објасненија, клучевите за минатата и идната историја што тоталитарните движења ја зеле од идеологиите на деветнаесеттиот век, и ја трансформирале, со организирање, во успешна стварност. Овие идеолошки елементи во кои и онака масите почнаа да веруваат, иако прилично нејасно и апстрактно, беа претворени во лаги од сеопфатен карактер кои одговараат на вистината, доминацијата на Евреите во светот наместо вообичаената теорија за расите, конспирацијата на Вол Стрит наместо вообичаената теорија за класите ги интегрираа во сеопшта шема на акција во која само „оние што умираа“ – класите што умираа во капиталистичките земји или во декадентните народи – треба да му стојат на пат на движењето. Наспроти тактичките лаги на движењето кои буквално се менуваат од ден на ден, на овие идеолошки лаги треба да им се верува како на света недопирлива вистина. Тие се опкружени со внимателно елабориран систем на „научни“ докази кои не треба да бидат убедливи за сосема „неиницираните“, (меѓутоа сè уште се обраќаат на некаква вулгаризирана жед за знаење со помош на „демонстрирање“ на инфериорноста на Евреите или на бедата на луѓето кои живеат во капиталистички систем.

Елитните формации се разликуваат од обичните членови на партијата по тоа што не им се потребни такви демонстрации и дури и не се ни очекува од нив да веруваат во буквалноста на вистината на идеолошките клишеа. Овие, пак се фабрикуваат за да одговорат на барањето за вистина на масите, кои во своето инсистирање на објаснение и демонстрација сè уште има многу нешто заедничко со нормалниот свет. Елитата не е составена од идеолози; целото образование на нејзините членови е насочено кон уништување на нивната способност за правење разлика меѓу вистината и невистината, меѓу реалноста и фикцијата. Нивната супериорност се состои во нивната способност секоја изјава за некој факт веднаш да ја претопат во проглас со цел. За разлика од членството во

масите на кое, на пример, му треба некаква демонстрација на инфериорноста на еврејската раса пред да може безбедно од нив да се бара да ги убиваат Евреите, елитните формации сфаќаат дека изјавата „сите Евреи се инфериорни", значи сите Евреи да се убијат; тие знаат дека кога ќе им се каже дека само Москва има метро, вистинското значење на изјавата е дека сите други метроа треба да бидат уништени, и не се прекумерно изненадени кога ќе го откријат метрото во Париз. Огромниот шок на разочарување што го доживеа Црвената армија при освојувачкиот поход на Европа можеше да биде излечен само со концентрациони логори и насилно прогонство на голем дел од окупационите трупи; меѓутоа полициските формации што ја придружуваа Армијата беа подготвени за шокот, не заради различни и поточни информации – во советска Русија не постои ниту една тајна школа за обука која дава автентични факти за животот надвор од земјата – туку едноставно заради сеопфатниот тренинг за најголем презир кон сите факти и реалноста.

Овој менталитет на елитата не е никаков прост масовен феномен, никаква последица на општествената безмилосност, економската пропаст, и политичката анархија; за да се постигне, потребни се внимателни подготовки и обработување, па формирање на еден поважен, иако потешко препознатлив дел на курикулумот на тоталитарните водечки школи, нацистичката *Ordensburghen* за СС трупите, и болшевичките центри за обука на агентите на Коминтерната, па расна индоктринација или техники на граѓанска војна. Без елитата и нејзината вештачки индицирана неспособност да ги сфати фактите како факти, да прави разлика меѓу вистината и невистината, движењето никогаш не би можело да мрдне во правец на остварувањето на својата фикција. Очигледен негативен квалитет на тоталитарната елита е тоа што таа никогаш не престанува да размислува за светот онаков каков што навистина е и што никогаш не ги споредува лагите со реалноста. Нејзина најценета особина, според тоа, е лојалноста на Лидерот, кој како талисман ја обезбедува безусловната победа на лагата и фикцијата над вистината и реалноста.

Највисокиот слој во организацијата на тоталитарните движења е интимниот круг околу Лидерот, што може да биде формална институција, како болшевичкото Политбиро, или пак менлива клика на луѓе кои не мора да се во служба, како

придржбата на Хитлер. За нив идеолошките клишеа се само средства за организирање на масите, па не чувствуваат никаква грижа на совеста ако само организационит принцип остане недопрен. Во врска со ова, главната заслуга на Химлеровата реорганизација на СС беше тоа што воспостави многу едноставен метод за „решавање на проблемот со крв преку акција“, т.е., за избирање на членови на елитата според „добра крв“ и нивно подготвување „да водат расна битка без милост“ против секого кој не може да најде трага за своето „ариевско“ потекло сѐ до 1750, или беше понизок од пет стапки и осум инчи („Значи дека луѓето кои достигнале извесна висина мора до некој степен да ја имаат пожелната крв“) или кои немаат сини очи и руса коса[198]. Важноста од овој расизам на дело беше тоа што организацијата стана независна од речиси сите конкретни учења за каква било расна „наука“, независна и од антисемитизмот дотолку што тоа беше специфична доктрина во врска со природата и улогата на Евреите, чија употребливост би престанала со нивното истребување[199]. Расизмот стоеше настрана и независно од систематичноста на пропагандата кога веќе еднаш елитата беше избрана од „расна комисија“ и ставена под авторитетот на специјалните „закони за брак“[200], додека на спротивниот крај и под јурисдикција на оваа „расна елита“, концентрационите логори постоеја за доброто на „подобро демонстрирање на законите за наследство и раса“[201]. Со силата на овие „живи организации“, нацистите можеа да се ослободат од догматизмот и да им понудат пријателство на семитските народи, како Арапите,

---

[198] Химлер првично ги бираше кандидатите за членови на СС од фотографии. Подоцна една расна комисија, пред која кандидатите мораше да се појават лично, го проценуваше расниот изглед. Види Himmler, “Organization and Obligation of the SS and the Police”, *Nazi Conspiracy*, IV, 616 и нат.

[199] Химлер беше свесен за фактот дека тоа беше едно ед неговите „најважни и трајни дополненија“ во трансформирањето на расното прашање од „негативен концепт базиран на антисемитизам“ во „организирана задача на создавање на СС“ (*Der Reichsführer SS und Chef der deutschen Polizei*, „само за полициска употреба“, без датум).

[200] Веднаш штом беше назначен за шеф на СС во 1929, Химлер го воведе принципот на расна селекција и брачните закони, и додаде: „Членовите на СС знаат многу добро дека оваа наредба има големо значење. Подбивањата, потсмевот и неразбирањето не не допираат; иднината е наша“. Цитирано од d’Alquen, op. cit.

[201] Himmler, op. cit., *Nazi Conspiracy*, IV, 616 и нат.

или да стапат во сојуз со најистакнатите претставници на Жолтата опасност, Јапонците. Реалноста на едно класно општество, формирањето на елита селектирана од една наводно расна гледна точка, секако ќе беше подобар чувар на доктрината на расизмот од најпрецизните научни или псевдо научни докази.

Креаторите на политиката на болшевизмот ја покажуваат истата супериорност кон нивните сопствени признаени догми. Тие се наполно способни да ја прекинат класната борба на секоја класа со ненадеен сојуз со капитализмот, без да ја поткопаат доверливоста на сопствените кадри или без да го предадат верувањето во класната борба. Бидејќи дихотомниот принцип на класна борба стана организациона девиза, бидејќи, таков каков што беше, се скамени во бескомпромисно непријателство против целиот свет преку кадрите на тајната полиција во Русија и на агентите на Коминтерната во странство, болшевичката политика забележително се ослободи од „предрасуди“.

Токму оваа ослободеност од содржината на нивните сопствени идеологии е тоа што го карактеризира највисокото ниво во тоталитарната хиерархија. Овие луѓе на сè и на сешто гледаат преку организацијата, и тоа го вклучува и Водачот кој за нив не е ниту инспиративен талисман ниту оној кој е непогрешливо во право, туку едноставна последица од овој вид организација; тој е потребен не како личност туку како функција, и како таков тој е незаменлив за движењето. Наспроти тоа, како и да е, на другите деспотски форми на владеење каде што честопати една клика владее, а деспотот игра репрезентативна улога на владетел-марионета, тоталитарните водачи се всушност слободни да прават сè што сакаат, и можат да сметаат на лојалноста на нивната придружба дури и ако посакаат да ги убијат.

Повеќе техничка причина за оваа лојалност е што наследувањето на оваа највисока функција не е регулирано со никаков наследен или друг закон. Еден успешен бунт во дворецот би имал исто толку поразни резултати за движењето воопшто како и воен пораз. Во природата на движењето е, кога еднаш водачот ќе ја преземе власта, целата организација да биде толку апсолутно идентификувана со него што секое прифаќање на грешка или отстранување од службата би ја прекинало магијата на непогрешливост што ги опкружува

службите на водачот и фрла проклетство на сите поврзани со движењето. База на целата структура не е вистинитоста на зборовите на водачот туку непогрешливоста на неговите дела. Без тоа, и во жарот на дискусијата која претпоставува погрешливост, целиот фиктивен свет на тоталитаризмот се распаѓа на парчиња, одеднаш совладан со фактуалноста на реалниот свет, што движењето само ја разбуричкало во вистинската насока на незгрешливост за да се чува Лидерот.

Како и да е, лојалноста на оние кои не веруваат ни во идеолошките клишеа ни во непогрешливоста на лидерот исто така има подлабоки, нетехнички причини. Ова што ги сврзува овие луѓе заедно е цврсто и искрено верување во човечката семоќност. Нивниот морален цинизам, нивното верување дека сè е дозволено се потпира на цврстото убедување дека сè е возможно. Вистина е дека овие луѓе, малку на број, не може лесно да се фатат во своите сопствени специфични лаги и дека тие не веруваат неопходно во расизмот или економијата, во заверата на Евреите или во Вол Стрит. Сепак тие исто така се разочарани, разочарани од нивната непромислена вообразена идеја дека сè може да се направи и нивните презриви убедувања дека сè што постои е само привремена пречка што супериорните организации секако ќе ја уништат. Убедени дека моќта на организацијата може да ја уништи моќта на материјата, како што насилството на добро организирана банда може да зароби богат човек со лошо чувано богатство, тие постојано ја потценуваат трајната моќ на стабилните општества и ја преценуваат движечката сила на движењето. Бидејќи, уште повеќе, тие всушност не веруваат во фактичкото постоење на светска завера против нив, туку само ја користат како организационо средство, не успеваат да сфатат дека нивната сопствена завера може на крајот да го предизвика целиот свет да се обедини против нив.

Сепак, без разлика на кој начин илузијата на човечката семоќ преку организација е на крајот поразена, во рамките на движењето негова практична последица е дека придружбата на Лидерот, во случај на несогласување со него, никогаш нема да биде многу сигурна во своите сопствени мислења, бидејќи тие искрено веруваат дека нивното несогласување навистина не е важно, дека дури и најлудата замисла има некаква шанса за успех ако правилно е организирана. Работата со нивната лојалност не е во тоа што тие веруваат дека Лидерот е

непогрешлив, туку дека тие се убедени дека секој кој раководи со инструментите на насилство со супериорните методи на тоталитарната организација може да стане непогрешлив. Оваа илузија е во голема мера зајакната кога тоталитарните режими ја држат власта за да ја демонстрираат релативноста на успехот и неуспехот и да покажат како загубата на материјата може да биде добивка во организирањето. (Фантастичното лошо раководење на индустрискиот потфат во советска Русија водеше до атомизација на работничката класа, а застрашувачкото лошо третирање на цивилните затвореници на источните територии под нацистичка окупација, иако предизвика „жалосна загуба на работна сила“, „гледајќи временски пошироко, те треба(ше) да се жали“)[202]. Уште повеќе, решавањето што ги разгледува успехот и неуспехот под тоталитарни околности во голема мера е работа на организирано и терроризирано јавно мислење. Во еден тотално фиктивен свет, неуспесите не треба да се запишуваат, прифаќаат и помнат. Континуалното постоење на самата фактуалност зависи од постоењето на нетоталитарниот свет.

[202] Химлер во неговиот говор во Позен, *Nazi Conspiracy*, IV, 558.

# III. ТОТАЛИТАРИЗМОТ НА ВЛАСТ

Кога некое движење, интернационално по организација, сеопфатно по своите идеолошки определби и глобално по своите политички аспирации ќе дојде на власт во некоја земја, тоа очигледно се доведува себеси во парадоксална ситуација. Социјалистичкото движење беше поштедено од овој вид криза, прво, затоа што националното прашање – а тоа е стратешкиот проблем вклучен во секоја револуција – за чудо кај Маркс и Енгелс беше запоставено; и второ, затоа што тоа се соочи со проблемот на управување веднаш откако по Првата светска војна Втората интернационала го загуби влијанието врз своите членки, кои националните чувства како клучен факт ги ставија над интернационалистичката солидарност. Со други зборови, кога дојде времето социјалистичките движења да ја преземат власта секое во својата земја, тие веќе се беа трансформирале во национални партии.

Ваквата трансформација не се оствари во тоталитарното движење – во болшевичкото и во нацистичкото. Во моментот кога стапи на власт, опасноста за движењето лежеше во фактот што, од една страна, можеше да се скамени со превземањето на државниот апарат и да се конзервира во форма на апсолутна влада[203], и дека, од друга страна, слободата на движењето би можела да биде ограничена со границите на територијата на која дошла на власт. За едно тоталитарно движење овие две опасности се подеднакво смртоносни. Развојот во правец на апсолутизам би му ставил крај на внатрешниот развој на движењето, додека пак, развојот во правец на национализам би ја оневозможил неговата надворешна експанзија, а без тоа движењето не би можело да

[203] Нацистите наполно разбраа дека освојувањето на власта може да води кон воспоставување на апсолутизам. „Националсоцијализмот, како и да е, не ја форсираше борбата против либерализмот за да заглави во апсолутизам и да ја започне истата игра одново“ (Werner Best, *Die deutsche Polizei*, стр. 20). Предупредувањето изразено овде како и на неброено многу други места, е насочено против стремежот на државата да биде апсолутна.

опстане. Формите на владеење што ги развија овие движења, или поточно што скоро автоматски произлегоа од нивното двојно барање за тотална доминација и глобално владеење, најдобро може да ги окарактеризира слоганот на Троцки за „перманентната револуција“, иако теоријата на Троцки беше само обична социјалистичка прогноза за цела серија револуции, почнувајќи од антифеудалната до антибуржоаската, што би се проширила од една земја во друга[204]. Самиот термин сугерира „перманентност“, со сите полуанархистички импликации, а всушност, прецизно говорејќи, е погрешен; сепак, дури и Ленин беше повеќе импресиониран од самиот термин отколку од неговата теориска содржина. Како и да е, револуциите во Советскиот Сојуз во форма на масовни чистки, станаа постојана институција на Сталиновиот режим по 1934 година[205]. И во овој случај, како и во другите, Сталин ги концентрира своите напади врз овој полузаборавен слоган на Троцки, токму заради тоа што беше решен да ја користи истата

---

[204] Теоријата на Троцки, првпат изнесена во 1905, се разбира, не се разликуваше од револуционерната стратегија на ленинистите во чии очи „самата Русија беше просто само првото подрачје, првиот бедем на интернационалната револуција: нејзините интереси беа да биде потчинета на наднационалната стратегија на милитантниот социјализам. Во тоа време, како и да е, границите на Русија и на победничкиот социјализам беа исти“ (Isaac Deutscher, *Stalin, A Political Biography*, New York and London, 1949, стр. 243).

[205] Годината 1934 е значајна заради новиот статут на партијата, прогласен на Седмиот партиски конгрес, во кој се велеше дека „периодични... чистки треба да бидат спроведувани поради систематско чистење на партијата“ (Цитирано од A. Avtorkhanov “Social Differentiation and Contradictions in the Party”, *Bulletin of the Institute for the Study of the USSR*, Munich, February 1956). – Партиските чистки за време на првите години од руската револуција немаат ништо заедничко со нивната подоцнежна тоталитарна перверзија во инструмент со перманентна нестабилност. Првите чистки беа раководени од локални контролни комисии пред отворен форум на кој и партијците и непартијците имаа слободен пристап. Тие беа планирани како демократски контролен орган против бирократската корупција во партијата и „требаше да служат како замена за вистински избори“ (Deutscher, op. cit., стр. 233–234). – Одличен краток преглед на развојот на чистките може да се најде во скорешниот напис на Автокранов кој исто така ја побива легендата дека убиството на Киров ја предизвика новата политика. Главната чистка започна пред смртта на Киров која беше само „згоден изговор да се даде дополнителен поттик“. Во поглед на многуте „необјаснети и мистериозни“ околности околу убиството на Киров, постојат сомневања дека „згодниот изговор“ беше внимателно испланиран и извршен од Сталин лично. Види Khruschev, “Speech on Stalin”, *New York Times*, 5 јуни 1956.

техника[206]. Истата таква тенденција кон перманентната револуција е очигледна и во нацистичка Германија, иако нацистите немаа доволно време за да ја остварат до ист степен. Нивната „перманентна револуција“ исто така доста карактеристично почна со ликвидација на партиската фракција што се осмели отворено да ја прогласи „следната етапа во револуцијата[207] – токму затоа што „Фирерот и неговата стара гарда знаеја дека вистинската борба тукушто почна“[208]. Во овој случај, наместо болшевичкиот концепт за перманентната револуција, се среќаваме со поимот на расна „селекција која никогаш не може да запре“, со тоа барајќи постојана радикализација на стандардите со кои селекцијата, т.е. истребувањето на неприспособените е извршено[209]. Работата е во

---

[206] Дојчер (Deutscher), op. cit., стр. 282, го опишува првиот напад врз „перманентната револуција“ на Троцки и Сталиновата контраформулација на „социјализам во една земја“ како несреќа при политички маневри. Во 1924, Сталинова „најнепосредна цел беше да го дискредитира Троцки... Копајќи по минатото на Троцки, триумвирите наидоа на теоријата за ’перманентна револуција‘, што тој ја формулирал во 1905... Токму во текот на таа полемика Сталин дошол до својата формула за ’социјализам во една земја‘“.

[207] На ликвидацијата на фракцијата на Рем во јуни 1934, и претходеше краток период на стабилизација. На почетокот на годината, Рудолф Дајс (Rudolf Deis), шефот на политичката полиција во Берлин, можеше да рапортира дека веќе нема илегални („револуционерни“) апсења од страната на СА и дека поранешните апсења од овој вид се под истрага. *Nazi Conspiracy*, U. S. Government, Washington, 1946, V, 205). Во април 1934, рајхминистерот за внатрешни работи Вилхем Фрик (Vilhelm Frick), стар член на нацистичката партија, издаде декрет со рестрикции за спроведување на „заштитен притвор“ (Ibid., III, 555) заради „стабилизација на националните состојби“. (Види *Das Archiv*, април 1934, стр. 31). Овој декрет, сепак, никогаш не беше објавен (*Nazi Conspiracy*, VII, 1099; II, 259). Политичката полиција на Прусија му подготви специјален извештај на Хитлер за ексцесите на СА во 1933 и предложи судење на водачите на СА именувани во тој извештај.

Хитлер ја реши ситуацијата со тоа што ги уби овие СА водачи без судење и ги отстрани сите оние полициски офицери кои се спротивставуваа на СА. (Види ја изјавата под заклетва на Rudolf Deis, ibid., V, 224). На овој начин Хитлер се заштити себеси од каква било легализација и стабилизација. Меѓу бројните правници кои со ентузијазам и служеа на „националсоцијалистичката идеја“ само малкумина сфаќаа што навистина се случува. Во оваа група припаѓаше најпрво Теодор Маунц (Theodor Maunz), чиј што есеј *Getsalt und Recht der Polizei* (Hamburg 1943) е цитиран со одобрување дури и од оние автори кои, како Пол Вернер (Paul Werner), им припаѓаа на повисоките фирерови СС трупи.

[208] Robert Ley, *Der Weg zur Ordensburg* (недатирано, околу 1936). „Специјално издание... за Фireровиот корпус од партијата... Не за слободна продажба“.

[209] Heinrich Himmler, “Die Schutzstaffel” во *Grundlagen, Aufbau und Wirtschaftsordnung des nationalsozialistischen Staates*, Nr. 7b. Оваа константна

тоа што и Сталин и Хитлер ги одржаа своите ветувања за стабилност со цел да ги прикријат своите намери за создавање на држава на перманентна нестабилност.

Не може да постои подобро решение – за сложеностите содржани во коегзистенцијата на владеењето и на движењето, на тоталитарните барања и на ограничената моќ на ограничената територија, на привидното членување во заедницата на народи во која секој го респектира суверенитетот на другиот и истовременото тежнеење за завладување со светот – од оваа формула сведена на нејзината првобитна содржина. Тоталитарниот владетел е соочен со двојна задача, (која во почетокот се јавува како контрадикторност што води во апсурдност: тој мора да го воопостави фиктивниот свет на движењето како опиплива реалност во секојдневниот живот, а од друга страна пак, мора да го спречи тој нов свет да развие нова стабилност; стабилизацијата на неговите закони и институции сигурно би го ликвидирала и самото движење, а со тоа и надежта за евентуално освојување на светот. Тоталитарниот владетел мора, по секоја цена, да оневозможи нормализацијата да стигне до точката во која би можел да се развие нов начин на живот – кој, по извесно време, би можел да ги изгуби своите лажни квалитети и така да си го заземе своето место помеѓу многуте различни и суштински спротивни начини на живот на народите на земјата. Во моментот кога револуционерните институции би станале начин на живеење на народот (моментот кога Хитлеровата изјава дека нацизмот не е стока за извоз, или пак Сталиновата дека социјализмот може да биде изграден во една земја, би била нешто повеќе од само обид да се измами нетоталитарниот свет), тоталитаризмот би ги загубил своите „тотални“ квалитети и би станал предмет на законодавството на нациите, според кое секој поседува специфична територија,

радикализација на принципот на расна селекција може да се најде во сите фази на нацистичката политика. Така, првите што требаше да бидат истребени беа чистите Евреи, по нив следеа оние што беа полу-Евреи и четврт-Евреи; или прво лудите, па по нив неизлечливо болните и, на крајот сите семејства во кои имаше некој „неизлечливо болен“. „Селектирањето кое никогаш не може да мирува“ не запре дури ни пред самите СС. Во еден декрет на Фирерот датиран од 19 мај 1943 се наредува сите оние кои се во некаква роднинска врска со странци преку брак или пријателство, да се елиминираат од државата, партијата, *Wehrmacht*-от и економијата; оваа мерка погоди 1 200 СС лидери (види Hoover Library Archives, *Himmler File*, Folder 330).

народ и историска традиција што го поврзува со другите народи – плуралитет кој *ipso fakto* ја побива секоја аргументација дека која било специфична форма на владеење е апсолутно валидна.

Практично говорејќи, парадоксот кај тоталитаризмот на власт е во тоа што поседувањето на инструментите на власта и на принудата во некоја земја не е непоматен божји дар за тоталитарното движење. Неговото негирање на фактите и неговата строга приврзаност кон правилата на фиктивниот свет, стануваат сè понапорни за одржување, но и покрај тоа остануваат исто толку клучни како пред тоа. Моќта значи директна конфронтација со реалноста, а тоталитаризмот на власт постојано се обидува да го совлада секој предизвик. Веќе не е доволно пропагандата и организацијата да тврдат дека невозможното е возможно, дека неверојатното е вистинито, дека нездравата коегзистенција владее со светот; најглавната психолошка поддршка на тоталитарната фикција – активната огорченост кон статус квото што масите одбиваат да го прифатат како единствен можен свет – повеќе не постои; секоја фактичка информација што успева да пробие преку железната завеса и која е насочена против поплавата од реалност што постојано се заканува од другата нетоталитарна страна, за тоталитарната доминација претставува поголема опасност од онаа што беше контрапропагандата за тоталитарните движења.

Борбата за тотална доминација врз севкупната популација на земјата, елиминацијата на секоја конкурентска нетоталитарна реалност, е содржана во самите тоталитарни режими; ако тие не го следат ова општо правило како своја крајна цел, најверојатно ќе ја изгубат и онаа власт до која дошле. Дури и над поединецот може апсолутно и сигурно да се доминира само во глобални тоталитарни услови. Според тоа, имањето власт пред сè значи основање на официјални и официјално признаени штабови (или ограноци во случај на сателитските земји) за движењето и добивање на еден вид лабораторија за изведување на експеримент со, или поточно, против реалноста, експеримент за организирање на луѓето за крајни цели кои ја негираат и индивидуалноста како и националноста, под услови кои сигурно не се совршени, но се доволни за важни парцијални резултати. Тоталитаризмот на власт ја користи државната администрација за својата долгорочна цел, за освојување на светот и за насочување на ограноците на движењето; тој ја претвора тајната полиција во

егзекутор и во чувар на својот домашен експеримент на постојано трансформирање на реалноста во фикција; и на крајот гради концентрациони логори како специјални лаборатории за да го продолжи својот експеримент во тотална доминација.

## 1. ТАКАНАРЕЧЕНАТА ТОТАЛИТАРНА ДРЖАВА

Историјата не учи дека доаѓањето на власт и заземањето на одговорност длабоко делува врз природата на револуционерните партии. Искуството и здравиот разум сосема со право очекуваа дека тоталитаризмот на власт постепено ќе го загуби својот револуционерен моментум и утопискиот карактер, дека секојдневните проблеми на владеењето и поседувањето на вистинска власт ќе ги направи умерени нивните барања од времето кога не биле на власт, и постепено ќе го уништи фиктивниот свет на нивните организации. Се чини, по сè, дека во самата природа на нештата, лични или јавни, екстремните барања и цели се проверуваат низ објективните околности; а реалноста, гледана во целина, е само во многу мал степен детерминирана од склоноста кон фикција во едно масовно општество на атомизирани индивидуи.

Многу од грешките на нетоталитарниот свет во неговите дипломатски активности со тоталитарните влади (меѓу кои најголемите се довербата во Минхенскиот пакт со Хитлер и договорот на Јалта со Сталин) јасно можат да се најдат во искуството и во здравиот разум кои, се покажа, наеднаш го изгубиле допирот со реалноста. Наспроти сите очекувања, важните концесии и прилично зголемениот интернационален престиж не помогнаа во реинтеграцијата на тоталитарните земји во заедницата на народите, ниту пак ги наведоа да го напуштат можното преправање дека целиот свет се обединил против нив. И не само што не го спречија тоа, туку дипломатските победи го забрзаа прибегнувањето кон средствата на насилство, што во сите инстанци резултираше во зголемено непријателство против силите кои покажаа дека сакаат компромис.

Овие разочарувања што ги претрпеа државниците и дипломатите имаат своја паралела во претходното разбивање

на илузиите на беневолентните набљудувачи и симпатизери на новите револуционерни влади. Тоа што ги радуваше беше основањето на новите институции и создавањето на нови законици кои, без оглед на тоа колку беа револуционерни по содржина, би воделе кон стабилизација на условите, а со тоа до проверка на мотивите на тоталитарните движења барем во земјите во кои дојдоа на власт. Наместо тоа, теророт се зголеми и во советска Русија и во нацистичка Германија, и тоа обратно пропорционално со постоењето на внатрешната политичка опозиција, по што изгледаше дека политичката опозиција не беше изговор за теророт (како што тврдеа либералните обвинувачи на режимот), туку последна пречка за неговиот полн размав[210].

Уште повознемирувачко беше средувањето на конституционалното прашање од страна на тоталитарните режими. Во првите години од власта нацистите пуштија цела лавина од закони и декрети, но никогаш официјално не се потрудија да го укинат Вајмарскиот устав; тие дури ги оставија цивилните установи недопрени – факт кој мнозина домашни и странски набљудувачи ги наведе да се надеваат на

---

[210] Општо е познато дека во Русија „репресијата на социјалистите и анархистите стана поостра во иста мера во која земјата се смируваше" (Anton Ciliga, *The Russian Enigma,* London, 1940, стр. 244). Deutscher, op. cit., стр. 218 мисли дека причината за исчезнувањето на „слободарскиот дух на револуцијата" во моментот на победа може да се најде во еден изменет став на селаните: тие се вртеа против болшевизмот „се порешително колку што стануваа свесни дека моќта на земјопоседниците и на Белите генерали беше скршена". Ова објаснение се чини прилично слабо од гледна точка на димензиите што ги доби теророт по 1930. Тоа исто така не успева да земе во обѕир дека целосен терор не беше остварен во дваесеттите туку во триесеттите, кога опозицијата на селските класи веќе не беше активен фактор во ситуацијата. – Хрушчов, исто така (op. cit.) забележува дека „екстремните репресивни мерки не се користеа" против опозицијата за време на борбите против троцкистите и бухаринистите, туку дека „репресијата против нив започна" многу подоцна, откако тие веќе одамна беа поразени.

Теророт на нацистичкиот режим го достигна својот врв за време на војната, кога германската нација беше навистина „обединета". Подготовките за него почнаа уште од 1936 кога целиот организиран внатрешен отпор исчезна и Химлер предложи проширување на концентрационите логори. Карактеристичен за овој дух на насилство без оглед на непостоење на отпор е говорот на Химлер во Краков во 1943 пред СС водачите: „Ние имаме само една задача... да ја спроведуваме расната борба без милост... Ние никогаш нема да дозволиме тоа извонредно оружје, страшната и ужасна репутација што одеше пред нас во битките за Харков, да избледи, туку постојано ќе му додаваме нови значења" (*Nazi Conspiracy*, IV, 572).

одмереност на партијата и на брза нормализација на новиот режим. Но кога со донесувањето на Нирнбершките закони овој развој дојде до својот крај, се покажа дека на нацистите воопшто не им е грижа за нивното сопствено законодавство. Поточно, постоеше „само постојано одење напред по патот кон секогаш-новите полиња“, така што на крајот „целта и надлежноста на тајната државна полиција“, исто како и на другите државни или партиски институции создадени од нацистите, „во никој случај не би можеле да бидат покриени од законите и одредбите донесени за нив“[211]. Во практиката оваа перманентна состојба на беззаконие најде израз во фактот дека „голем број на валидни одредби веќе не беа јавни“[212]. Теоретски, тоа се совпаѓаше со Хитлеровото начело дека „тоталната држава не смее да знае за никаква разлика помеѓу законот и етиката“[213], бидејќи ако се претпоставува дека важечкиот закон е идентичен со етиката, која е иста за сите и која потекнува од нивната свест, тогаш нема никаква потреба од јавни декрети. Советскиот Сојуз, каде што предреволуционерните цивилни служби беа ликвидирани во револуцијата а режимот одвај им посвети некакво внимание на уставните прашања во периодот на револуционерните промени, дури се потруди да донесе сосема нов, прилично елабориран устав во

---

[211] Види Theodor Maunz, op. cit., стр. 5 и 49. – Колку малку нацистите размислуваа за законите и правилата што сами ги пропишуваа и кои редовно беа објавувани од W. Hoche под наслов *Die Gesetzgebung des Kabunetts Hitler* (Berlin 1933 и нат.) може да се сфати од една случајна забелешка на еден нивни уставен правник. Тој чувствуваше дека и покрај отсуството на еден сеопфатен правен поредок, сепак се појави „сеопфатна реформа“ (види Ernst R. Huber, “Die deutsche Polizei“, во *Zeitschrift für die gesamte Staatwissenschaft*, том 101, 1940/1, стр. 273 и нат.).

[212] Maunz, op. cit., стр. 49. Според моите сознанија, Маунц е единствениот меѓу нацистичките автори кој ја спомнал оваа околност и доволно ја нагласил. Само со целосен преглед на петте томови на *Verfügungen, Anordnungen, Bekanntgaben,* кои беа собрани и издадени за време на војната од партиската служба според инструкциите на Мартин Борман, е можно да се добие внатрешен поглед во оваа тајна легислација која всушност ја владееше Германија. Според предговорот, овие материјали „беа наменети само за интерна партиска работа и беа третирани како доверливи“. Четири од овие, очигледно многу ретки томови, во споредба со кои збирката на Hoche со правните документи на Хитлеровиот кабинет е само фасада, се наоѓаат во Хуверовата библиотека.

[213] Ова беше Фиреровото „предупредување“ на правниците во 1933, цитирано од Nans Frank, *Nazionalsozialistische Leitsätze für ein neues deutsches Straftrecht*, Zweiter Teil, 1936, стр. 8.

1936 година („маска од либерални фрази и премиси со гилотина во заднината“[214], настан кој беше поздравен во Русија и во странство како завршеток на револуционерниот период. Меѓутоа, донесувањето на овој устав се покажа како гигантска супер-чистка во која за речиси две години беше ликвидирана постоечката администрација, и во која беа избришани сите траги на нормалниот живот и на економското заздравување што почна да се одвива во четирите години по ликвидацијата на кулаците, која ја забрза колективизацијата на селската популација[215]. Оттогаш наваму, уставот од 1936 г. ја играше истата улога како и Вајмарскиот устав за време на нацистичкиот режим: тој беше целосно запоставен, но никогаш не беше укинат; единствената разлика беше во тоа што Сталин можеше да си дозволи уште еден апсурд – со исклучок на Вишински, сите тие кои го составуваа овој никогаш не укинат устав беа ликвидирани како предавници.

Она што најмногу паѓа в очи при набљудувањето на тоталитарната држава секако не е нејзината монолитна структура. Напротив, сите сериозни проучувачи на оваа материја се согласуваат барем во коегзистенцијата (или конфликтот) на двојна власт на партијата и на државата. Многумина уште повеќе ја истакнуваат чудната безобличност на тоталитарното владеење[216]. Уште Томас Масарик увиде дека „таканаречениот болшевички систем никогаш не бил ништо друго освен целосно отсуство на систем“[217], и дека сосема е точно тоа дека „дури и експерт ќе полуди ако се обиде да ги разјасни односите меѓу Партијата и Државата“ во Третиот Рајх[218]. Исто така, чест е заклучокот дека односот меѓу двата извори на власт, меѓу партијата и државата, е однос на привидна и вистинска власт, при што државната машинерија обично се

---

[214] Deutscher, op. cit., стр. 381. Имаше некои претходни обиди да се воспостави устав во 1918 и 1924. Уставната реформа во 1944 според која некои од Советските републики требаше да имаат свои сопствени претставници во странство и свои сопствени армии, беше тактички маневар направен така за да му обезбеди на Советскиот Сојуз неколку додатни гласови во Обединетите нации.

[215] Види Deutscher, op. cit., стр. 375.

[216] „Германскиот уставен живот се карактеризира со својата крајна безобличност, наспроти Италија“ (Franz Neumann, *Behemoth*, 1942, Appendix, стр. 521).

[217] Цитирано од Boris Souvarine, *Stalin: A Critical Survey of Bolshevism*, New York 1939, стр. 695.

[218] Stephen H. Roberts, *The House that Hitler Built*, London 1939, стр. 72.

претставува како немоќна фасада која ја крие и ја заштитува вистниска моќ на партијата[219].

Сите нивоа на административната машинерија во Третиот Рајх беа предмет на чудно дуплирање на службите. Со фантастична темелност нацистите постигнаа секоја функција на државната администрација да биде дуплирана од некој партиски орган[220]. Вајмарската поделба на Германија во држави и покраини беше дуплирана со нацистичката поделба во Gaue (околии) чии граници, одзгора на сѐ, не се поклопуваа, така што секоја територија припаѓаше, дури и географски, на две сосема различни административни единици[221]. Дуплирањето на функциите не беше напуштено ни кога по 1933 година истакнати нацисти ги заседоа официјалните министерства на државата; кога Фрик, на пример, стана министер за внатрешни работи, а Гертнер министер на правдата. Овие стари и доверливи партиски членови, кога веќе еднаш ја започнаа својата непартиска кариера, ја загубија својата моќ и станаа исто толку невлијателни како и другите цивилни чиновници. Двајцата потпаднаа под власта на Химлер, шефот на полицијата кој беше во подем, а кој во нормална ситуација би му бил потчинет на министерот за внатрешни работи[222]. Во странство уште попозната беше судбината на старото министерство за надворешни работи на Германија, сместено во Вилхелмштрасе. Нацистите го оставија стариот кадар речиси недопрен, и се разбира никогаш не го

[219] Судијата Роберт Х. Џексон (Robert H. Jackson), во својот воведен говор на Нирнбершкиот процес, својот опис на политичката структура на нацистичка Германија доследно го базираше на коегзистенцијата на „две влади во Германија – вистинската и привидната. Формите на Германската република беа задржани едно извесно време и тие ја претставуваа надворешната, а видлива влада. Меѓутоа, вистинскиот авторитет во државата беше вон и над законот и се наоѓаше во Лидерските корпуси на нацистичката партија“ (*Nazi Conspiracy*, I, 125). Види ја исто разликата на Roberts, op. cit., стр. 101, меѓу партијата и владата во сенка: „Хитлер очигледно се залага за пораст на дуплирањето на функциите“.

[220] За овие позиции на државна власт кои национал социјалистите не можеа да ги окупираат со свои сопствени луѓе, си создадоа соодветни ’имитации на тие служби‘ во својата сопствена партиска организација, со тоа поставувајќи втора држава за државата...“ (Konrad Heiden, *Der Fuehrer: Hitler’s Rise to Power*, Boston, 1944, стр. 616).

[221] O. C. Giles, *The Gestapo*, Oxford Pamphlets on World Affairs, No. 36, 1940, ги опишува постојаните преклопувања на партијата и на државните оддели.

[222] Карактеристично е едно сеќавање на Министерот за внатрешни работи Фрик, кој имаше замерка на фактот што Химлер, лидерот на СС, треба да има најголема власт. Види *Nazi Conspiracy* III, 547.

разрешија од должност; сепак, истовремено го задржаа и Бирото за надворешни работи на партијата од времето пред да дојдат на власт, на чело со Розенберг[223]; а бидејќи Бирото беше специјализирано за одржување на контакти со фашистичките организации во Источна Европа и на Балканот, тие основаа друг орган за да се натпреварува со министерството во Вилхелмштрасе; таканареченото Рибентроп-Биро, што се занимаваше со односите со Запад и кое го преживеа заминувањето на својот шеф за амбасадор во Англија, односно неговото инкорпорирање во официјалниот апарат во Вилхелмштрасе. Конечно, како додаток на овие партиски институции, Министерството за надворешни работи доби уште еден двојник во ликот на СС-офисот, кој беше одговорен „за преговорите со сите расни германски групи во Данска, Норвешка, Белгија и Холандија"[224]. Овие примери докажуваат дека за нацистите дуплирањето на службите беше прашање на принцип, а не само изговор за наоѓање работа на партиските членови.

Истата поделба помеѓу вистинско и божемно владеење се разви во многу поразлични околности во советска Русија[225]. Божемното владеење првобитно произлезе од Серускиот советски конгрес, кој за време на граѓанската војна го загуби своето влијание и моќ над болшевичката партија. Овој процес започна кога ѝ се даде самостојност на Црвената армија, а тајната политичка полиција беше повторно поставена како орган на партијата, а не на Советскиот конгрес[226]; беше завршен во 1923, во првата година на Сталиновото владеење како генерален секретар[227]. Оттогаш, Советите станаа влада во

---

[223] Види "Brief Report on Activities of Rosenberg's Foreighn Affairs Bureau of the Party from 1933 to 1943", ibid., III, 27 и натаму.

[224] Базирано врз декрет од Фирерот од 12 август 1942. Види *Verfügungen, Anordnungen*, Bekanntgaben, op. cit., No. A 54/42.

[225] Зад привидната влада стоеше вистинска влада, којашто Виктор Кравченко (Victor Kravchenko), (*I Choose Freedom: The Personal Life of a Soviet Official*, New York, 1946, стр. 111) ја видел во „тајниот полициски систем".

[226] Види Arthur Rosenberg, *A History of Bolshevism*, London, 1934, глава VI. „Во стварноста во Русија постојат две политички градби што се издигаат паралелно една до друга: владата во сенка на Советите и де факто владата на Болшевичката партија".

[227] Deutscher, op. cit., стр. 255–256, го сумира Сталиновиот рапорт пред Дванаесеттиот конгрес на партијата во врска со работата на персоналниот оддел за време на неговата прва година во Генералниот секретаријат: „Претходната година само 27% од обласните лидери на синдикатите беа членови на партијата.

сенка среде која, преку ќелиите што ги формираа болшевичките партиски членови, дејствуваа претставниците на вистинската власт назначувани од и одговорни на Централниот комитет во Москва. Круцијалниот момент во подоцнежниот развиток не беше победата над Советите од страна на Партијата, туку фактот дека „иако тоа немаше да им биде проблем, болшевиците не ги укинаа Советите, туку ги употребија како декоративен симбол на нивната моќ“[228]. Коегзистенцијата на божемната и вистинската влада, беше делумно резултат на самата револуција и претходеше на Сталиновата тоталитарна диктатура. Сепак, нацистите едноставно ја задржаа постоечката администрација и ѝ ја одзедоа сета власт. Сталин мораше да ја оживее својата влада во сенка, која во раните 30-ти ги загуби сите свои функции и беше полузаборавена во Русија; тој го донесе Советскиот устав како симбол на постоењето и на немоќта на Советите. (Ниеден од неговите параграфи никогаш не доби ни најмало практично значење за животот и јурисдикцијата во Русија). На божемната руска влада, на која сосема и недостигаше гламурот на традицијата толку потребен како фасада, очигледно и беше потребен и светиот ореол на пишаниот закон. Тоталитарното потсмевање кон законот и легалноста (кои „и покрај огромните промени... сè уште се израз на перманентно посакуваниот поредок“[229]) најде во пишаниот Советски устав, како и во никогаш неукинатиот Вајмарски устав, перманентна заднина за неговото сопствено беззаконие, го најде перманентниот предизвик за нетоталитарниот свет и за неговите стандарди, чија беспомошност и немоќ дневно се демонстрираа[230].

---

Во моментот 57% од нив беа комунисти. Процентот на комунисти во раководствата на кооперациите порасна од 5 на 50%; а кај раководниот кадар на вооружените сили од 16 на 24. Истото се случи и во сите други институции што Сталин ги опиша како ’трансмисиони ремени‘ што ја поврзуваат партијата со народот“.

[228] Arthur Rosenberg, op. cit., loc. cit.“

[229] Maunz, op. cit., стр. 12.

[230] Правникот и *Obersturmbannfuehrer*, професор Р. Хоен, ова го изрази со следните зборови: „Постоеше уште едно нешто на што странците, но и Германците, исто така, требаше да се навикнат: имено, дека задачата на тајната полиција... беше преземена од заедница на луѓе кои потекнуваа од самото движење, и кои продолжуваат да бидат вкоренети во него. Дека терминот државна полиција всушност не го дозволува тоа, па овој факт ќе биде само попатно спомнат“ (*Grundfragen der deutschen Polizei*, Извештај на Конститутивната

Дуплирањето на службите и поделбата на власта, коегзистенцијата на вистинската и на божемната власт, се доволни да создадат конфузија, но не и да ја објаснат безобличноста на целата структура. Не треба да се заборави дека само зграда може да има структура, но дека едно движење – ако овој збор се сфати сериозно и буквално како што нацистите го сфаќаа – може да има само правец, и дека секоја форма на легална или владина структура може да биде само хендикеп за движење кое се движи во одредена насока со брзина што постојано се зголемува. Дури и пред да дојдат на власт, тоталитарните движења ги претставуваа оние маси кои повеќе не сакаа да живеат во каква било структура, без оглед на нејзината природа; маси кои почнаа да се движат со цел да ги поплават законските и географските граници безбедно означени од страна на владата. Заради тоа, ако судиме од точката на нашите концепции за владеење и државна структура, овие движења сѐ додека се физички сѐ уште ограничени на една специфична територија, безусловно мораат да се обидат да ја уништат целокупната структура, а за оваа намерна деструкција обично дуплирањето на сите служби на партијата и на државните институции е доволно. Бидејќи ова дуплирање подразбира взаемен однос меѓу фасадата на државата и внатрешната суштина на партијата, тоа исто така, на крајот би резултирало во еден вид структура во која односот меѓу партијата и државата автоматски би завршил во законска регулатива која ја ограничува и ја стабилизира својата сопствена власт[231].

секција на Комитетот за полициски закони на Академијата за германско право, 11 октомври 1936, Хамбург, 1937, со прилози на Франк, Химлер и Хоен).

[231] На пример, таков обид да се дефинираат одделните одговорности и да се спротивстават на „анархијата на авторитетот" направи Hans Frank во *Recht und Verwaltung*, 1939, и уште еднаш во говорот под наслов *Technik des Staates*, во 1941. Тој го изрази ставот дека „легалните гаранции" не се „прерогатив на либералните системи на владеење" и дека треба да се продолжи да се владее со администрацијата, исто како порано, според законите на Рајхот, кои сега беа инспирирани и раководени според програмата на национал социјалистичката партија. Токму заради тоа што тој по секоја цена сакаше да спречи еден таков нов поредок, Хитлер никогаш не ја запозна програмата на нацистичката партија. Од него, за членовите кои даваа предлози од таков тип, се очекуваше да зборува со презир, опишувајќи ги како „засекогаш врзани за минатото", како личности „кои се неспособни да прескокнат преку својата сопствена сенка" (Felix Kersten, *Totenkopf und Treue*, Hamburg).

Всушност, дуплирањето на службите, што на око беше резултат на проблематичниот однос партија – држава во сите еднопартиски диктатури, е само најочигледниот знак за еден посложен феномен кој подобро се дефинира како мултипликација на службите отколку како дупликација. На нацистите не им беше доволно да основаат *Gaue* како додаток на старите покраини, туку воведоа и многу други географски поделби во согласност со различните партиски организации; територијалните единици на СА не беа коегзистентни ни со *Gaue* ни со провинциите; сепак, тие се разликуваа од оние на СС и ниедна од нив не одговараше на зоните што ја делеа Хитлеровата младина[232]. На оваа географска конфузија мора да ѝ се додаде фактот дека првобитната врска помеѓу вистинската и божемната власт постојано се повторуваше, иако на еден постојано променлив начин. Жителот на Хитлеровиот Трет Рајх не живееше само под симултаните (и честопати во меѓусебен конфликт) авторитети на конкурентски сили, како што беа цивилните служби, партијата, СА и СС; тој не можеше да биде сигурен, ниту му беше некогаш експлицитно кажано кој авторитет да го стави над другите. Мораше да развие еден вид шесто сетило за да знае во дадениот момент кого да послуша, а кого не.

Од друга страна, ни оние кои требаше да ги извршуваат наредбите што водството ги сметаше за неопходно потребни за интересот на движењето – а таквите наредби, се разбира, им беа доверувани само на елитните партиски формации – не беа во подобра положба. Повеќето од овие наредби беа „намерно нејасни, давани со очекување оној што ги прима ќе ја препознае намерата на оној што ја дава наредбата и да постапи соодветно“[233], бидејќи елитните

---

[232] 32-те *Gaue*... „не се поклопуваат со административните или милитарни региони, ниту пак со 21-та дивизија на СА, ниту со 10-те региони на СС, ниту со 23-те зони на Хитлеровата младина... Таквиот несогласност уште повеќе паѓа во очи заради тоа што за такво нешто нема никаква причина“ (Roberts, op. cit., стр. 98).

[233] *Nuremberg Documents, PS 3063* во *Centre de Documentation Juive* во Париз. Документот е извештај на највисокиот партиски суд за „настани и процеси во партискиот суд во врска со антисемитските демонстрации од 9 ноември 1938“. Врз основа на истражувањата на полицијата и на работата на Јавниот обвинител, врховниот суд дојде до заклучок дека „сите партиски водачи задолжително сфатиле што значат вербалните инструкции на *Reichpropagandaleiter* – значат дека, надворешно, партијата не сака да изгледа како поттикнувач на демонстрации, но всушност ги организираше и ги

формации во никој случај не беа обврзани само да им се покоруваат на наредбите на фирерот (тоа и онака беше задолжително за сите постоечки организации), туку и „да ја извршуваат желбата на раководството“[234]. А, како што може да се заклучи од долготрајните процедури во врска со „ексцесите“ кои беа на дневен ред на партиските судови, тоа во никој случај не беше иста работа. Единствената разлика беше во тоа што елитните формации, благодарение на нивната специјална индоктринација за вакви цели, беа обучени да сфатат дека извесни „алузии подразбираат повеќе од нивната чиста вербална содржина“[235].

Практично говорејќи, мобилноста на движењето во рамките на апаратот на тоталитарната доминација резултира од фактот дека раководството постојано го преместува вистинскиот центар на власта, често во други организации, но без да ги распушти или јавно да ги открие групите на кои им е одземена моќта. Во раниот период на нацистичкиот режим, веднаш по пожарот во Рајхстагот, СА ја имаше вистинската власт, а партијата божемната; потоа моќта од СА се префрли

---

спроведуваше... Повторниот преглед на командните ешалони покажа... дека активниот националсоцијалист, оформен во борбата за доаѓање на власт [*Kampfzeit*], зема здраво за готово дека кај акциите во кои партијата не сака да се појави во улога на организатор наредбите намерно, не се искажани доволно јасно и детализирано. Тој е свикнат да разбере дека една наредба може да значи повеќе отколку што носи нејзината вербална содржина, исто како што тоа му станало рутина и на давателот на наредбата, поради интересите на партијата... да не каже сè туку само да навести што сака да постигне со наредбата... Според тоа... наредбите – на пример, дека не Евреинот Гринспан, туку сите Евреи треба да се обвинат за смртта на партискиот другар Фон Рат... да се понесат пиштоли... секој член на СА сега знае што треба да прави – беа разбрани од подлидерите дека сета еврејска крв мора да се пролее за крвта на партискиот другар Фон Рат...“ Особено значаен е крајот на извештајот, во кој највисокиот партиски суд сосема отворено укажува на исклучоци од овие методи: „Сосема друго прашање е дали, во интерес на дисциплината, наредбата што е намерно нејасна, и дадена со очекување дека оној што ја прима ќе ја сфати намерата на наредбодавачот и ќе делува соодветно, не смее да биде протерана во минатото“. Овде, исто така, имаше луѓе кои, како што велеше Хитлер, „не беа способни да си ја прескокнат сенката“ и инсистираа врз правни мерки, бидејќи не сфаќаа дека не поредокот туку волјата на фирерот е врховниот закон. Разликата меѓу менталитетот на елитните формации и на партиските агенции овде е особено јасна.

[234] Бест (Best, op. cit.) го формулира тоа вака: „Сè додека полицијата ја извршува оваа волја на раководството, таа работи во согласност со законот; ако волјата на раководството се повреди, тогаш не полицијата, туку членот на полицијата направил прекршок“.

[235] Види фуснота 31.

на СС, и конечено од СС на службата за безбедност[236]. Всушност, работата е во тоа што ниеден од органите на власта никогаш не беше лишен од правото да се преправа дека тој ја отелотворува волјата на водачот[237]. Меѓутоа, не беше само волјата на водачот толку нестабилна, та во споредба со неа каприците на ориенталните деспоти се светол пример на постојаност; постоечката и секогаш променлива поделба меѓу вистинската тајна власт и нејзината божемна јавна репрезентација направија вистинското седиште за власта да стане мистерија по дефиниција, и тоа во таков степен што самите членови на владејачката клика никогаш не можеа да бидат апсолутно сигурни за својата сопствена позиција во тајната хиерархија на аласта. На пример, Алфред Розенберг и покрај долгогодишната кариера во партијата и импресивната акумулација на привидна власт и функции во партиската хиерархија, сè уште зборуваше за создавање на низа источноевропски држави како сигурносен ѕид кон Москва во време кога оние кои ја имаа вистинската власт веќе беа решиле дека никаква државна структура нема да го следи поразот на Советскиот Сојуз и дека населението на источните окупирани територии дефинитивно нема да има држави, па според тоа може да биде истребено[238]. Со други зборови, бидејќи знаењето кому треба да му се биде покорен, заедно со воспоставувањето на стабилен поредок на хиерархијата, би

---

[236] Во 1933, по пожарот во Рајхстагот, „СА имаа поголема моќ од Gaileiter. Тие одбија и да му се потчинат на Геринг“. Види ја потврдената изјава на Рудолф Дајс во *Nazi Conspiracy*, V, 224; Дајс беше шеф на политичката полиција под Геринг.

[237] СА очигледно се лутеа заради губењето на позициите и моќта во нацистичката хиерархија и очајно се обидуваа да си го одржат угледот. Во нивните списанија – *Der SA Mann*, Das Arhiv итн. – може да се најдат многу индикации прикриени и неприкриени, за ова немоќно ривалство со СС. Поинтересно е тоа што Хитлер, и во 1936, кога СА веќе ја имаа изгубено својата моќ, во еден говор ги убедуваше: „Сето она што вие сте, сте преку мене; и сето она што јас сум, сум само преку вас“. Види Ernst Bayer, *Die SA*, Berlin, 1938. Преводот е цитиран од *Nazi Conspiracy*, IV, 782.

[238] Спореди го говорот на Розенберг од јуни 1941: „Јас верувам дека нашата политичка задача ќе се состои од... организирање на овие народи во извесни видови политички тела... и зајакнувајќи ги против Москва“ со “Unated Memorandum for the Administration in the Occupied Eastern Territories”: „Со распаѓањето на СССР по нејзиниот пораз, во Источните територии не остана ниту едно политичко тело па според тоа... ни некакво граѓанско право на нивното население“ (*Trial of the Major War Criminals*, Nuremberg, 1947, XXXVI, стр. 616 и 604).

вовеле елемент на стабилност кој есенцијално го нема во тоталитарниот поредок, нацистите постојано ја одречуваа вистинската власт секогаш кога таа јавно се манифестираше и создаваа нови облици на владеење во споредба со кои претходните стануваа власт во сенка – игра која очигледно можеше да оди до бесконечност. Една од најважните технички разлики меѓу советскиот систем и националсоцијалистичкиот се состои во тоа што Сталин, секогаш кога во своето движење го поместуваше центарот на власта од еден апарат во друг, имаше тенденција да го ликвидира стариот апарат заедно со неговиот персонал, додека Хитлер и покрај неговите презриви изјави за луѓето кои „се неспособни да ги прескокнат сопствените сенки“[239], беше сосема подготвен да продолжи да ги употребува овие сенки дури и за друга функција.

Мултиплицирањето на службите беше крајно корисно за постојаното преместување на моќта; уште повеќе, колку подолго тоталитарниот режим останува на власт, бројот на овие институции станува поголем, а можноста за вработување станува зависна исклучиво само од движењето, бидејќи ниедна служба не се распушта кога нејзината власт ќе се ликвидира. Нацистичкиот режим ја започна оваа мултипликација со претходна координација на сите постојни здруженија, друштва и институции. Интересното во оваа манипулација со народи беше тоа што координацијата не значеше инкорпорација во веќе постојните соодветни партиски организации. Резултатот беше што сѐ до крајот на постоењето на режимот немаше една туку две националсоцијалистички студентски организации, две нацистички женски организации, две нацистички организации на универзитетски професори, адвокати, лекари и така натаму[240]. Како и да е, во секој поглед беше сигурно дека во сите овие случаи матичната партиска

---

[239] *Hitlers Tischgespräche*, Bonn, 1951, стр. 213. Обично, Хитлер мислеше на некои нацистички функционери од висок ранг кои имаа некакви резерви кон убивањето на сите оние без грижа на совеста, кои тој ги опишуваше како „човечки отпад“ [Gesox] (види стр. 248 и натаму).

[240] За мноштвото партиски организации што се преклопуваа, види, *Rang-ung Organisationsliste der NSDAP*, Stuttgart, 1947, и *Nazi Conspiracy*, I, 178, која разликува четири главни категории: 1. *Gleiderungen der NSDAP*, кои постоеја уште пред да се издигнат на власта; 2. *Angeschlossene Verbände der NSDAP*, што ги опфаќа оние друштва што беа координирани, 3. *Betreute Organisationen der NSDAP;* и 4. *Weitere nationalsozialistische Organisationen*. Во скоро секоја категорија можат да се најдат различни студентски, женски, учителски и работнички организации.

организација ќе биде уште помоќна отколку нејзините координирани двојници[241]. Ниту пак некој можеше со сигурност да претскаже кој партиски орган ќе се издигне во рамките на внатрешната партиска хиерархија[242].

Класичен пример на оваа планирана безобличност беше организирањето на научни антисемитизам. Во 1933 во Минхен беше основан Институтот за проучување на еврејското прашање (*Institut zur Erforschung der Judenfrage*) кој, бидејќи може да се претпостави дека еврејското прашање ја услови целата германска историја, бргу израсна во институт за истражување на современата германска историја. На чело со познатиот историчар Валтер Франк, Институтот ги трансформира традиционалните универзитети во седиште на божемно учење или во фасади. Во 1940 година друг институт за проучување на еврејското прашање беше основан во Франкфурт, на чело со Алфред Розенберг, чиј ранг во партијата беше видно повисок од оној на Франк. Со тоа минхенскиот институт беше потиснат во сенка; франкфуртската, а не минхенската институција требаше да го добие благото од ограбените еврејски европски колекции и да остане седиште на обемната библиотека за јудизмот. Сепак, кога по неколку години овие колекции се најдоа во Германија, највредниот дел од нив не отиде во Франкфурт, туку во Берлин, каде што дојде во рацете на Химлеровото специјално одделение на Гестапо за ликвидација (не само за проучување) на еврејското прашање, на чело со Ајхман. Ниедна од претходните институции не беше распуштена, така што во 1944 година ситуацијата беше ваква: зад фасадите на универзитетските катедри за историја стоеше

---

[241] Гигантската организација за јавни активности, раководена од Тот (Todt), а покасно од Алберт Шпер (Albert Speer), ја создаде Хитлер надвор од сите партиски хиерархии и придружни организации. Оваа организација можеше да биде употребена против авторитетот на партијата па дури и против полициските организации. Вредно е да се забележи дека Шпер можел да ризикува да му укаже на Хитлер (за време на една конференција во 1942) на невозможноста за организирање на прозводството под режимот на Химлер, па дури и да бара јурисдикција над работата на робовите и над концентрационите логори. Види *Nazi Conspiracy*, I, 916–917.

[242] Такво нештетно и неважно друштво, на пример, како НСКК (национал-социјалистички корпус на автомобилисти основан 1930) ненадејно беше издигнато во 1933 до статус на елитна формација, делејќи ги со СА и СС привилегиите на независна придружна единица на партијата. По ваквото издигање на позициите во нацистичката хиерархија не следеше никаква акција; тоа личи само на празна закана на СА и на СС.

застрашувачки многу пореалната моќ на Минхенскиот институт, зад кој стоеше Резенберговиот институт во Франкфурт, а зад овие три фасади, скриен и заштитен од нив, се наоѓаше вистинскиот центар на власта, *Reichssicherheitshauptamt*, специјалното одделение на Гестапо.

Фасадата на советската влада, и покрај нејзиниот устав, е дури уште помалку импресивна, а причината за подигањето на таа фасада беа само набљудувачите од странство, дури и повеќе отколку во случајот со државната администрација, што нацистите ја наследија и ја задржаа од Вајмарската Република. Без нацистичкото оригинално акумулирање на служби во периодот на координација, советскиот режим уште повеќе се потпира врз постојаното создавање на нови служби за претходните центри на власт да ги стави во сенка. Гигантскиот пораст на бирократскиот апарат неразделлив од овој метод, се проверува со повторени ликвидации преку чистки. И покрај тоа, во Русија, исто така, можаме да разликуваме барем три сосема раздвоени организации: советскиот или државниот апарат, партискиот апарат и НКВД апаратот, а секој од нив има свој независен оддел за економија, политички оддел, министерство за образование и култура, воен оддел итн.[243]

Во Русија, божемната моќ на партиската бирократија како противтежа на вистинска моќ на тајната милиција одговара на првобитното дуплирање на партијата и државата познати во нацистичка Германија, а мултипликацијата станува очигледна само кај тајната полиција, со нејзината крајно комплицирана и широко разгранета мрежа на агенти, во која еден оддел има секогаш задача да го надгледува и шпионира другиот оддел. Секој потфат во Советскиот Сојуз е покриен со посебен оддел во тајната полиција, која ги шпионира и членовите на партијата и обичните граѓани подеднакво. Паралелно со овој оддел постои и друг полициски оддел на самата партија, кој повторно сите ги надгледува, вклучувајќи ги тука и агентите на НКВД, чии службеници не ѝ се познати на конкурентската служба. На овие две шпионски организации треба да им се додадат и синдикалните организации во фабриките кои мора да внимаваат на тоа работниците да ги исполнат своите пропишани норми. Но, како и да е, многу

[243] F. Beck and W. Godin, *Russian Purge and the Extraction of Confession* 1951, стр. 153.

позначајно од овие апарати е „Специјалниот оддел“, на НКВД кој всушност е „НКВД во НКВД“, т.е. тајна полиција во тајна полиција[244]. Сите извештаи на овие конкурентски полициски агентури на крајот секогаш завршуваат во московскиот централен комитет, во Политбирото. Тука се решава кој од овие извештаи е решавачки и кој од полициските оддели ќе биде назначен да ги спроведува соодветните полициски мерки. Ниту просечниот жител на земјата, ниту некој од полицискиот оддел знае што ќе се реши: денес тоа може да биде специјалното одделение на НКВД, утре партиската мрежа на агенти, задутре треба да бидат локалните комитети или некое од регионалните тела. Меѓу сите овие оддели не постои никаква легална хиерархија на моќ или на власт: единствено сигурно е дека на крајот еден од нив ќе биде избран да ја изврши „волјата на раководството“.

Единственото правило во кое секој во тоталитарната држава може да биде сигурен е дека колку повеќе се „повидливи“ владините установи, толку помалку имаат реална власт, и колку помалку се знае за постоењето на некоја институција, на крајот ќе се покаже дека е дотолку помоќна. Според ова правило, Советите кои се признаени во Уставот како највисока власт во државата, имаат помалку власт од болшевичката партија; болшевичката партија која своите членови отворено ги регрутира и е признаена како владејачка класа, има помала моќ од тајната полиција. Вистинската моќ почнува онаму каде што почнува таинственоста. Во овој поглед нацистичката и болшевичката држава беа мошне слични; нивната разлика главно лежи во монополизацијата и централизацијата на тајната полициска служба кај Химлер од една страна, а од друга страна во лавиринтот на очигледно несредени и неповрзани полициски служби во Русија.

Ако тоталитарната држава ја сфатиме само како инструмент на власта и ги оставиме настрана прашањата за ефикасноста на администрацијата, индустрискиот капацитет и економската продуктивност, тогаш излегува дека нејзината

[244] Ibid., стр. 159 и натаму. Според другите извештаи, постојат различни примери за колебливата мултипликација на советскиот полициски апарат, примарно на локалните и регионалните здруженија на НКВД, кои работат независно едно од друго и кои си имаат свои копии во локалните и регионалните мрежи на партиски агенти. Во природата на самите нешта е да знаеме соодветно помалку за руските услови отколку што знаеме за оние во нацистичка Германија, особено што се однесува до организационите детали.

безобличност е идеално погоден инструмент за реализација на таканаречениот Принцип на Лидерот. Постојаната конкуренција меѓу служби чии функции не само што се совпаѓаат, туку кои добиваат и идентични задачи[245], на опозицијата или на саботажата не им дава речиси никаква шанса да станат ефикасни; брзата промена на важноста кое една служба ја преместува во сенка, а друга ја подига на власт, може да ги реши сите проблеми без некој да стане свесен за промената или за фактот дека постоела опозиција, со дополнителното предимство на системот дека конкурентската служба нема најверојатно да дознае за сопствениот пораз, бидејќи или воопшто не е расформирана (како во случајот на нацистичкиот режим) или пак е ликвидирана многу подоцна без некоја видлива врска со специфичната причина. Тоа може уште полесно да се спроведе бидејќи никој, освен неколкумина запознаени, не ја знае вистинската врска меѓу службите. Само понекогаш нетоталитарниот свет добива некаква претстава за овие состојби; како кога еден висок службеник во странство признава дека некој во сенка во Амбасадата (му е директно надреден. Наназад гледано, често е можно да се одреди зошто дошло до таква ненадејна загуба на моќ или попрво дека воопшто дошло. На пример, денес не е тешко да се сфати зошто при избивањето на војната луѓе како Алфред Розенберг или Ханс Франк беа ставени на државните функции, а со тоа тргнати од вистинскиот центар на власт, поточно од фиреровиот внатрешен круг на луѓе[246]. Важно е тоа дека тие не само што не ги знаеле причините за овие поместувања, туку веројатно и не се сомневале дека така очигледно високите функции како што се генерален гувернер на Полска или рајхминистер на сите источни територии не го означува

---

[245] Според сведочењето на еден од неговите поранешни вработени (*Nazi Conspiracy*, VI, 461), „на Химлер му беше посебна карактеристика една иста задача да им ја доверува на двајца различни луѓе“.

[246] Во претходно споменатиот говор (види фуснота 29) Ханс Франк покажа дека во еден момент сакал да го стабилизира движењето, и неговите бројни поплаки како Генерален гувернер на Полска, сведочат за тотален недостаток на сфаќање на намерните антиутилитарни тенденции на нацистичката полиција. Тој не може да сфати зошто потчинетите народи не се експлоатираат туку се истребуваат. На Розенберг Хитлер, што се однесува до расното прашање, не можеше да се потпре затоа што тој сакаше да воспостави сателитски држави во освоените Источни територии и не сфаќаше дека Хитлеровата политика во врска со населението целеше кон депопулација на тие територии.

климаксот, туку крајот на нивните националсоцијалистички кариери.

„Водачот-принцип“ не воспоставува хиерархија во тоталитарната држава ништо повеќе отколку што тоа го прави во тоталитарното движење; власта не се филтрира од врвот до дното преку сите попречни слоеви на политичкото како во случајот на авторитарни режими. Вистинската причина е во тоа што не постои хиерархија без власт и дека, и покрај бројните недоразбирања во врска со таканаречената „авторитарна личност“, принципот на власта во сите важни аспекти е дијаметрално спротивставен на оној на тоталитарната доминација. Сосема настрана од својот извор во Римската историја, власта, без разлика на формата, секогаш требало да ја намалува или ја ограничува слободата, но никогаш да не ја укинува. Како и да е, тоталитарната доминација има за цел да ја укине слободата, па дури и да ја елеминира човековата спонтаност воопшто, а во никој случај да ја укине слободата, а тоа го прави без разлика колку и да е тиранска. Технички, ова отсуство на каква било власт или хиерархија во тоталитарниот систем се гледа од фактот дека меѓу врховната власт (фирерот) и поданиците не постојат меѓунивоа кои би го добиле својот дел на власт и послушност. Волјата на фирерот може да биде отелотворена насекаде и во сите времиња, а тој лично не е врзан за ниедна хиерархија, па дури ни за онаа која самиот ја создал. Според тоа, не е точно ако се каже дека движењето, откако дошло на власт, основало мноштво мали царства во кои секој мал водач е слободен да прави што сака и да го имитира големиот водач на врвот[247]. Нацистичкото тврдење дека „партијата е поредок на фирери“[248] беше обична лага. Исто онака како што бесконечното мултиплицирање на службите и конфузијата во овластувањата води до состојба во која секој граѓанин се чувствува директно конфронтиран со волјата на

---

[247] Забелешката за поделба во „мали кнежевства“ кои формираат „пирамида на моќ надвор од законот со Фирерот на нејзиниот врв“ е на Роберт Х. Џексон. Види глава XII од *Nazi Conspiracy*, II, 1ff. За да спречи создавање на таква авторитарна држава, Хитлер веќе во 1934 го објави следниот партиски декрет: „Формата на обраќање ’Мој Фиреру‘ е резервирана само за Фирерот. Со ова јас забранувам сите сублидери на NSDAP да дозволат да им се обраќаат како ’Мој Рајхслајтеру‘ и слично, ни усно ни писмено: Напротив, формата на обраќање треба да биде *Pg*. [Партиски другару] ... или *Gauleiter*, и така натаму“. Види *Verfügungen, Anordnungen, Bekanntgaben*, op. cit., декрет од 20 август 1943.

[248] Види *Organisationbuch der NSDAP*.

Водачот, кој самиот го избира извршниот орган на неговите решенија, така милионот, а половина мали „фирери“ во Третиот Рајх[249] многу добро знаеја дека нивната власт произлегува директно од Хитлер без посреднички нивоа во функционирањето на хиерархијата[250]. Директната зависност беше вистинска, а хиерархијата, секако важна од социјален аспект, беше привидна, лажна имитација на авторитарната држава.

Апсолутниот монопол на моќта и власта на лидерот најјасно се гледа во односот меѓу него и неговиот шеф на полицијата кој во тоталитарната држава има најмоќна јавна функција. Сепак, и покрај огромната материјална и организациска моќ што ја има на располагање како глава на вистинска полициска армија и на елитните формации, шефот на полицијата очигледно не може никогаш да дојде на власт и самиот да стане водач на државата. Така, пред падот на Хитлер, Химлер никогаш и не помислувал да го доведе во прашање Хитлеровиот примат како водач[251] и никогаш не беше предложен како Хитлеров наследник. Во овој контекст, поинтересен е злосреќниот обид на Берија да дојде на власт по смртта на Сталин. Иако Сталин никогаш не му дозволи на ниеден од своите полициски шефови да ужива углед како што имал Химлер за време на последните години на нацистичкото владеење, Берија исто така имаше доволно војска да и се спротивстави на власта на партијата по смртта на Сталин, едноставно со запоседнување на цела Москва и на сите приоди кон Кремљ; никој освен Црвената армија не можеше да ги спречи неговите претензии за власт, а ова ќе доведеше до крвава граѓанска војна, чиј исход во никој случај немаше да биде сигурен. Работата е во тоа што Берија доброволно се откажа од сите свои позиции само неколку дена подоцна, иако сигурно мораше да знае дека со тоа ќе си го прокоцка животот

---

[249] Види дијаграм 14 во Vol. VIII од *Nazi Conspiracy*.

[250] Сите заклетви на партијата, како и на елитните формации, беа поврзани со личноста на Адолф Хитлер.

[251] Првиот чекор на Химлер во оваа насока се случи во есента 1944, кога нареди по своја сопствена иницијатива гасинсталациите во камповите за истребување да се демонтираат и масовниот колеж да запре. Ова беше негов начин да иницира мировни преговори со западните сили. Интересно е што Хитлер очигледно никогаш не беше информиран за овие подготовки; се чини дека никој не се осуди да му каже дека една од најважните воени цели веќе беше откажана. Види Leon Poliakov, *Breviare de la Haine*, 1951, стр. 232.

бидејќи дури и само за кусо се осмелил да си игра со моќта на полицијата против моќта на партијата[252].

Се разбира, овој недостиг на апсолутна моќ сепак не го спречува шефот на полицијата да го организира својот огромен апарат во согласност со тоталитарните принципи на моќ. Така, многу е впечатливо да се види како Химлер веднаш по назначувањето ја започна реорганизацијата на германската полиција, воведувајќи го мултиплицирањето на службите во веќе централизираниот апарат на тајната полиција. Тој очигледно го направи она што сите експерти за власт пред тоталитарните режими би се плашеле како од децентрализација што води кон слабеење на моќта. На службата на Гестапо, Химлер прво ѝ ја додаде Службата за безбедност, првобитно оддел на СС основан како полициско тело на партијата. Додека главните служби на Гестапо и на Службата за безбедност беа централизирани во Берлин регионалните ограноци на овие две огромни тајни служби го задржаа секоја својот идентитет и секоја ѝ беше директно подредена на Химлеровата лична служба во Берлин[253]. За време на војната, Химлер придодаде уште две нови разузнавачки служби: едната се состоеше од таканаречените инспектори кои требаше да ја контролираат и да ја координираат Службата за безбедност со полицијата, и кои беа под јурисдикција на СС; втората беше специфично воено разузнавачко биро кое дејствуваше независно од воените сили на Рајхот и конечно успеа да ја апсорбира разузнавачката служба на армијата[254].

Целосното отсуство на успешни или неуспешни дворски пучеви е една од најзначајните карактеристики на тоталитарните диктатури. (Со еден исклучок, ниту еден незадоволен нацист не учествуваше во воениот заговор против Хитлер во јули 1944). На површина, Принципот на Лидерот изгледа дека носи крвави измени на личната власт без промена на режимот. Ова е една од многуте индикации дека тоталитарната форма на владеење има многу мала врска со алчноста за власт или дури со стремежот кон машинерија што произведува моќ, со играта на моќ заради моќ, што беше карактеристично за последните етапи на империјалистичкото

---

[252] За настаните што ја следеа Сталиновата смрт, види Harrison E. Salisbury, *American in Russia*, New York 1955.

[253] Види ја одличната анализа на структурата на нацистичката полиција во *Nazi Conspiracy*, II, 250 и нат., посебно стр. 256.

[254] Ibid., стр. 252.

владеење. Но од практична гледна точка, како и да е, тоа е една од најважните индикации дека тоталитарното владеење, и покрај тоа што личи така, не е власт на некаква клика или банда[255]. Примерот на диктатурите на Хитлер и Сталин јасно го покажува фактот дека изолацијата на атомизираните поединци не ја дава само масовната база за тоталитарното управување, туку се спроведува до самиот врв на целата структура. Сталин ги уби речиси сите кои можеа да кажат дека ѝ припаѓаат на владејачката клика и ги поместуваше членовите на Политбирото нагоре и надолу секогаш кога една клика ќе беше пред консолидација. Хитлер ја уништи кликата на нацистичка Германија на помалку драстичен начин – единствената крвава чистка беше насочена против кликата на Рем, која беше цврсто поврзана преку хомосексуалноста на нејзините водачи; тој го спречи нивното создавање преку константното поместување на моќта и на власта и преку честите промени на блиските соработници од неговата непосредна околина, така што сета претходна солидарност меѓу него и оние кои дојдоа на власт брзо испаруваше. Уште повеќе, се чини очигледно дека монструозната неверност, која е опишана скоро со идентични термини како најистакнатата црта во карактерите и на Хитлер и на Сталин, не им дозволи да командуваат со нешто толку долготрајно како што е клика. Како и да е, поентата е во тоа што не постои меѓусебна врска помеѓу оние што беа во тие служби; тие не се сврзани преку рамноправен статус во политичката хиерархија или преку однос на подредени и надредени, ниту пак со несигурната гангстерска лојалност. Во советска Русија секому му е познато дека и највисокиот раководител на големиот индустриски концерн, исто како и министерот за надворешни работи, секој ден може да биде деградиран до најнискиот општествен и политички статус и дека некој сосема непознат може да го заземе неговото место. Гангстерското соучесништво, од друга страна, што играше некаква улога во првите фази на нацистичката диктатура, ја губи сета кохезивна сила, бидејќи тоталитаризмот ја користи својата моќ само за да го прошири

[255] Франц Нојман (Franz Neumann), op. cit., стр. 521 и нат., се сомнева „дека Германија може да биде наречена Држава. Тоа е многу повеќе банда во која водачите постојано се принудени да се согласат иако не се согласуваат“. Работата на Конрад Хајден за нацистичка Германија е репрезентативна за теоријата на владеење на клика.

ова соучесништво меѓу населението додека не ја организира вината на сите луѓе под своја доминација[256].

Отсуството на владејачка клика го направи прашањето за наследник на тоталитарниот диктатор особено нејасно и проблематично. Вистина е дека ваквиот исход ги измачувал сите узурпатори, и карактеристично е дека ниеден од тоталитарните диктатори никогаш не го испробал стариот метод на создавање на династија и назначување на синот за наследник. Наспроти Хитлеровите многубројни и според тоа самонегирачки наименувања, стои Сталиновиот метод кој статусот наследник го претвори во една од најопасните почести во Советскиот Сојуз. Во тоталитарни услови, познавањето на ливиринтот на механизмите за трансмисија е еднакво на највисока моќ, па секој наименуван наследник кој дознава што всушност се случува автоматски е отстранет по извесно време. Едно сигурно и трајно наименување секако би претпоставило постоење на клика чии членови би го делеле монополот на лидерот во знаењето што се случува, а тоа еден лидер мора да го избегне на секој начин. Еднаш Хитлер, со свои зборови, им го објасни тоа на највисоките раководители на Вермахтот, кои во екот на војната веројатно си ја кршеа главата со овој проблем: „Како најважно морам, сосема скромно, да ја именувам својата личност како незаменлива... Судбината на Рајхот зависи само од мене“[257]. Нема потреба да се бара некоја иронија во зборот скромност; тоталитарниот водач, за разлика од сите поранешни узурпатори, деспоти и тирани, се чини верува дека прашањето на неговото наследување не е многу важно, дека за оваа работа не се потребни посебни квалитети или обучување, дека државата на крајот ќе му се потчини на секој кој ќе се погоди да биде

---

[256] Спореди го авторовиот прилог кон дискусијата на проблемот на германската вина: “Organized Guilt”, во Jewish Frontier, јануари 1945.

[257] Во говорот од 23 ноември 1939, цитирано од *Trial of Major War Criminals*, Vol. 26, стр. 332. Дека овој проглас беше повеќе хистерична аберација диктирана случајно, е очигледно од Химлеровиот говор (стенографскиот запис може да се најде во архивите на Hoover Library, *Himmler File*, Folder 332) на состанокот на раководителите во Позен во март 1944. Во него се вели: „Какви вредности можеме да додадеме на вагата на историјата? Вредноста на нашиот сопствен народ... Второ, би рекол, дури поголема вредност е единствената личност на нашиот фирер Адолф Хитлер, ...кој за првпат по 2.000 години... ѝ беше испратен на германската раса како голем водач...“

наименуван по неговата смрт, и дека ниеден од ривалите жедни за власт нема да ја оспори неговата законитост[258].

Како техники на владеење, тоталитарните средства изгледаат едноставни и генијално ефектни. Тие не само што го осигуруваат монополот на апсолутната власт, туку и даваат неспоредлива сигурност дека сите наредби ќе бидат спроведени; мултиплицитетот на преносните механизми, конфузијата во хиерархијата, ја осигуруваат целосната независност на диктаторот во однос на подредените, и ги прават возможни брзите и неочекувани промени во политиката, по кои тоталитаризмот стана познат. Политичкото тело на земјата е отпорно на удар поради неговата безформност.

Причините зошто оваа исклучителиа ефикасност никогаш порано не била испробана се исто толку едноставни. Мултиплицирањето на службите го уништува сето чувство на одговорност и на компетентност; тоа не претставува само огромно претоварување и непродуктивно зголемување на администрацијата, туку всушност и ја попречува продуктивноста, затоа што противречните наредби константно ја забавуваат ефикасноста, се додека наредбата на лидерот не ја среди работата. Фанатизмот на елитните кадри, апсолутно битен за функционирањето на движењето, систематично го уништува сиот вистински интерес за специфичните занимања и создава менталитет кој на секоја акција гледа како на инструмент за постигање на нешто сосема друго[259]. А овој менталитет не е ограничен само на елитата, туку постепено го зафаќа целокупното население, чии најинтимни детали за животот и смртта зависат од политичките одлуки – односно, од причините и скриените мотиви кои немаат никаква врска со самото спроведување. Константните отстранувања, деградирања и промовирања ја

---

[258] Види ги Хитлеровите изјави за ова прашање во *Hitlers Tischgespräche*, стр. 253 f. и 222 f.: новиот фирер ќе треба да биде избран од „сенат"; раководечкиот принцип за изборот на фирер треба да биде запирањето на секаква дискусија меѓу учесниците во изборот. За три часа Вермахтот, партијата и сите цивили ќе треба веќе да му бидат заколнати. „Тој немаше никакви илузии околу фактот дека во овој избор на највисок раководител на државата може да се случи секогаш да нема истакната водечка личност на чело на Рајхот". Но ова не носи опасност, „се додека сеопфатната машинерија функционира исправно".

[259] Еден од водечките принципи на СС формулиран од самиот Химлер беше: „Ниедна задача не постои само заради себе". Види Gunter d'Alquen, *Die SS, Geschichte, Aufgabe und Organisation der Schutzstaffeln der NSDAP*, 1939, во *Schriften der Hochschule für Politik*.

оневозможуваат тимската работа на која може да ѝ се верува и го спречуваат развојот на искуството. Од економска гледна точка, ропскиот труд е луксуз што Русија не би можела да си го дозволи; во време на акутен недостиг на техничко знаење, логорите беа преполни со „висококвалификувани инженери (кои) се натпреваруваа за правото да вршат водоинсталатерски работи, да поправаат часовници, осветлување и телефони“[260]. Но тогаш од чисто практична гледна точка, Русија не требаше да може да си ги дозволи чистките во триесеттите, кои го прекинаа долгоочекуваното економско оздравување, или пак уништувањето на командниот кадар на Црвената армија, што доведе речиси до пораз во руско-финската војна.

Приликите во Германија во извесен степен се разликуваа. Во почетокот, нацистите покажаа извесна тенденција да се придржуваат до техничките и административните искуства, да дозволат профитирање во бизнисот и да доминираат економски без многу мешање. При избивањето на војната Германија сè уште не беше сосема тоталитаризирана, и ако подготовките за војната се сфатат како рационален мотив, мора да се признае дека приближно до 1942 година на нејзината економија и беше дозволено да функционира повеќе или помалку рационално. Подготвувањето на војната само по себе не е антиутилитарно и покрај претерано високите трошоци[261], затоа што навистина може да биде многу „поевтино да се приграбат богатствата и ресурсите на други нации со нивно покорување, отколку да се купуваат од странство или да се произведуваа во земјата“[262]. Економските закони за инвестиција и продукција, за стабилизирачки добивки и профити и за потрошувачката не функционираат ако се има намера во секој случај исцрпената домашна економија да се пополни со пленот од другите држави; сосема е точно, и Германците – симпатизери на нацизмот беа сосема свесни за тоа, дека

[260] Види David J. Dallin и Boris I. Nikolaevsky, *Forced Labor in Russia*, 1947, кој кажува дека за време на војната кога мобилизацијата создаде акутен проблем за потреба од човечки труд, смртната стапка во логорите за принудна работа беше околу 40% за една година. Општо земено, тие проценуваат дека ефектот од работата на еден логораш е помалку од 50% од ефектот на слободниот работник.

[261] Thomas Reveille, *The Spoil of Europe*, 1941, пресмета дека Германија за време на првата година од војната беше способна да ги покрие своите комплетни подготвителни воени трошоци од годините 1933 до 1939.

[262] William Ebenstein, *The Nazi State*, стр. 57.

познатиот нацистички слоган „пушки или путер“ всушност значеше „путер преку пушки“[263]. Дури по 1942 правилата на тоталитарната доминација почнаа да претежнуваат над какви било други размислувања.

Радикализацијата започна веднаш по избувнувањето на војната: може дури да се претпостави дека една од причините на Хитлер за започнување на оваа вој|на беше што таа му овозможуваше да го забрза развојот на начин кој ќе беше невозможен во време на мир[264]. Во врска со овој процес паѓа в очи што тој воопшто не беше проверен низ таков голем пораз како што е Сталинград, и дека опасноста да се изгуби војната беше само уште еден поттик да се отфрлат сите утилитарни размислувања и со сите сили да се направи обид преку сурова тотална организација да се реализираат целите на тоталитарната расна идеологија, без оглед за колку кусо време[265]. По Сталинград, елитните формации кои беа сосема одвоени од народот во голема мера беа зголемени; протерувањето на партиското членство од редовите на војската беше зголемено и военета команда беше подредена на заповедниците на СС. Љубоморно чуваниот криминален монопол на СС беше напуштен, а војниците по слободна волја беа назначени да учествуваат во масовни убиства[266]. Ниту на воените, ниту на

[263] Ibid., стр. 270.

[264] Ова е поткрепено од фактот дека декретот да се убиваат сите неизлечиво болни беше издаден истиот ден кога почна војната, но дури и повеќе со Хитлеровите изјави за време на војната, цитирани од Гебелс (*The Goebbels Diaries* ed. Louis P. Lochner, 1948), дека „војната ни овозможи решавање на цела серија на проблеми што никогаш не би ги решиле во нормални времиња“, и дека, без оглед како ќе се одвива војната, „Евреите сигурно ќе бидат тие што ќе загубат“ (стр. 314).

[265] Вермахтот, се разбира, повеќепати се обиде да им ја објасни на различните партиски органи опасноста од воена управа во која командите се издаваат со крајна немарност кон сите воени, граѓански и економски потреби (види, на пример, Poliakov, op. cit., 321.) Но дури и многу високи нацистички функционери тешко го согледуваат ова негирање на сите објективни економски и воени фактори во ситуацијата.

[266] На почетокот, само специјалните делови на СС-единиците на Мртовечката глава – работеа во концентрационите логори. Подоцна замената дојде од Вооружените СС дивизии. По 1944, и единици на регуларната војска беа исто така вклучени, но обично инкорпорирани во Вооружените СС. (Види ја изјавата на еден бивш СС службеник во концентрациониот логор во Ноенгам, во *Nazi Conspiracy*, VII, 211). Како активното присуство на Вермахтот се чувствуваше во концентрационите логори е опишано во логорскиот дневник на

економските, и ниту на политичките размислувања им беше дозволено да се мешаат во скапата и проблематична програма за масовни истребувања и депортации.

Ако се размислува за последните години на нацистичкото владеење и за нивната верзија на „петгодишниот план“, кого немаа време да го спроведат но чија цел беше истребување на полскиот и украинскиот народ, на 170 милиони Руси (како што беше споменато во еден план), на интелигенцијата на Западна Европа како што се Холанѓаните и луѓето од Алзас и Лорен, како и на сите оние Германци кои требаше да бидат дисквалификувани според правилата на нацистичкиот здравствен закон или според планираниот „закон за странците“, тогаш аналогијата со болшевичкиот петгодишан план од 1929, првата година на вистинската тоталитарна диктатура во Русија, е речиси неизбежна. Вулгарните еугенички пароли од една, и високопарните економоки фрази од друга страна, беа предговор кон „едно неверојатно лудило во кое сите правила на логиката и сите принципи на економијата беа свртени наопаку“[267].

Во секој случај, тоталитарните диктатори не одат свесно по патот на лудилото. Работата е во тоа што нашата збунетост од антиутилитарниот карактер на тоталитарната државна структура произлегува од погрешното сфаќање дека, сепак, имаме работа со нормална држава – бирократија, тиранија, диктатура – што произлегува од нашето занемарување на емфатичните тврдења на тоталитарните владетели дека земјата во која дошле на власт тие ја сметаат само како привремено седиште на интернационалното движење на патот кон освојувањето на светот, дека тие поразите и победите ги оценуваат на векови или милениуми, и дека општите интереси секогаш се пред локалните интереси на нивната сопствена територија[268]. Познатото мото „исправно е она што е добро за

---

Odd Nansen, *Day after Day*, London 1949. За жал, тој покажува дека овие редовни воени трупи беа во најмала рака исто толку брутални како и СС.

[267] Deutscher, op. cit., стр. 326. Овој цитат има тежина бидејќи доаѓа од најбеневолентниот од Сталиновите некомунистички биографии.

[268] Нацистите беа особено склони кон тоа да сметаат во временски термини на милениуми. Химлеровите прогласи дека СС-овците беа заинтересирани само за „идеолошки прашања чија важност се пресметуваше од гледна точка на декади и векови“ и дека тие „и служеа на цел која во две илјади години се јавува само еднаш“, се повторуваа со мали варијации низ целиот материјал за индоктринација што го издаваше SS-Hauptamt-Schulungsamt (*Wessen und Aufgabe*

германскиот народ" беше употребувано само за масовна пропаганда; на нацистите им беше речено дека „исправно е она што е добро за движењето"[269], а овие два интереси во никој случај не се поклопуваа секогаш. Нацистите не мислеа дека Германците се господарска раса на која и припаѓа светот, туку дека треба да бидат водени од господарска раса, исто како и сите други народи, и дека оваа раса всушност тукушто се раѓа[270]. Не беа Германците зачетокот на господарската класа, туку СС[271]. „Германската светска империја", како што Химлер велеше, или „ариевската" светска империја, како што би рекол Хитлер, во секој случај, сè уште беше со векови далеку[272]. За „движењето" беше поважно да демонистрира дека е возможно да се фабрикува раса преку уништување на други „раси", отколку да победи во војна со ограничени цели. Она што најмногу му паѓа в очи на надворешниот набљудувач како „едно неверојатно лудило" не е ништо друго туку последицата од апсолутниот примат на движењето не само во однос на државата, туку и врз нацијата, врз луѓето и врз позициите на власт што ги држат самите владетели. Причината зошто ингениозните средства на тоталитарното владеење, со нивната апсолутна и ненадмината концентрација на моќ во рацете на еден единствен човек никогаш порано не биле испробани, лежи во тоа што ниеден обичен тиранин никогаш порано не бил доволно луд да ги отфрли сите

---

*der SS und der Polizei*, стр. 160). – Што се однесува до болшевичката верзија, најдобра референца е програмата на Комунистичката интернационала формулирана од Сталин уште во 1928 на Шестиот конгрес во Москва. Особено интересна е проценката на Советскиот Сојуз како „основа за светско движење, центар на интернационална револуција, најголем фактор во светската историја. Во СССР, светскиот пролетеријат за првпат добива своја држава..." (цитирано од W. H. Chamberlain, *Blueprint for World Conquest*, 1946, каде што програмите на Третата интернационала се целосно препечатени).

[269] Оваа промена на официјалното мото може да се најде во *Organisationsbuch der NSDAP*, стр. 7.

[270] Види Heiden, op. cit., стр. 722.

[271] Потоа, Химлер „многу бргу формира германски СС во другите земји" на кои им рече: „Ние не очекуваме од вас да станете Германци од опортунизам. Меѓутоа, очекуваме нашите национални идеали да им ги потчините на поголемиот расен и историски идеал, на германскиот Рајх" (Heiden, op. cit.). Негова идна задача би била преку „најбогато воспитување" да формира „расно супер-ниво" што во следните дваесет до триесет години би ја „претставувало водечката класа на цела Европа" (говор на Химлер на средбата на генералите на СС во Позен, 1943, во *Nazi Conspiracy*, IV, 558 и нат.).

[272] Himmler, ibid., стр. 572.

ограничени и локални интереси – економски, национални, човечки, воени – во корист на некоја чисто фиктивна реалност во некоја недефинирана далечна иднина.

Бидејќи тоталитаризмот на власт останува верен за првобитните принципи на движењето, впечатливите сличности меѓу организациските средства на движењето и таканаречената тоталитарна држава одвај може да се сметаат за изненадувачки. Неслогата меѓу партијците и придружните членови во истурени организации далеку од исчезнување, води до „координација“ на целокупното население, сега организирано како симпатизери. Огромното зголемување на бројот на симпатизерите се проверува со ограничувачката партиска моќ на привилегираната „класа“ од неколку милиони, и со создавањето на суперпартија од неколку стотици илјади членови, односно на елитните формации. Мултипликацијата на службите, дуплирањето на функциите и адаптирањето на партиско – симпатизерскиот однос кон новите услови едноставно значи дека необичната кромидеста структура на движењето, во која секој слој стоеше пред следната, помилитантна формација, е сочувана. Државната машинерија е претворена во фронтовска организација на бирократи – симпатизери чија функција во внатрешните работи е да шират доверба меѓу масите на речиси координираните граѓани, и чии надворешни функции се состојат во лажење на надворешниот, нетоталитарен свет. Лидерот, со неговата двојна функција на шеф на државата и водач на движењето, во својата личност пак ги комбинира суштината на милитантната суровост и нормалноста која создава доверба.

Една од важните разлики меѓу тоталитарното движење и тоталитарната држава е во тоа што тоталитарниот диктатор може и мора да ја извежбува тоталитарната уметност на лажење подоследно и во поголем степен од водачот на едно движење. Ова делумно е автоматска последица од издигнувањето на рангот на поддржувачите, а делумно се должи на фактот дека непријатните изјави на еден државник не се демантираат толку лесно како оние на демагошкиот партиски лидер. За оваа цел, Хитлер одбра да прибегне, без никакво заобиколување, кон старомодниот национализам што тој многупати го имаше осудено пред да дојде на власт; заземајќи поза на закоравен националист, изјавувајќи дека национал-социјализмот не е „извозен артикл“, ги смири и Германците и негерманците и имплицираше дека нацистичките амбиции ќе

бидат задоволени кога традиционалните барања на националната германска надворешна политика – враќање на териториите одземени со Версајскиот договор, *anschluss* на Австрија, анексијата на деловите од германското говорно подрачје на Чехословачка, ќе бидат исполнети. Слично на ова и Сталин кокетираше со јавното мислење и на Русија и на нерускиот свет кога ја измисли својата теорија на „социјализам во една земја“ и кога одговорноста за светската револуција ја префрли врз Троцки[273].

Систематското лажење на целиот свет може безбедно да се изведе само во услови на тоталитарно владеење, каде што фиктивниот квалитет на секојдневната реалност во голема мера пропагандата ја прави излишна. Во фазата пред да дојдат на власт, движењата никогаш не можат да си дозволат да ги кријат своите вистински цели до истиот степен – најпосле, од нив се очекува да ги инспирираат масовните организации. Меѓутоа, кога им се даде можност да ги истребуваат Евреите како да се тафтабити, имено, со отровен гас, веќе не беше потребно и понатаму да тврдат дека Евреите се тафтабити[274]; бидејќи им се даде власт на целата нација да ѝ ја предаваат историјата на руската револуција без да го споменат името на Троцки, исчезна и потребата од пропаганда против Троцки. Но употребата на методите за извршување на идеолошките цели може да се „очекува“ само од оние кои се „идеолошки наполно цврсти“ – без разлика дали тие таква цврстина добиле во школите на Коминтерната или пак во специјалните центри за нацистичка индоктринација – дури и во случај овие цели да бидат јавно објавувани. Во ваквите случаи неизбежно се покажува дека обичните симпатизери никогаш не сфаќаат што се случува[275]. Тоа води до парадоксот дека „тајната заедница

---

[273] Deutscher, op. cit., ја опишува Сталиновата забележителна „чувствителност кон сите тие психолошки потструења... за чиј што гласноговорник самиот си се постави“ (стр. 292. „Самото име на теоријата на Троцки, ’перманентна револуција‘, звучеше како кобно предупредување за една уморена генерација... Сталин се обраќаше директно кон стравот од ризик што ги зафати многу болшевици“ (стр. 291).

[274] Вака Хитлер можеше да си ја овозможи употребата на омиленото клише „пристојниот Евреин“ откако почна да ги ликвидира, имено во декември 1941, во *Tischgespräche*, стр. 346.

[275] Хитлер, според тоа, зборувајќи им на членовите на главниот штаб (Бломберг, Фрич, Редер) и на важните цивили (Нојрат, Геринг) во ноември 1937, можеше да си дозволи отворено да тврди дека му е потребен депопулиран простор и да ја отфрли идејата за завојување на странски народи. Дека ова

на дневно видело“ никогаш не е поконспиративна по карактерот и во методите отколку кога ќе биде признаена како полноправен член на друштвото на народите. Сосема е логично тоа што Хитлер, пред зграбувањето на власта, успеа да им одолее на сите обиди да ја организира партијата и дури и елитните формации на конспиративна основа; но веќе по 1933 тој беше сосема подготвен да помогне СС да се трансформира во еден вид тајно друштво[276]. Слично на ова, комунистичките партии диригирани од Москва, сосема спротивно од своите претходници, покажаа чудна тенденција за преферирање на конспиративноста дури и во случаи кога беше возможна потполна легалност[277]. Колку што е поочигледна моќта на тоталитаризмот, толку потајни стануваат неговите вистински цели. За да се дознаат крајните цели на Хитлеровото владеење во Германија, беше многу помудро човек да се потпре врз неговите пропагандни говори и врз *Mein Kampf* одошто врз ораторството на канцеларот на Третиот Рајх; исто како што ќе беше попаметно да не им се верува на Сталиновите зборови за „социјализмот во една земја“, измислени за моменталната цел да дојде на власт по смртта на Ленин, и посериозно да се сфати неговото постојано непријателство кон демократските земји. Тоталитарните диктатори докажаа дека премногу добро ја знаеја опасноста вградена во нивната поза на нормалност; односно опасноста од вистинска националистичка политика или опасноста од градење на вистински социјализам во една земја. Тие оваа појава се обидоа да ја надминат преку перманентното и конзистентно неслагање меѓу убедливите зборови и реалноста на владеењего, со свесно развивање на метод на постапување

---

автоматски водеше кон политика на истребување на такви народи, очигледно никој од неговите слушатели не го сфати.

[276] Ова започна со една наредба во јули 1934, со која СС беа издигнати на ниво на независна организација во рамките на НСДАП, а се заокружи со таен декрет во август 1938 со кој се прогласуваше дека специјалните формации на СС, единиците на Мртовечката глава и Ударните единици (*Verfügungstruppen*) не беа дел ниту од војската ниту од полицијата; единиците на Мртовечката глава требаше „да извршуваат специјални задачи од полициски карактер“, а Ударните единици беа „секогаш подготвени вооружени единици исклучително на мое располагање“ (*Nazi Conspiracy*, III, 459).

[277] Спореди Franz Borkenau, *Die neue Komintern*, во Der Monat, Berlin 1949.

секогаш спротивно од она што го зборуваат[278]. Оваа уметност на балансирање, што бара поголема умешност од обичната рутинска дипломатија. Сталин ја доведе до точката во која умереноста на надворешната политика, или во политичката линија за Коминтерната, скоро секогаш е проследена со радикални чистки во руската партија. Секако беше повеќе од обична коинциденција фактот што политиката на Народниот фронт и ревизијата на доста либералниот советски устав се поклопија со Московските процеси.

* * *

Доказ дека тоталитарните влади се стремат да го освојат светот и сите земји да ги доведат под своја доминација може секогаш да се најде во нацистичката и болшевичката литература. Сепак овие идеолошки програми, наследени уште од предтоталитарните движења (од супернационалистичките антисемитски партии и соништата за пангерманска империја во случајот на нацистите, од интернационалниот концепт на револуционерниот социјализам во случајот на болшевиците) не се решавачки. Решавачко е тоа што тоталитарните режими навистина ја водат својата надворешна политика врз цврстата претпоставка дека конечно ќе ја достигнат оваа крајна цел, а никогаш нема да ја испуштат од вид без разлика колку далечна може да изгледа или пак колку сериозно нивните „идеални“ барања може да се судрат со потребите на моментот. Заради тоа тие ниедна земја не ја сметаат за странска, туку напротив, секоја земја е нивна потенцијална територија. Доаѓањето на власт, фактот дека во една земја фиктивниот свет на движењето станал опиплива реалност, создава врска со другите народи, што е слично на ситуацијата на тоталитарната партија под нетоталитарно владеење: опипливата реалност на фикцијата, поддржана од меѓународно признаена државна власт, може да биде извезена на ист начин како што презирот кон парламентот може да биде внесен од нетоталитарниот парламент. Во овој однос, „решавањето“ на еврејското прашање пред војната беше извонреден експортен производ на

[278] Инстанците се премногу очигледни и премногу многубројни за да се цитираат. Оваа тактика, како и да е, не треба едноставно да се идентифицира со огромниот недостаток на совесност и чесност на кои сите биографи на Хитлер и Сталин укажуваат како на истакнати црти на нивниот карактер.

нацистичка Германија: прогонот на Евреите внесе важна доза на нацизам во другите земји; присилувајќи ги Евреите да го напуштат Рајхот без пасош и без пари, легендата за Евреинот талкач беше остварена, а со создавањето кај Евреите на бескомпромисно непријателство кон нив, нацистите си го создадоа изговорот за мешање во внатрешната политика на сите народи[279].

Колку сериозно нацистите ја сфатија својата конспиративна фикција, според која тие беа идните господари на светот, стана јасно во 1940 година, кога – и покрај неопходноста, и соочени со сите нивни премногу реални шанси да ги победат окупираните народи на Европа – тие ја започнаа својата политика на депопулација на Источна Европа, без оглед на загубите на луѓе и на сериозните воени последици, и донесоа закони кои со ретроактивна сила пренесоа дел од казнените закони на Третиот Рајх во западните окупирани земји[280]. Немаше поефектен начин за рекламирањето на нацистичкото барање за владеење со светот од казнување како за велепредавство на секоја изјава или постапка против Третиот Рајх, направена без разлика, кога, каде или од кого. Нацистичкиот закон целиот свет го сметаше како потенцијално да припаѓа под негова јурисдикција, така што окупациската војска веќе не беше инструмент на освојување што со себе го носеше новиот закон на освојувачот, туку егзекутивен орган кој го применуваше законот кој се сметаше дека постои за секого.

Претпоставката дека нацистичкиот закон важи и надвор од германските граници и казнувањето на негерманското население беа повеќе од само обични средства за угнетување. Тоталитарните режими не се плашат од логичките импликации на освојување на светот дури и ако го прават спротивното и се штетни за интересите на нивниот сопствен

[279] Види го циркуларното писмо од Министерството за надворешни работи до сите германски претставници во странство, јануари 1939, во *Nazi Conspiracy*, VI, 87 и нат.

[280] Во 1940, нацистичката влада издаде декрет дека сите прекршоци почнувајќи од издајство на Рајхот до „малициозни агитаторски изјави против водечките личности на Државата или Нацистичката партија“ треба да се казнат со ретроактивна сила во сите германски окупирани територии, без разлика дали доаѓаат од Германци или домашното население на овие земји. Види: Giles, op. cit. – За катастрофалните последици на нацистичкиот “Siedlungspolitik” во Полска и Украина види Trial, op. cit., том XXVI и XXIX.

народ. Логично би било да е неоспорно дека планот за освојувањето на светот подразбира укинување на разликите помеѓу освојувачката матична земја и освоените територии, како и разликите меѓу странската и домашната политика, врз што се базираат сите постоечки нетоталитарни институции и сите меѓународни контакти. Ако тоталитарниот освојувач насекаде раководи како во својата земја, тогаш според истиот аршин тој мора да се однесува кон својот народ исто како да е странски освојувач[281]. И сосема е точно дека тоталитарното движење доаѓа на власт на ист начин како што и странскиот освојувач може да заземе земја во која што владее не заради себе самиот туку заради нешто друго или некој друг. Нацистите во Германија се однесуваа како странски освојувачи кога, наспроти сите национални интереси, се обидоа и наполно успеаја својот пораз да го претворат во конечна катастрофа за целиот германски народ; слично, во случај на победа, имаа намера да ја прошират политиката на истребување врз „расно несоодветните“ Германци[282].

Еден сличен став изгледа дека ја имаше инспирирано надворешната советска политика по војната. Цената на нејзината агресивност врз самите Руси е ужасна; таа му претходеше на големиот повоен заем од САД што требаше да и овозможи на Русија да ги оживее опустошените области и да ја индустријализира земјата на рационален, продуктивен начин. Ширењето на влади на Коминтерната на целиот Балкан и окупацијата на големи источни територии не донесоа опиплива корист, туку напротив, уште повеќе ги исцрпеа руските извори, Но, ваквата политика секако им служеше на

---

[281] Терминот е на Кравченко, op. cit., стр. 303, кој, по големата чистка од 1936–1938 забележува: „Ако некој странски завојувач ја преземеше машинеријата на Советскиот живот... тешко дека промената ќе беше толку сеопфатна и сурова“.

[282] За време на војната Хитлер ја разгледуваше можноста за воведување на национални здравствени картони. „По прегледот на нацијата со рендгентски зраци, на фирерот треба да му се даде листа на болните луѓе, особено оние со белодробни и срцеви заболувања. Врз основа на новиот Здравствен закон на Рајхот... овие семејства веќе не ќе можат да останат во јавноста и веќе не ќе смеат да раѓаат деца. Што ќе се случи со овие семејства ќе биде решено со следните наредби на Фирерот“. Не треба многу фантазија за да се погоди што би биле следните наредби. Бројот на луѓето на кои повеќе не им беше дозволено „да останат во јавноста“ би оформил значаен дел од германската популација (*Nazi Conspiracy*, 175).

интересите на болшевичкото движење, кое се прошири речиси врз половината од светското население.

Исто како надворешен освојувач, тоталитарниот диктатор природните и индустриските богатства на секоја земја, вклучувајќи ја и својата, ги смета за извор за грабеж и за средство за подготвување на следниот чекор на агресивната експанзија. Бидејќи оваа економија на систематско ограбување се спроведува заради движењето, а не заради нацијата, ниту луѓето ниту територијата, како потенцијални корисници, воопшто не можат да го запрат тој процес. Тоталитарниот диктатор е како странскиот освојувач кој доаѓа од никаде и неговата пљачка не му користи никому. Делењето на пленот се врши не за да ја зајакне економијата на матичната земја, туку претставува типичен тактички маневар. За економските цели, тоталитарните режими се исто толку дома во својата земја колку што е иројот скакулци. Фактот што тоталитарниот диктатор владее со сопствената земја како да е странски завојувач работите ги прави уште полоши, бидејќи на суровоста и додава ефикасност која на тираните на околните територии очигледно им недостасува. Сталиновата војна против Украина во раните триесетти беше двојно поефикасна од ужасната крвава германска инвазија и окупација[283]. Тоа е причината што тоталитаризмот претпочита квислиншки влади и покрај очигледната опасност од такви режими.

* * *

Проблемот со тоталитарните режими не лежи во тоа што тие ја играат политиката на моќ на особено безобѕирен начин, туку во тоа што зад нивната политика е скриен еден сосема нов и никогаш дотогаш неприменет концепт на власт, исто како што зад нивната *Realpolitik* стои еден сосема нов и никогаш неприменет концепт на реалноста. Најголемо непочитување на најнепосредните консеквенции наспроти безобѕирност; немање на корен и негирање на националниот интерес наспроти национализмот; презирање на утилитарните мотиви наспроти безглавото следење на сопствениот интерес;

---

[283] Тоталниот број на загинати Руси во четирите години од војната се смета дека е меѓу 12 и 21 милион. Сталин истреби за само една година и само во Украина околу 8 милиони луѓе (приближно). Види *Communism in Action*. U. S.: Government, Washington 1946, House Document No. 754, стр. 140–141.

ставање на „идеализмот", т.е. на нивната непоколеблива верба во еден идеолошко фиктивен свет пред жедта за власт – сите овие работи во меѓународната политика внесоа нов и повознемирувачки фактор отколку што само обичната агресија би можела тоа да го направи.

Моќта, онака како што ја сфаќа тоталитаризмот, исклучиво се базира врз силата создадена низ организирање. Исто онака како што Сталин секоја институција, независно од нејзината функција, ја сметаше само како „преносен ремен кој ги поврзува партијата и луѓето"[284] и искрено веруваше дека најголемите богатства на Советскиот Сојуз не се плодната почва или пак продуктивниот капацитет на неговиот скромен човечки потенцијал, туку „кадарот" на партијата[285] (т.е. полицијата), исто така и Хитлер уште во 1929 година ја гледаше „величината" на движењето во фактот што шестотини илјади луѓе „станаа речиси едно, дека всушност овие членови се униформни не само во идеите, туку дури и изразот на лицето им е речиси ист. Погледнете ги овие насмеани очи, овој фанатички ентузијазам и ќе откриете... дека стотици илјади луѓе во движењето станаа исти"[286]. Во сфаќањата на западниот човек, каква и да е врската на власта со стекнувањето на материјални поседи, со добросостојба, со богатство и драгоцености, се претопила во еден вид на дематеријализиран механизам чие секое движење создава власт исто како што триењето или галванските струи создаваат електрична енергија. Тоталитарната поделба на богати и сиромашни земји е повеќе од демагошко средство; оние што ја прават таа поделба всушност се убедени дека моќта на материјалното поседување е занемарлива и само му пречи на развојот на организациската моќ. За Сталин постојаното зголемување и развитокот на полициските кадри беа неспоредливо поважни од нафтата во Баку и рудата на Урал, житниците на Украина, или од потенцијалните богатства на Сибир – накратко, развојот на севкупниот руски арсенал на моќ, Истиов менталитет го натера Хитлер цела Германија да им ја жртвува на СС кадрите; тој не сметаше дека војната е изгубена кога германските градови лежеа под урнатини и кога индустрискиот капацитет беше уништен, туку само кога дозна

[284] Deutscher, op. cit., стр. 256.
[285] B. Souvarine, op. cit., стр. 605.
[286] Цитирано од Heiden, op. cit., стр. 311.

дека веќе не може да се потпре на СС трупите[287]. За човекот кој веруваше во организациската премоќ над сите материјални фактори, воени или економски, и кој, уште повеќе, ја калкулираше крајната победа на својот потфат во векови, поразот не беше воена катастрофа, ниту значеше глад за населението, туку само уништување на елитните формации кои требаше да ја спроведат заверата за покорување на светот преку низа генерации сѐ до евентуалниот крај.

Безструктуралноста на тоталитарната држава, нејзиното негирање на материјалните интереси, нејзината еманципација од мотивот за профит и нејзините неутилитарни ставови воопшто, повеќе од сѐ придонесоа современата политика да стане речиси непредвидлива. Неспособноста на нетоталитарниот свет да го сфати менталитетот кој функционира независно од која било акција пресметлива во луѓе и материјали, и е наполно индиферентна кон националните интереси и добросостојбата на луѓето, се покажува тешка за проценка: оние кои исправно ја разбираат ужасната ефикасност на тоталитарната организација и полиција најверојатно ќе ја проценат материјалната моќ на тоталитарните држави, додека оние кои ја разбираат потполната неспособност на тоталитарната економија најверојатно ќе го потценат потенцијалот на моќ кој може да се создаде со занемарување на материјалните фактори.

## 2. ТАЈНАТА ПОЛИЦИЈА

Досега знаеме само за две форми на тоталитарна доминација: диктатурата на националсоцијализмот по 1938 година и диктатурата на болшевизмот од 1930 година. Овие форми на доминација во основа се разликуваат од другите видови диктаторско, деспотско или тиранско владеење; и иако се развиле, со извесен континуитет, од партиските диктатури, нивните основни тоталитаристички карактеристики се нови и не можат да се изведат од еднопартиските системи. Целта на

---

[287] Според извештаите од последната средба, Хитлер реши да изврши самоубиство откако дозна дека веќе не може да им верува на СС трупите. Види H. R. Trevor – Roper, *The last Days of Hitlers*, 1947, стр. 116 и нат.

еднопартиските системи не е само да се преземе владината администрација, туку со пополнување на сите служби со членови на партијата да се постигне потполна амалгамација на државата и партијата, така што, по преземањето на власта, партијата станува еден вид пропагандна организација за владата. Овој систем е „тотален“ само во негативна смисла, имено, во тоа што владејачката партија нема да толерира други партии, опозиција или слобода на политички мислења. Еднаш кога партиското диктаторство ќе дојде на власт, првобитниот однос помеѓу државата и партијата го остава недопрен; владата и војската ја имаат истата моќ како и порано, а „револуцијата“ се состои само во фактот дека сите места во владата сега ги заземаат членови на партијата. Во сите овие случаи моќта на партијата почива врз монополот кој го гарантира државата, а партијата веќе нема свој центар на моќ.

Револуцијата која ја започнуваат тоталитарните движења откако ја зграбиле власта е од многу порадикална природа. Од почеток тие свесно се борат да ги задржат основните разлики меѓу државата и движењето и да спречат „револуционерните“ институции да бидат апсорбирани од страна на владата[288]. Проблемот на преземање на државната машина без стопување со неа се решава на тој начин што им се дозволува на оние партиски членови кои имаат секундарно значење за партијата да се издигнат во државната хиерархија. Сета реална сила е сместена во институциите на движењето, и надвор од државните и воените апарати. Таа се наоѓа во движењето, кое останува центарот на дејствувањето во земјата каде што се донесуваат сите решенија; официјалните цивилни служби често пати дури и не се информирани за тоа што се случува, а партиските членови со амбицијата да се издигнат до ранг на министри во сите случаи платиле за таквите „буржоаски“ желби со губењето на нивното влијание над движењето и на довербата на неговите водачи.

[288] Хитлер често говореше за односот меѓу државата и партијата, и секогаш нагласуваше дека не државата, туку расата, или „обединетата народна заедница“ има примарно значење (cf. претходно цитираниот говор, повторно печатен како анекс на *Tischgespräche*). Во својот говор на партискиот конгрес во Нирнберг во 1935, и даде на оваа теорија најпрецизен израз: „Нам не ни командува државата, туку ние и командуваме на државата“. Само по себе е очигледно дека во практиката, таквата моќ за командување е возможна само ако институциите на партијата останат независни од оние на државата.

Тоталитаризмот на власт ја користи државата како надворешна фасада за да ја претставува земјата во нетоталитарниот свет. Како таква, тоталитарната држава е логичен наследник на тоталитарното движење, од кое ја позајмува својата организациска структура. Тоталитарните владетели се пресметуваат со нетоталитарните влади на ист начин со кој што се пресметувале со парламентарните партии или интрапартиски фракции пред да дојдат на власт и, како на една поширока меѓународна сцена, повторно се соочени со двојниот проблем на заштитување на фиктивниот свет на движењето (или на тоталитарната земја) од допирот на фактуалноста, и на презентирање на нормалност и здрав разум пред надворешниот нормален свет.

Над државата и зад фасадите на божемната моќ, во лавиринтот на мултиплицираните служби, во основата на сите смени на властите и во хаосот на неефакасноста лежи нуклеусот на моќта на државата – суперефикасните и суперкомпетентните служби на тајната полиција[289]. Истакнувањето на полицијата како единствен орган на моќ и на соодветно реагирање на привидно поголемиот арсенал на моќ на армијата, што е карактеристика на сите тоталитарни режими, сè уште може да се објасни со тоталитарните аспирации за завладување со светот и неговата свесна аболиција на разликата меѓу странските држави и домашната држава, меѓу странските и домашните прашања. Милитантните сили, тренирани да се борат против надворешен агресор, секогаш биле несигурен иструмент за цивилно–воени цели; дури и под тоталитарни услови им е тешко своите сопствени луѓе да ги гледаат како странски завојувачи[290]. Во овој поглед, како и да е, уште поважно е тоа што нивната употребливост станува нејасна дури и во случај на војна. Бидејќи тоталитарниот владетел ја води својата политика врз претпоставка за евентуално завладување со светот, тој им се заканува на жртвите на неговата агресија како да се бунтовници, виновни

[289] Otto Gauweiler, *Rechtseinrichtungen und Rechtsaufgaben der Bewegung*, 1939, јасно забележува дека Химлеровата специјална положба како Рајхсфирер на СС и глава на германската полиција, се потпираше на фактот дека полициската администрација постигнала „вистинско единство на партијата и државата“ кое не беше постигнато никаде на друго место во власта.

[290] За време на селската револуција во дваесеттите години во Русија, Ворошилов одби да ја поддржи Црвената армија; ова доведе до создавање на специјални оддели на ГПУ за казнени експедиции. Види Ciliga, op. cit., стр. 95.

заради предавства од најголем степен, па според тоа претпочита да владее на окупираните територии со помош на полицијата, а не со помош на воените сили.

Дури и пред да дојде на власт, движењето има тајна полиција и шпионска служба со ограноци во различни земји. Подоцна нејзините агенти добиваат повеќе пари и поголеми овластувања од редовните воени тајни шпионски служби и најчесто се тајни раководители на амбасади и конзулати во странство[291]. Неговите главни задачи се состојат во формирање на петта колона, управување со ограноците на движењето, влијание на домашната политика на соодветните земји, и воопшто подготвување за времето кога тоталитарниот владетел – по отфрлањето на владата или воената победа – може отворено да се чувствува како дома. Со други зборови, меѓународните гранки на тајната полиција се трансмисиони механизми кои постојано ја трансформираат привидната странска политика на тоталитарната држава во потенцијална домашна задача на тоталитарното движење.

Како и да е, овие функции што тајната полиција ги пополнува со цел тоталитарната утопија да ја подготви за светско владеење, се секундарни во однос на оние што се потребни за сегашно реализирање на тоталитарната фикција во една земја. Доминантната улога на тајната полиција во домашната политика на тоталитарните земји, природно, многу придонела за општото погрешно концепирање на тоталитаризмот. Сите деспотизми во голема мера се потпираат на тајните служби и се чувствуваат многу позагрозени од своите сопствени луѓе отколку од странци. Како и да е, ваква аналогија меѓу тоталитаризмот и деспотизмот, важи само за првите фази на тоталитарното владеење, кога сè уште постои политичка опозиција. Како и во други погледи тоталитаризмот ги искористува и свесно им дава поддршка на нетоталитарните погрешни концепции, без разлика колку и да се неласкави. Химлер, во својот познат говор до Рајхсверот во 1937, ја прифати улогата на обичен тиранин кога постојаната експанзија на полициските сили ја објасни со претпоставката за постоењето на „четврто боиште во случај на војна,

[291] Во 1935 агентите на Гестапо во странство примија 20 милиони марки, додека регуларниот шпионски сервис на Рајхсверот мораше да се задоволи со буџет од 8 милиони. Види Pierre Dehillotte, *Gestapo*, Paris 1940, стр. 11.

внатрешна Германија“[292]. Слично, Сталин во скоро истиот момент наполу успеа да ја убеди болшевичката гарда, чии „признанија“ му беа потребни, дека на Советскиот Сојуз му се заканува војна, па според тоа неопходно е земјата да остане обединета, па макар и под деспот. Од сите овие тврдења најмногу паѓа во очи тоа што и двете беа изречени откако беше истребена сета политичка опозиција, дека тајните служби беа проширени кога всушност веќе и немаше опоненти за шпионирање. Кога започна војната, на Химлер ниту му требаа, ниту ги користеше СС – трупите во самата Германија, освен за водење на концентрационите логори и за одржување на редот на странската робовска работна сила; најголемиот дел од вооружените СС служеше на Источниот фронт каде што беа користени за „специјални задачи“ – обично масовни убиства – и како зајакнување на политиката која честопати беше насочена против милитарната како и против цивилната нацистичка хиерархија. Како и тајната полиција на Советскиот Сојуз, СС – формациите обично пристигнуваа откако милитарните сили веќе ја имаа пацифизирано освоената територија и се имаа пресметано со целата политичка опозиција.

Во првите фази на еден тоталитарен режим, како и да е, тајната полиција и елитните партиски формации сè уште играат улога слична на другите форми на диктатура и на добро познатите режими на терор од минатото; а крајната суровост на нивните методи нема своја паралела само во историјата на модерните западни земји. Првата фаза на истерување на тајните непријатели од дувлото, и на ловење на поранешните, обично се комбинира со вовлекување на целокупното население во фронтовски ортанизации и преедуцирање на старите партиски членови за доброволна шпионска служба, така што прилично двосмислените симпатии на запишаните симпатизери не треба да ги загрижуваат специјално истренираните кадри на полицијата. Токму за време на оваа фаза соседот постепено станува поопасен непријател на оној кој негува „опасни мисли“ од официјално назначените полициски агенти. Крајот на првата фаза доаѓа со ликвидирањето и на отворениот и на тајниот отпор во каква било организирана форма; во Германија таа започна во 1935, а во советска Русија приближно околу 1930 година.

---

[292] Види *Nazi Conspiracy*, IV, 616 и нат.

Веднаш штом беше завршено истребувањето на вистинските непријатели и започна ловот на „објективните непријатели“, теророт стана актуелна содржина на тоталитарните режими. Второто барање на тоталитаризмот, барањето за тотална доминација, се спроведува под изговор на градење на социјализам во една земја, за користење на дадена територија како лабораторија за револуционерен експеримент, или пак за реализирање на *Volksgemeinschaft*-от. Иако теоретски тоталитарната доминација е возможна само под услови на светско владеење, тоталитарните режими докажаа дека овој дел од тоталитарната утопија може да се реализира речиси до совршенство, затоа што е привремено независна од пораз или победа. Така Хитлер можеше да му се радува на истребувањето на Евреите и на градењето на фабрики за смрт дури и сред влошувањето на воената ситуација; без obѕир на тоа каков ќе беше крајниот исход, без војната никогаш немаше да биде возможно „да се запалат мостовите“ и да се реализираат некои од целите на тоталитарното движење[293].

Елитните формации на нацистичкото движење и „кадрите“, на болшевичкото движење повеќе и служат на целта на тоталитарната доминација, отколку на безбедноста на режимот на власт. Исто онака како што тоталитарното барање за светско владеење само наизглед е исто како експанзијата на империјализмот, така и барањето на тотална доминација само му *личи* познато на оној што го проучува деспотизмот. Ако главната разлика меѓу тоталитаризмот и експанзијата на империјализмот е во тоа што првиот не признава никаква разлика меѓу својата и туѓа земја, тогаш главната разлика меѓу една деспотска и една тоталитарна тајна полиција е тоа што втората не се впушта во лов на скриени мисли и не го користи стариот метод на тајните служби, методот на провокација[294].

Бидејќи тоталитарната тајна полиција ја започнува својата кариера по пацифизирањето на земјата, на сите надворешни набљудувачи секогаш им личи како да е непотребна – или, напротив, ги заведува да мислат дека постои некаков таен отпор[295]. Непотребноста на тајните служби не е

---

[293] Види фуснота 62.

[294] Maurice Laporte, *Histoire de l'Okhrana*, Paris 1935, точно го нарече методот на провокација „фундаментален камен“ на тајната полиција (стр. 19).

[295] Интересни во овој аспект се обидите на нацистичките цивилни службеници во Германија да ја намалат компетенцијата и членството на Гестапо врз основа на тоа што нацификацијата на земјата веќе е остварена, така што

ништо ново; тие секогаш биле принудувани да ја докажуваат својата корисност и да ја задржуваат својата работа откако ќе ја извршеле првобитната задача. Методите кои биле употребувани за оваа цел, проучувањето на историјата на револуциите го направија прилично комплициран потфат. На пример, за време на владеењето на Луј Наполеон, се покажува дека немало ниту една акција против владата која не била инспирирана од самата полиција[296]. Слично на тоа, улогата на тајните агенти во сите револуционерни партии во царска Русија јасно сугерира дека без нивното „инспирирање" на провокативни акции текот на руското револуционерно движење би бил далеку помалку успешен[297]. Со други зборови, провокацијата исто толку помогнала да се одржи континуитетот на традицијата како што многупати ја поткопувала организацијата на револуцијата.

Оваа дубиозна улога на провокација можеби беше причината зошто тоталитарните владетели ја отфрлија. Уште повеќе, провокацијата очигледно е неопходна осмо при претпоставката дека сомневањето не е доволно за апсење и казнување. Ниеден од тоталитарните (владетели, се разбира, (никогаш не сонувал за услови во кои би морал да прибегне кон провокација за да фати во стапица некого за кого мисли дека е непријател. Поважен од овие технички размислувања е фактот дека тоталитаризмот идеолошки ги дефинирал своите непријатели пред да дојде на власт, така што категориите на „сомнителни" не беа воспоставени преку полициско информирање. Така Евреите во нацистичка Германија или потомците на претходните владејачки класи во советска Русија не беа вистински сомничени заради некаква непријателска активност; во склад со идеологијата на режимот, тие беа прогласени за негови „објективни" непријатели.

---

Химлер, кој напротив сакаше да ги зголеми тајните служби во тој момент (околу 1934) мораше да ја увеличува опасноста што доаѓаше од „внатрешниот непријател". Види *Nazi Conspiracy*, II, 259; V, 205; III, 547.

[296] Види Gallier-Boissière, *Mysteries of the French Secret Police*, 1938, стр. 234.

[297] Се чини, после сè, дека не беше случајно што основањето на Охрана во 1880 најави период на ненадминати револуционерни активности во Русија. За да ја докаже својата корисност, таа повремено мораше да организира убиства, и нејзините агенти „им служеа и против своја волја на идеите на оние кои ги денунцирале... ако еден памфлет беше растуран од полициски агент, или ако егзекуцијата на некој министер беше организирана од Азев – резултатот беше ист" (M. Laporte, op. cit., стр. 25).

Главната разлика меѓу деспотската и тоталитарната тајна полиција лежи во разликата меѓу „сомнителниот“ и „објективниот непријател“. Вториот е дефиниран од политиката на владата, а не од неговата желба да ја отфрли таа влада[298]. Тој никогаш не е индивидуа чии опасни мисли мора да бидат испровоцирани или чие минато оправдано буди сомневање, туку „носител на тенденции“ исто како носителот на заговор[299]. Практично, тоталитарниот владетел се однесува така што постојано навредува некого сè додека сите не дознаат дека овој вториов е негов непријател, така што на крајот, со голема бомбастичност, ќе може да го убие во самоодбрана. Секако, ова е малку сурово, но функционира – како што знае секој кој кога било гледал како некои успешни кариеристи ги елиминираат конкурентите.

Воведувањето на поимот „објективен непријател“ е многу побитно за функционирањето на тоталитарните режими од идеолошките дефиниции на соодветните категории. Да беше работата само во тоа што ги мразеа Евреите или буржоазијата, откако ќе го извршеа гигантското злосторство, што и се случи, тоталитарните режими можеа да се вратат на правилата за нормален живот и владеење. Но, како што знаеме, се случи токму обратното. Категоријата објективен непријател ги надживува првобитните идеолошки одредени непријатели на движењето; се откриваат нови објективни непријатели сообразно со променливите околности: наsирајќи го конечното истребување на Евреите, нацистите веќе ги презедоа неопходните прелиминарни чекори кон истребување на полскиот народ, а Хитлер дури почна да планира и

---

[298] Ханс Франк, кој подоцна стана генерален гувернер на Полска, направи типична диференцијација меѓу човек „опасен за државата“ и човек кој е „непријател на државата“. Првото подразбира објективен квалитет што е независен од волјата и од однесувањето; политичката полиција на нацистите се занимава не само со акции непријателски кон државата, туку и со „сите обиди – без оглед на нивната цел – кои со своите ефекти ја загрозуваат државата“. Види *Deutsches Verwaltungsrecht*, стр. 420–430. Преводот е цитиран од *Nazi Conspiracy*, IV, 881 и нат.

[299] Р. Хоен, нацистички правник и член на СС, рече по смртта на Рајнхард Хајдрих (Reinhard Heydrich), кој пред своето владеење во Чехословачка беше еден од најблиските соработници на Химлер: тој своите противници ги сметаше „не како индивидуи, туку како носители на тенденции што ја загрозуваат државата, па според тоа не и припаѓаат на народната заедница“. Во *Deutsche Allgemeine Zeitung* од 6 јуни 1942; цитирано од E. Kohn-Bramstedt, *Dictatorship and Political Police*, London 1945.

десеткување на одредени категории Германци[300]; болшевиците, започнувајќи со потомците од претходната владејачка класа, целосно го насочија својот терор кон кулаците (во раните триесетти години), кои потоа ги следеа Русите од полско потекло (помеѓу 1936 и 1938 година) па Татарите и Германците на Волга за време на војната, бившите воени затвореници и единиците на окупациските сили на Црвената Армија по војната, и руските Евреи во времето на формирањето на еврејската држава. Изборот на вакви категории никогаш не е сосема произволен; бидејќи тие се јавно кажани и се користат за пропагандни цели на движењето во странство, како можни непријатели мора да изгледаат уверливо; изборот на одредена категорија дури може да се должи на извесни пошироки пропагандни потреби на движењето – како на пример појавата на сосема неочекуваниот и никогаш порано не пројавениот владин антисемитизам во Советскиот Сојуз, кој можеби беше искалкулиран за да предизвика симпатии за Советскиот Сојуз кај европските сателитски држави. Шоу-судењата на кои од „објективно“ идентификуваните непријатели се бараат субјективни признанија се наменети за овие цели; овие претстави најдобро може да се изведуваат со тие кои ја прифатиле тоталитарната индоктринација што им овозможува „субјективно“ да ја сфатат својата „објективна“ штетност и да признаат се „за доброто на идејата“[301]. Концептот на „објективниот непријател“, чиј идентитет се менува сообразно со доминантните услови – така што веднаш штом една категорија ќе се ликвидира, може да и се објави војна на друга – наполно одговара на фактичката состојба која постојано се повторува од страна на тоталитарните владетели: имено, дека нивниот режим не е влада во ниедна

[300] Веќе во 1941, за време на една службена средба во Хитлеровиот штаб, беше предложено над полскиот народ да се спроведат оние мерки со кои Евреите беа подготвени за концентрационите логори: промена на имињата ако имаа германско потекло; смртни казни за сексуални односи меѓу Германци и Полјаци (*Rassenschande*); обврска да се носи знак П во Германија сличен на жолтата ѕвезда на Евреите. Види *Nazi Conspiracy*, VIII, 23711., и дневникот на Ханс Франк во Trial, op. cit., XXIX, 683. Нормално, Полјаците наскоро почнаа да се загрижуваат за она што ќе им се случи кога нацистите ќе завршат со истребувањето на Евреите (*Nazi Conspiracy*, IV. 916). – За Хитлеровите планови во врска со германскиот народ види фуснота 80.

[301] Beck и Godin, op. cit., стр. 87, зборуваат за „објективните карактеристики“ што предизвикаа апсења во СССР; меѓу нив беше членството во НКВД (стр. 153).

традиционална смисла на зборот, туку е движење, чие напредување постојано наидува на нови пречки кои мора да се елиминираат. Се додека воопшто може да се зборува за какво било легално размислување во рамките на тоталитарниот систем, „објективниот непријател“ е неговата главна идеја.

Тесно поврзана со оваа трансформација на осомничениот во објективен непријател е промената на позицијата на тајната полиција во тоталитарната држава. Тајните служби со право се нарекуваат држава во држава, и тоа не само во деспотските режими туку и под уставните и полууставните влади. Самото поседување на тајни информации на оваа служба секогаш и даваше одлучувачка супериорност над другите цивилни служби и претставуваше отворена опасност за членовите на владата[302]. Тоталитарната полиција, напротив, е целосно подредена на волјата на лидерот, кој може да одлучува кој ќе биде следниот потенцијален непријател, и кој, како што правел Сталин, исто така може да назначува кој од тајната полиција ќе биде ликвидиран. Бидејќи на полицијата веќе не и беше дозволено да користи провокација, и беше одземено единственото расположливо средство за опстојување независно од владата, така што во зачувувањето на своите работни места таа стана сосема зависна од повисоките владини органи. Како и војската во нетоталитарните држави, полицијата во тоталитарните земји ги спроведува политичките одлуки и на тој начин ги губи сите прерогативи што ги имала под деспотската бирократија[303].

Задачата на тоталитарната полиција не е да открива криминал, туку да биде на располагање секогаш кога владата ќе реши да уапси некоја одредена категорија од населението. Нејзината главна политичка дистинкција е дека таа ја има довербата на највисоката власт и секогаш знае која политичка линија ќе биде интензивирана. Ова не ги опфаќа само работите од доменот на политиката на највисоко ниво, како на пример

---

[302] Добро е позната ситуацијата во Франција каде што министрите живееја во постојан страв од тајните “dossiers” на полицијата. За ситуацијата во царска Русија, види Laporte, op. cit., стр. 22–23: „На крајот Охрана ќе стекне моќ многу поголема од моќта на законските власти... Охрана... ќе го информира царот само за она што таа ќе одбере“.

[303] „За разлика од Охрана, која што беше држава во држава, ГПУ е оддел на советската власт; ...и нејзините активности се многу помалку независни“ (Roger N. Baldwin, “Political Police”, во *Enciclopedia of Social Sciences*).

ликвидацијата на цела една класа или етничка група (само кадрите на ГПУ ја знаеле вистинската цел на советската влада во почетокот на триесеттите години и само СС формациите знаеле дека Евреите треба да се истребат во почетокот на четириесеттите години); во врска со секојдневниот живот во тоталитарни услови, само агентите на НКВД во индустриските претпријатија знаеле што сака Москва кога на пример нарачува забрзано производство на цевки – дали навистина бара повеќе цевки или сака да го уништи директорот на фабриката, или да го ликвидира целото раководство, или да се затвори токму таа фабрика, или, конечно, оваа наредба да се повтори во целата земја така што ќе може да започне нова чистка.

Една од причините за дуплирањето на тајните служби чии агенти не се познаваат меѓу себе е тоа што тоталната доминација бара исклучителна флексибилност: да го искористиме горниот пример, кога ја дава наредбата за цевките, Москва можеби сè уште не знае дали и требаат цевки – кои се секогаш потребни – или пак чистка. Мултипликацијата на тајните служби ги овозможува измените во последен момент, така што една гранка може да се подготвува на директорот на фабриката да му го врачи Орденот на Ленин, додека другата прави аранжмани за негово апсење. Ефикасноста на полицијата се состои во фактот дека ваквите контрадикторни задачи можат да се подготвуваат истовремено.

Тајната полиција во тоталитарни, како вирочем и во други режими, држи монопол врз одредени информации од витално значење. Но видот на значењето кој може да го има предвид само полицијата претрпел важни промени: полицијата веќе не ја интересира што се случува во главите на идните жртви (во најголем број случаи не е заинтересирана за тоа кои ќе бидат жртвите), и станува старател на најголемите државни тајни. Ова автоматски значи голем напредок во престижот и позицијата, иако е придружено со дефинитивно губење на вистинската моќ. Тајните служби веќе не знаат ништо што и лидерот веќе не го знае; во однос на моќта, тие се сведени на ниво на егзекутор.

Од правна гледна точка, уште поинтересно од промената на осомничениот во објективен непријател е тоталитарната замена на претпоставуваниот прекршок во можен злостор. Можното злодело не е ништо помалку субјективно од објективниот непријател. Додека осомничениот го

апсат зашто се смета дека тој е во состојба да изврши злодело што помалку или повеќе одговара на неговата личност или на неговата осомничена личност)[304], тоталитарната верзија на возможното злосторство се базира врз логичката антиципација на објективен развој. Московските судења на старата болшевичка гарда и на водачите на Црвената армија беа класични примери на казнување за можен злостор. Зад фантастичните измислени обвиненија лесно се насетуваат следните логички калкулации: развитокот на Советскиот Сојуз може да води кон криза, кризата може да води до отфрлање на Сталиновата диктатура, ова може да ја ослаби воената моќ на земјата, и да доведе до ситуација во која новата влада ќе мора да склучи примирје или дури и сојуз со Хитлер. На тоа Сталин продолжи да изјавува дека постоел заговор за отфрлање на владата и заговор со Хитлер[305]. Наспроти овие „објективни“, иако сосема неверојатни можности, стоеја само „субјективните“ фактори, иако веродостојноста на зборот на обвинетите, нивната измаченост, нивната неспособност да сфатат што се случува, нивната цврста увереност дека без Сталин се ќе биде изгубено, нивната искрена омраза кон фашизмот – односно, низата фактички детали кои нормално беа лишени од доследноста на фикционалното, логичкото, можно злосторство. Главната претпоставка на тоталитаризмот дека се е можно, низ конзистентната елиминација на сите фактички скршнувања, води до апсурдната и тешка последица дека секој

---

[304] Типична за овој концепт на сомнеж е следната приказна во врска со C. Pobyedonostzev во *L'Autocratie Russe: Memoires politiques, correspondence officiele et documentes inedits...* 1881–1894, Paris 1927: Генералот Черевин на Охрана е замолен, затоа што спротивната партија најмила еврејски адвокат, да интервенира за една дама која ќе изгубела судски процес. Генералот вели: „Истата ноќ наредив да се затвори овој проклет Евреин и да се задржи како политички сомнителна личност... На крајот, можев ли на ист начин да ги третирам пријателите и еден валкан Евреин, кој можеби денес е невин, но кој беше виновен вчера или ќе биде утре?“

[305] Обвинувањата во Московските процеси „беа базирани... на гротескно брутализирана и изопачена антиципација на можниот развој. [Сталиновото] резонирање веројатно ја следеше следната развојна линија: тие можеби ќе сакаат да ме отфрлат во криза – јас ќе ги обвинам дека се обиделе да го сторат тоа... Промена на владата може да ја ослаби борбената моќ на Русија; а ако успеат, може да бидат принудени да потпишат примирје со Хитлер; и дури да дозволат и одземање на територија... Јас ќе ги обвинам дека веќе влегле во издајнички сојуз со Германија и ја отстапиле советската територија“. Ова е брилијантното објаснение на И. Дојчер (I. Deutscher) за Московските процеси, op. cit., стр. 377.

злостор што владетелите можат да го замислат мора да биде казнет, без оглед (на тоа дали бил извршен или не. Можниот злостор, исто како и објективниот непријател, се разбира, е вон компетенциите на полицијата, која не може да го открие, да го измисли, ниту пак да го провоцира, така тајните служби целосно зависат од политичките власти. Нивната независност како држава во држава е загубена.

Само во еден аспект тоталитарната тајна полиција сè уште блиску потсетува на тајните служби во нетоталитарните држави. Тајната полиција по традиција, т.е. уште од Фуше, профитира од своите жртви, и го зголемува официјалниот, од државата авторизиран буџет од извесни неортодоксни извори едноставно со заземање на позиција на партнерство во активностите кои треба да ги сузбива, како што се коцкањето и проституцијата[306]. Овие илегални методи на самофинансирање, кои се движат од пријателско прифаќање на поткуп до отворена уцена, беа важен фактор во ослободувањето на тајните слжби од јавната власт и во зајакнувањето на нивната позиција на држава во држава. Интересно е да се нагласи дека финансирањето на работата на полицијата од приходите на нејзините жртви ги надживеа сите други промени. Во советска Русија, НКВД е речиси сосема зависен од експлоатацијата на робовскиот труд кој, навистина, се чини не дава друг профит и не служи за ништо друго освен за финансирање на огромниот таен апарат[307]. Химлер отпрво ги финансираше своите СС трупи, кои беа нацистичка тајна полиција, до конфискацијата на еврејската сопственост; потоа склучи дотовор со Даре, министерот за земјоделство, според кој Химлер добиваше неколку стотини милиони марки кои Даре годишно ги заработуваше така што евтино купуваше земјоделски производи во странство, а во Германија ги продаваше по фиксни цени[308].

[306] Криминалните методи на тајната полиција се разбира не се монопол на француската традиција. Во Австрија, на пример, политичката полиција од која сите се плашеа за време на Марија Тереза беше организирана од Кауниц од кадрите на таканаречените „чесни комесари“ кои живееја од уцени. Види Moritz Bermann, *Maria Theresia und Kaiser Joseph II*, Vienna-Leipzig, 1881. Оваа референца му ја должам на Роберт Пик (Robert Pick).

[307] Сигурно е дека големата полициска организација се плаќа од профитот на робовскиот труд; зачудувачки е тоа што тој труд изгледа не го покрива сосема полицискиот буџет; Кравченко (Kravchenko), op. cit., спомнува специјални такси наметнати од НКВД на приведените граѓани кои продолжуваат да живеат и да работат на слобода.

[308] Види Fritz Thyssen, *I Paid Hitler*, London 1941.

Овој извор на редовни приходи, се разбира, згасна за време на војната; Алберт Шпер, наследниот на Тот и најголемиот работодавец во Германија по 1942, му предложи сличен договор на Химлер (во 1942 година; ако Химлер се согласи да ја ослободи од власта на СС увезената робовска сила која беше крајно неефикасна, Шпер-организацијата би му платила извесен процент од профитот за СС[309]. Кон овие помалку (или тоеќе редовни извори на приходи, Химлер ги придодаде старите уценувачки методи на тајната полиција во време на финансиската криза: во своите заедници СС-овците формираа групи на „Пријатели на СС" кои мораа „доброволно" да ги полнат фондовите за потребите на локалните СС припадници[310]. (Треба да се нагласи дека нацистичката тајна полиција во своите разни финансиски операции не ги експлоатираше затворениците. Освен во последните години на војната, кога примената на човечки материјал во концентрационите логори не ја одредуваше само Химлер, работата во логорите „немаше никаква рационална цел освен да го зголеми товарот и тортурата на несреќните затвореници)"[311].

Како и да е, овие финансиски ирегуларности се единствените и не многу важни остатоци од традицијата на тајната полиција. Тие се возможни заради општиот презир на тоталитарните режими кон економските и финансиските прашања, така што методите кои под нормални услови би биле илегални, и би ја одвоиле тајната полиција од другите поугледни оддели на администрацијата, веќе не укажуваат на тоа дека се работи за оддел кој ужива независност, кој не е контролиран од други авторитети, кој живее во атмосфера на неправилности, непочитување и несигурност. Позицијата на тоталитарната тајна полиција, напротив, е сосема стабилна и нејзините услуги се целосно интегрирани во администрацијата. Не само што организацијата не е вон доменот на законот, туку напротив, таа самата е отелотворение на тој закон, и нејзината важност е надвор од секакво сомневање. Таа веќе не организира убиства самоиницијативно, ниту пак подига обвиненија против државата и општеството, немилосрдно се бори против секаков начин на поткупување, уцена и незаконска финансиска добивка. Моралната поука, заедно со

[309] Види *Nazi Conspiracy*, I, 916–917.
[310] Види Kohn-Bramstedt, op. cit., стр. 112.
[311] Ibid., стр. 124.

прилично конкретните закани кои Химлер можеше да си дозволи да им ги упатува на своите војници среде војната – „Ние имаме морално право да го збришеме тој народ (Евреите) кој сака нас да не збрише, но немаме право да се богатиме на нивна сметка било со земање бунда, часовник, една единствена марка или цигара“[312] – укажува на тоа дека залудно ќе се бара такво нешто во историјата на тајната полиција. Ако таа сѐ уште се грижи за „опасните мисли“, осомничените не знаат кој е опасен; организирањето на целиот интелектуален и уметнички живот бара постојано преуредување и ревизија на стандардите што, природно, секогаш е пропратено со повторни елиминации на интелектуалци чии „опасни размислувања“ обично се состојат во извесни идеи кои уште претходниот ден биле сосема ортодоксни. Додека, според тоа, нејзината функција на полиција во прифатеното значење на зборот станува излишна, економската функција на тајната полиција, за која што понекогаш се смета дека ја заменила претходната, станува уште понејасна. Факт е дека одвреме навреме НКВД прибира извесен процент од советското население и го испраќа во логори кои се познати под ласкавото и неточно име логори за принудна работа[313]; сепак, иако е сосема возможно ова да е еден од начините на кои Советскиот Сојуз го решава проблемот на невработеност, општо е познато дека производството во овие логори е неспоредливо помало од производството на редовната работна сила и одвај стигнува за да ги покрие трошоците за одржување на полицискиот апарат.

Политичката функција на тајната полиција, „најдобро организираниот и најефикасен“ оддел на владата[314], во апаратот на моќ на тоталитарниот режим не е ниту нејасна ниту непотребна. Ја конституира вистинската егзекутивна гранка на владата преку која се пренесуваат сите наредби. Преку

---

[312] Говор на Химлер во октомври 1943 во Позен, *International Military Trials*, Nuremberg 1945–46, Vol. 29, стр. 146.

[313] Бек Булат (псевдоним на еден бивш советски професор) имаше можност да ги прострудира документите на НКВД од Северен Кавказ. Од овие документи беше очигледно дека во јуни 1937, кога големата чистка беше на својот врв на локалните членови на НКВД владата им препорача да уапсат извесен ироцент од населението... процентот вариращe од една провинција до друга, достигнувајќи до 5% во најмалку лојалните области. Просекот за целиот Советски Сојуз се движеше околу 3%“. Соопштува David J. Dallin во *The New Leader*, 8 јануари 1949.

[314] Baldwin, op. cit.

мрежата од тајни агенти, тоталитарниот владетел за себе си создава директен егзекутивен трансмисиски механизам кој, за разлика од кромидовидната структура на божемната хиерархија, е сосема одделен и изолиран од сите други институции[315]. Во оваа смиела, тајните полициски агенти се единствената класа која отворено владее во тоталитарните земји и нивните стандарди и скала на вредности ја зафаќаат целокупната структура на тоталитарното општество.

Од оваа гледна точка, можеби и не е преголемо изненадување тоа што извесни чудни квалитети на тајната полиција се општи квалитети на тоталитарното општество, а не само карактеристики на тоталитарната тајна полиција. Поради тоа, категоријата осомничен во тоталитарни услови го опфаќа целото население; секоја мисла која е девијантна во однос на официјалната и постојано променлива линија на ставови е сомнителна, без оглед на тоа на која сфера од човековата активност се однесува. Самиот факт што човекот размислува го прави сомнителен по дефиниција, и ова сомневање не може да се промени со пристојно однесување, зашто човековата способност е, да размислува, подразбира и способност да се премислува. И, бидејќи не постои начин сигурно да се дознае што се крие во човечкото срце, тортурата во овој контекст е само очаен и безуспешен обид за постигнување на она што не може да се постигне. Сомневањето веќе не може да се сузбие ако ниедна од општествените вредности или пак предвидливиот личен интерес постои како општествена (за разлика од чисто психолошката) реалност. Така, взаемното сомневање продира во сите општествени односи во тоталитарните земји и создава една сеопшта атмосфера дури и вон специјалниот делокруг на тајната полиција.

---

[315] Кадрите на руската тајна полиција беа исто толку на „лично располагање“ на Сталин како што СС – Ударните трупи (*Verfugungstruppen*) беа на лично располагање на Хитлер. И обете, иако требаше да служат заедно со воените сили за време на војна, живееја под своја сопствена специјална јурисдикција. Специјалните „брачни закони“ што служеа за сегрегација на СС од остатокот на популацијата, беа првите и најфундаментални правила што ги воведе Химлер кога ја презеде реорганизацијата на СС. Дури и пред Химлеровите брачни закони, во 1927, СС беа инструирани со официјален декрет „никогаш [да не учествуваат] во дискусии на митинзите на членството“ (*Der Weg der SS*. op. cit.). Истото правило важеше и за членовите на НКВД, кои се држеа намерно повлечено и не се мешаа со другите делови на партиската аристократија. (Beck и Godin, op. cit., стр. 163).

Провокацијата, со која порано се служела само тајната полиција, сега во тоталитарните режими станува начин на однесување кој секој, сакал или не, е принуден да го користи. На некој начин секој е сечиј agent provocateur; затоа што секој ќе се нарече agent provocateur доколку некое пријателско разменување на „опасни мисли“ (или она што во меѓувреме станало опасно) го сврти вниманието на власта. Соработката на населението во денунцирањето на политичките противници и доброволното служење како глинени гулаби секако не се без преседан, но во тоталитарните земји тоа е толку добро организирано што речиси нема потреба од работа на специјално обучени агенти. Во еден систем на сеприсутно шпионирање, и каде што секој може да биде полициски агент и секој се чувствува како да е под постојана присмотра, и во услови каде што кариерата на човекот е крајно несигурна, и каде што најспектакуларните подеми и падови се секојдневна појава, секој кажан збор станува неотповиклив и е подложен на ретроспективна „интерпретација“.

Најочигледен пример за испреплетување на методите и стандардите на тоталитарното општество и на тајната полиција може да се забележи кога се работи за кариера. Двојниот агент во нетоталитарните режими всушност работи за она против што треба да се бори, понекогаш дури и повеќе од властите. Обично тој има двојна амбиција: сака да се издигне на високо место и во рамките на револуционерните партии и во рамките на својата служба. За да успее на двете полиња, само треба да се служи со извесни методи што во нормално општество им припаѓаат на скриените фантазии на малиот чиновник чие напредување во службата зависи од старешинството: преку врските во полицијата може да ги елиминира своите ривали и своите претпоставени во партијата, а преку врски во партијата може да се ослободи барем од шефот на полицијата[316]. Сличноста со овие методи е сосема очигледна ако ги разгледаме условите во кои се гради кариера во сегашното руско општество. Не само што речиси сите највисоки функционери им ги должат своите позиции на чистките со кои ги елиминирале своите претходници, туку и унапредувањата во сите сфери на животот се забрзани на овој

[316] Типична е одличната кариера на полицискиот агент Малиновски, кој заврши како депутат на болшевиците во парламентот. Види Bertram D. Wolfe, op. cit., глава XXXI.

начин. Приближно секои десет години со една сеопфатна чистка се прави место за нова генерација на новодипломирани гладни за работа. Овие услови за напредок ги поставува самата влада, додека полицискиот агент порано морал сам да ги создава.

Ваквиот редовен насилен пресврт во целата гигантска административна машина, се додека го спречува развојот на компетентноста, има и свои предности: обезбедува релативно млади функционери и го спречува стабилизирањето на состојбата во општеството кое, барем во мирновременски услови, е преполно со опасности за тоталитарното владеење; со отстранувањето на постарите и ценетите функционери се спречува развојот на чувството за лојалност што обично се јавува кај помладите чиновници кон нивните претпоставени, од чие што мислење ќе зависи нивното понатамошно напредување; со тоа еднаш за секогаш се елиминира опасноста од невработеност и за секого се осигурува работа соодветна на образованието. Така, кога во 1939 година заврши големата чистка во Советскиот Сојуз, Сталин со големо задоволство можеше да изјави дека „Партијата може да доведе на водечки места во државата и партијата повеќе од 500.000 млади болшевици“[317]. Понижувачкото чувство што се јавува кога се добива работно место благодарение на неправедната елиминација на некој претходник го има истиот деморализирачки ефект како што имаше и елиминацијата на Евреите на чии места беа вработувани Германци: на тој начин секој кој доаѓа на такво работно место станува свесен соучесник во злосторствата на владата, станува нивни должник, сакал или не, со тоа што колку понижениот човек е почувствителен, толку пожестоко ќе се залага во одбраната на режимот. Со други зборови, ваквиот систем е логичка последица на Лидер-принципот со сите негови импликации, а и најдобрата можна гаранција за лојалност, затоа што секоја нова генерација станува зависна од моменталната политичка линија на лидерот кој ја направил чистката заради отворање на нови работни места. Системот исто така го остварува идентитетот на јавните и на приватните интереси, со што бранителите на Советскиот Сојуз посебно се гордееја (или, во нацистичка верзија, тоа значеше напуштање на приватниот живот), затоа што секој поединец своето постоење им го должи на политичките

---

[317] Цитирано од Avtorkhanov, op. cit.

интереси на режимот; а кога овој фактички идентитет на интереси ќе се наруши, и следната чистка ќе збрише некој поединец од службата, режимот ќе се погрижи тој да исчезне и од светот на живите. На сличен ваков начин, двојниот агент се поистоветува со крајната цел на револуцијата (без која тој би ја загубил својата работа), а не само со тајната полиција; во таа сфера, исто така, спектакуларниот подем може да заврши само со анонимна смрт, затоа што е прилично неверојатно дека засекогаш може да се игра двојна игра. Тоталитарната влада, откако ќе создаде услови за напредување во кариери што порано постоеле само кај општествените изгнаници, извршува една од најдалекусежните промени во социјалната психологија. Психологијата на двојниот агент, подготвен да плати со живот за краткиот престој на врвот, постојана животна филозофија на цела една постреволуционерна генерација во Русија, а во помал, но сè уште многу опасен степен, и во повоена Германија.

Вака изгледа општество што живее според методите и стандардите кои порано биле монопол на тајната полиција, а во кое функционира тоталитарна тајна полиција. Само во првите фази, додека сè уште трае борбата за власт, нејзини жртви се оние за кои се сомнева дека се опозиција. Тогаш ја започнува својата тоталитарна дејност, со обвинувања на објективниот непријател, кој може да бидат Евреите или Полјаците (како во случајот со нацистите), или таканаречени „контрареволуционери“ – обвинение кое во советска Русија ...е воспоставено... пред воопшто да се постави прашање за однесување(то) (на обвинетиот)“ – што може да бидат луѓе кои кога било поседувале продавница или куќа или „имале родители или баба и дедо кои поседувале нешто такво“[318], или кои случајно биле во редовите на Црвената армија, или пак биле Руси од полско потекло. Само во последната и наполно тоталитарна фаза се напушта концептот за објективен непријател и логички возможен злостор, жртвите се бираат сосема случајно, без да им се изрече обвинение, се прогласуваат за неподобни да останат во живот. Оваа категорија на „непожелни“ може да ја сочинуваат, како во случајот на нацизмот, ментално болни, или луѓе со заболување на белите дробови или на срцето, или, како во Советскиот Сојуз, извесен

---

[318] *The Dark Side of the Moon*, New York 1947.

процент луѓе што треба да се депортираат, во процент кој варира од провинција во провинција.

Оваа конзистентна арбитрарност ја негира човековата слобода многу поефикасно од каква било тиранија. Човекот треба да биде барем непријател на тиранијата за да биде казнет од неа. Слободата на луѓето не била недостапна за оние кои биле доволно храбри да ги ризикуваат своите животи. Теоретски гледано, изборот на опозицијата останува присутен и во тоталитаристичките режими; но ваквата слобода е речиси обезвредена доколку инивудуалниот чин носи „казна“ што секој и така може да ја почувствува. Слободата во ваквиот систем не само што е доведена до најдолна и очигледно неуништива гаранција – можноста да се изврши самоубиство, туку ја изгубила и својата основна карактеристика затоа што последиците од нејзиното остварување ги сносат и сосема невини луѓе. Ако Хитлер имал време да го оствари својот сон за сеопфатен германски здравствен план, сите со заболени бели дробови би ја доживеале истата судбина како комунистите во првите и Евреите во подоцнежните години на нацистичкиот режим. Исто така, противниците на режимот во Русија, кои ја споделија истата судбина како и милиони луѓе пратени во концентрациони логори за да го дополнат одредениот број, само ја ослободија полицијата од товарот на своеволен избор. И невините и виновните се подеднакво непожелни.

Промената на концептот за криминал и криминалци и наметнува нови и ужасни методи на тоталитарната тајна полиција. Криминалците се казнувани, непожелните исчезнуваат од лицето на земјата; единствената трага што ја оставаат зад себе се сеќавањата на оние кои ги познавале и ги сакале, една од најтешките задачи на тајната полиција е да се осигури дека и овие траги ќе исчезнат заедно со осудениот на смрт.

Охрана, царистичкиот претходник на ГПУ, измислил таков систем на регистрирање во кој името за секој осомничен било напишано на голема картичка во центарот и заокружено со црвен круг; неговите политички пријатели ги обележувал со помали црвени кругови, а неполитичките познаници со зелени; кафеавите кругови означувале дека таа личност контактира со пријателите на осомничениот, но осомничениот не го познава лично; односите меѓу пријателите на осомничениот,

политички и неполитички, и пријателите на неговите пријатели биле означени со стрелки меѓу соодветните кругови[319]. Очигледно, ограничувањата на овој метод се наметнуваат само од големината на картичката која се земала за досие, така што, теоретски гледано, на огромен лист хартија би можеле да се прикажат сите односи помеѓу целото население. А ова е утописка крајна цел на тоталитарната тајна полиција. Таа се откажала од традиционалниот стар полициски сон што треба да го оствари детекторот за лаги, и веќе не се труди да открие кој е кој, или кој што мисли. (Детекторот за лаги е веројатно најграфичкиот пример за фасцинацијата дека овој сон силно се врежал во главите на сите полицајци; затоа што очигледно со комплицираните апарати за мерење тешко може да се утврди нешто освен ладнокрвноста или нервозниот темперамент на жртвата. Всушност, слободното резонирање што лежи во основата на употребата на овој механизам може да се објасни само со ирационалната желба воопшто да се овозможи читање на мислите). Овој стар сон беше толку ужасен и бидејќи постои од памтивек на крај доведе до тортура и најгрозни суровости. Во прилог му одеше само едно нешто: тоа што го бараше невозможното. Модерниот сон на тоталитарната полиција која располага со посовремена техника е неспоредливо пострашен. Сега полицијата сонува за тоа само еден единствен поглед на огромната карта која виси на ѕидот на канцеларијата да биде доволен во кој било момент да открие кој со кого и до кој степен е поврзан; и теоретски гледано, овој сон не е така неостварлив иако неговото спроведување се соочува со некои потешкотии. Кога би постоела ваква карта, веќе ни сеќавањето не би и стоело на пат на тоталитарната доминација; ваквата мапа би овозможила да се избришат луѓето без да остане и најмала трага, како никогаш воопшто да не постоеле.

Ако може да им се верува на искажувањата на уапсените агенти на НКВД, руската тајна полиција прилично се доближила до овој идеал на тоталитарното владеење. Полицијата има тајни досиеја за секој жител во целата земја, во кои внимателно се заведени многуте односи со другите луѓе, од случајни познанства или вистински пријателства до семејни односи; затоа само треба да се испитаат овие односи на обвинетиот, чии „злосторства“ и онака се „објективно“

---

[319] Види Laporte, op. cit., стр. 39.

утврдени пред апсењето. И конечно, што се однесува до сеќавањето кое е толку опасно за тоталитарното владеење, странските набљудувачи сметаат дека ако е вистина дека слоновите никогаш не заборавaат, тогаш Русите се чинат сосема поинакви од слоновите... советската руска психологија го прави заборавот навистина можен[320].

Колку му било важно на апаратот за тотална доминација ова целосно исчезнување на неговите жртви може да се види од оние примери каде од оваа или онаа причина, режимот бил конфронтиран со сеќавањето на преживеаните. За време на војната еден СС офицер направил страшна грешка што и соопштил на една французинка дека нејзиниот сопруг умрел во концентрационен логор во Германија; оваа грешка предизвикала мала лавина од наредби и инструкции до сите заповедници на логори предупредувајќи ги под никакви услови да не даваат никакви информации за надворешниот свет[321]. Што се однесува до француската вдовица, работата е во тоа што нејзиниот маж за неа престанал да живее уште во моментот кога го уапсиле, дури како никогаш и да не живеел. На сличен начин, советските полициски офицери, навикнати на овој систем уште од раѓање, можеле само да им се чудат на луѓето во окупирана Полска кои очајно се обидувале да дознаат што се случило со нивните пријатели и роднини кои биле уапсени[322].

Во тоталитарните земји сите казнени простори кои ги води полицијата се така направени да бидат вистински дупки на заборав, во кои луѓето случајно упаѓаат без да остават зад себе такви обични траги за нивно претходно постоење како што е телото или гробот. Спореден со новите облици на уништување на луѓето, стариот метод на убиства, политички или криминални, е многу неефикасен. Убиецот остава труп, и иако се обидува да ги избрише трагите за својот идентитет, тој нема моќ да го избрише и идентитетот на жртвата од сеќавањата на оние кои преживеале. За разлика од ова, пак, тајната полиција се труди волшебно да направи дека жртвата никогаш не ни постоела.

---

[320] Beck и Godin, op. cit., стр. 234 и 127.
[321] Види *Nazi Conspiracy*, VII, 84 и нат.
[322] *The Dark Side of the Moon*.

Врската меѓу тајната полиција и тајните општества е очигледна. Воспоставувањето на тајната полиција секогаш било потребно и користено како аргумент за опасностите што произлегуваат од постоењето на тајните општества. Тоталитарната полиција е првата во историјата на која ниту и требаат ниту ги користи овие старомодни изговори на сите тирании. Анонимноста на нејзините жртви, кои не можат да се наречат непријатели на режимот и чиј идентитет не го знаат ниту обвинителите се додека владата со арбитрарна одлука не ги елиминира од светот на живите и не го збрише сеќавањето за нив од светот на мртвите, е повеќе од каква било тајна, над најголемата тишина, над и најголемата умешност да се води двоен живот што конспиративните општества им го наметнуваат на своите членови.

Тоталитарните движења кои, во периодот кога се формираат, имитираат извесни карактеристики на тајните општества и покрај тоа што се формираат на очиглед на сите, се претвораат во тајни општества веднаш откако ќе ја земат власта во своите раце. Тајното здружение на тоталитарните режими е тајната полиција; единствената најстрого чувана тајна во тоталитарно општество, единственото езотерично знаење кое постои, се однесува на операциите на полицијата и на условите во концентрационите логори[323]. Се разбира дека населението воопшто и членовите на партијата се запознаени со најопштите факти дека постојат концентрациони логори, дека исчезнуваат луѓе, дека се апсат невини; истовремено, секој жител на една тоталитарна земја е свесен дека е најстрашен злостор кога било да се зборува за овие „тајни“. Со оглед на тоа дека знаењето на човекот зависи од афирмацијата и разбирањето на луѓето околу него, оваа заеднички позната информација која секој поединечно ја чува, оваа информација која никој со никого никогаш не ја разменува го губи квалитетот на реалност и станува вистински кошмар. Само оние кои го поседуваат тоа строго езотерично знаење што се однесува на евентуалните нови категории на непожелности и на оперативните методи на кадрите се во позиција да комуницираат еден со друг за она што всушност ја прави

---

[323] „Многу малку нешта во СС не беа тајна. Најголемата тајна беа случувањата во концентрационите логори. Ниту на членовите на Гестапо не им беше дозволен влез... во логорите без специјална дозвола“ (Eugen Kogon, *Der SS-Staat*, Munich, 1946, стр. 297).

реалноста на другите. Само тие се во позиција, да веруваат во она за кое знаат дека е вистина. Тоа е нивна тајна, и за да ја зачуваат оваа тајна тие се организирани како тајна полиција. Остануваат нејзини членови дури и ако оваа тајна организација ги уапси, ги натера да признаат и на крајот ги ликвидира. Се додека ја чуваат тајната тие и припаѓаат на елитата, и по правило не ја предаваат дури ни тогаш кога се в затвор или во концентрационен логор[324].

Веќе рековме дека еден од многуте парадокси кои го навредуваат здравиот разум на нетоталитарниот свет е привидно нерационална примена на конспиративните методи во тоталитаризмот. Во својата борба за власт тоталитарните движења, очигледно гонети од полицијата, прилично умерено користат конспиративни методи за соборување на владата, додека тоталитаризмот на власт, откако ќе го признаат сите влади и привидно ќе ја надмине својата револуционерна фаза, развива вистинска тајна полиција како нуклеус на своето владеење и моќ. Се чини дека официјалното признавање е поголема закана за конспиративната содржина на тоталитарното движење, проблем на внатрешна дезинтеграција, одошто колебливите полициски мерки на нетоталитарните режими.

Вистината се состои во тоа што тоталитарните лидери, иако убедени дека мораат доследно да ја следат фикцијата и правилата на тој фиктивен свет што биле поставени додека се бореле за власт, постепено ги откриваат потполните импликации на тој фиктивен свет и неговите правила. Нивната верба во човечката сеприсутност, нивното убедување дека се може да се среди со организирање, ги води во експерименти што човековата имагинација можеби ги скицирала, но кои никогаш не биле спроведени во дело. Нивните ужасни откритија во сферата на возможното се инспирирани од идеолошката систематичност што докажала дека е помалку контролирана од разумот и помалку расположена да ја признае фактичноста од најжестоките фантазии на преднаучните и предфилозофските шпекулации. Тие воспоставуваат тајно општество кое веќе не оперира јавно, општество на тајна полиција или на политички војници или на идеолошки

[324] Beck и Godin, op. cit., стр. 169, појаснуваат дека уапсените НКВД раководители „многу внимаваа да не откријат ниту една тајна на НКВД".

истренирани борци, за да можат да вршат непристојни експериментални истражувања на сè што е можно.

Од друга страна, тоталитарната конспирација против нетоталитарниот свет и нејзиното барање за светска доминација, и во услови на тоталитарно владеење останува исто така отворено и незаштитено како и кај тоталитарните движења. Таа практично му се наметнува на координираното население од „симпатизери“ во форма на божемна конспирација од страна на целиот свет против нивната земја. Тоталитарната дихотомија се пропагира со тоа што секој граѓанин кој бил во странство треба кога ќе се врати да даде извештај како да е таен агент, и секој странец да го третира како шпион на неговата влада[325]. Токму за да се зачува практичната реализација оваа дихотомија, а не толку заради специфичните воени или други, железните завеси ги одвојуваат жителите на тоталитарната земја од останатиот дел од светот. Нивната вистинска тајна, концентрационите логори, тие лаборатории во експериментот на тоталната доминација, тоталитарните режими ги кријат и од очите на своите сопствени луѓе како и од сите други.

После подолго време нормалноста на нормалниот свет станува најдобра заштита против обелоденување на тоталитарните масовни злостори. „Нормалните луѓе не знаат дека се е возможно[326], одбиваат да им поверуваат на своите очи и уши кога ќе се соочат со монструозното, исто како кога луѓето од масите не можеа да им веруваат на своите соочени со нормалната реалност во која немаше место за нив[327]. Причината зошто тоталитарните режими можат да отидат толку далеку во реализацијата на еден фиктивен, целосно

---

[325] Типичен е следниот дијалог изнесен во *Dark Side of the Moon*: „На признанието дека некој кога било бил надвор од Полска, следното прашање неизбежно беше: ’А за кого шпионираше?... Еден човек...‘ праша: ’Ама и вие исто така имате странски посетители. Дали сметате дека сите тие се шпиони?‘ Одговорот беше: ’Што мислиш? Мислиш дека сме толку наивни и не сме наполно свесни за тоа?‘“

[326] David Rousset, *The Other Kingdom*, New York 1947.

[327] Нацистите беа наполно свесни за заштитниот ѕид на скептицизам што го опкружуваше нивниот потфат. Еден таен извештај до Розенберг за масакрот на 5.000 Евреи во 1943 експлицитно тврди: „Замислете само овие податоци да им паднат во рацете на нашите противници и тие да ги искористат. Најверојатно ваквата пропаганда нема да има ефект само поради тоа што луѓето кои ќе слушнат или ќе прочитаат вакво нешто едноставно нема да бидат подготвени да поверуваат во тоа“ (*Nazi Conspiracy*, I, 1001).

растурен свет е тоа што надворешниот нетоталитарен свет, кој секогаш вклучува голем дел од населението на самата тоталитарна земја, се впушта во фантазирање и вистината и ја фрла в лице на вистинската лудост, како што масите тоа го прават со нормалниот свет. Оваа здраворазумска ненаклонетост да се верува во монструозното постојано ја поттикнува самиот тоталитарен владетел, кој се обезбедува никогаш да не се објави никаков сигурен статистички податок, никаков факт или бројка што може да се контролира, така што постојат само субјективни, на контрола неподложни и несигурни извештаи за местата на живите мртовци.

Заради ваквата политика, резултатите од тоталитарните експерименти се само делумно познати. Иако имаме доволно извештаи од концентрационите логори за да можеме да допреме до можностите на тоталната доминација и да фрлиме поглед во амбисот на „возможното“, сепак не знаеме каква трансформација може да доживее карактерот во тоталитарните режими. Уште помалку знаеме колкумина од нормалните луѓе околу нас би сакале да го прифатат тоталитарниот начин на живот – т.е. за сигурно исполнување на нивните сништа во врска со кариерата да платат со цената на многу пократок живот. Лесно ќе го одредиме степенот до кој тоталитарната пропаганда и дури и некои нејзини тоталитарни институции одговараат на потребите на новите бездомни маси, меѓутоа, невозможно е да се дознае колкумина од нив, доколку постојано се изложени на закана од безработица, лесно би се сложиле со „популациска политика“ која се состои во постојана елиминација на вишокот на население, и колкумина кога веќе еднаш целосно ја прифатиле својата сè поголема неспособност да го поднесат товарот на модерниот живот, со задоволство ќе му се приклонат на системот кој, заедно со спонтаноста ја отстранува и одговорноста.

Со други зборови, додека знаеме за работата и специфичната функција на тоталитарната полиција, не знаеме дали и до која мера „тајната“ на ова тајно друштво одговара на тајните желби и тајното соучесништво на масите во нашето време.

# 3. ТОТАЛНА ДОМИНАЦИЈА

Концентрационите и истребувачки логори на тоталитарните режими служат како лаборатории во кои се потврдува основното верување на тоталитаризмот дека се е можно. Во споредба со ова, сите други експерименти се второстепени по важност – вклучувајќи ги и оние од полето на медицината чии што стравотии се забележани до детали при судењата на лекарите на Третиот Рајх – и покрај тоа што е познато дека ваквите лаборатории биле користени за експериманти од секаков вид.

Тоталната доминација што се стреми да организира бесконечен плуралитет и диференцијација на човечките суштества како целото човештво да е само едно лице, е возможна единствено ако секоја личност може да биде редуцирана до непроменлив идентитет на реакции, така што секоја од овие групи на реакции може слободно да биде заменета за која и да е друга. Проблемот е во тоа да се создаде нешто што не постои, имено, еден човеков род што ќе наликува на некој друг животински род чија што единствена „слобода“ би се состоела во „зачувување на родот“[328]. Тоталитарната доминација се стреми да ја постигне оваа цел како преку идеолошка индоктринација на елитните формации така и преку апсолутниот терор во логорите, а злоделата за кои елитните формации се безмилосно користени стануваат, како што се покажува, практична примена на идеолошката индоктринација – опитно поле на кое таа мора да се докаже себе си – додека пак одвратниот спектакл на самите логори се смета за додаток на „теоретската“ верификација на идеологијата.

Логорите се наменети не само за истребување на луѓето и за деградирање на човечки суштества, туку исто така му служат на чудовишниот експеримент на елиминација, под научно контролирани услови, на спонтаноста како израз на човековото однесување и на трансформирањето на човечката личност во обичен предмет, во нешто што не се дури ни

---

[328] Во *Tischgesprache*, Хитлер споменува повеќепати дека тој „[се стреми] кон состојба во која секој поединец знае дека живее и умира поради опстанок на својот род“ (стр. 349) Види исто така стр. 347: „Една мува положува милиони јајца и сите изумираат: Но мувата опстанува“.

животните; зашто, кучето на Павлов кое, како што знаеме, беше тренирано да јаде не кога е гладно туку кога ќе заѕвони ѕвончето, беше извитоперено животно.

Во нормални услови тоа никогаш не би можело да биде остварено, затоа што спонтаноста никогаш не може да биде наполно отстранета барем што се однесува до нејзината поврзаност не само со човековата слобода туку и со самиот живот, во смисла на просто преживување. Ваков експеримент е можен единствено во концентрационите логори, па затоа тие не се само “la societe la plus totalitaire encore realisee” (David Rousset) туку и водечкиот општествен идеал на тоталната доминација воопшто. Како што стабилноста на тоталитарниот режим зависи од изолирањето на фиктивниот свет на движењето од надворешниот свет, така и експериментот на тоталната доминација во концентрационите логори зависи од отсечувањето на таквата доминација од светот на сите други, светот на живите воопшто, дури и од надворешниот свет на една земја со тоталитарно владеење. Ваквата изолација ја објаснува специфичната нереалност и недостигот од верба што се карактеристични за сите извештаи од концентрационите логори и создаваат една од главните тешкотии во вистинското разбирање на тоталитарната доминација, што стои или се урива со постоењето на овие концентрациони и истребувачки логори; зашто, колку и да звучи неверојатно, овие кампови се вистинската централна институција на тоталитарната организациона моќ.

Има бројни извештаи од преживеани[329]. Колку што се тие поавтентични, толку помалку се стремат да комуницираат со нештата што му бегаат на човековото разбирање и искуство – односно, страдањето на луѓето ги претвораат во „животни што не се поплакуваат“[330]. Ниту едно од овие сведочења не ги поттикнува оние страсти на бес и сожалување низ кои што

---

[329] Најдобрите извештаи за нацистичките концентрациони логори се на David Rousset, *Les Jours de Notre Mort*, Paris 1947; Eugen Kogon, op. cit.; Bruno Bettelheim, “On Dachau and Buchenwald” (from May 1938 to April 1939), во *Nazi Conspiracy*, VII, 824 и нат. За советските концентрациони логори, види ја одличната збирка извештаи на полските преживеани објавена под име *The Dark Side of the Moon*, исто така David J. Dallin, op. cit., иако неговите извештаи понекогаш се помалку убедливи заради тоа што доаѓаат од „проминентни“ личности кои пишуваат манифести и обвиненија.

[330] *The Dark Side of the Moon*; уводот исто така го истакнува овој зачудувачки недостиг на комуникација: „Тие запишуваат, но не комуницираат“.

луѓето секогаш биле поттикнувани на праведност. Напротив, секој оној што зборува или пишува за концентрационите логори сѐ уште се смета за сомнителен; а, ако тој што говори решително се врати во светот на живите, тој самиот е обземен од сомненија во поглед на сопствената вистинитост, како да го заменил ноќниот кошмар со реалност[331].

Ваквото сомневање на луѓето што ги засега нив самите и реалноста на нивното сопствено искуство само ни го открива она што нацистите отсекогаш го знаеле: дека луѓето што се решени да извршат злолело сметаат дека е целисходно да ги организираат на најширока, најневеројатна основа. Не само поради тоа што така сите казни на правниот систем стануваат неадекватни и апсурдни; туку затоа што самата големина на злосторствата гарантира дека на убијците што ја пропагираат својата невиност низ секаков вид лага ќе им се верува многу побргу отколку на жртвите што ја кажуваат вистината. Нацистите дури не најдоа ни за сходно ова откритие да го зачуваат за себе. Хитлер пушти во оптек милиони примероци од својата книга во која што тврдеше дека за да биде успешна, лагата мора да биде огромна – што не ги спречи луѓето да му веруваат, слично како и на нацистичките прокламации, повторувани *ad nauseam*, дека Евреите ќе бидат истребени како тафтабити (т.е. со отровен гас), на кои сите им веруваа.

Големо е искушението постојано да се објаснува навистина неверојатното по пат на либерални рационализации. Во секого од нас се притајува по еден таков либерал, што не повикува со гласот на здравиот разум. Патот до тоталитарната доминација води низ многу постепени фази, за што можеме да посочиме бројни аналогии и преседани. Исклучително крвавиот терор во почетната фаза на тоталитарното владеење всушност и служи на ексклузивната цел да се победи противникот и секакво натамошно спротивставување да го направи невозможно; само, тоталниот терор настапува дури откако ќе се надмине оваа почетна фаза и кога режимот веќе нема зошто да се плаши од опозиција. Во овој контекст честопати е забележувано дека средството станало цел, но тоа, на крајот на краиштата, е само парадоксално прикриено признание дека категоријата „целта го оправдува средството" веќе е неприменлива, дека теророт ја загубил својата „цел", дека тој веќе не е средство за застрашување на народот. Не е

---

[331] Види особено Bruno Bettelheim, op. cit.

задоволувачко ниту објаснувањето дека револуцијата, како во случајот на Француската револуција, си ги јаде своите сопствени деца, затоа што теророт продолжува дури и откако секој што може да биде опишан како дете на револуцијата по која и да е своја особина – руските фракции, центрите на моќта на партијата, војската, бирократијата – веќе одамна е изеден. Многу нешта што денес станале специјалност на тоталитарното владеење се премногу добро познати од историските испитувања. Речиси секогаш имало војни на агресија; масакрот на непријателското население по победата се одвивал непречено сè додека Римјаните не го ублажиле со воведувањето на *parcere subjectis*; со векови истребувањето на месното население одело рака под рака со колонизацијата на двете Америки, на Австралија и на Африка; ропството е една од најстарите институции на човештвото и сите империи од античкото доба се засновале врз трудот на робовите што биле сопственост на државата и кои ги подигале нејзините јавни зданија. Дури ни концентрационите логори не се изум на тоталитарните движења. Тие за прв пат се јавуваат во текот на Бурската војна, во почетокот на веков, и натаму биле употребувани во Јужна Африка, како и во Индија за „непожелните елементи“; тука, исто така, по првпат се среќаваме со изразот „протективен затвор“ што подоцна било прифатено од Третиот Рајх. Во многу нешта овие логори им одговараат на концентрационите логори од почетокот на тоталитарното владеење; се користеле за „сомнителни“ чии што престапи не можеле да бидат докажани и кои не можеле да бидат осудени по редовен судски пат. Сево ова јасно укажува на тоталитарните методи на доминација; сево ова се елементи што тие ги искористиле, ги развиле и ги искристализирале врз основа на нихилистичкиот принцип дека „сè е дозволено“, што го наследиле и го зеле здраво за готово. Меѓутоа, секогаш кога овие нови форми на доминација ќе ја попримат својата автентично тоталитарна структура тие ги минуваат границите на овој принцип, што сè уште е сврзан со утилитарните мотиви и личните интереси на владетелите, па си ја пробаат среќата во сфера што сè до сега ни била наполно непозната: сферата во која „сè е можно“. И, што е сосем карактеристично, ова е токму таа сфера што не може да биде ограничена ниту со утилитарни мотиви ниту со личен интерес, без оглед на содржината на тој интерес.

Она што се коси со здравиот разум не е нихилистичкиот принцип дека „сè е дозволено“, што веќе е содржан

во утилитарниот концепт на здравиот разум на деветнаесеттиот век. Она во што здравиот разум и „нормалните луѓе“ не можат да веруваат дека сѐ е можно[332]. Ние се трудиме да ги сфатиме елементите во сегашното или минатото искуство што едноставно ги надминуваат нашите сили на сфаќање. Се обидуваме да го класифицираме како криминал она што, како што сите чувствуваме, не можело да биде подведено под ниедна категорија. Какво значење има концептот на убивање кога сме соочени со масовно производство на трупови? Се трудиме психолошки да го разбереме однесувањето на заточениците на концентрационите логори и на припадниците на СС-трупите, кога она што мора да биде сфатено е дека психата може да биде разорена дури и без физичка деструкција на човекот; дека навистина, психата, карактерот и индивидуалноста во одредени услови се чини се искажуваат себе си единствено преку брзината или бавноста со која се дезинтегрираат[333]. Конечниот резултат во секој случај се безживотни луѓе, т.е. луѓе што веќе не можат да бидат психолошки сфатени, чие што враќање во психолошки или на друг начин разбирливиот човечки свет потсетува на воскреснувањето на Лазар. Сите тврдења на здравиот разум, било да се од психолошка или социолошка природа, служат само да ги охрабрат оние што ометаат дека е „површно“ да се „живее во стравови“[334].

Ако е точно тоа дека концентрационите логори се најконсеквентната институција на тоталитарното владеење, „живеењето во страв“ би требало да биде незаменливо за разбирањето на тоталитаризмот. Само, присеќавањето не може ништо повеќе од некомуникативниот извештај на очевидецот. И кај двата овие родови постои една внатрешна тенденција да се побегне од искуството; инстинктивно или рационално, и двата вида на запишувачи се во толкава мера свесни за ужасниот амбис што ги разделува светот на живите и светот на живите мртовци, што не можат да дадат ништо повеќе од серија на приспомнати случки што мора да се чинат неверојатни и за оние на кои се однесуваат како и за нивните читатели. Единствено застрашената имагинација на оние што

---

[332] Првиот што го разбра ова беше Русе во неговите *Universes Contrentationnaire*, 1947.

[333] Rousset, op. cit., стр. 587.

[334] Види Georges Bataille во *Critique*, јануари 1948, стр. 72.

таквите извештаи ги вознемириле, а не биле физички мачени, на оние што се поштедени од ѕверскиот, очајнички терор, во судир со реалниот, сегашен терор, неволно го парализира сето она што не е проста реакција, можат да си дозволат да размислуваат за стравотиите. Таквите мисли се корисни единствено во перцепирањето на политички контексти и во мобилизирањето на политички страсти. Промена во личноста од каков и да е вид не може да се случи со размислување за стравотиите, не повеќе отколку што е тоа можно преку вистинско искусување на стравотиите. Редукцијата на човека на збир реакции го отсекува исто онака радикално како и некоја ментална болест од сето она во него што претставува личност или карактер. Кога, како Лазар, тој ќе се дигне од мртвите, ја открива својата личност или карактерот непроменети, онакви какви што ги оставил.

Како што застрашувањето, или живеењето во страв не може да влијае врз промена во карактерот, не може луѓето да ги направи подобри или полоши, така тоа не може да стане ниту основа за политичка странка или партија во потесна смисла на зборот. Обидите за создавање европска елита со програма за интраевропско разбирање, засновани врз општото европско искуство со концентрациони логори пропаднале горе-долу на истиот начин како и обидите што следеле по Првата светска војна да се изведуваат политички заклучоци од меѓународното искуство на фронтовската генерација. И во двата случаи се покажа дека самите искуства не се во состојба да комуницираат ништо повеќе од нихилистичките баналности[335]. Политичките консеквенци, како на пример повоениот пацифизам, потемнаа од општиот страв од војна, а не од воените искуства. Наместо да создаде пацифизам на кој му недостига реалност, погледот во структурата на современите војни, воден и мобилизиран од стравот, можел да доведе до сфаќањето дека единствениот стандард за неопходна војна е борбата против условите под кои луѓето веќе не сакаат да живеат – и нашите искуства со мачниот пекол на тоталитарните логори доволно добро не просветлиле за возможноста

[335] Книгата на Русе содржи многу такви „погледи внатре“ во човечката „природа“, базирани главно на опсервациите дека по некое време менталитетот на затворениците во логорите одвај се разликува од менталитетот на логорските чувари.

од такви услови[336]. Така стравот од концентрациони логори и резултирачкиот поглед во природата на тоталната доминација би можеле да послужат за правење неподобност на сите надминати политички диференцијации од десно на лево и да го воведат покрај нив и над нив политички најважниот аршин за просудување на настаните во нашево време, имено: дали се тие во служба на тоталитарната доминација или не.

Во секој случај, застрашувачката имагинација ја има таа голема предност да ги разбива софистицирано дијалектичките интерпретации на политиката што се сите засновани врз празноверието дека од злото може да се роди нешто добро. Таквите дијалектички акробации барем навидум прилегаа на правоснажност сè додека најлошото што можеше човек да му го стори на човека беше убиство. Но, како што знаеме денес, убиството е едно ограничено зло. Убиецот што убива човек – човек што и без тоа мора да умре – сè уште се движи во сферата на животот и смртта онаква каква што ние ја знаеме; и едното и другото навистина имаат неопходна поврзаност врз која што е заснована дијалектиката, дури и ако таа за тоа не секогаш е свесна. Убиецот зад себе остава труп и не се преправа дека неговата жртва никогаш не постоела; ако и отстрани некоја трага тоа се оние на сопствениот идентнтет, а не спомените и тагата на луѓето што ја сакале неговата жртва; тој уништува еден живот, ама не го уништува и самиот факт на постоењето.

Со прецизност својствена на нив, нацистите ги регистрираа своите операции во концентрационите логори под наслов „под покривот на ноќта (*Nacht und Nebel*)". Радикализмот на мерките луѓето да се третираат како никогаш и да не постоеле и да се направи тие да исчезнат во буквална смисла на зборот честопати не е видлив на прв поглед, затоа што и германскиот и рускиот систем не се униформни, туку се состојат од цела серија категории во која луѓето се третираат многу различно. Во случајот на Германија, тие различни категории постоеле во истиот логор, ама не воспоставувале меѓусебен контакт; честопати, изолираноста меѓу тие категории била и поизразена од изолацијата од надворешниот свет.

---

[336] За да се избегнат недоразбирања, можеби ќе биде прикладно да се додаде дека со пронаоѓањето на хидрогенската бомба целото воено прашање претрпе уште една решителна промена. Дискусијата за ова прашање, се разбира, е надвор од темата на оваа книга.

Така, надвор од секакво расно размислување, Скандинавците биле во текот на војната третирани од страна на Германците сосем различно од претставниците на други народи, иако биле произнесени како непријатели на нацистите. Другите народи пак, од своја страна, биле поделени на оние чие што „истребување“ е прво на програмата, како во случајот со Евреите, или пак можело да се очекува во блиска иднина, како во случајот со Полјаците, Русите и Украинците, или пак на такви што уште не биле опфатени со инструкциите за едно такво сеопфатно „конечно решение“, како во случајот со Французите и Белгијците. Од друга страна пак, во Русија мораме да правиме разлика меѓу три повеќе или помалку независни системи. Прво, тука се автентичните групи за принудна работа што живеат во релативна слобода и се осудени на ограничен временски период. Второ, тука се концентрационите логори во кои човечкиот материјал беспоштедно се експлоатира и стапката на смртност е вонредно висока, но тие се организирани главно за работа. И трето, тука се истребувачките логори чии што жители се систематски бришени од лицето на земјата преку изгладнување и запоставување.

Вистинскиот страв од концентрационите и истребувачките логори лежи во фактот дека нивните жители, дури и ако по некоја случајност преживеат, се всушност многу повеќе отсечени од светот на живите отколку да умреле, зашто стравот наложува заборав. Тука убиството е безлично како и згмечувањето на некој инсект. Човек може да умре како резултат од систематска тортура или гладување, или затоа што логорот е пренаселен и прекубројниот човечки материјал мора да биде ликвидиран. И, спротивно на тоа, може да се случи поради недостиг од нови човечки пратки да се јави опасноста логорите да се осипат, па се дава наредба по секоја цена да се намали брзината на умирањето[337]. Давид Русе го нарече својот репорт за периодот во германски концентрационен логор *Les Jours de Notre Mort*, и навистина се чини како да постоела можност на процесот на самото умирање да му се даде постојаност и да се наметне услов во кој и смртта и животот подеднакво ефектно се попречени.

[337] Ова се случи во Германија кон крајот на 1942, при што Химлер упати забелешка на сите заповедници на логори „да ја намалат смртната стапка по секоја цена“; затоа што излезе дека од 136.000 новодојдени, 70.000 веќе беа мртви при пристигнувањето во логорите или умреа веднаш потоа. Види *Nazi Conspiracy*, IV, анекс II.

Појавата на некое радикално зло, за нас претходно непознато, е тоа што и става крај на концепцијата за развој и трансформација на квалитети. Тука нема ниту политички ниту историски ниту пак едноставно морални стандарди туку, во најдобар случај, сознанието дека во современата политика се вмешало нешто што всушност никогаш не би требало да се вмешува во политика онаква каква што ние сме ја разбирале, имено сè или ништо – сè, а тоа е неограничена бесконечност на форми на човечко заедничко живеење, или ништо, затоа што победа на системот на концентрациони логори би значела иста неизбежна судбина за човечките суштества како што употребата на хидрогенската бомба би значела пропаст на човечката раса.

Животот во концентрационите логори нема никакви паралели. Неговите стравотии имагинацијата никогаш нема да биде во состојба да ги опфати од проста причина што тие стојат настрана од животот и смртта. За нив никогаш не ќе може да се поднесе извештај од проста причина што преживеаниот се враќа во светот на живите, што му оневозможува наполно да верува во своето претходно искуство. Како да требало да кажува приказна за некоја друга планета, затоа што статусот на жителите на логорите во светот на живите, каде што никој не треба да знае дали се тие живи или умрени, е таков како тие никогаш воопшто да не биле ни родени. Затоа сите паралели создаваат конфузија и го одвлекуваат вниманието од она што е суштинско. Принудната работа во затворите и казнените колонии, протерувањето, ропството, за момент како да нудат корисна споредба, но кога потемелно ќе се проучат не водат никаде.

Принудната работа како казна е ограничена во поглед на времетраењето и на интензитетот. Затвореникот ги задржува правата врз своето тело; не е апсолутно измачуван ниту пак со него апсолутно се доминира. Протерувањето протерува само од еден дел на светот на друг дел на светот, што исто така е населен од човечки суштества; тоа не значи наполно исклучување од човечкиот свет. Во текот на историјата ропството претставувало една институција во рамките на општествен поредок; робовите не биле, како во случајот со логорашите, повлечени од погледот па оттука и од заштитата иа нивните другари; како орудија за работа тие имале определена цена, а како сопственост определена вредност. Логорашот нема цена затоа што може секогаш да биде заменет; никој не знае кому тој му припаѓа, зашто никој никогаш не го гледа. Од

гледна точка на нормалното општество тој е апсолутно прекуброен, иако во времиња на акутен недостиг на работна сила, како во Русија и во Германија во текот на војната, тој се користи за работење.

Концентрациониот логор како институција не бил смислен со цел да се добие некаков производ од работата; единствената постојана економска функција на логорите била да го финансира својот управен апарат; така, од економска гледна точка, концентрационите логори постојат поради самите себе. Секаква работа што таму била изведена можела да биде направена многу подобро и многу поевтино во други услови[338]. Особено Русија, чии што концентрациони логори се најчесто опишувани како логори за принудна работа затоа што советската бирократија решила да ги почести со тоа име, сосем јасно открива дека принудната работа не е примарна по важност; принудната работа е нормална околност за сите руски работници, кои што немаат слобода на движење и можат да бидат произволно повлечени на работа на секое место во секое време. Неверојатноста на стравотиите е тесно сврзана со нивната економска бескорисност. Оваа бескорисност Нацистите ја доведоа до точката на крајна антиутилитарност кога во средината на војната, и покрај недостигот на материјал за градење и приход на залихи, тие подигаа огромни, скапи фабрики за истребување и транспортираа милиони луѓе натаму-наваму[339]. Во очите на еден стриктно утилитарен свет очигледните противречности меѓу овие постапки и воената експедитивност, на целиот тој потфат му дадоа тон на луда нереалност.

Оваа атмосфера на лудило и нереалност, што ја создал еден очигледен недостиг на смисол, е вистинската челична завеса што сите форми на концентрациони логори ги крие од

---

[338] Види Kogon, op. cit., стр. 58: „Голем дел од работата што се вршеше во концентрационите кампови беше или бесполезна, беше или одвишна или толку лошо планирана што мораше да се изврши два-три пати одново".

[339] Настрана од милионите луѓе кои нацистите ги транспортираа во логори за истребување, тие постојано правеа нови колонизаторски планови – транспортираа Германци од Германија или од окупираните територии на Исток за колонизаторски цели. Ова се разбира беше сериозен хендикеп за воените акции и економската експлоатација. За бројните дискусии на овие теми и за постојаниот конфликт меѓу нацистичката цивилна хиерархија во источните окупирани територии и СС хиерархијата види особено Vol. XXIX од *Trial of the Major War Criminals*, Nuremberg, 1947.

очите на светот. Гледани однадвор, тие и нештата што во нив се случуваат можат да се опишат единствено во слики извлечени од животот после смртта, односно, живот отцепен од овоземска смисла. Концентрационите логори можат со голема готовност да бидат поделени на три типа, според трите основни западни концепции на живот по смртта: Адот, Чистилиштето и Пеколот. На Адот одговараат оние релативно благи форми што некогаш биле популарни дури и во нетоталитарни земји за да може непожелните елементи од секаков вид – избеглици, лица без државјанство, асоцијални и невработени – да бидат иставени од патот; исто онака како што логорите за депортација, што не се ништо друго освен логори за лица што станале прекубројни и проблематични, ја преживеале војната. Чистилиштето го претставуваат работничките логори во Советскиот Сојуз, каде што запоставувањето се комбинира со хаотичната принудна работа. Пеколот во најбуквалната смисла на зборот бил отелотворен од оние типови на логори усовршени од страна на нацистите во кои животот во целост бил темелно и систематски организиран така да се спроведува најголемата можна тортура.

Сите овие три типа имаат нешто заедничко: масите од луѓе затворени во нив се третирани како веќе да не постојат, како да тоа што им се случило веќе никого не го интересира, како веќе да се мртви а некој споулавен зол дух се забавува со тоа што за миг ги запира меѓу животот и смртта пред да ги препушти на вечниот мир.

Не е толку бодликавата жица колку што е тоа нешто создадената нереалност на оние што се со неа оградени што предизвикува такви неверојатни суровости и на крајот прави истребувањето да изгледа како сосема нормална мера. Сето она што се правело во логорите нам ни е познато од светот на извитоперените, злобни фантазии. Она што е тешко да се разбере е тоа што, како и тие фантазирања, овие гадни злосторства се случувале во еден фантомски свет што, сепак, бил материјализиран, како што се покажува, во еден свет што ги има комплетни сите сетилни податоци на реалноста, само му недостига онаа структура на консеквенца и одговорност без кои што реалноста за нас останува една маса на неразбирливи податоци. Резултатот се состои во тоа што е создадено место на кое луѓето можат да бидат измачувани и клани, па сепак ни мачителите ниту пак измачуваните, а најмалку пак некои однадвор, можат да бидат свесни дека она што се случува

може да биде нешто повеќе од една сурова игра или апсурден сон[340].

Филмовите што сојузниците ги прикажуваа во Германија и на други места по војната јасно покажуваа дека таа атмосфера на лудило и нереалност не може да ја разбие една обична репортажа. За гледачот без предрасуди овие слики се уверливи колку и слики на мистериозни супстанци снимани на спиритуални сеанси[341]. Здравиот разум реагираше на стравотиите на Бухенвалд и Аушвиц со разумниот аргумент: „Каков ли злостор сториле овие луѓе та да им се прават вакви нешта!"; или пак, во Германија и Австрија, среде гладувањето, пренаселеноста и општата омраза: „Штета што престанаа да ги задушуваат Евреите"; и насекаде со скептичното кревање рамења што ја пресретнува неефектната пропаганда.

Ако пропагандата на вистината не успее да го увери просечниот човек затоа што е тоа премногу монструозно, сигурно е опасно за оние што знаат од своите сопствени замислувања за што се самите тие способни и кои се затоа сосем готови да веруваат во реалноста на она што го виделе. Наеднаш станува очигледно дека нештата што со илјадници години човековата имагинација ги потиснувала во сферата надвор од човечка компетентност можат да бидат правени токму овде на земјава, дека Пеколот и Чистилиштето, па дури и една сенка на нивното вечно траење можат да бидат востановени со најсовремени методи на уништување и терапија. За овие луѓе (а тие се помногубројни во секој поголем град отколку што тоа ние сакаме да си го признаеме)

---

[340] Бетелхајм (Bettelheim, op. cit.), забележува дека чуварите во камповите прифатија однос кон атмосферата на нереалност ист како и кај самите затвореници.

[341] Еднакво е важно да се сфати дека сите слики на концентрационите логори се залажувачки се додека тие ги пожажуваат логорите во нивната последна фаза, во моментот кога сојузничкитс трупи влегоа во нив. Немаше вистински логори на смртта во Германија, и во тој момент сета опрема за истребување веќе беше демонтирана. Од друга страна, она што најмногу ги разбесни Сојузниците и што на филмовите им дава посебно обележје на ужас – имено, погледот на човечки скелети – воопшто не беше типично за германските концентрациони логори; истребувањето се спроведуваше систематски со гас, а не со изгладнување. Условите во логорите беа резултат на воените настани за време на последните месеци: Химлер нареди евакуација на сите логори за истребување на Исток, па како последица на тоа германските логори беа преполни со луѓе, и по тој начин не можеше да се обезбеди доволно храна во Германија.

тоталитарниот пекол само докажува дека моќта на човекот е поголема од што тие воопшто можеле да помислат, и дека човекот може да ги реализира пеколните фантазии без притоа да падне небото или да се отвори земјата.

Овие аналогии, прикажани во многуте извештаи од светот на оние што умираат[342], како да искажуваат нешто повеќе од еден очајнички обид да се изговори нешто што е надвор од сферата на човековиот говор. Веројатно ништо не ги прави различни современите маси од оние на минатите векови онака радикално како што е тоа случајот со загубата на вербата во судниот ден: најлошите го загубиле стравот, а најдобрите својата надеж. Сѐ уште неспособни да живеат без страв и надеж, овие маси ги привлекува секој напор што се чини ветува од човека направено отелотворување на Рајот по кој што копнееле и на Пеколот од кој што се плашеле. Како што популаризираните особини на Марксовото бескласно општество имаат необична сличност со месијското доба, така и реалноста на концентрационите логори не личи на ништо толку многу како на средновековните слики на пеколот.

Единственото нешто што не можело да биде репродуцирано е она што придонело традиционалните концепции на Пеколот да станат подносливи за луѓето: судниот ден, идејата за еден апсолутен стандард на правдина комбиниран со бесконечната можност за божја милост, затоа што во човековото проценување не постои злочин ниту пак грев што можат да се мерат со вечните страдања во пеколот. Оттука и неспокојството на здравиот разум, што го поставува прашањето: Какво ли е злоделото што го сториле овие луѓе та да страдаат така нехумано? Оттука исто така и апсолутната невиност на жртвите: ни еден човек никогаш не го заслужил тоа. Оттука на крајот на краиштата и гротескното безредие со кое жртвите на концентрационите логори биле избирани во совршена застрашена состојба: таква „казна“ може, со подеднаква праведност и неправедност, да му биде наметната секому.

Во споредба со лудиот конечен резултат – општество на концентрациони логори – процесот низ кој луѓето се подготвувани за таквиот крај, а и методите со кои поединците се приспособени на тие услови, се провидни и логични. На

[342] Дека животот во концентрационите кампови беше едноставно продолжен процес на умирање е истакнато од Русе (Rousset), op. cit., passim.

налудничавото масовно производство на трупови му претходи историски и политички разбирлива подготовка на живи трупови. Поттикот, и, што е уште поважно, прекутната согласност на такви услови без преседан, се резултат на оние настани што во период на политичка дисинтеграција наеднаш и неочекувано направија стотици илјади човечки суштества да бидат бездомници, без своја држава, отпадници од законот и непожелни, додека милиони човечки суштества станаа економски прекубројни и општествено оптоварувачки поради невработеноста. Од своја страна пак, ова можеше да се случи само затоа што Правата на Човекот што филозофски никогаш не биле воопоставени туку само формулирани, кои никогаш не биле политички обезбедени туку само прокламирани, во својата традиционална форма загубија секаква вредност.

Првиот битен чекор на патот за тоталната доминација е да се убие правното лице во човекот. Ова, од една страна, било постигнато со ставање на одредени категории луѓе надвор од заштитата на законот и со истовремено форсирање, преку инструментот на денационализација, на нетоталитарниот свег да го признае беззаконието; од друга страна, тоа било сторено со ставање на концентрациониот логор надвор од нормалниот казнен систем, и со селектирање на логорашите надвор од нормалната правна процедура во која едно одредено злодело повлекува предвидлива казна. Така криминалците, што од други причини се неопходен елемент во општеството на концентрациони логори, се вообичаено испраќани во логори само според компетенцијата на нивната затворска казна. Во секакви услови тоталитарната доминација се погрижува категориите собрани во логорите – Евреите, носителите на болести, претставниците на класите што изумираат – веќе да ја имаат загубено својата способност како за нормални така и за криминални потфати. Од гледна точка на пропагандата ова значи дека „надлештвото за заштита“ се користи како „превентивна полициска мерка“[343], т.е. мерка што им ја одзема на луѓето способноста да делуваат. Отстапувања од ова правило во Русија мора да му се припишат на катастрофалниот недостиг од затвори како и на

[343] Маунц (Maunz, op. cit.), стр. 50, инсистира дека криминалците не би требало да бидат испраќани во логори таму да ја отслужат редовната казна.

желбата, до сега нереализирана, целиот казнен систем да се трансформира во еден систем на концентрациони логори[344].

Вклучувањето на криминалци е неопходно со цел да се оправда пропагандното тврдење за движењето дека институцијата постои поради асоцијални елементи[345]. Криминалците всушност не припаѓаат на концентрационите логори, најмалку затоа што е потешко да се убие правното лице во човекот виновен за некое злодело отколку кај сосем невино лице. Ако тие конституираат една постојана категорија меѓу логорашите, тоа е концесија на тоталитарната држава кон предрасудите во општеството, што на ваков начин можат најлесно да се привикнат на постоењето на логорите. Од друга страна, со цел да се зачува самиот логорски систем недопрен, сè додека постои – казнен систем во земјата неопходно е криминалците да бидат праќани во логори само за довршување на казната, односно кога тие си го зачувуваат правото на слобода. Под никакви околности концентрациониот логор не смее да стане казна за конечни престапи.

Мешањето на криминалците со сите други категории ја има и предноста за сите други што ќе пристигнат да направи да биде шокантно очигледно дека тие спаднале на најниското ниво на општеството. Можеме да сме сигурни дека наскоро ќе излезе дека тие имаат полно право да му завидуваат на најдолниот крадец и убиец; само, истовремено, најниското ниво е и добар почеток. И повеќе од тоа, тоа е ефективно средство за камуфлажа: ова им се случува само на криминалци и не се случува ништо пострашно од она што со право им се случува на криминалци.

Криминалците насекаде ја сочинуваат аристократијата на логорите. (Во Германија, во текот на војната, тие биле заменувани во водството од комунистите, зашто ни минимумот рационална работа не можел да биде изведен во хаотичните услови што ги создавала криминалната администрација. Ова била едноставно привремена трансформација на концентрационите логори во логори за принудна работа,

---

344 Недостигот на затворски простор во Русија беше толкав што во 1925–26 година само 36% од сите судски пресуди можеа да се извршат. Види Dallin, op. cit., стр. 158 и нат.

345 Гестапо и СС секогаш посветуваа големо внимание на мешањето на категории на затвореници. Во ниеден логор затворениците не припаѓаа само на една категорија (Kogon, op. cit., стр. 19).

наполно нетипичен феномен со ограничено траење)[346]. Она што криминалците ги става во водство не е во толкава мера афинитетот меѓу надзорниот персонал и криминалните елементи – во Советскиот Сојуз се чини дека надзорниците не се, како што е тоа случајот со СС трупите, специјална елита тренирана да прави злодела[347] – колку што е тоа фактот дека само криминалците се испратени во логорот во врска со некакво извршено дело. Тие барем знаат зошто се наоѓаат во концентрационен логор така што задржале некаков остаток од својата правна личност. За политичките затвореници ова важи само субјективно; нивните дела, ако се тоа вистински дела а не само мислења или нечии нејасни сомневања, или пак случајно членство во политички недозволена група, по правило не се опфатени со нормалниот правен систем на земјата и не се правно дефинирани[348].

Кон спојот на политичките затвореници и криминалците со кои започнаа концентрационите логори во Русија и Германија уште многу рано беше додаден трет елемент што наскоро требаше да го конституира мнозинството на сите логораши. Оттогаш, најголемата група се состоеше од луѓе што никогаш немале сторено нешто што, било во нивната свест или пак во свеста на нивните мачители, имало некаква рационална врска со нивното апсење. Во Германија по 1938-та, овој елемент го претставуваа маси од Евреи, во Русија сите оние групи што, без никаква врска со своите дела, ја навлекоа немилоста на властите. Овие групи, невини во секоја смисла, се најпогодни за темелно експериментирање во одземањето граѓански права и уништување на правната личност, па затоа

---

[346] Слабост на книгата на Русе е преценувањето на влијанието на германските комунисти, кои доминираа врз интерната администрација на Бухенвалд (Buchenwald) за време на војната.

[347] Види го на пример сведочењето на госпоѓа Бубер–Нојман (поранешна жена на германскиот комунист Хајнц Нојман [Heinz Neumann]), која ги преживеа и руските и германските концентрациони логори: „Русите никогаш... не пројавуваа садистичка црта како нацистите... Нашите руски чувари беа чесни луѓе, а не садисти, но верно ги исполнуваа барањата на нехуманиот систем“ (*Under Two Dictators*).

[348] Bruno Bettelheim, "Behavior in Extreme Situations", во *Journal of Abnormal and Social Psyhology*, Vol. XXXVIII, No. 4, 1943, го опишува самопочитувањето на криминалците и на политичките затвореници во споредба со оние кои не сториле ништо. Овие последниве „беа најмалку способни да го издржат првиот шок“, први попуштаа. Бетелхајм го припишува ова на нивното среднокласно потекло.

се тие како квалитативно така и квантитативно најбитната категорија на жителството во логорот. Овој принцип бил најцелосно реализиран во гасните комори кои, барем поради нивниот огромен капацитет, не можеле да бидат за индивидуални случаи туку само за луѓе општо земено. Во врска со ова, следниов разговор ја сумира ситуацијата на поединецот: „Која е причината, ако смеам да прашам, за постоењето на гасните комори?“ – „Од која причина сте се родиле?“[349] Токму оваа третата група на наполно невини во секој случај ја снајде најлошото во логорите. Криминалците и политичките затвореници се асимилираат во оваа категорија; на тој начин лишени од заштитничката разлика што доаѓа оттаму што тие сториле нешто, тие се наполно изложени на произволното. Крајната цел, делумно досегната во Советскиот Сојуз, а јасно индицирана во последните фази на нацистичкиот терор, е целокупното население на концентрациониот логор да биде составено од оваа категорија на невини луѓе.

Наспроти целосното безредие со кое се одбираат логорашите стојат категориите, самите по себе бесмислени но корисни од гледна точка на организирање, во која се обично поделувани при самото пристигање. Во германските логори имало криминалци, политички затвореници, асоцијални елементи, верски виновници и Евреи, сите означени со посебни знаци. Кога по Шпанската граѓанска војна Французите подигнаа концентрациони логори, тие веднаш го воведоа типично тоталитарниот амалгам на политички затвореници со криминалци и невини (во случајов без државјанство), па и покрај неискуството се покажаа забележително инвентивни во создавањето бесмислени категории логораши[350]. Во почетокот замислена со цел да го спречи создавањето на солидарност меѓу логорашите, оваа техника се покажа особено вредна затоа што никој не знаеше дали неговата категорија е подобра или полоша од онаа на другиот. Во Германија ова вечно менливо иако педантно организирано здание стекна изглед на солидност поради фактот дека под кои и да е околности Евреите беа во најниската категорија. Застрашувачки и гротескен дел од тоа беше тој што логорашите се идентификуваа себеси со овие категории, како овие да претставуваат последен автентичен

[349] Rousset, op. cit., стр. 71.

[350] За состојбите во француските концентрациони логори, види Arthur Koestler, *Scum of the Earth*, 1941.

остаток од нивната правна личност. Дури и ако не ги земеме предвид сите други околности, не е чудно еден комунист во 1933-та да излезе од логорот уште поголем комунист отколку што бил кога влегол, Евреинот уште поголем Евреин, и во Франција, жената на член на Легијата на странците уште поуверена во вредностите на Легијата на странците; се чинеше како овие категории да ветуваат последни делчиња на предвидлив третман, како тие да се отелотворение на некаков последен и оттаму фундаментален правен идентитет.

Додека класифицирањето на логорашите во категории е само тактичка, организациона мерка, произволното одбирање на жртвите го означува суштинскиот принцип на институцијата. Да зависеа од постоењето на политички непријатели, концентрационите логори одвај да ќе ги преживееја првите години на тоталитарните режими. Човек треба само да фрли еден поглед врз бројот на логорашите во Бухенвалд во годините по 1936 за да сфати колку бил апсолутно неопходен елементот на невините за континуираното постоење на логорите. „Логорите ќе изумреа ако при апсењата Гестапо го земаше предвид само принципот на опозиција“[351], а кон крајот на 1937 Бухенвалд, со помалку од 1.000 логораши, беше близу до изумирање додека ноемвриските погроми не донесоа преку 20.000 нови придојденици[352]. Во Германија, елементот на невините беше пополнет во голем број со Евреи од 1938-та; во Русија тој се состоеше од произволни групи од населението што беа падналe во немилост од некоја причина наполно без врска со нивните дела[353]. Но, ако во Германија навистина тоталитарниот тип на концентрационен логор со свое огромно мнозинство на наполно „невини“ логораши не беше востановен од 1938-та, во Русија тој се враќа во раните триесетти, затоа што до 1930-та мнозинството од жителите на концентрационите логори сѐ уште се состоеше од криминалци, контрареволуционери и „политички“ (мислејќи, во случајов, на членови на девијантни фракции). Оттогаш во логорите имало толку многу невини луѓе што е тешко да се класифицираат – лица што имале некаков контакт со странска земја, Руси од полско потекло (особено меѓу 1936 и 1938), селани

---

351 Kogon, op. cit., стр. 6.

352 Види *Nazy Conspiracy*, IV, 800 и нат.

353 Beck и Godin, op. cit., јасно велат дека „противниците претставуваа само релативно мал дел од [руската] затворска популација“ (стр. 87), и дека немаше никаква врска меѓу „нечие затворање и каков било престап“ (стр. 95).

чии села од некаква економска причина биле ликвидирани, депортирани националности, демобилизирани војници на Црвената армија што им припаѓале на единици што предолго се задржале во странство како окупаторски сили или станале воени затвореници во Германија итн. Но, постоењето на политичка опозиција за системот на концентрациони логори е само изговор, а целта на системот не е постигната дури ни кога, под најмонструозни застрашувања, населението станува повеќе или помалку доброволно координирано, т.е. се откажува од своите политички права. Целта на еден произволен систем е да ги уништи граѓанските права на целото население, што на крајот станува изопштено од законот во сопствената земја како и оние без државјанство и бескуќниците. Уништувањето на човековите права, убивањето на правната личност во човека, е предуслов за целосно завладување со него. А ова се применува не само врз специјални категории како што се криминалците, политичките опоненти, Евреите, хомосексуалците, врз кои се извршувани првите експерименти, туку и врз секој жител на една тоталитарна држава. Слободното согласување за тоталитарната доминација е исто толку пречка колку (што е тоа) и слободната опозиција[354]. Арбитрарното апсење што одбира меѓу невини луѓе ја уништува вредноста на слободното согледување, како што тортурата – за разлика од смртта – ја уништува можноста за опозиција.

Секаква, па дури и најтиранска рестрикција на ваквото арбитрарно прогонување на извесни мислења од религиска или политичка природа, на одредени начини на интелектуално или еротско општествено однесување, на одредени неодамна измислени „злочини“, би ги направило логорите прекубројни, зашто во крајна линија нема став или мислење што може да му се спротивстави на заканувањето на толку многу стравотии; и пред сè, таа би се стремела кон еден нов систем на правдина што, ако му се даде стабилност, неминовно би создал нова правна личност во човекот, која би ја избегнала тоталитарната доминација. Таканаречениот “Volksnutzen” на нацистите, што постојано флуктуира (зашто она што денес е корисно утре може да биде штетно) и вечно менливата партиска линија на Советскиот Сојуз што, бидејќи е ретроактивна, речиси секојдневно создава нови групи луѓе погодни за концентрациони

[354] Bruno Bettelheim, “On Dachau and Buchenwald” (стр. 834–835).

логори, се единствените гаранции за продолженото постоење на концентрационите логори, па оттука и за постојаното целосно одземање на граѓанските права на човекот.

Следниот решителен чекор во подготвувањето на живи трупови е убиството на моралната личност во човекот. Ова главно се постигнува така што, за прв пат во историјата, се оневозможува маченииштвото: „Колкумина овде сè уште веруваат дека протестот има барем историска важност? Ваквиот скептицизам е вистинско ремек-дело на СС-овците. Нивно големо достигнување. Ја корумпираа целата човечка солидарност. Овде ноќта паднала врз иднината. Кога нема сведоци, нема ни сведочење. Да се демонстрира кога смртта веќе не може да се одложува е обид на смртта да и се даде значење, да се делува надвор од сопствената смрт. За да се биде успешен, постапката мора да има општествено значење. Овде не има стотици илјади, и сите живееме во апсолутна самотија. Тоа е причината што сме ние потчинети, без оглед на тоа што ќе се случи“[355].

Логорите и убивањето на политички непријатели е само дел од организираниот заборав што не само што ги прекрива носителите на јавното мнение како што се кажаниот и пишаниот збор, туку се протега дури и на семејствата и пријателите на жртвите. Тагувањето и сеќавањето се забранети. Во Советскиот Сојуз сопругата ќе поднесе барање за развод веднаш по апсењето на мажот и со цел да ги заштити животите на своите деца; ако мажот и по некој случај се врати, таа со индигнација ќе го набрка од куќата[356]. Што се однесува до тоа, западниот свет, дури и во најмрачните времиња, му го дозволил на погубениот непријател правото да биде запамтен како очигледна потврда на фактот дека сме сите ние луѓе (и само луѓе). Само поради тоа што дури Ахил трgнал на закопот на Хектор, само затоа што најдеспотските влади го почитувале погубениот непријател, само затоа што Римјаните им дозволиле на христијаните да пишуваат историја на своите маченици, само затоа што Црквата ги оставила своите еретици живи во сеќавањето на луѓето не било се загубено и никогаш не можело да биде загубено. Концентрационите логори, правејќи ја самата смрт анонимна (со тоа што направиле да е невозможно да се дознае дали затвореникот е мртов или жив),

[355] Rousset, op. cit., стр. 464.
[356] Види го извештајот на Sergei Malakhov во Dallin. op. cit. стр. 20 и нат.

и го одзеле значењето на смртта како на крај на еден исполнет живот. Во извесна смисла ја одзеле сопствената смрт на личноста, докажувајќи дека дотогаш ништо не му припаѓало и тој никому не припаѓал. Неговата смрт едноставно го запечатила фактот дека тој никогаш вистински не постоел.

На овој напад врз моралната личност сè уште можела да му се спротивстави човековата свест што му кажува дека е подобро да умре како жртва отколку да живее како бирократ на убиството. Тоталитарниот терор го постигна својот најужасен триумф кога успеа да ја отсече моралната личност од индивидуалистичкото бегство и да ги направи одлуките на свеста апсолутно дискутабилни и рамноправни. Кога човек ќе се соочи со алтернативата да ги издаде и да ги убие своите пријатели или да ги испрати своите жена и деца, за кои е одговорен во секоја смисла, во смрт; кога дури и самоубиството би значело непосредно убиство на сопственото семејство – што треба тој да реши? Не се работи веќе за алтернатива меѓу доброто и злото, туку меѓу убиство и убиство. Кој би можел да ја реши моралната дилема на една Гркинка на која нацистите и дозволиле да избере кое од нејзините три деца ќе биде убиено[357]?

Иако создавањето услови во кои свеста престанува да биде адекватна и станува сосем невозможно да се прават добрини, свесно организираната сложеност на сите луѓе во злоделата во тоталитарните режими се пренесува и на жртвите и на тој начин станува вистински целосна. СС-овците ги вовлекуваа логорашите – криминалците, политичките затвореници, Евреите – во нивните злосторства со тоа што им даваа одговорност за голем дел од управувањето со администрацијата, со тоа соочувајќи ги со безнадежната дилема дали да си ги испратат пријателите во смрт или да помагаат во убиството на други луѓе што се туѓинци, и во секој случај принудувајќи ги да се однесуваат како убијци[358]. Не се работи само за тоа дека омразата се свртува од оние што се виновни (капоите биле поомразени од СС-овците), туку дека

[357] Види Albert Camus во *Twice a Year*, 1947.

[358] Книгата на Русе, op. cit., се состои во голем дел од дискусии на затворениците за оваа дилема.

разделната линија меѓу прогонувачот и прогонетиот, меѓу убиениот и неговата жртва, постојано се заматува[359].

Кога еднаш ќе биде убиена моралната личност, она што луѓето сѐ уште ги заштитува од тоа да не бидат претворени во живи трупови е диференцирањето на индивидуата, на неговиот единствен идентитет. Во стерилна форма таквата индивидуалност може да биде зачувана преку истраен стоицизам, и сигурно е дека многумина под тоталитарното владеење се засолнувале, и ден денес се засолнуваат, во оваа апсолутна изолација на личноста без права или свест. Нема сомнение дека овој дел од човековата личност, токму затоа што толку битно зависи од природата и од силите што не можат да бидат контролирани со волјата, е оној што е најтешко да се уништи (а и кога ќе се уништи најлесно се поправа)[360].

Методите на дејствување со ваквата единственост на човековата личност се многубројни и нема да се обидуваме да ги наведеме. Тие почнуваат со монструозните услови при транспортот до логорите, кога стотици човечки суштества се пакувани во сточни вагони голи, залепени еден до друг, и влечени низ земјата натаму-наваму со денови; тие продолжуваат со пристигнувањето во логорот, со добро организираниот шок од првите часови, бричењето на главата, гротескната логорашка облека; и завршуваат во сосем незамисливи страдања така осмислени да не го убијат телото, во секој случај не пребргу. Целта на сите овие методи, во секој случај, е да се манипулира со човековото тело – со неговите бесконечни можности за страдање – на начин што ќе се уништи човековата личност толку разорно како што тоа го прават одредени ментални заболувања од органско потекло.

Токму тука станува најочигледно целосното лудило на целиот процес. Измачувањето, што е сигурно, е суштинската

---

[359] Бетелхајм, op. cit., го опишува процесот со кој чуварите исто како и затворениците „се прилагодуваа“ на условите на животот во логорот и се плашеа од враќањето во надворешниот свет.

Русе, според тоа, е во право кога инсистира дека е вистина дека „жртвата и џелатот се еднакво недостојни; поуката на логорите е братството во нискост“ (стр. 588).

[360] Бетелхајм, op. cit., опишува дека „се чини дека главната грижа на новите затвореници е да останат недопрени како личности“, додека проблемот на старите затвореници беше „како да живеат колку што е можно подобро во логорот“.

карактеристика на тоталитарната полиција и на правниот апарат; се употребува секојдневно со цел да се натераат луѓето да зборуваат. Овој тип на измачување, со оглед на тоа дека има определена рационална цел, има определени ограничувања: или затвореникот проговорува во одреден период, или бидува убиен. На оваа рационално водена тортура во првите нацистички концентрациони логори и во визбите на Гестапо и била придодадена друга, садистичка. Во најголемиот дел извршувана од СА, таа немала цели и не била систематична, туку зависела од иницијативата на, во голема мера, ненормални елементи. Морталитетот бил толку висок што само неколку логораши во 1933 година ги преживеале тие први години. Овој вид тортура се чини не бил толку пресметана политичка институција колку што била концесија на режимот кон неговите криминални и ненормални елементи, што на тој начин биле наградени за сторените услуги. Зад слепото ѕверство на СА честопати се криела длабока омраза и презир кон сите оние што биле социјално, интелектуално или физички подобри од нив самите, и кои сега, како во некакво исполнување на нивните најлуди сништа дошле на власт. Овој презир, што никогаш наполно не изумрел во логорите, не вчудовидува како последен остаток од човечки разбирливото чувство[361].

Сепак, вистинскиот хорор започна кога СС-трупите го презедоа управувањето со логорите. Старата спонтана бестијалност му го отстапи местото на едно апсолутно ладнокрвно и систематско уништување на човечки тела, калкулирано да го уништува човечкото достоинство; смртта беше избегната или одложена на неопределено време. Логорите веќе не беа забавни паркови за ѕверови во човечки облик, односно, за луѓе на кои местото всушност им беше во ментални институции и затвори; се обистини спротивното: тие беа претворени во „терени за вежба", на (кои сосем нормални луѓе беа увежбувани да бидат комплетно увежбани членови на СС[362].

Убивањето на човековата самосвест, на единственоста составена во еднакви делови од природа, волја и судбина,

---

[361] Rousset, op. cit., стр. 390, опишува како припадник на СС му држи говор на еден професор: „Ти порано беше професор. Е па сега веќе не си. Веќе не си голема ѕверка. Сега си само мал кепец. Помал не можеш да бидеш. Јас сум шеф сега".

[362] Kogon, op. cit., стр. 6.

станала толку јасна премиса за сите човечки односи што дури и идентични близнаци предизвикуваат извесен немир, создава застрашеност што нашироко го прекрива бесот на правнополитичката личност и очајот на моралната личност. Таквото застрашување ги поттикнува нихилистичките генерализации што сосема веродостојно тврдат дека во суштина сите луѓе се ѕверови[363]. Всушност искуството на концентрационите логори навистина покажува дека човечките суштества можат да бидат видоизменети во видови на човечко животно, и дека човековата „природа“ е „човечка“ само до толку што на човека му ја отвора можноста да стане нешто прилично неприродно, т.е. човек.

По убиството на моралната личност и уништувањето на правната личност, уништувањето на индивдуалноста е речиси секогаш успешно. Разбирливо, некакви закони на психологија на масите веројатно можат да се изнајдат за да објаснат зошто милиони човечки суштества си дозволувале без покажување отпор да бидат водени во гасни комори, иако тие закони би можеле да го објаснат уништувањето на индивидуалноста. Позабележително е тоа што оние што поединечно биле осудени на смрт многу ретко правеле обиди да го наведат својот џелат со себе, што речиси да немало некакви посериозни револтирани испади, и што дури и во моментот на ослободувањето имало многу малку спонтани колежи на СС-овци. Зашто, да се уништи индивидуалноста значи да се уништи спонтаноста, човековата способност да отпочне нешто ново од сопствените залихи, нешто што не може да се објасни врз основа на реакции на околината и настаните[364]. Тогаш остануваат само стравични марионети со

[363] Ова е многу значајно во работата на Русе. „Социјалните услови на животот во логорите ја трансформираа големата маса на затвореници, и Германците и депортираните, без оглед на нивната поранешна социјална положба и образование... во дегенериран отпад, комплетно потчинет на примитивните рефлекси на животинските инстинкти“ (стр. 183).

[364] Во овој контекст исто така припаѓаат и зачудувачки ретките самоубиства во логорите. Самоубиствата беа многу почести пред апсењата и депортациите отколку во самите логори, што се разбира делумно се објаснува со фактот дека се правеа напори да се спречат самоубиствата кои, на крајот, се спонтан чин. Од статистичкиот материјал за Бухенвалд (*Nazi Conspiracy*, IV, 800 и нат.) е очигледно дека одвај нешто повеќе од половина процент на умирањата може да се припише на самоубиства, дека имаше само две самоубиства годишно, иако истата година тоталниот број на умирања достигна 3.516. Извештаите од

човечки лик, кои сите се однесуваат како кучето во експериментот на Павлов, кои сите реагираат совршено предвидливо дури и кога одат во сопствената смрт, и кои не преземаат ништо, туку само реагираат. Ова е вистинскиот триумф на системот: „Триумфот на СС трупите бара измачената жртва да дозволи да ја водат кон јамката без да протестира, да се откаже од себе и да се напушти себе си до степен на престанок на потврдување на сопствената личност. А, тоа не е туку така за ништо. Есесовците не го посакуваат поразот на жртвата туку-така, или од чист садизам. Тие знаат дека системот што ќе успее да ја уништи жртвата пред таа да се качи на бесилка... е неспоредливо најдобар за држење на цел народ во ропство. Во покорност. Нема ништо пострашно од оние колони човечки суштества што се движат како марионети кон својата смрт. Оној што го гледа тоа си вели: „Каква ли моќ мора да се крие во рацете на нивните господари та тие да бидат сведени на ова" и се свртува, исполнет со горчина но поразен"[365].

Ако тоталитарните аспирации ги сфатиме сериозно и ако не прифатиме да бидеме заведени од здраворазумското тврдење дека се тие утописки и неостварливи, доаѓа до тоа дека општеството на оние што умираат, изградено во логорите, е единствената форма на општеството во која е возможно целосно да се доминира со човекот. Оние што се стремат кон тотална доминација мораат да ја уништат секоја спонтаност, онаква каква што самото постоење на индивидуалноста секогаш ќе предизвикува, и да ја следат сè до најинтимните форми, без оглед на тоа колку неполитизирано и безопасно тие можат да изгледаат. Кучето на Павлов, човековата врста сведена на најелементарните реакции, збирот реакции што секогаш може да биде ликвидиран и заменет со друг збир реакции што се однесуваат на сосем истиот начин, е моделот на „граѓанин" во тоталитарната држава; а таков граѓанин може само несовршено да биде произведен надвор од логорите.

Бескорисноста на логорите, нивната цинично прифатена антиутилитарност се мошне очигледни. Во реалноста тие му се најнеопходни на зачувувањето на моќта на режимот од која и да е друга негова институција. Без концентрационите

---

руските логори го спомнуваат истиот феномен. Спореди на пример Starlinger, op. cit., стр. 57.

[365] Rousset, op. cit., стр. 525.

логори, без недефинираниот страв што тие го предизвикуваат и самото одлично дефинирано увежбување што тие и го нудат на тоталитарната доминација, што никаде не може да биде целосно испитана со сите свои најрадикални можности, тоталитарната држава не може ниту да ги инспирира своите основни трупи со фанатизам ниту пак цел еден народ да задржи во комплетна апатија. Потчинувачите и потчинетите пребргу ќе потонат назад во „старата буржоаска рутина“; по раните „испади“ тие ќе му се поддадат на секојдневниот живот со неговите човечки закони; накусо речено, ќе се развијат во правецот што сите набљудувачи врз основа на здравиот разум се готови да го предвидат. Трагичното залажување на сите овие претскажувања, кои водат потекло од свет што сè уште е безбеден, беше претпоставката дека постои такво нешто како единствена човечка природа дадена за секогаш, да се идентифицира оваа човекова природа со историјата, и на тој начин да се изјасни дека идејата за тотална доминација не беше само нехумана туку и нереална. Во меѓувреме научивме дека силата на човекот е толку голема што тој навистина може да биде она што ќе посака.

Во самата природа на тоталитарните режими е да бараат неограничена моќ. Таква моќ може да се обезбеди само ако буквално над сите луѓе, без еден единствен исклучок, се доминира во секој аспект на живеењето. Во областа на надворешните односи мора постојано да се потчинуваат нови неутрални територии, додека пак дома со секакви нови човечки групации мора да се владее во концентрациони логори што се прошируваат, или, кога околностите тоа го наложуваат, да се вршат ликвидации за да се отвори простор за други. Прашањето на опозиција е неважно како во надворешните така и во внатрешните работи. А неутралноста, и особено секакво спонтано пријателство, од гледна точка на тоталитарната доминација е исто толку, опасно колку и отвореното непријателство, токму затоа што спонтаноста како таква, со нејзината непресметливост, е најголемата од сите препреки за тоталната доминација врз човекот. Комунистите во некомунистичките земји, кои избегаа или беа повикани во Москва, научија од горкото искуство дека тие претставуваа опасност за Советскиот Сојуз. Уверените комунисти во оваа смисла, што одвај да е реална денес, се исто толку глупави и исто толку заканувачки за режимот во Русија како што на пример, беа и убедените нацисти од фракцијата на Рем за нацистите.

Она што уверувањето и мислењето од каков и да е вид ги прави смешни и опасни во тоталитарни услови е дека тоталитарните режими го сметаат за најголема гордост тоа што тие не им се потребни, ниту пак каква било човечка помош. Сè додека се луѓето нешто повеќе од животински реакции и исполнување на функциите, тие се сосем прекубројни за тоталитарните режими. Тоталитаризмот не тежнее кон деспотско управување со луѓето, туку кон еден систем во кој луѓето се прекубројни. Тотална моќ може да се постигне и да се зачува само во еден свет на условни рефлекси, на марионети без и најмала трага на спонтаност. Токму затоа што човековите резерви се толку големи, врз него може да се доминира само кога тој ќе стане примерок на животинскиот вид човек.

Затоа карактерот е закана и дури и најнеправедните законски правила се пречка; но индивидуалноста, сè она по што луѓето се разликуваат еден од друг, не може да се толерира. Сè додека сите луѓе не се направат подеднакво прекубројни – а ова е постигнато единствено во концентрационите логори – идеалот за тоталитарна доминација нема да биде постигнат. Тоталитарните држави постојано, иако никогаш не остваруваат успех, се борат да воспостават прекубројност на човекот – преку произволен избор на различни групи за концентрациони логори, преку постојани чистки во владејачкиот апарат, преку масовни ликвидирања. Здравиот разум очајнички протестира што се масите подложни и што сиот тој гигантски апарат на терор е поради тоа непотребен; да се способни да ја кажат вистината, тоталитарните владетели би одговориле: Апаратот вам ви се чини непотребен само затоа што служи за тоа да ги прави луѓето прекубројни.

Тоталитарниот обид да се направи луѓето да бидат прекубројни го одразува искуството на современите маси во нивната прекубројност на една пренаселена земјина топка. Светот на оние што умираат, во кој луѓето се учат на тоа дека се прекубројни низ еден начин на живот во кој казнувањето е измерено без врска со злочинот, во кој експлоатацијата се применува без профит, и каде работата се врши без производ, е место каде што бесчувствителноста се произведува секој ден одново. Сепак, во рамките на тоталитарната идеологија нема ништо поразумно и пологично; ако затворениот е инсект, логично е да биде убиен со гас; ако затворениците се дегенерици, не треба да им се дозволи да го загадуваат населението;

ако тие имаат „душа како на роб“ (Химлер) никој не треба да си го губи времето и да ги превоспитува. Гледано со очите на идеологијата, проблемот со логорите е речиси во тоа што тие се премногу логични, дека спроведувањето на доктрината е премногу конзистентно.

Додека тоталитарните режими на овој начин решително и цинично го празнат светот од единственото нешто што има смисла за утилитарните очекувања на здравиот разум, тие во исто време му наметнуваат една надсвест на која идеологиите всушност секогаш мислеле кога се прикажувале како да го нашле клучот на историјата или решението на загатките на универзумот. Преку и над бесмисленоста на тоталитарното општество се устоличила смешната суперсвест на неговото идеолошко празноверие. Идеологиите се нештетни, некритични, и произволни мненија сѐ додека во нив не се верува сериозно. Штом нивното барање да се земат за сериозно се сфати буквално тие стануваат јадро на логични системи кај кои што, како кај системите на параноиците, се следува само по себе па дури и принудно веднаш штом ќе биде прифатена првата премиса. Безумието на вакви системи лежи не само во нивната прва премиса, туку и во самата логичност со која тие се конструирани. Чудната логичност на сите – изми, нивното простосрдечно верување во спасителната вредност на тврдоглавата верност без оглед на специфичните, променливи фактори, веќе ги прифаќа првите клици на тоталитарниот презир кон реалноста и фактите.

Здравиот разум увежбан на тоталитарно размислување е беспомошен против ваквиот идеолошки надразум, бидејќи тоталитарните режими востановуваат функционален свет на бесмисленост. Идеолошкиот презир кон фактите сѐ уште ја содржеше гордата претпоставка за управувањето на човекот со светот; на крајот на краиштата, тоа е презир кон реалноста што го прави возможно менувањето на светот, подигањето на човековата вештина. Она што го уништува елементот на гордост во тоталитарниот презир кон реалноста (и по тоа радикално се разликува од револуционерните теории и ставови) е надсвеста што на презирот кон реалноста му дава уверливост, логичност и конзистентност. Она што прави вистински тоталитарен изум од болшевичкото тврдење дека постојниот руски систем е супериорен над сите други е фактот дека тоталитарниот владетел од ова тврдење го извлекува логички беспрекорниот заклучок дека без овој систем луѓето никогаш не ќе можеле да создадат нешто така убаво како што

е, да launch речеме, подземната железница; од овој, тој натаму го извлекува логичниот заклучок дека секој оној што знае за постоењето на парискиот метро е сомнителен зашто може да предизвика кај луѓето сомневање дека нештата можат да се прават само на болшевички начин. Ова води кон конечниот заклучок дека за да останете лојален болшевик, морате да го уништите парискиот метро. Важна е само конзистентноста.

Со овие нови структури, изградени со силата на надсвеста и водени со моторот на логичноста, навистина се наоѓаме на крајот на буржоаската ера на профити и моќ, како и на крајот на империјализмот и експанзијата. Агресивноста на тоталитаризмот не извира од жедта за моќ, а ако и жестоко се стреми да се прошири, тоа не го прави ни заради проширување ни заради профит, туку само од идеолошки причини: светот да се направи конзистентен, да се докаже дека неговата надсвест била правилна.

Главно поради оваа надсвест, поради целосна конзистентност на тоталитаризмот му е неопходно да ја уништи секоја трага од она што вообичаено го нарекуваме човечко достоинство. Зашто, почитувањето на човечкото достоинство значи признавање на моите сограѓани или на нашите сонародници како субјекти, за градители на светови или за кохградители на еден заеднички свет. Ниту една идеологија што се стреми кон објаснување на сите историски настани од минатото и кон насочување на тековите на сите настани од иднината не може да ја поднесе непредвидливоста што произлегува од фактот дека луѓето се креативни, дека тие можат да донесат нешто толку ново што никој никогаш не можел ни да го предвиди.

Така, она кон што се стремат тоталитарните идеологии не е трансформацијата на надворешниот свет или револуционерната трансмутација на општеството, туку трансформацијата на самата човечка природа. Концентрационите логори се лаборатории каде се испитуваат промените во човековата природа, па така нивната срамливост не е работа само на логорашите и на оние што управуваат со логорите според строго „научни“ стандарди, тоа е грижа за сите луѓе. Страдањето, кое што секогаш на земјава го имало премногу, не е она битното, ниту пак е тоа бројот на жртвите. Самата човекова природа е во опасност, па иако се чини дека тие експерименти не успеале да го изменат туку само да го уништат човека, преку создавање општество во кое нихилистичката баналност на *homo homini lupus est* упорно се исполнува човек мора да ги има на

ум неопходните ограничувања на експеримент што бара глобална контрола со цел да се покажат уверливи резултати.

Сè до сега тоталитарното верување дека сè е можно како да докажа единствено дека сè може да се уништи. Па сепак, во својот стремеж да докажат дека е сè возможно, тоталитарните режими, без да го знаат тоа, откриле дека има злочини што луѓето не можат ни да ги казнат ниту пак да ги простат. Кога неможното беше направено можно, тоа стана неказниво, непростливо апсолутно зло што веќе не можеше да биде разбирано и објаснувано со злите мотиви на личниот интерес, алчноста, јаката желба да се дојде до туѓото, презирот, жедта за моќ и страшливоста; и на кое, поради тоа, лутината не можеше да му биде одмазда, ниту можеше љубовта да го издржи, ниту пак пријателството да му даде прошка. Како што жртвите во фабриките на смртта или во дупките на заборавот веќе не се „човечки“ во очите на нивните егзекутори, така овој најнов вид криминалци е надвор дури и од солидарноста во човековата грешност.

Карактеристично за целата наша филозофска традиција е тоа дека не можеме да зачнеме од едно „радикално зло“, и ова важи како за христијанската теологија, што дури и на самиот ѓавол му го призна божанското потекло, така и за Кант, единствениот филозоф што, во светот што тој за тоа го создаде, мораше барем да се посомнева во постоењето на ова зло иако тој веднаш го рационализира во концептот за „извитоперена болна желба“ што може да се објасни со сфатливи мотиви. Затоа, немаме на што да се потпреме за да го разбереме феноменот што сепак не судира со својата семоќна реалност и ги крши сите стандарди што ги познаваме. Има една работа што можеме да ја распознаеме: можеме да кажеме дека радикалното зло се појавило во врска со еден систем во кој сите луѓе станале подеднакво прекубројни. Манипулаторите со овој систем веруваат во својата прекубројност колку и во таа на сите други, па тоталитарните убијци се до толку поопасни што не се грижат за тоа дали тие самите се живи или мртви, дали некогаш живееле или воопшто се родиле. Опасноста од фабриките за трупови и дупките на заборавот е таа дека денес, кога насекаде расте населението и бездомието, маси луѓе без прекин стануваат прекубројни ако и натаму на нашиот свет мислиме во утилитарни термини. Политичките, општествените и економските настани се насекаде во прекутна конспирација со тоталитарните инструменти создадени за правење на луѓето

прекубројни. Искушението добро го сфаќа утилитарниот здрав разум на масите, кои се во најголемиот број земји премногу очајни за да задржат многу од стравот од смртта. Нацистите и болшевиците можат да бидат сигурни дека нивните фабрики за анулирање што го прикажуваат најбрзото решение на проблемот на пренаселеност, на економски прекубројни и општествено бескорени човечки маси, се колку привлечни, толку и предупредувачки. Тоталитарните решенија веројатно можат да го преживеат падот на тоталитарните режими во форма на силни искушенија што ќе се јават секогаш кога ќе се чини невозможно да се смали политичката, општествената или економската сиромаштија на начин достоен на човека.

# IV. ИДЕОЛОГИЈА И ТЕРОР: НОВА ФОРМА НА ВЛАДЕЕЊЕ

Во претходните поглавја повеќепати нагласивме дека средствата на целосна доминација не само што се подрастични, туку дека тоталитаризмот битно се разликува од другите форми на политичка пресија што ни се веќе познати, како што се деспотизмот, тиранијата и диктатурата. Каде и да дојде на власт, тој разви наполно нови политички институции и ги уништи сите социјални, правни и политички традиции на земјата. Без оглед на специфичната национална традиција или посебниот духовен извор на својата идеологија, тоталитарната власт секогаш ги трансформираше класите во маси, го замени партискиот систем, и тоа не со еднопартиска диктатура, туку со масовно движење, центарот на моќта го премести од војската на полицијата и воспостави надворешна политика јасно насочена кон светска доминација. Постојните тоталитарни влади се развија од еднопартиски системи; и секогаш кога ќе станеа тоталитарни во вистинската смисла на зборот, почнуваа да дејствуваат во согласност со еден систем на вредности до таа мера различен од другите, што ниту една од нашите традиционални правни, морални или здраворазумски применливи категории веќе не можеа да помогнат да се усогласиме, да му судиме или да го предвидиме текот на нивните акции.

Ако е точно дека елементите на тоталитаризмот можат да се изнајдат со враќање во историјата и со анализирање на политичките импликации што вообичаено ги нарекуваме криза на столетието, тогаш е неизбежен заклучокот дека оваа криза не е само обична закана што доаѓа од надвор, ниту пак само вообичаен резултат на некаква агресивна надворешна политика на Германија или на Русија, и дека нема да исчезне со смртта на Сталин ништо повеќе отколку што исчезна со падот на нацистичка Германија. Може да излезе и дека вистинските претскажувања на нашето време ќе ја добијат

својата автентична форма – иако не неопходно најсуровата – дури тогаш кога тоталитаризмот ќе му припаѓа на минатото.

Во светлината на вакви размислувања може да се постави прашањето дали тоталитарната влада, родена во оваа криза што истовремено го претставува нејзиниот најчист и единствен јасен симптом, едноставно претставува аранжман од немајкаде, кој, во недостиг на нешто подобро, своите методи на закана, своите начини на организирање и своите инструменти на насилство ги позајмува од добро познатиот политички арсенал на тиранија, деспотизам и диктаторство, а своето постоење му го должи единствено на бедниот, или можеби случаен неуспех на традиционалните политички сили – либерални или конзервативни, национални или социјалистички, републикански или монархистички, авторитарни или демократски. Или пак дали, напротив, воопшто постои такво нешто како природа на тоталитаристичката власт, има ли таа своја сопствена суштина и може ли да биде споредувана и дефинирана како другите форми на владеење, што западната мисла ги знае и ги признава уште од времето на античката филозофија. Ако е ова точно, тогаш наполно новите и без преседан форми на тоталитарната организираност и курс на акција мора да почиваат врз едно од неколкуте основни искуства што можат да ги имаат луѓето секогаш кога живеат заедно, па се засегнати со општествени прашања. Ако постои основно искуство што својот политички израз го наоѓа во тоталитарната доминација, тогаш, од аспект на новината во тоталитарната форма на владеење, ова мора да биде искуство што, од која и да е причина, никогаш дотогаш не послужило како основа на политичко тело и чие општо расположение – иако тоа може да биле познато во секој друг поглед – никогаш порано ниту ги распространувало, ниту го насочувало раководењето со општествените прашања.

Ако го разгледаме ова од гледна точка на историјата на идеите, се чини сосема неверојатно. Зашто, формите на владеење под кои луѓето живеат се малубројни; тие форми биле рано откриени, Грците ги класифицирале, а се покажаа извонредно долговечни. Ако ги примениме овие откритија, чија основна идеја, и покрај многуте варијации, не е изменета во текот на 2.500 години што стојат меѓу Платон и Кант, веднаш паѓаме во искушение тоталитаризмот да го толкуваме како некаква современа форма на тиранија, односно како власт на беззаконие каде моќта ја контролира еден човек. Арбитрарната власт, без законски рестрикции, донесена во

интерес на владетелот, а насочена против интересите на потчинетите од една, и стравот како принцип на акција, имено стравот на народот од владетелот и стравот на владетелот од народот од друга страна – тоа се обележјата на тиранијата во нашата традиција.

Наместо да речеме дека тоталитарната власт е без преседан, би можеле, исто така, да кажеме дека таа ја разби токму алтернативата на која што се засновани сите дефиниции на суштината на владеењето во политичката филозофија, односно алтернативата меѓу законска и незаконска власт, меѓу арбитрарна и легитимна моќ. Никогаш не било доведено под прашање тоа дека законската власт и легитимната моќ од една, и беззаконието и самоволна моќ од друга страна, припаѓаат заедно и се неразделни. Сепак, тоталитарната власт не соочува со наполно различен вид владеење. Точно е тоа дека им пркоси на сите позитивни закони, оди дури дотаму да не ги почитува ни оние што самата ги има донесено (како во случајот со советскиот устав од 1936, да го наведеме само најкарактеристичниот пример) или пак не нашла за потребно да ги укине (како во случајот со Вајмарскиот устав што нацистичката влада никогаш не го отповика). Сепак, таа не работи ни без помошта на законот, ниту пак е самоволна, зашто тврди дека цврсто и без поговор им се покорува на оние закони на Природата или на Историјата, за кои отсекогаш се верувало дека од нив потекнуваат сите природни закони.

Чудовишното, а сепак наоко без одговор тврдење на тоталитарното владеење е дека тоа, далеку од „беззаконско“, оди до изворите на авторитетот од кој позитивните закони ја добиле својата крајна легитимност, дека не е своеволно туку попокорно на овие надчовечки сили од која било и да е власт порано, и дека, далеку од ставањето на својата моќ во интересот на еден човек, е целосно готово да жртвува сечии витални непосредни интереси во полза на извршувањето на она што го смета за закон на Историјата или закон на Природата. За своето непочитување на природните закони тврди дека е повисока форма на легитимност која, со оглед на инспирираноста од самите извори, може да се носи со тесноградата легалност. Тоталитарната законитост се преправа дека изнашла начин за воспоставување на правдина на земјата – нешто што легалноста на позитивниот закон сигурно никогаш не би можела да го постигне. Разликата меѓу правноста и правдината никогаш не би можела да се премости, затоа што стандардите за доброто и лошото во кои позитивниот закон го

сведува изворот за сопствениот авторитет – „природниот закон“ што владее во целиот универзум, или од Бога даденото право што го открила историјата на човекот, или обичаите и традициите што го искажуваат законот заеднички на чувствата на сите луѓе – се нужно општи и мораат да важат за бесконечен и непредвидлив број случаи, така што секој конкретен индивидуален случај со својот неповторлив сплет на околности на некаков начин бега од правилото.

Тоталитарната законитост, што и се опира на законодавноста и претендира да воспостави директно владеење на правдината на земјата, го спроведува законот на Историјата или на Природата без да го преведе на стандардите на правилно и неправилно во однос на однесувањето на единката. Го применува законот директно на човештвото, без да се занимава со однесувањето на индивидуата. Ако е правилно спроведен, од законот на Природата или од законот на Историјата се очекува да создаде човештво како свој краен продукт, и ова очекување лежи зад стремежот за глобално владеење на сите тоталитарни влади. Тоталитарната политика тврди дека го трансформира човечкиот род во еден активен непогрешлив носител на законот на кого инаку човечките суштества би му биле само пасивно и неволно потчинети. Ако е точно дека врската меѓу тоталитарните земји и цивилизираниот свет се прекинала со чудовишните злосторства на тоталитарните режими, тогаш е исто така точно дека тие злостори не се должеле на обичната агресивност, грубост, војна или предавство, туку на свесното кршење на *consensus iuris* што, според Цицерон, конституира „човештво“ и што, како интернационален закон, во модерниве времиња го конституирал цивилизираниот свет дотаму тој да остане камен-темелник на интернационалните односи дури и во случај на војна. И моралниот суд и правната казна го претпоставуваат тоа согласување; на криминалецот може праведно да му се суди само поради тоа што учествува во *consensus iuris*, па дури и светиот закон на Господа може да функционира меѓу луѓето само ако тие го слушаат и се согласуваат со него.

Во овој момент на виделина излегува основната разлика меѓу тоталитарниот и сите други концепти на законодавството. Тоталитарната политика не заменува една група закони со друга, не воспоставува сопствен *consensus iuris*, не создава, со една револуција, нова форма на законодавство. Нејзиното спротивставување на секакви дури и на сопствените

позитивни закони имплицира дека таа верува оти ќе успее без каков и да е *consensus iuris*, а сепак да не и се предаде на тиранската состојба на беззаконие, самоволие или страв. Таа може и без *consensus iuris* зашто ветува да го ослободи остварувањето на законот од секаква акција и волја на човекот; а ветува и правдина на земјата зашто тврди дека ќе направи самото човештво да биде отелотворение на законот.

Идентификувањето на човекот со законот, што се чини дека ја укинува дискрепанцијата меѓу законодавството и правдината која беше чумата на правната мисла уште од најстари времиња, нема ништо заедничко со *lumen natural* или со гласот на совеста, според кои Природата или Божественоста, како извори на авторитет за *ius naturale*, или историски осознаените божји заповеди, треба да создадат свој авторитет во самиот човек. Ова човекот никогаш не го направи отелотворение на законодавството, туку напротив, остана дистанцирано од него како и секој авторитет што бара согласност и покорност. Природата или Божественоста како извори на авторитетот на позитивните закони се сметаа за перманентни и вечни; позитивните закони се менуваа и беа подложни на менување според околностите, но поседуваа релативна перманентност во споредба со уште побрзо променливите дејности на луѓето; а оваа перманентност тие ја извлекуваа од вечното присуство на нивниот извор на авторитет. Затоа, позитивните закони се пред сè создадени да функционираат како стабилизирачки фактори на вечно менливите човечки потфати.

Во интерпретирањето на тоталитаризмот сите закони стануваат закони на движењето. Кога нацистите зборуваа за законот на природата или кога болшевиците зборуваат за законот на историјата, ни природата ни историјата веќе не се стабилизирачки извор на авторитет за акциите на смртниците; тие во себе се движења. Во основата на верувањето на нацистите во расниот закон, како закон на природата изразен во човекот, лежи Дарвиновата идеја за човекот како производ на еден природен развој што нужно не мора да запре со денешниот човечки род, исто онака како што во основата на болшевичкото верување во класната борба како израз на законот на историјата, лежи Марксовото сфаќање за општеството како производ на едно огромно историско движење што, во согласност со сопствениот закон за движењето, ита кон крајот на историските времиња кога самото себе си ќе се укине.

Разликата меѓу Марксовиот историски и Дарвиновиот натуралистички приод честопати била посочувана, вообичаено и со право во полза на Маркс. Ова не доведе до тоа да го заборавиме големото и позитивно интересирање на Маркс за теориите на Дарвин; Енгелс не можел да им направи поголем комплимент на Марксовите научни достигања од тоа што го нарекол „Дарвин на историјата“[366]. Ако човек земе да ги разгледува основните филозофии на овие двајца, а не фактичките достигнувања, на крајот излегува дека движењето на историјата и движењето на природата се едно исто. Дарвиното воведување на концептот на развој во природата, неговото настојување дека, барем на полето на биологијата, природното движење не е кружно туку еднонасочно, движејќи се бескрајно кон напред, значи всушност дека природата е вовлечена во историјата, дека природниот живот се смета како историски. „Природниот“ закон за опстанок на најподготвените е исто толку историски закон и може како таков да биде искористен од расизмот колку и Марксовиот закон за опстанок на најпрогресивната класа. Од друга страна Марксовата борба како движечка сила на историјата е само надворешен израз на развојот на производните сили што пак од своја страна потекнуваат од „работничката сила“ на луѓето. Трудот според Маркс не е историска, туку природно биолошка сила ослободена преку „метаболизмот со природата“ на човекот, со што тој го конзервира својот индивидуален живот и го репродуцира родот[367]. Енгелс јасно го согледа афинитетот меѓу основните тврдења на обајцата зашто тој ја сфати решавачката улога што концептот на развој ја имаше во двете теории. Исклучителната интелектуална промена што се одиграла кон средината на минатиот век се состоела во одбивањето што и да е да се согледа, или прифати „такво какво што е“ и во

---

[366] Во својот посмртен говор за Маркс, Енгелс рече: „Исто онака како што Дарвин го откри законот за развојот на органскиот живот, Маркс го откри законот за развојот на човечката историја“. Сличен коментар може да се најде во Енгелсовиот увод кон изданието на “Communist Manifesto” од 1890, а во неговиот увод “Ursprung der Familie” уште еднаш ја споменува „Дарвиновата теорија за еволуцијата“ и „Марксовата теорија за вишокот на вредноста“ една покрај друга.

[367] За Марксовиот концепт на трудот како „вечна, од природата наметната неопходност, без која не може да постои метаболизам меѓу човекот и природата, па според тоа ни живот“, види во “Capital”, Vol. I, дел I, глава 1 и 5. Цитираниот пасус е од глава I, дел 2.

трајната интерпретација на се како на нешто што е само една фаза на некој натамошен развој. Релативно од второстепено значење е дали движечката сила на овој развој била наречена природа или историја. Во овие идеологии, самиот термин „закон“ си го сменил своето значење: од изразување на рамката на стабилност во која се одвиваат човековите акции и движења, тој самиот станал израз на движењето.

Тоталитарната политика што продолжи да го следи рецептот на идеологиите ја демаскираше вистинската природа на овие движења дотолку што јасно покажа дека овој процес нема крај. Ако елиминирањето на сè што е ранливо и неспособно да живее е закон на природата, неизнаоѓањето нови категории на ранливи и неспособни за живот би било крај за самата природа; ако „избледувањето“ на одредени класи со класната борба претставува закон на историјата, ќе и дојде крајот на самата човекова историја ако не се формираат нови рудиментарни класи кои од своја страна би можеле да „избледат“ под раката на тоталитарни владетели. Со други зборови, законот за убивање, преку кој тоталитарните движења ја зграпчуваат и ја спроведуваат моќта, би останал закон на движењето дури и ако тие некогаш успеат целото човештво да му го потчинат на својата власт.

Под законодавна влада подразбираме државно тело кому природните закони му се потребни за да го преведе и реализира неменливиот *ius naturale* или вечните божји заповеди во стандардите на правилно и погрешно. Само со овие стандарди, во целост на позитивни закони на секоја земја *ius natural* или божјите заповеди ја остваруваат својата политичка реалност. Кај државната политика на тоталитарното владеење местото на позитивните закони го има заземено тоталниот терор, создаден да го спроведе во стварност законот на движењето на историјата или природата. Исто онака како што позитивните закони, иако тие ги дефинираат пречекорувањата на законот, се независни од нив – отсуството на криминал во кое и да е општество не значи дека е законот непотребен туку, напротив, го означува нивното најсовршено применување – така теророт во тоталитарното владеење престанал да биде само обично средство за потиснување на опозицијата, и покрај тоа што сè уште се употребува во такви цели. Теророт станува целосен кога ќе стане независен од секаква опозиција; тој владее пред сè кога веќе никој не му стои на патот. Ако почитувањето на законот е суштината на нетиранското владеење, а беззаконието е суштината на

тиранијата, тогаш теророт е суштината на тоталитарната доминација.

Теророт е реализација на законот на движењето; неговата главна цел е да и овозможи на силата на природата или на историјата да ита слободно низ човештвото, без да ја запре каква и да е спонтана човечка акција. Како таков теророт се стреми да ги „стабилизира“ луѓето со цел да ги ослободи силите на природата или на историјата. Токму ова движење ги изделува непријателите на човештвото против кои е насочен теророт, и на никаква слободна акција било на спротивставување или на сожалување не може да и биде дозволено да се вмешува во елиминирањето на „објективниот непријател“ на историјата или природата, на класата или на расата. Вината и невиноста стануваат бесмислени поими; „виновен“ е тој што му стои на патот на природниот или историскиот процес што го минал судењето преку „инфериорни раси“, преку индивидуи „неспособни за живот“, преку „класи во изумирање и декадентни народи“. Теророт ги извршува овие пресуди, па пред неговиот суд сите засегнати се субјективно невини: убиените зашто не сториле ништо против системот, а убијците зашто тие всушност не убиваат туку извршуваат смртна казна изречена од некој повисок трибун. Самите владетели не тврдат дека се праведни или мудри, туку дека само ги спроведуваат историските или природните закони; тие не применуваат закони, туку само го извршуваат движењето во согласност со неговиот нераскинливо врзан закон. Теророт е законски, ако е законот закон на движењето на некаква надчовечка сила, на Природата или на Историјата.

Теророт како извршување на законот на движењето чија крајна цел не е добросостојбата на луѓето или интересот на еден човек туку производството на човештвото, ги елиминира единките во полза на видот, ги жртвува „деловите“ во полза на „целината“. Надчовечката сила на природата и историјата си има свој почеток и свој крај, така што може да ја запре единствено новиот почеток и индивидуалниот крај, што всушност е животот на секој човек.

Позитивните закони во конституционалното владеење се создадени за да подигнат граници и да поставуваат канали на комуникација меѓу луѓето чија заедница постојано е загрозувана од новите луѓе што се раѓаат во неа. Со секое ново раѓање, на светот доаѓа нов почеток, создаден е потенцијално нов свет. Стабилноста на законите одговара на постојаното движење на сите човекови работи, движење што никогаш не

може да заврши, сè додека луѓето се раѓаат и умираат. Законите го оградуваат секој нов почеток а истовремено ја осигуруваат неговата слобода на движење, потенцијалноста на нешто наполно ново и непредвидливо; границите на позитивните закони за политичкото постоење на човекот сè она што е помнењето за неговото историско постоење: го гарантираат претпостоењето на еден општ свет, реалноста на извесна континуираност што го надминува индивидуалниот животен распон на секоја генерација, ги апсорбира сите нови извори и се храни од нив.

Тоталниот терор мошне лесно се зема по грешка за симптом на тиранско владеење зашто тоталитарното владеење во своите почетни фази мора да се однесува како тиранија и да ги урива границите на законот создаден од човекот. Меѓутоа, тоталниот терор зад себе не остава арбитрарно беззаконие и не беснее поради некаква арбитрарна волја или поради деспотската моќ на единката против сите, а најмалку поради војна на сите против сите. Границите и каналите на комуникација меѓу поединците ги заменува железна лента што ги држи толку блиску еден до друг што се чини како нивното мноштво да се преточило во еден човек со гигантски размери. Да се укинат оградите на закони меѓу луѓето – како што тоа го прави тиранијата – значи да бидат одземени човековите слободи и да се уништи слободата како жива политичка реалност; зашто, онака како што е заграден со закони, просторот меѓу луѓето е животниот простор на слободата. Тоталниот терор го употребува овој стар инструмент на тиранијата но во исто време, исто така, ја уништува беззаконата, незаградена дивина на стравот и сомневањето што зад себе ја остава тиранијата. Оваа пустелија, сосема сигурно, веќе не е животниот простор на слободата, меѓутоа остава извесен простор за движењата водени од стравот и за делата на своите жители обременети со сомнение.

Со стиснувањето на луѓето еден до друг, тоталниот терор го уништува просторот меѓу нив; во споредба со условите во рамките на сопствената железна лента, дури и пустелијата на тиранијата, дотолку што таа сè уште до некаде претставува некаков простор, личи на гаранција за слобода. Тоталитарното владеење не туку така ги лимитира слободите или ги отфрла битните слободи; ниту пак, барем според нашето лимитирано знаење, успева наполно да ја уништи љубовта за слобода во срцето на човекот. Тоа го уништува оној битен предуслов на секоја слобода што едноставно го

претставува капацитетот на движење што не може да постои без простор.

Тоталниот терор, есенцијата на тоталитарното владеење, не постои ни за, ниту пак против луѓето. Задачата му е за силите на природата или историјата да обезбеди неспоредлив инструмент за забрзување на нивното движење. Ова движење, што се одвива во согласност со сопствениот закон, не може да биде долготрајно запирано; неговата сила на крајот сакогаш се покажува многу помоќна од повеќето моќни сили создадени со дејствувањето и волјата на луѓето. Меѓутоа, може да биде забавено и е речиси неминовно забавено од слободата на човекот, што дури ни тоталитарните владетели не можат да ја одречат, зашто оваа слобода – колку и да ја сметаат за ирелевантна или своеволна – е идентична со фактот дека луѓето се раѓаат така што секој од нив е нов почеток, во извесна смисла, го почнува светот наново. Од гледна точка на тоталитарноста, фактот дека луѓето се раѓаат и умираат може да се земе само како едно вознемирувачко преплетување со повисоки сили. Спорел тоа, теророт како покорен слуга на природното или историското движење, треба од процесот да ја елиминира не само слободата во каква и да е специфична смисла, туку и самиот извор на слободата што е даден во фактот на раѓањето на човекот и лежи во неговиот капацитет да создаде нов почеток. Во железната ограда на теророт, што го уништува плуралитетот на луѓето и од многумина прави Еден што без исклучок ќе се однесува како тој самиот да е дел од курсот на историјата или природата, измислен е начин не само да се ослободат историските и природните сили, туку тие и да се забрзаат до брзина што никогаш не би ја постигнале да се препуштени самите на себе. Ова практично значи дека теророт на самото место ги извршува смртните казни за кои се претпоставува дека ги изрекла Природата врз раси или поединци „неприспособени за живот“, или Историјата врз „класите што изумираат“, без да се чека на побавните и помалку ефикасни процеси на природата или историјата.

Во ваквиот концепт, во кој суштината на владеењето самата станала движење, еден мошне стар проблем на политичката мисла како да изнашол решение слично на она што веќе е забележано за расчекорот меѓу законодавството и правдата. Ако суштината на владеењето се дефинира како законодавност, и ако се подразбира дека законите претставуваат стабилизирачки сили во јавните работи на луѓето (како што всушност и било откако Платон го повикал на помош

Зевс, богот на границите, во своите „Закони“), тогаш се јавува проблемот на движењето на политичките тела и акциите на нивните граѓани. Придржувањето кон законите поставува ограничувања на акциите, меѓутоа не ги поттикнува; величието, но и замрсеноста на законите во слободните општества се состои во тоа што тие само кажуваат што човек не смее, а никогаш што смее да прави. Неизбежното придвижување на политичкото тело никогаш не може да се најде во неговата суштина, бидејќи таа суштина – повторно од Платон наваму – секогаш била дефинирана врз основа на неговата перманентност. Траењето се земаше за еден од најсигурните аршини за добро владеење. За Монтескје врвниот доказ за лошотијата на тиранијата сè уште е тоа дека тираниите се подложни на уништување одвнатре, подложни на распаѓање сами од себе, додека пак сите други владеења се уништуваат поради надворешни околности.

Оттука, она што секогаш и недостигало на дефиницијата за владеењето е она што Монтескје го нарече „принцип на акција“, што, различно кај секоја форма на владеење, би ги поттикнал и владата и граѓаните во нивните јавни активности и би служел како критериум, настрана од простонегативниот аршин на законопочитувањето, за судење на сите активности во јавните работи. Според Монтескје, ваквите принципи-водачи и критериуми за акција се честа во монархијата, доблеста во републиката и стравот во тиранијата.

Кај совршеното тоталитарно владеење, каде што сите луѓе станале Еден Човек, каде секаква акција го има за цел забрзувањето на движењето на природата или на историјата, каде секој одделен акт претставува извршување на смртна казна веќе изречена од Природата или Историјата, значи, во услови на комплетно потпирање врз теророт за да се задржи движењето во константна подвижност, воопшто не се бара никаков принцип на акција одвоен од неговата суштина. Сепак, сè додека тоталитарната власт сè уште не ја покорила земјата и со својата железна лента на терор не го направила секој поединец дел од едно единствено човештво, теророт во својата двојна функција како есенција на владеењето и како принцип, не на акција, туку на придвижување, не може да биде реализиран во целост. Исто онака како што законопочитувањето во уставното владеење е недоволно да ги инспирира и да ги води акциите на луѓето, така и теророт во тоталитарното владеење е недоволен да го инспирира и да го води човековото однесување.

Додека при дадените околности тоталитарната доминација сè уште со другите форми на владеење ја споделува потребата за некаков водич за однесување на своите жители во јавните работи, нејзе, строго говорејќи, ниту и е потребен, ниту пак би можела да го искористи принципот на акција, бидејќи тој ќе го елиминира токму потенцијалот на човекот што дејствува. Во услови на тотален терор, дури ни стравот веќе не може да послужи како советник за тоа како да се однесуваме, затоа што теророт ги избира своите жртви без оглед на индивидуалните акции или мисли, единствено во согласност со објективната неопходност на природниот или на историскиот процес. Во тоталитарни услови, стравот веројатно е поширен од секогаш; меѓутоа, стравот ја загубил својата практична полезност кога акциите раководени од него веќе не можат да помогнат да се избегнат опасностите од кои човекот се плаши. Истото важи за симпатијата или поддршката на режимот; зашто, тоталниот терор не ги одбира своите жртви само според објективни стандарди; и егзекуторите ги одбира со најкомплетно можно непочитување на убедувањата и симпатиите на кандидатот. Конзистентната елиминација на убедувањето како мотив за акција заслужува одбележување од времето на големите чистки во советска Русија и придружните земји. Целта на тоталитарното образование никогаш не била во тоа да всадува верувања туку да ја уништува способноста за формирање на верувања. Воведувањето на чисто објективни критериуми во селективниот систем на СС трупите беше голема организациска инвенција на Химлер: тој ги одбираше кандидатите од фотографии според чисто расни критериуми. Самата природа одредуваше не само кој треба да биде елиминиран, туку и кој треба да биде обучуван за џелат.

Ниеден водечки принцип на однесување, земен самиот за себе од делокругот на човековата акција, како што е тоа доблеста, честа или стравот, не е потребен ниту пак може да биде од полза за да се придвижи едно политичко тело што веќе не го употребува теророт како средство за потчинување, но чија суштина е теророт. Наместо нив, воведен е сосема нов принцип во јавните работи, што во целост се одвојува од човековата готовност на акција и апелира на огромната потреба за извесен поглед навнатре во законот на движењето според кој функционира теророт, и од кој, според тоа, зависат сите индивидуални судбини.

Жителите на една тоталитарна земја се фрлени и фатени во процесот на природата или историјата со цел да се забрза неговото движење; и такви тие можат да бидат единствено извршители или жртви на неговиот инхерентен закон. Процесот може да одлучи дека оние што денес елиминираат раси и поединци, или членовите на умирачките класи и декадентните народи, се оние што утре ќе бидат жртвувани. Она што му е потребно на тоталитарното владеење за да управува со однесувањето на своите потчинети е подготовката секој од нив да стане подеднакво погоден за улогата на џелат исто како и за улогата на жртва. Оваа двострана подготовка, како замена за принципот на акција, е идеологијата.

* * *

Идеологиите – измите што на задоволство на своите следбеници се во состојба да објаснат сè и секаква појава дедуцирајќи ја од една единствена премиса – се прилично нов феномен, и со децении играа запоставлива улога во политичкиот живот. Единствено со мудроста на предвидувањето во нив можеме да откриеме извесни елементи што ги направиле толку вознемирувачки корисни за тоталитарното владеење. Големите политички потенцијали на идеологиите не беа откриени пред Хитлер и Сталин.

Идеологиите се познати по својот научен карактер: тие го комбинираат научниот пристап со резултатите од филозофската релевантност и претендираат да бидат научна филозофија. Зборот „идеологија“, се чини, имплицира дека идејата може да стане предмет на науката исто онака како што животните се предмет на зоологијата, а дека наставката –логија во идеологијата, како и во зоологијата, не означува ништо друго освен *logoi*, научни тврдења засновани врз неа. Кога би било ова точно, идеологијата навистина би била псевдонаука и псевдофилозофија, во исто време пречекорувајќи ги границите на науката и границите на филозофијата. Деизмот, на пример, тогаш би бил идеологија што ја третира идејата за Господ, што ја засега и филозофијата, во научнички манир на теологијата за која Господ е веќе откриена реалност. (Теологијата што не е заснована врз откровението како дадена реалност туку го третира Господ како идеја, е лудост онолку колку што е тоа зоологијата што веќе не е сигурна во физичкото, опипливо постоење на животните). Сепак, ние

знаеме дека е ова само дел од вистината. Иако го одречува светото откровение, деизмот не дава едноставно „научни“ изјави за некаков Господ што е само „идеја“, туку идејата за Господ ја користи за да го објасни текот на светот. „Идеите“ на –измите – расата во расизмот, Господ во деизмот итн. – никогаш не се тема на идеологиите, а наставката –логија никогаш не индицира просто корпус на „научни“ тврдења.

Идеологијата е сосема буквално она што го кажува нејзиното име: тоа е логиката на една идеја. Нејзиниот предмет на изучување е историјата, врз која што „идејата“ се применува; резултат од оваа примена не е збир од тврдења за нешто што е, туку е тоа отворање на еден процес што е во постојана промена. Идеологијата го третира текот на настаните како тој да го следел истиот „закон“ како и логичката експозиција на неговата „идеја“. Идеологиите се стремат да ги дознаат мистериите на целиот историски процес – тајните на минатото, деталите на сегашноста, неизвесностите на иднината – поради логиката својствена на секоја од нивните идеи.

Идеологиите никогаш не се занимаваат со чудото на постоењето. Тие се историски, засегнати со настанувањето и исчезнувањето, со подемот и падот на културите, дури и кога се обидуваат историјата да ја објаснат со некаков „закон на природата“. Зборот „раса“ во расизмот не означува некаков вистински куриозитет за човечките раси како поле на научно истражување, туку е тоа „идејата“ со која движењето на историјата се објаснува како единствен конзистентен процес.

„Идејата“ на една идеологија не е ниту вечната суштина на Платон што ја опфаќаат очите, ниту пак е тоа регулативниот принцип на разумот на Кант, туку е тоа еден инструмент на објаснување. За една идеологија, историјата не се јавува во светлината на некоја идеја (што би имплицирало дека историјата е видена *sub specie* на некаква идеална вечност што е самата надвор од историското движење), туку како нешто што може да биде калкулирано од неа. Она што „идејата“ ја вклопува во оваа нова улога е нејзината сопствена „логика“, односно движењето што претставува консеквенца на самата „идеја“, и не му е потребен надворешен фактор за да ја стави во движење. Расизмот го претставува верувањето дека постои движење врежано во самата идеја за расата, исто како што деизмот е она верување според кое движењето е инхерентно на самиот поим за Господ.

Движењето на историјата и логичкиот процес на овој поим треба да си одговараат еден на друг, така што, што и да се случи, се случува во согласност со логиката на една „идеја“. Како и да е, единственото можно движење во сферата на логиката е процесот на дедукција од една премиса. Со својот процес од теза преку антитеза до синтеза, која пак од своја страна станува теза на наредното дијалектичко движење, дијалектичката логика во принцип не се разликува, кога еднаш идеологијата ќе ја земе под свое; првата теза станува премиса и нејзината предност при идеолошкото објаснување се состои во тоа што ова дијалектичко средство може да разјасни фактички контрадикции како фази на едно идентично, конзистентно движење.

Веднаш штом логиката како движење на мислата – а не како неопходна контрола на мислењето – ќе се примени врз една идеја, таа идеја се трансформира во премиса. Идеолошките објаснувања на светот оваа операција ја изведуваа многу пред таа да стане толку еминентно плодна за тоталитарното размислување. Чисто негативната присила на логиката, забраната на противречностите, станале „продуктивни“, така што може да се иницира цел еден начин на размислување и да му се наметне на умот, преку извлекување заклучоци во манирот на обично аргументирање. Ваквиот аргументативен процес не би можел да биде прекинат ни од нова идеја (што би претставувала друга премиса со различни последици) ниту пак од ново искуство. Кај идеологиите секогаш се подразбира дека една идеја е доволна да објасни сè во развојот поаѓајќи од една премиса, а дека никакво искуство не може ништо да подучи зашто сè се сфаќа преку ваквиот конзистентен процес на логичка дедукција. Опасноста од размената на неопходната несигурност на филозофската мисла со тоталното објаснување на една идеологија и неговото *Weltanschauung* дури и не е толку во ризикот од паѓање во некакви, обично вулгарни, а секогаш некритички претпоставки – туку во замената на слободата инехерентна на човековата способност да размислува со лудачката кошула на логиката, со која човек може да се присили речиси исто толку насилнички како и со некаква надворешна сила.

*Weltanschauung*-от и идеологиите на 19-от век не се самите по себе тоталитарни, па иако расизмот и комунизмот станаа решавачки идеологии на дваесеттиот век тие, во принцип, не се ништо „пототалитарни“ од другите; тоа се случи затоа што елементите на искуството врз кои што се тие

засновани – расната борба за светска доминација, како и класната борба за политичка моќ во секоја од дадените земји – се покажаа како политички поважни од оние на другите идеологии. Во оваа смисла идеолошката победа на расизмот и на комунизмот врз сите други –изми беше решена уште пред тоталитарните движења да ги зграпчат токму тие идеологии. Од друга страна, сите идеологии содржат тоталитарни елементи, само што тие се наполно развиени само преку тоталитарни движења па тоа создава лажна претстава дека само расизмот и комунизмот се по карактер тоталитарни. Повеќе би можело да се рече дека вистината се состои во тоа дека вистинската природа на сите идеологии се открива само во улогата што идеологијата ја игра во апаратот на тоталитарната доминација. Гледано од овој аспект, се појавуваат три специфично тоталитарни елементи што му се својствени на секое идеолошко размислување.

Прво, во своето барање на тотално објаснување, идеологиите имаат тенденција не да го објаснуваат она што е, туку она што настанува, она што се раѓа и одминува. Во сите случаи тие се засегнати само со елементот на движење, односно, со историјата во вообичаеното значење на зборот. Идеологиите се секогаш насочени кон историјата, дури и кога, како во случајот со расизмот, тие наизглед произлегуваат од премисата на природата; природата овде служи само за да ги објасни историските прашања и да ги сведе на прашања од природата. Стремежот за тотално објаснување ветува да ги објасни сите историски настани да даде тотално објаснување на минатото, тотално познавање на сегашноста, и сигурно предвидување на иднината. Второ, идеолошкото размислување во ова свое својство станува независно од секакво искуство, од кое не може да научи ништо ново, дури и да се работи за нешто што штотуку се случило. Оттука идеолошкото размислување се ослободува од реалноста што ја восприемаме со нашите пет сетила, и инсистира на „повистинската“ реалност што е скриена зад сите приемчиви нешта, и која доминира над нив од своето скривалиште и бара шесто сетило што ќе ни овозможи да станеме свесни за тоа. Шестото сетило го обезбедува токму идеологијата, и тоа онаа идеолошка индоктринација што се изучува во образовните институции, востановени единствено за оваа цел, да обучуваат „политички војници“ во *Ordensburgen*-от на нацистите или во училиштата на Коминтерната и Коминформот. Пропагандата на тоталитарното движење исто така служи да ја одвои

мислата од искуството и од реалноста; постојано се стреми да вплетка и тајно значење во секој јавен, сам по себе јасен настан и да се сомнева во намерата што лежи скриена во секој јавен политички чин. Кога еднаш движењата ќе стапат на власт, тие продолжуваат да ја менуваат реалноста во согласност со своите идеолошки сфаќања. Концептот на непријателство се заменува со концептот на конспирација, а тоа создава менталитет во којшто реалноста – вистинското непријателство или вистинското пријателство – веќе не се доживува и не се разбира на свој начин туку автоматски се подразбира дека значи нешто друго.

Трето, со оглед на тоа дека идеологиите ја немаат моќта да ја видоизменат реалноста, еманципацијата на мислата од искуството ја постигнуваат преку извесни методи на демонстрација. Идеолошкото размислување ги подредува фактите во апсолутно логична процедура што почнува со една автоматски прифатена премиса, дедуцирајќи сѐ друго од неа; односно, создава конзистентност што не постои никаде во реалноста. Дедукцијата може да биде логичка или дијалектичка; и во двата случаи таа опфаќа еден конзистентен процес на аргументација кој, со оглед на тоа дека се размислува како за процес, би требало да биде во состојба да го согледа движењето на надчовечкиот, природниот или историскиот процес. Сфаќањето се постигнува така што умот ги имитира, било логички или дијалектички, законите на „научно“ воспоставените движења со кои што се интегрира во текот на процесот на имитација. Идеолошката аргументација, која секогаш е вид на логичка дедукција, им одговара на двата горенаведени елементи на идеологиите – елементот на движењето и елементот на еманципацијата од реалноста и искуството – како прво, затоа што движењето на нејзината мисла не произлегува од искуството туку е создадено само од себе, и како второ, затоа што ја трансформира единствената точка земена и прифатена од искуствената реалност во аксиомска премиса, оставајќи го оттука натамошниот процес на аргументирање сосема недопрен од какво и да е натамошно искуство. Кога еднаш ќе биде поставена премисата, појдовната точка, искуствата веќе не се мешаат со идеолошкото размислување, ниту пак тоа може да се учи од реалноста.

Изумот што двата тоталитарни владетела го употребија за да ги трансформираат секој својата идеоологија во оружја со кои секој од нивните поданици може да се доведе себе си во чекор со угнетувачкото движење беше лажно едноставен и

несомнителен: ги сфаќаа крајно сериозно; едниот (Хитлер) се гордееше со својата божја дарба за „ладнокрвно размислување“, а вториот со „немилосрдноста на својата дијалектика“, и продолжија идеолошките импликации да ги доведуваат во екстреми на логичката консеквентност која, за набљудувачот, изгледаше неразумно „примитивна“ и апсурдна: „класата што изумира“ се состоеше од луѓе осудени на смрт; расите што се „неспособни за живот“ требаше да бидат истребени. Секој оној што се согласи со тоа дека постојат такви нешта како што се „класи што изумираат“ и не ја извлече консеквенцата од убивањето на нивните членови, или пак се согласи дека правото на живот има врска со расата и не ја извлече консеквенцата од убивањето на „неспособните раси“, едноставно беше глупав или страшливец. Ваквата строга логичност како водич кон акција продира низ целата структура на тоталитарните движења и владеења. Тоа е ексклузивно постигање на Хитлер и Сталин кои, и покрај тоа што не придодадоа ниту една единствена нова мисла кон идеите и пропагандните слогани на своите движења, само поради оваа причина мора да се сметаат за идеолози од најголема важност.

Овие нови тоталитарни идеолози се разликуваа од своите претходници по тоа што веќе не беше примарноста на „идејата“ во идеологијата – класната борба и експлоатацијата на работниците, или расната борба и грижата за германскиот народ – она што ги привлекуваше, туку логичкиот процес што можеше да се развие од неа. Според Сталин, ниту идејата ниту пак говорништвото, туку „неодоливата сила на логиката сосема ја плени (Лениновата) публика“. Силата, за која Маркс верувал дека се раѓа кога идејата ќе ги обземе масите, беше откриена не во самата идеја туку во нејзиниот логички процес што „како моќен крак ве зграпчува од сите страни како менгеме и од чијшто стисок немате сила да се оттргнете; морате или да се предадете или да решите да го признаете поразот“[368]. Оваа сила можеше да се покаже само тогаш кога беше доведено во прашање остварувањето на идеолошките цели, бескласното општество или владејачката класа. Во процесот на реализација, оригиналната супстанца врз која се

---

[368] Сталиновиот говор од 28 јануари 1924; цитирано од Ленин, “Selected Works”, Vol. I, стр. 33, Moscow 1947. Интересно е да се забележи дека Сталиновата „логика“ е меѓу ретките квалитети што Хрушчов ги фали во својот разурнувачки говор на Дваесеттиот конгрес на партијата.

засноваа идеологиите кога требаше да им се допаднат на масите – експлоатацијата на работниците или националните аспирации на Германија – постепено се губи, уништувана од самиот процес: во совршена согласност со „ладнокрвното размислување“ и со „неодоливата сила на логиката“ работниците ги загубија под болшевичката власт дури и оние права што ги имаа стекнато под царската пресија, а германскиот народ страдаше како во некаква војна што ни најмалку немаше почит за минималните потреби за преживување на германската нација. Во природата на идеолошката политика – а тоа не е просто предавство направено од личен интерес или од жед за власт – е дека вистинската содржина на идеологијата (работничката класа или германските народи), што ја изнесе „идејата“ (класната борба како историски закон или расната борба како закон на природата), ја растргнува логиката со која се спроведува „идејата“.

Подготовката на жртви и егзекутори, што тототалитаризмот ја бара наместо принципот на акција на Монтескје, не е самата идеологија – расизмот или дијалектичкиот материјализам – туку нејзината внатрешна логичност. Најуверливиот аргумент во овој поглед, аргумент што и на Хитлер и на Сталин им беше омилен, е: не можеш да изговориш А, ако не ги кажеш Б и В и така натаму, сè до крајот на убиствената азбука. Вака, силата на принудата на логичноста како да има овој извор; потекнува од нашиот страв да си противречиме самите себе си. Одејќи дотаму да успева да направи нејзините жртви да признаат злосторства што никогаш не ги извршиле, болшевичката чистка главно се заснова на тој основен страв и образложува вака: Сите сме согласни со премисата дека историјата е класна борба и со улогата на Партијата во нејзиното водење. Затоа знаете дека, од историска гледна точка, Партијата е секогаш во право (според зборовите на Троцки: „Можеме да сме во право само ако се согласуваме со Партијата, затоа што историјата не изнашла друг начин да бидеме во право“). Во овој историски момент, односно во согласност со законот на историјата, има извесни злодела што мораат да бидат извршени и што Партијата, познавајќи го законот на историјата, мора да ги казни. За тие злодела на Партијата и се потребни злосторници; може да се случи дури Партијата, иако ги знае злосторствата да не ги знае злосторниците; поважно од знаењето на злосторниците е да се казнат злосторствата, зашто без такво казнување Историјата нема да оди напред, може дури да биде

запрен нејзиниот тек. Затоа, вие или сте ги извршиле злосторствата или пак Партијата ве повикала да ја играте улогата на злосторникот – во секој случај, вие објективно станувате непријател на Партијата. Ако не признаете, престанувате да и помагате на Историјата преку Партијата, и сте станале вистински непријател. Принудната сила на аргументот е: ако одбиете, си противречите самите себе си и, преку оваа контрадикција целиот живот си го правите бесмислен; она А што сте го изговориле доминира со целиот ваш живот низ последиците на Б и В што А логично ги предизвикало.

Тоталитарните владетели се потпираат врз принудата со која можеме да се присилуваме себе си, бидејќи лимитирана мобилизација на луѓето ним сè уште им е потребна; овој внатрешен поттик е тиранијата на логичноста на која ништо не и се спротивставува, освен огромниот капацитет на луѓето да отпочнат нешто ново. Тиранијата на логичноста почнува со потчинувањето на умот на логиката како бесконечен процес врз кој човекот се потпира за да си ги присобере мислите. Со ваквото потчинување тој својата внатрешна слобода ја напушта исто онака како што ја напушта и својата слобода на движење кога и се поклонува на надворешната тиранија. Како внатрешен потенцијал на човекот, слободата е еднаква на потенцијалот да се започне, онака како што политичката реалност е идентична со просторот на движење меѓу луѓето. Ни логиката, ниту пак сознајната дедукција немаат никаква моќ врз почетокот, зашто нивниот синџир го претпоставува почетокот како премиса. Како што е потребен теророт за со раѓањето на секое ново човечко суштество да не дојде до нов почеток и да не го крене својот глас во светот, така и самоубедувачката сила на логиката се мобилизира кога некој ќе почне да размислува – размислувањето како најслободна и најчиста од сите човекови активности е сосема спротивна на поттикнувачкиот процес на дедукција. Тоталитарната власт може да биде безбедна единствено до оној степен до кој може да ја мобилизира човековата сопствена волја со цел да го вклучи во гигантското движење на Историјата или Природата, за која пак се претпоставува дека го употребува човештвото за овој материјал и не знае ни за раѓање ни за смрт.

Принудата на тоталниот терор од една страна, кој со својата железна лента ги притиска масите од изолирани луѓе заедно и ги поддржува во еден свет што за нив станал дивина, и себепринудната сила на логичката дедукција од друга, што

секој поединец во својата осамена изолација го подготвува против сите други, си одговараат една на друга и се потребни една на друга, со цел движењето со кое владее теророт да го придвижат и да го одржуваат во движење. Онака како што теророт, дури и во својата пред-тотална, просто-тиранска форма ги уништува сите врски меѓу луѓето, така и само-принудата на идеолошкото размислување ги уништува сите врски со реалноста. Подготовката е успешна кога луѓето ќе го загубат континуитетот со своите блиски, како и со реалноста околу себе; затоа што со овие контакти луѓето ја губат и способноста за искуство и мисла. Идеалниот поданик на тоталитарното владеење не е ни убедениот Нацист ниту пак убедениот Комунист, туку луѓето за кои разликата меѓу фактот и фикцијата (т.е. меѓу реалноста на искуството) и разликата меѓу вистинитото и лажното (т.е. стандардите на размислувањето) веќе не постојат.

Прашањето што го поставивме на почетокот на овие размислувања и на кое сега се навраќаме е – какво е тоа базично искуство во заедничкото живеење на луѓето што ја шири формата на владеење чија суштина е теророт, и чиј принцип на акција е логичноста на идеолошкото мислење. Очигледно е дека таква комбинација никогаш порано не била применета во различните форми на политичка доминација. Сепак, основното искуство врз кое што таа се заснова мора да биде човечко и на човека познато, дотолку што ова „најоригинално“ од сите политички тела е така создадено и некако им одговара на потребите на луѓето.

Честопати било забележувано дека теророт може апсолутно да владее единствено со луѓе изолирани еден од друг и дека, според тоа, една од примарните грижи на сето тиранско владеење е да ја воведе оваа изолација. Изолацијата може да биде почеток на теророт; таа е во секој случај неговото најплодно тло; таа секогаш е негов резултат. Се покажува дека ваквата изолација е предтоталитарна; нејзиното обележје е немоќта дотолку што моќта секогаш потекнува од луѓе што дејствуваат заедно, „дејствуваат сложно“ (Барк); изолираните луѓе се немоќни по дефиниција.

Изолацијата и немоќта, односно фундаменталната неможност воопшто да се дејствува, секогаш биле особености на тираниите. Во тиранското владеење политичките контакти меѓу луѓето се прекинати, а човековите способности за акција и моќ се фрустрирани. Меѓутоа, не сите контакти меѓу луѓето се пресечени и не сите човекови способности се уништени.

Целата сфера на приватниот живот со способностите за искуство, создавање и мислење се оставени недопрени. Знаеме дека железната лента на тоталниот терор не остава никаков простор за таков приватен живот и дека себеприсилувањето на тоталитарна логика ја уништува способноста на човекот за искуство и мислење исто толку сигурно како и неговата способност за дејствување.

Она што го нарекуваме изолација во политичката сфера, во сферата на општествените односи се нарекува осаменост. Изолираноста и осаменоста не се едно исто. Јас можам да бидам изолиран – односно да бидам во ситуација во која што не можам да дејствувам, зашто нема никого кој би дејствувал со мене – без да бидам осамен; а можам да бидам осамен – односно во ситуација во која јас како личност се чувствувам напуштен од секакво човечко друштво – а да не бидам изолиран. Изолацијата е онаа пречка со која се судираат луѓето кога ќе биде уништена политичката сфера на нивниот живот – сфера каде што тие дејствуваат заедно во потрага по заедничкиот интерес. Па сепак, иако е деструктивна за моќта и за потенцијалот за акција, изолацијата не само што ги остава недопрени туку и им е потребна на сите таканаречени продуктивни активности на луѓето. Сè додека е *homo faber* човекот тежнее да се изолира со својата работа, односно привремено да ја напушти сферата на политиката. Фабрикацијата (*poiesis*, изработка на нештата), за разлика од акцијата (*praxis*) од една и чистиот труд од друга страна, секогаш се изведува во извесна изолираност од општите интереси, независно од тоа дали резултатот е занаетчиско или уметничко дело. Во изолација, човекот останува во контакт со светот како човечка творба; само кога ќе биде уништена најелементарната форма на човековата креативност – способност да се додаде нешто свое на светот, изолацијата станува наполно неиздржлива. Ова може да се случи во еден свет во кој основните вредности ги диктира трудот, односно каде сите човекови активности се трансформирани во труд. Во такви услови, останува единствено чистиот напор на трудот, што го претставува напорот да се остане жив; а врската со светот како човекова творба се прекинува. Изолираниот човек што го загубил своето место во политичката сфера на дејствување е напуштен и од материјалниот свет ако веќе не е признаен за *homo faber* туку се третира како *animal laborans* чиј неопходен „метаболизам со природата“ никого не го засега. Изолираноста тогаш станува осаменост. Тиранијата заснована врз

изолација општо земено ги остава недопрени продуктивните способности на луѓето; тиранијата врз „работниците“ пак, како на пример власта врз робовите во стариот век, автоматски е владеење со осамени, не само со изолираии луѓе и тежнее да биде тоталитарна.

Додека изолацијата навлегува само во политичката сфера на животот, осаменоста го засега човечкиот живот во целост. Како сите тирании и тоталитарното владеење бездруго не би можело да опстане без да ја уништува општествената сфера на животот, односно, без да ја уништува, преку нивното изолирање, политичките способности на луѓето. Меѓутоа, тоталитарната доминација како форма на власт е нова по тоа што не се задоволува со ваква изолација па исто така го уништува и приватниот живот. Таа се заснова врз осаменост, врз искуството дека воопшто не се припаѓа на овој свет, што спаѓа во редот на најрадикалните и најочајничките искуства на човекот.

Осаменоста – општата подлога за терор, суштината на тоталитарното владеење, а за идеологијата или логичноста – подготовката на егзекуторите и жртвите, е тесно поврзана со раскоренувањето и прекубројноста, кои претставуваат проклетство на современите маси од почетокот на индустриската револуција и станаа акутни со подемот на империјализмот кон крајот на минатиот век и со пропаста на политичките институции и на општествените традиции на ова наше време. Да се биде искоренет значи да се нема свое место во светот, место што другите го признаваат и го гарантираат; да се биде прекуброен значи воопшто да не се припаѓа на светот. Искоренатоста може да биде прелиминарниот услов за прекубројност исто онака како што изолацијата може (но не смее) да биде прелиминарниот услов за осаменост. Сама за себе, без оглед на своите скорешни историски причини и својата нова улога во политиката, осаменоста во исто време е во спротивност со основните барања на човековата состојба и претставува едно од фундаменталните искуства на животот на секој човек. Дури и искуството на материјално и сензитивно дадениот свет зависи од мојот контакт со други луѓе, од нашиот заеднички здрав разум што ги регулира и ги контролира сите други сетила и без кој секој од нас би се нашол затворен во особеноста на своите сетилни податоци што сами по себе се несигурни и лажливи. Само затоа што имаме заеднички здрав разум – односно само затоа што не само еден човек, туку луѓето како множество ја населуваат

земјата, можеме да му веруваме на нашето непосредно сетилно искуство. Па сепак, треба само да се потсетиме дека еден ден ќе мораме да го напуштиме тој свет кој и натаму ќе продолжи да постои онаков каков што е, и во чиј континуитет ние сме вишок, и ќе ја сфатиме осаменоста, искуството да се биде напуштен од сè и секого.

Осаменоста не е самотија. Самотијата подразбира да се биде сам, додека осаменоста најостро се покажува во друштво на други. Надвор од неколку заталкани забелешки – обично направени во парадоксално расположение, како забелешката на Катон (изнесена од Цицерон во "De Re Publica" I, 17): *numquam minus solum esse quam cum solus esset*, „никогаш не беше помалку сам отколку кога беше сам", или, уште повеќе, „никогаш не беше помалку осамен отколку кога беше во самотија" – се чини дека Епиктетус, еманципираниот роб филозоф од грчко потекло, бил првиот што направил дистинкција меѓу осаменоста и самотијата. На извесен начин, неговото откритие било случајно, затоа што неговото интересирање не било ни за осаменоста ниту пак за самотијата, туку да се биде сам (*monos*) во смисла на апсолутна независност. Според Епиктетус (*Dissertationes*, книга 3, глава 13), осамениот човек (*eremos*) е опкружен со други, со кои не може да воспостави контакт или пак е изложен на нивното непријателство. Нему спротивно, самотниот човек е сам и како таков „може да биде со себе си" со оглед на тоа дека луѓето ја имаат способноста да „зборуваат со самите себе". Во самотијата, со други зборови, јас сум „сам со себе", заедно со себе, и според тоа сум двајца-во-еден, додека во осаменоста јас сум всушност еден, напуштен од сите други. Строго земено, сето размислување се прави во самотија и е дијалог на мене со себе, само, овој дијалог на двајца-во-еден не ја губи врската со светот на моите сограѓани затоа што тие се претставени во оној дел од мене со кој јас го водам дијалогот на мисли. Проблемот на самотијата е во тоа што на овој двајца-во-еден му е потребен другиот за повторно да стане едно: една неменлива индивидуа чиј идентитет никогаш не може да го замените со идентитетот на друга. За потврдување на мојот идентитет јас во целост зависам од другите луѓе; и во тоа е големата спасувачка убавина на дружењето на самотниците, зашто тоа повторно ги прави „цели", ги спасува од дијалог на мисли во кој секогаш се останува едногласен, го враќа идентитетот што прави да зборуваат со еден глас на една неменлива личност.

Самотијата може да стане осаменост; до ова доаѓа кога, сосема сам, сум напуштен од самиот себе. Самите луѓе секогаш се во опасност од осаменост, кога не можат да ја најдат ослободувачката убавина на дружењето да ги спаси од двојност, и од едногласност, и од сомневање. Историски гледано, се чини дека оваа опасност стана доволно голема за да ја забележат и други и историјата да ја нотира веќе во 19 век. Јасно се покажа кога филозофите, за кои самотијата на оној што е сам е начин на живот и услов за работа, веќе не се задоволуваа со фактот дека „Филозофијата е само за неколкумина" и почнаа да инсистираат на тоа дека никој не ги „разбира". Во таа смисла е карактеристична анегдотата на Хегел од смртната постела, што тешко би можел да ја каже кој било друг голем филозоф пред него: „Никој не ме разбра освен еден; а и тој разбра погрешно". Наспроти тоа, секогаш постои можност осамениот човек да се најде себе си и да го отпочне дијалогот на мисли во самотија. Ова се чини му се случило на Ниче во Силс Мариа кога ја работел „Заратустра". Во две поеми ("Sils Maria" и "Aus hohen Bergen") тој говори за празните очекувања и за желбеното чекање на осамениот сè додека наеднаш "*um Mittag war's, da wurde Eins zu Zwei… / Feste; / Freund Zarathustra kam, der Gast der Gäste!* (Пладне беше, кога едниот стана Двајца... Сигурни во заедничката победа приредуваме веселба над веселбите; дојде пријателот Заратустра, гостин над гостите)".

Она што осаменоста ја чини толку неподнослива е загубата на самиот себе што може да биде реализирана во осаменост, но да си го потврди идентитетот може само преку верба и доверливо дружење со рамни на себе. Во ваква ситуација, човек ја губи довербата во себе како партнер на своите мисли и во елементарната верба во светот неопходна за воопшто да се стекне со некакво искуство. И себе си и светот, способноста за мислење и стекнување искуство, се губат истовремено.

Единствената способност на човековиот ум на која не и е потребен ниту „себеси", ниту другиот, ниту пак сигурно да функционира, и што е исто толку независна од искуството колку и од мислењето, е способноста за логичко размислување, чија премиса е она што е очигледно само по себе. Елементарните правила на уверливите докази, очигледната вистина дека два и два се четири, не можат да бидат искривоколчени дури и во услови на апсолутна осаменост. Тоа е единствената сигурна „вистина" на која можат да се потпрат

луѓето кога еднаш ќе ја загубат взаемната гаранција, здравиот разум, што им е потребно за да стекнуваат искуства и да живеат и да си го најдат патот во светот. Само, ваквата „вистина“ е празна, или уште подобро, воопшто не е никаква вистина, затоа што не открива ништо. (Да се дефинира конзистентноста како вистина, како што тоа го прават некои современи логичари, значи да се одрече постоењето на вистината). Според тоа, во услови на осаменост, очигледното само по себе не е веќе орудие на интелектот и почнува да станува продуктивно, да развива свои сопствени правци и „мисла“. Дека мисловните процеси карактеризирани со строга сама по себе очигледна логичност, од која во секој случај нема бегање, се во врска со осаменоста, веќе е забележано од Лутер (чии што искуства во феномените на самотијата и осаменоста веројатно не се слични на ничии други и кој еднаш се осмелил да изјави дека „мора да постои Господ зашто на човека му е потребно суштество на кое може да му верува“) во една малку позната забелешка за цитатот од Библијата „не е добро човек да биде сам“. Осамениот човек, вели Лутер, „секогаш едното нешто го изведува од другото и во размислувањето доаѓа до најлошото“[369]. Фамозниот екстремизам на тоталитарните движења, далеку од тоа да има каква и да е врска со вистинскиот радикализам, навистина се состои од ова „мислење на најлошото“, во овој процес на дедукција што секогаш доведува до најлошите можни заклучоци.

Она што луѓето во нетоталитарниот свет ги подготвува на тоталитарна доминација е фактот дека осаменоста, од која некогаш како искуство оди граничната линија вообичаено страделе во одредени маргинални општествени услови како што е стариот век, стана секојдневно искуство на постојано растечките маси на нашиов век. Немилосрдниот процес во кој тоталитаризмот ги води и ги организира масите личи на самоубиствено бегање од оваа реалност. „Ладнокрвното размислување“ и „моќниот крак“ на дијалектиката што „ве зграпчува како менгеме“ се јавува како последната потпора во еден свет во кој не можете да се потпрете врз ништо. Внатрешната присила е таа чие што единствено барање е строгото избегнување на контрадикции и која како да го

[369] “Ein solcher (sc. Einsamer) Mensch folgert immer eins aus dem andern und denkt alles zum Ärgsten”. Во *Erbauliche Schriften*, “Warum die Einsamkeit zu fliehen?”

потврдува човековиот идентитет надвор од сите врски со други. Таа го сместува во железната лента на теророт дури и кога е сам, а тоталитарната доминација се труди никогаш да не го остави насамо освен во екстремна ситуација на осуденост на самица. Со уништување на сиот простор меѓу луѓето и нивно притискање еден врз друг, се поништуваат дури и продуктивните потенцијали на изолирањето; со учење и величење на логичкото размислување за осаменоста каде што човекот знае дека ќе биде наполно изгубен ако кога и да е ја запостави, вистинската премиса од која почнал целиот процес, се уништуваат дури и најмалите шанси самотијата да се трансформира во осаменост, а логиката во мисла. Ако оваа практика се спореди со таа на тиранијата се чини како да е изнајден начин пустелијата да се стави во движење, да се ослободи песочната виулица што ќе може да ги покрие сите населени делови на земјата.

Условите под кои ние денес постоиме на полето на политиката се вистински загрозени од ваквите песочни виулици што опустошуваат. Нивната опасност не е во тоа дека тие би можеле да воспостават еден перманентен свет. Како и тиранијата, и тоталитарната доминација ги носи зачетоците на сопственото уништување. Исто онака како што стравот и неопособноста од која потекнува стравот се антиполитички принципи и ги фрлаат луѓето во една ситуација спротивна на политичката акција, така и осаменоста и логичкоидеолошката дедукција на најлошото што произлегува од нив претставуваат една антиопштествена ситуација и му даваат заштита на еден принцип што е уништувачки за сите луѓе што живеат заедно. Па сепак, организираната самотија е сразмерно поопасна од неорганизираната неспособност на сите оние кои се под власта на тиранската и арбитрарна волја на еден единствен човек. Нејзината опасност се состои во тоа што таа се заканува да го уништи светот онаков каков што го знаеме – свет што насекаде како да дошол до својот крај – пред новиот почеток што се издига од овој крај да има време да се осигура.

Настрана од ваквите размислувања – што како претскажувања се од мала полза и уште помалку утешни – останува фактот дека кризата на нашево доба и неговото централно искуство создале една сосема нова форма на владеење што како потенцијал и како постојано присутна опасност најверојатно ќе се задржи кај нас отсега натаму, исто онака како што и други форми на владеење што се појавиле во различни историски моменти и почивале врз различни

фундаментални искуства се задржале во човештвото без оглед на моментните порази – монархии, републики, тирании, диктаторства и деспотизам.

Меѓутоа, исто така останува и вистината дека секој крај во историјата без исклучок содржи некаков нов почеток; тој почеток е ветувањето, единствената „порака“ што еден крај воопшто може да ја создаде. Пред да стане историски настан, почетокот претставува врвна способност на човекот; политички, тој е идентичен со слободата на човека. *Initium ut esset homo creatus est* – „почетокот е кога човекот е создаден“ рекол Августин[370]. Овој почеток го гарантира секое ново раѓање; тоа навистина е секој човек.

---

[370] "De Civitate Dei", книга 12, глава 20.